UK | MK Reform assistance to North Macedonia
Поддршка на реформите во Северна Македонија

UKaid from the British people
British Embassy Skopje

# ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА
# ЗА
# АПЕЛАЦИОНИТЕ
# СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
# МАКЕДОНИЈА

**Декември 2019**

**Издавач:**

PwC Македонија и Центар за правни истражувања и анализи – ЦПИА

**За издавачот:**

Лидија Стојкова Зафировска, ЦПИА

**Автори:**

Проф. д-р. Ана Павловска-Данева, правен експерт – ЦПИА

Мр. Жарко Хаџи-Зафиров, правен експерт – ЦПИА

Емил Мифтари, правен експерт – ЦПИА

Ирина Аврамска, финансиски експерт – PwC  Македонија

Радица Рунтевска, финансиски експерт – PwC  Македонија

Јасминка Фришчиќ, експерт за родови прашања – ЕСЕ

**Редакција:**

Мр. Жарко Хаџи-Зафиров, правен експерт – ЦПИА

Елена Готовска, PwC Македонија

Овој документ е финансиран од UK aid преку Владата на Обединетото Кралство и содржаните ставови не ги изразуваат политиките на Владата на Обединетото Кралство

# СОДРЖИНА

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ..... **6**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ..... **7**

**I. МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА** ..... **8**

**II. ХРОНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ОПИС НА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ НА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** ..... **10**

А. Организација на судскиот систем во Република Македонија и независноста на судството во периодот 2005 – 2017 година ..... 13

Б. Организација на судскиот систем во Република Македонија и независноста на судството во периодот после 2017 година ..... 14

**III. ПОЗАДИНА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ..... **15**

**IV. ИНДИКАТОРИ ЗА ПРОЦЕНА НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ** ..... **16**

А. Европски стандарди ..... 16

Б. EU Justice Scoreboard – Инструмент за промоција на ефективна правда и раст ..... 18

В. ЕУ ранг-листа на правосудството ..... 18

Г. Индикатори на ЕУ ранг-листата на правосудството ..... 19

**1. НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ** ..... **22**

1.1. Избор и статус на судиите во апелационите судови ..... 23

1.2. Постоење на заштитни механизми во постапките за прераспоредување на судии без нивна согласност ..... 24

1.3. Разрешување на судии во апелациони судови ..... 25

1.4. Унапредување и оценување на судии ..... 27

1.5. Алокација на новопримените предмети во рамките на еден суд ..... 28

1.6. Изземање на судии од водење на постапка ..... 29

1.7. Финансиска независност ..... 30

1.8. Резултати од првата национална примена на Матрицата на индикатори за мерење на перформансите и реформите во правосудството ..... 31

1.9. Независност и непристрасност во четирите апелациони судови во РСМ ..... 33

АС ШТИП ..... 33

АС ГОСТИВАР ..... 38

АС БИТОЛА ..... 41

АС СКОПЈЕ ..... 44

**2. ЕФИКАСНОСТ ..... 48**

2.1. Ориентациона месечна норма ..... 51

2.2. Ефикасност во постапување со предмети ..... 51

2.3. Мерење на ефикасноста на четирите апелациони судови ..... 53

АС ШТИП ..... 53

АС ГОСТИВАР ..... 57

АС БИТОЛА ..... 61

АС СКОПЈЕ ..... 65

2.4. Емпириски проекции за ефикасноста на апелационите судови за период 2019-2023 70

АС ШТИП ..... 74

АС ГОСТИВАР ..... 76

АС БИТОЛА ..... 78

АС СКОПЈЕ ..... 80

**3. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ..... 83**

3.1. Транспарентност и отчетност на четирите апелациони судови ..... 85

АС ШТИП ..... 85

АС ГОСТИВАР ..... 87

АС БИТОЛА ..... 89

АС СКОПЈЕ ..... 91

**4. КВАЛИТЕТ НА СУДСКА ПРАВДА ..... 94**

4.1. Мерење на квалитетот на судската пракса во четирите апелациони судови ..... 97

АС ШТИП ..... 97

АС ГОСТИВАР ..... 103

АС БИТОЛА ..... 108

АС СКОПЈЕ ..... 114

**5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 119**

5.1. Внатрешна организациска поставеност на апелационите судови, систематизирани и пополнети работни места и обуки на судиите на апелационите судови ..... 122

АС ШТИП ..... 122

5.1.1. Предлог Содржина на Правилникот за АС Штип: ..... 127

АС ГОСТИВАР ..... 129

АС БИТОЛА ..... 134

АС СКОПЈЕ..... 140

**6. УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ, ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ..... 145**

6.1. Услови за работа, физички пристап и безбедносни услови во четирите апелациони судови145

АС ШТИП..... 145

АС ГОСТИВАР..... 148

АС БИТОЛА ..... 150

АС СКОПЈЕ..... 152

6.2. ИКТ опрема, електронско поврзување помеѓу апелационите судови и другите судови и помеѓу судови и странките ..... 154

АС ШТИП..... 154

АС ГОСТИВАР..... 156

АС БИТОЛА ..... 157

АС СКОПЈЕ..... 159

**7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ ..... 161**

7.1. Дефинирање на судски буџет ..... 161

7.2. Процедури за формирање на судски буџети..... 161

7.3. Процедури за водење на сметководство..... 162

7.4. Анализа на постоечките буџети и нивна имплементација..... 164

АС ШТИП..... 164

АС ГОСТИВАР..... 165

АС БИТОЛА ..... 166

АС СКОПЈЕ..... 167

7.5. Наоди и препораки од извршената анализа ..... 168

7.6. Јавни Набавки во Судската Власт..... 169

**V. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ..... 171**

**АНЕКС 1 – АНАЛИЗА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ..... 180**
**АНЕКС 2 – ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ФОКУС ГРУПА СО АС ШТИП ..... 236**
**АНЕКС 3 – ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ФОКУС ГРУПА СО АС ГОСТИВАР..... 245**
**АНЕКС 4 – ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ФОКУС ГРУПА СО АС БИТОЛА ..... 253**
**АНЕКС 5 – ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ФОКУС ГРУПА СО АС СКОПЈЕ ..... 262**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| **АКМИС** | **Автоматизиран информационен систем за управување со судски предмети** |
|---|---|
| **АСЈО** | Академија за судии и јавни обвинители |
| **АС Битола** | Апелационен суд Битола |
| **АС Гостивар** | Апелационен суд Гостивар |
| **АС Скопје** | Апелационен суд Скопје |
| **АС Штип** | Апелационен суд Штип |
| **ВСРСМ** | Врховен суд на Република Северна Македонија |
| **ГРЕКО** | Групата на земји против корупција на Совет на Европа |
| **ЕСЕ** | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЗЈО** | Закон за јавното обвинителство |
| **ЗКП** | Закон за кривичната постапка |
| **ЈО** | Јавно обвинителство |
| **ЈОРСМ** | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| **ССРСМ** | Судски совет на Република Северна Македонија |
| **ЦПИА** | Центар за правни истражувања и анализи |
| **ЦЕПЕЈ** | Европска комисија за ефикасност на правдата |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Еден од клучните наоди од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија во однос на Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права е дека "***сите реформи на институциите во правосудниот сектор треба да се засноваат на робусни анализи на потребите и празнините*** *и истите треба да бидат соодветно следени и планирани преку инклузивен процес на консултации со сите релевантни чинители од судството и јавното обвинителство*[1]".

Функционалната анализа на апелационите судови во Република Северна Македонија е токму одговор на овој предизвик и потреба за зајакнување на функционирањето на правосудните институции. Со тоа ќе се промовира поефикасен пристап до правдата за граѓаните и ќе се зајакне довербата на јавноста во овие институции со што би се исполниле главни предуслови за евроатланска интеграција на земјата која е сеопфатен стратешки приоритет на Република Северна Македонија.

Функционалната анализа на апелационите судови во Република Северна Македонија е прв извештај од ваков вид кој овозможува детален приказ на работата на апелационите судови во Република Северна Македонија. Целта на оваа Функционална анализа е да ја претстави моменталната состојба во работењето на апелационите судови и да даде препораки за нивно подобрување. Доследното спроведување на препораките содржани во оваа анализа ќе доведат до значително подобрување на перформансите на четирите апелациони судови, а со тоа и до подобрена испорака на правдата во Република Северна Македонија.

Функционалната анализа овозможува проценка на перформансите на Апелациониот суд Штип, Апелациониот суд Гостивар, Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд Скопје во пет клучни области: независност и непристрасност, ефикасност, транспарентност и отчетност и квалитет на судска правда. Со цел сеопфатност, анализата ги опфати и капацитетите на апелационите судови во однос на човечки ресурси, информатички технологии, финансиско работење и родова застапеност. Овој пристап е темелно проследен во содржината на самата анализа вклучувајќи специфични препораки за секој апелационен суд одделно по области и општи препораки кои се генерални и хоризонтално применливи за сите апелациони судови.

Анализата е еден од клучните продукти во рамки на проектот "Зголемена ефикасност и ефективност во испорака на правдата преку подобрување на перформансите на институциите во правосудството" имплементиран од страна на Центарот за правни истражувања и анализи - ЦПИА и PwC Македонија, финансиран од UK aid преку Владата на Обединетото Кралство. Проектот има за цел да дизајнира и воспостави во пракса релевантни алатки кои ќе ги поддржат реформските процеси со цел градење на поефикасен, поефективен и поекономичен пристап до правда за граѓаните, и како резултат на тоа подобрување на довербата во правосудните институции.

Анализата е подготвена низ тесна соработка помеѓу ЦПИА и PwC Македонија, при што анализата за финансиско работење (поглавје 7) е подготвена од PwC Македонија, а анализата за родова еднаквост во апелационите судови (Анекс 1) е подготвена од ЕСЕ.

[1] Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија COM(2018) 450 final
https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf

# I. МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА

При утврдувањето на методологијата за оваа анализа се тргна од моделот за спроведување на функционална проценка на капацитетите на институциите од јавниот сектор[2], кој во основа е креиран за функционална анализа на јавната администрација. Притоа, предвид беше земена и методологијата на работа при подготовката на Функционалната анализа на управните судови[3] како модел кој повеќе одговара на функциите и потребите на судовите.

Моделот на функционалната анализа се состои од проценка според три основни критериуми, прв критериум - стратешка усогласеност со планираните цели на повисоко ниво, втор критериум - градење на организациските капацитети во институцијата и трет критериум - ефективно и ефикасно извршување на работните задачи за остварување на планираните резултати. Сепак моделот на функционалната анализа беше усогласен со начинот на функционирање на апелациониот суд и општо на македонското судство кој е генерално различен од начинот на функционирање на јавната администрација и дополнет со методологијата на Совет на Европската комисија за евалуација на ефикасноста на правосудството од Советот на Европа (ЦЕПЕЈ), ЕУ ранг-листа на правосудството како и со Првиот национален извештај од Матрицата на индикатори за мерење на перформансите и реформите во правосудството (Матрица)[4].

Следствено, целокупната функционална анализа започна со консултирање на позитивните законски прописи, паралелно анализирајќи ги годишните извештаи за работата на апелационите судови, документите на ССРСМ, Министерството за правда на РСМ и сите останати документи и акти за работата на судовите. Притоа беше подготвен и информационен прашалник чија цел е да ја расчлени организациската структура на апелациониот суд и да овозможи длабинска анализа на секоја област која е составен дел од работењето во судовите. Во прашалникот беше побаран значителен обем на податоци од судовите и истиот беше доставен до експертите кои ја подготвуваа оваа анализа. Прашалникот ги содржи сите аспекти од работењето на судовите, почнувајќи од архивската документација, просторните услови во судовите, расположливите човечки ресурси, како и финансиското работење, правилниците за функционирање на информатичките системи во судовите, стандарди за мерење на квалитетот на работењето на одделите, практики во постапувањето итн.

По спроведената анализа на документите, следеше дополнување на информациите кои недостасуваа и верификација на првичните заклучоци. За таа намена беа искористени статистики на Академијата за судии и јавни обвинители кои беа употребени за да се осознае дали и колку судиите се обучувани, имајќи предвид дека тоа клучен фактор за да се утврди квалитетот на судството според ЕУ ранг-листата на правосудството. Притоа беа одржани фокус групи, интервјуа и состаноци со судиите на апелационите судови останатите вработени со цел да се добие целосна слика за начинот на функционирање на апелационите судови како

[2] Моделот е изготвен во рамки на проектот „Поддршка на процесот на реформи на јавната администрација", финансиран од Британската амбасада Скопје.

[3] Функционалната анализа е подготвена во рамки на проектот „Подобрување на ефикасноста и ефективноста на административната правда во Република Македонија ", финансиран од Фондот за добро владеење на Британската влада

[4] Првиот национален извештај е подготвен во рамки на проектот „Подобрување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста на судството во Македонија", финансиран од Британската амбасада Скопје

второстепени инстанци за заштита на правата на граѓаните. Беа одржани фокус групи со четирите апелациони судови на кои присуствуваа судии и вработени во стручната служба (понатаму во текстот: Испитаници). Целта на фокус групите беше да се овозможи инклузивност во процесот и да се провери фактичката состојба во судовите преку проверка на информации и размена на мислења. Записниците од фокус групите со сите апелациони судови се наведени од Анекс 1 до Анекс 4.

На крајот на истражувањето се примени методот на синтеза. Преку него сите поединечни сознанија и заклучоци беа сублимирани и беше донесен општ став за независноста, ефикасноста, транспарентноста и квалитетот на апелационите судови. Од тој став беа изработени и препораките, односно беше трасиран патот за понатамошниот развој на апелационите судови на Република Северна Македонија во претстојниот период со цел постигнување на европските стандарди и зајакнување на заштитата на човековите и граѓанските права и слободи.

Анализата за секој од четирите апелациони судови е прикажана во хронолошки редослед (АС Штип,  АС Гостивар, АС Битола, АС Скопје) согласно временскиот редослед на одржување на фокус групите. За потребите на оваа анализа, терминот “Испитаници” се користи за судии и претставници на судска служба од апелационите судови кои своите ставови ги изразија на интервјуа во рамки на фокус групите.

# II. ХРОНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ОПИС НА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ НА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Со донесувањето на Уставот на Република Македонија во 1991 година, во истиот беше јасно дефинирана поделбата на власта на законодавна која беше предвидено да се спроведува преку Собранието на Република Македонија, извршната преку Владата на Република Македонија и судската власт преку судовите на чело со Врховниот суд како највисок суд во Република Македонија. Без оглед на тоа дека и по осамостојувањето во 1991 година, судскиот систем во Република Македонија остана во структура и форма утврдена со законите кои беа дел од претходниот социјалистички систем, сепак Уставот на Република Македонија даде јасна основа за новиот судски систем кој требаше да ги следи нововоспоставените демократски принципи и вредности.

Согласно Уставот на РМ, судската власт во Република Македонија ја вршат судовите кои се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот[5] додека Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката и го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите[6].

Организацијата на судскиот систем во Република Македонија согласно со Законот за судовите од 1995 година[7] ја сочинуваат Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во државата кој одлучувал како највисок касационен суд во предмети од кривична и граѓанска материја и како единствен суд кој врши управно-судска контрола врз законитоста на управните акти на органите на државната управа и организациите со јавни овластувања во прв и последен степен, трите апелациони судови како жалбени (второстепени судови) во Скопје, Битола и Штип и вкупно 27 основни судови како првостепени судски инстанци во областа на кривично-правната и граѓанско-правната заштита.

Согласно Законот за судовите од 1995 година, Врховниот суд на Република Македонија имаше надлежност да решава во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, решава во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови и одлуките на своите совети донесени во втор степен кога тоа е определено со закон, решава во прв и втор степен во управните спорови кога тоа е определено со закон и по конечни решенија донесени во прекршочна постапка, решава по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, решава за судир на надлежноста меѓу основните судови од подрачјето на различни апелациони судови, апелационите судови и основните судови, апелационите судови и да решава за престанување на месната надлежност кај овие судови, и врши други работи определени со закон.[8]

[5] Член 98 од Уставот на Република Македонија
[6] Член 101 од Уставот на Република Македонија
[7] Закон за судовите, Службен весник на РМ бр. 36/95, 45/95
[8] Член 34 на Закон за судовите, Службен весник на РМ бр. 36/95, 45/95

Во текот на наредниот период следуваат измени кои се однесуваат на правичната застапеност при вработувањата на судиите[9], а подоцна во 2006 година доаѓа до промена на Законот за судови со што отпочнува со примена новиот закон. Имено, согласно Стратегијата за реформа од 2004 година и вкупниот процес на апроксимација на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на ЕУ, во новиот закон од 2006 година се вметнати нови правни стандарди и правила во однос на судската власт каде што евидентно е дека националното законодавство го следи трендот на европската легислатива. Во 2006 година како нова инстанца во судскиот систем на Република Македонија се основа Управниот суд, за подоцна со дополнителни законски измени во 2010 година да се основа и Вишиот Управен суд како дополнителна инстанца во поглед на управното право во Република Македонија. Се до уредуваат основните начела, се менува месната надлежност на судовите, се додава ново апелационо подрачје во Гостивар, дополнително се до уредуваат изборот на судии и судии поротници, условите за престанок и разрешување од судиска функција.[10]Оценките за состојбите во правосудството подразбираа донесување на Стратегија за унапредување на судскиот систем кон самостојно, независно и непристрасно судство со цел остварување на неговата функција на ефективно, квалитетно и правично правораздавање. Врз основа на оценките на ЕК за напредокот на РСМ, Препораките од групата високи експерти за системските прашања за владеење на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите откриени пролетта 2015 година, потоа препораките од 2017 година, праксата на ЕСЧП изразена преку пресудите против РСМ, извештаите на ГРЕКО и ЦЕПЕЈ, Венецијанската комисија и други меѓународни релевантни институции беше донесена нова Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022. И покрај сите законски прописи и нови институции кои согласно Стратегијата се формираа во правосудниот сектор, останува проблемот на нивна доследна реализација и примена. Постигнатите резултати на полето на ефикасноста на судството остануваат во сенка поради нарушената независност што резултира со низок квалитет и недоверба на граѓаните во институциите на правосудниот систем.

Стратегијата утврдува насоки за создавање законски услови, но и амбиент за вистинска реализација на начелото на одговорност од страна на правосудните органи за сопственото работење. Последниве години се забележува отсуство на таква одговорност, првенствено кај судството и јавното обвинителство. Нормативните мерки утврдени во Стратегијата често ќе значат „враќање назад“ кон законските решенија пред 2009 година бидејќи анализите укажуваат дека нормативниот хаос во казненото, управното, прекршочното и граѓанското право почнува токму во тој период и трае непрекинато до 2017 година.

[9] Службен Весник на РМ бр. 64/03
[10] Службен Весник на РМ бр. 58/06

**Слика 1: Органограм за организација на судството за периодот 1991-2005 година**




**Слика 2: Органограм за организација на судството од 2005 година**



### *А. Организација на судскиот систем во Република Македонија и независноста на судството во периодот 2005 – 2017 година*

Тргнувајќи од фактот дека реизборот во 1995 година остави дамка на сомнеж на македонското судство за можно политичко влијание на политиката преку законодавната власт во изборот на сите тогашни судии, со првата сеопфатна Стратегија за реформа на правосудството 2004-2007 година се пристапи кон коренито менување на системот на избор, оценување и разрешување на судиите. Првиот чекор беше преземен со усвојување на амандманите на Уставот на Република Македонија, кога со Амандманот XXVIII и Амандманот XXIX се дефинира нов статус, структура, состав и надлежности на дотогашниот Републички судски совет кој беше преименуван во Судски совет на Република Македонија кој наместо дотогашните 7 броеше 15 члена.

Целосната операционализација на амандманите беше донесена со новиот закон од 2006 година, во кој покрај основните, апелационите и Врховниот суд, беше предвидено судската власт да ја врши и Управниот суд како специјализирана инстанца која претставува нов елемент во судскиот систем.[11] Дополнително се реформира надлежноста на апелационите судови, со што покрај градовите Битола, Скопје и Штип, апелационен суд добива и Гостивар. [12]

Во поглед на разрешувањето од судската функција, Законот од 2006 година содржи поекстензивна рамка во поглед на престанокот на судиската функција, разрешувањето на судијата, а додадени се посебни поглавја кои се однесуваат на нестручно и несовесно вршење на судиската функција, регулирана е потешка дисциплинска повреда и предвидени се посебни дисциплински мерки.

Законот за судови претрпува измени во погледот на условите за избор и разрешување на судија со промените на законот од 2010 година каде се предвидуваат посебни услови за функцијата судија, а дополнително со измената, во сила стапува одредбата дека за судии можат да бидат избрани лицата кои претходно успешно ја завршиле почетната Академијата за судии и јавни обвинители.

Во 2008 година, во законот се направени измени со цел  основање на специјализирано судско одделение од областа на организиран криминал, а конечно во предвид се земаат одредбите за судење во разумен рок согласно со правилата и принципите на ЕКЧП и слободи, тргнувајќи од судската пракса на ЕСЧП.[13] Во овие измени, наведени се и условите за избор на судија во судските инстанци на судската власт.

Во измените од 2010 година во Законот за судови, направени се измени во поглед на изборот на судиите, преку полагање испити за познавање јазици, како и полагање психолошки тест. Измените во поглед на посебните услови за избор на судија во судските инстанци, се однесува на претходното работење на судиите и неопходниот критериум за највисока оцена во работењето, дадена од страна на ССРСМ.[14] Дополнително во овие измени се утврдени основите за утврдување на ефикасност на работењето на судиите.

---

[11] Чл. 22, Закон за судовите 58/06
[12] Чл. 29, Закон за судовите 58/06
[13] Службен Весник на РМ бр. 35/08
[14] Службен Весник на РМ бр. 150/2010

Во 2010 година основан е и Вишиот Управен суд на РМ како посебна судска инстанца кој решава по жалбите на Управниот суд, одлучува за судир на надлежностите меѓу органите на РМ, општините и градот Скопје, носителите на јавни овластувања како и други работи утврдени со закон.

### *Б. Организација на судскиот систем во Република Македонија и независноста на судството во периодот после 2017 година*

Владата на Република Македонија во октомври 2017 година усвои нова Стратегијата за реформи во правосудството 2017-2022 во која (Стратешка насока 2.3.2) се предвидува утврдување функционални и транспарентни механизми за одговорност на судиите. Потребата за нови решенија во Законот за судовите произлегува од мислењето на Венецијанската комисија од 2015 година во однос на основите за одговорност на судиите, извештајот на ГРЕКО од Четвртиот круг на евалуација, итните реформски приоритети и препораките дадени во извештаите на експертската група предводена од Прибе, што се однесуваат на правосудството.[15] Така во периодот 2015-2019 Законот за судови беше изменет три пати.

Стратегијата за реформа во правосудството воедно предвидува и редефинирање на критериумите за унапредување на судијата и јавниот обвинител со измени на Законот за судовите. Со членот 3 во одредбата од законот со која се уредува внатрешната организација на судот за формирање на специјализирани судски оддели се брише зборот „покарактеристични“ со што се дава поширока можност на судовите за формирање на оддели, а со цел за зајакнување на можноста за специјализација на судиите за работа по одделен вид предмети.

Новите измени на Законот за судскиот совет и измените на Законот за судови ја укинуваат можноста истакнати правници да бидат избрани за вршење на судиската функција.

***Со измените од 2018 година, утврдена е електронската примена на АКМИС и распределувањето на предметите, задолжувањето на судот да ги применува ставовите изразени во конечните пресуди на ЕКЧП. Утврдени се и начела за носење начелни ставови и правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството на примената на законите во рок од три месеци, утврдено е нестручното и несовесно работење на судиите во поглед на негативното оценување, како и значењето на пресудите донесени од ЕСЧП во кои е утврдено прекршување на членовите 5 и 6 од ЕКЧП. Во овие законски измени, дополнети и изменети се условите за дисциплинска повреда од страна на судиите.***[16]

[15] Senior Experts' Group, „The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on Systemic Rule of Law Issues Relating to the Communications Interception Revealed in Spring 2015“; Senior Experts' Group, „The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Assessment and Recommendations of the Senior Experts' Group on Systemic Rule of Law Issues 2017“.

[16] Службен Весник на РМ бр. 83/2018

# III. ПОЗАДИНА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Уставните одредби за судството беа операционализирани во 1995 година, со донесување на Законот за судовите кој детално ги уредуваше основните начела врз кои се остварува судската власт, организацијата и надлежноста на судовите и положбата, правата и обврските на судиите и други прашања поврзани со функционирањето на судовите и судскиот систем[17]. Со Законот за судовите беше утврдена општа надлежност на судството со што беа укинати сите специјализирани судови (стопанските судовите, судовите за здружен труд како и судовите за прекршоци), а беше извршен и генерален реизбор на судиите меѓу кои и на судиите на Врховниот суд на Република Македонија.

Првите уставни норми по осамостојувањето на државата утврдуваат дека носители на судската власт се судовите кои се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот и законите и врз основа на меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Организацијата на судството е единствена, забранети се вонредни судови.[18] Уставните одредби за судството се операционализирани со Законот за судовите донесен во 1995 година, кој ги уредува основните начела врз кои се остварува судската власт; организацијата и надлежноста на судовите; положбата, правата и обврските на судиите и други прашања поврзани со функционирањето на судскиот систем.[19]

Според овие уставни одредби, судиите се избираат без ограничување на траењето на мандатот.[20] Судиите ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија по предлог на Републичкиот судски совет - орган кој го сочинуваа 7 членови избирани од Собранието на Република Македонија од редот на истакнати правници. Републичкиот судски совет му предлага на Собранието избор и разрешување на судии; одлучува за дисциплинската одговорност на судиите; ја оценува стручноста и совесноста на судиите во вршењето на нивната функција и предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија.

Уставот и Законот за судовите регулираат и други прашања поврзани со статусот и положбата на судиите кои се во функција на зајакнување на независноста на судската власт, како што се неспоивоста на судската функција во време на вршење на друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија; забрана за политичко организирање и дејствување во судството; имунитет на судиите; условите под кои судијата се разрешува од функцијата; оддалечувањето на судијата од вршењето на функцијата судија и др. Согласно првите одредби од Уставот од 1991 година и Законот за судовите од 1995 година, беше предвидено судската власт во Република Македонија да ја вршат 27 основни судови, 3 апелациони судови и Врховниот суд на Република Македонија. Во периодот од 1995 до 1997 година беа избрани судиите во сите наведени судови со што судството започна да функционира врз основа на одредбите од првиот Закон за судови донесен во самостојната држава во 1995 година, согласно уставните постулати.

---

[17] Закон за судовите Службен весник на РМ бр. 36/95, 45/95. . . .
[18] Член 98, Устав на РСМ
[19] Закон за судовите бр. 36/95
[20] Член 99 Устав на РСМ

# IV. ИНДИКАТОРИ ЗА ПРОЦЕНА НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

***А. Европски стандарди***

Како еден од позначајните документи во областа на судската постапка се смета Европската конвенција за човекови права, која Собранието на Република Северна Македонија ја има ратификувано со Законот за ратификација на Европската конвенција за човекови права во 1997 година со што стана интегрален дел на националниот правен поредок. Особено значење за судската постапка има членот 6 став 1 од Европската конвенција за човековите права, кој гласи: "*Секој, во текот на одлучувањето за неговите граѓански права и обврски или за кривичното обвинение против него, има право на правична и јавна расправа во разумен рок пред независен и непристрасен суд, образуван на основа на закон*…". Со одредбата на членот 6 се утврдуваат минимумот на процедуралните гаранции, преку кои се одлучува за субјективните права и правните интереси на странката. Овој член се однесува и на пристапот до судот (право на тужба), на присуство во постапката, на контрадикторна постапка, еднаквост на средствата на странките, на докажување и на образложението на пресудата.

Во рамките на Советот на Европа, Комитетот на министри по иницијатива на европските министри за правда во 2002 година ја формираа Европска комисија за ефикасност на правдата. Целта за формирање на ЦЕПЕЈ е да се создаде иновативно тело за подобрување на квалитетот и ефикасноста на европските судски системи и зајакнување на довербата на корисниците на судскиот систем во тие држави. По формирањето на ЦЕПЕЈ, се пристапи кон развивање на посебни мерки и алатки за креаторите на политики и практичарите со цел:

- Анализирање на функционирањето на судските системи и јавните политики за правдата
- Стекнување на подобро знаење за судските рамки и оптимизирање на судското планирање на времето
- Промовирање на квалитетот на јавниот сервис на правдата
- Олеснување на имплементацијата на Европските стандарди во полето на правдата
- Поддршка на државите членки во нивните реформи за организацијата на судовите.[21]

За извршување на овие цели, ЦЕПЕЈ подготвува одредници, собира и анализира податоците, ги дефинира мерните инструменти и средствата за евалуација, усвојува документи (извештаи, совети, упатства, акциони планови итн.).

Основни задачи на ЦЕПЕЈ се:

- Анализа на резултатите на судските системи
- Идентификација на тешкотиите што ги среќаваат
- Дефинирање на конкретни начини за подобрување, од една страна, за евалуација на нивните резултати, а од друга страна, функционирањето на овие системи
- Обезбедување помош на земјите-членки, на нивно барање

[21] Council of Europe, Council of Europe European Commission for the efficiency of justice (CEPEJ), At a glance, Достапно: https://bit.ly/2xPhffd

- Давање предлози на надлежните институции на Советот на Европа за области каде би било пожелно да се изработи нов правен инструмент[22]

Република Северна Македонија како членка на Советот на Европа е дел од двегодишните извештаи на ЦЕПЕЈ и истите ги користи со цел да го увиди степенот на развој на судскиот систем на целата држава.

Во делот на механизмите за гарантирање на примената на ЕКЧП неопходно е да го споменеме Европскиот суд за човековите права кој е основан согласно ЕКЧП и истата ја спроведува во пракса. Имено, Европскиот суд за човековите права во повеќе наврати донесе пресуди со кои потенцира и потврдува дека еден од фундаменталните аспекти на владеењето на правото е принципот на правна сигурност[23] како и дека спротивставените одлуки во слични случаи одлучувачи од страна на ист суд, кој суд дополнително е суд од крајна инстанца по прашањето, во отсуство на механизам кој обезбедува конзистентност на примената на законот може да го повреди тој принцип и оттука да ја намали јавната доверба во судството[24].

[22] Council of Europe, About the European Commission for the efficiency of justice (CEPEJ), Достапно: https://bit.ly/2OyZdEl
[23] Brumărescu v. Romania [GC], бр. 28342/95, став 61, ECHR 1999-VII
[24] Beian v. Romania, бр. 30658/05, §§ 36-39, ECHR 2007-XIII

### *Б. EU Justice Scoreboard – Инструмент за промоција на ефективна правда и раст*

Европската унија, како една од своите основни цели, постојано го истакнува економскиот пораст. Всушност, најголемиот дел од политиките односно од механизмите кои се развиваат во рамките на Унијата се однесуваат токму на економскиот пораст во нејзини рамки, кој во крајна линија, е дури и мотивот за постоењето на Унијата. Институциите на Унијата константно се занимаваат со прашањето – кои фактори влијаат на економскиот пораст. Очекувано, меѓу низата фактори кои имаат силно влијание на економскиот пораст, се вбројуваат и националните правосудни системи (односно според јазикот на Унијата: национална правда).[25]

Унапредувањето на квалитетот на националното правосудство е тесно поврзана со извршувањето на улогата на судството во земјите-членки на Унијата. Доколку судските одлуки се предвидливи, навремени и подобни за извршување тогаш и самата деловна (бизнис) атмосфера ќе биде поатрактивна. Токму искуството на земјите-членки на Унијата кои се предмет на Програмите за економско прилагодување[26] покажува дека аномалиите во поглед на националното правосудство доведуваат до намалување на довербата на граѓаните во институциите, што пак од своја страна, доведува до намалување на економскиот раст. Оттаму, фокусот на Унијата во областа на правосудството се ориентира кон *ефективната правда (ефективно правосудство)*, односно нејзиното постигнување.[27]

Освен што ефективната правда е предуслов за економскиот раст, пристапот кон неа е и фундаментално право на секој граѓанин на Унијата. Односно, Повелбата за основните права на Европската унија стипулира дека секој оној чии права и слободи гарантирани со законите на Унијата се нарушени има право на делотворен правен лек пред суд во согласност со условите предвидени во овој член (член 47).

### *В. ЕУ ранг-листа на правосудството*

Оттаму, ефективноста на правдата (правосудството) е суштински интерес на институциите на Унијата, поради што тие секогаш ќе инсистираат на изнаоѓање начини за нејзиното подобрување. Притоа, механизмите со кои се цели кон зајакнување на ефективноста на правдата секогаш треба да бидат системски, односно широко поставени и добро испланирани, а не *ad hoc* односно, инцидентни. Како еден од основните и најзначајните механизми во тој поглед се јавува *EU Justice Scoreboard*, односно ЕУ ранг-листата на правосудството (во натамошниот текст „Ранг-листа“).

Целта на Ранг-листата е, како што вели Комисијата во една од своите Комуникации,[28] е да им се помогне на Унијата и на земјите членки да постигнат ефективност на правосудството. Таквата помош ќе биде извршена со тоа што ќе се приложат веродостојни, споредбени и

---

[25] Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Central Bank, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions, *The EU Justice Scoreboard A Tool to promote effective justice and growth,* Brussels, 27.3.2013, COM(2013) 160 final, pp. 2;

[26] Ibid, Economic Adjusment Programmes in EL, IE, LV, PT.;

[27] Ibid, pp.2-3;

[28] Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Central Bank, the European Economic and Social Committe and the Committee of the Regions, *The EU Justice Scoreboard – a tool to promote effective justice and growth*, Brussels, 27.03.2013

објективни податоци за функционирањето на правосудните системи во сите земји-членки. Квалитетот, независноста и ефикасноста се клучни компоненти на „ефективниот правосуден систем." Оттаму, податоците во врска со овие компоненти придонесуваат кон развиток на посоодветни политики во областа на правосудството, на национално и на ниво на ЕУ.

Како што објаснува Комисијата,[29] основните карактеристики на Ранг-листата се:

- Ранг-листата е споредбен метод, кој ги покрива сите земји-членки, независно од правната традиција, односно правосудниот модел. Ранг-листата содржи споредби на некои индикатори, меѓутоа во никој случај не тежнее кон промовирање на даден правосуден систем.
- Ранг-листата цели кон претставување на трендовите во поглед на функционирањето на националните правосудни системи во текот на времето. Ранг-листата за прв пат претстави извесни податоци во 2013 година, што значи дека тие податоци можеби не ги отсликуваат и ефектите од актуелните реформи кои се случуваат во националните правни системи.
- Ранг-листата е не обврзувачка алатка, која подразбира отворен дијалог со земјите-членки, со цел да им се помогне ним и на Унијата во креирањето на подобри политики во областа на правосудството. Преку Ранг-листата се идентификуваат проблемите кои заслужуваат внимание. Доколку индикаторите укажат на слаби перформанси се оди кон подлабока анализа на причините за таквите перформанси, по што може да се пристапи кон реформски зафати.
- За крај, Ранг-листата е и еволуирачка алатка, која со текот на времето ќе се прошири и ќе опфати и области кои, иницијално, не биле опфатени. Исто така, зависно од суштинските параметри Ранг-листата може да се здобие со поинакви индикатори и методи. Во дијалог со земјите-членки Ранг-листата може, прогресивно, да опфати и полиња кои не биле опфатени, а се дел од „правосудниот-ланец", па оттаму и неопходна да е нивна анализа.

Освен овие основни карактеристики, неопходно да се истакне и дека Ранг-листата се бави исклучиво со *случаи кои не се кривично-правни*. Односно, Ранг-листата ги анализира само оние аспекти од правосудниот систем кој на непосреден начин се поврзани со инвестиционата клима. Оттука, таа се бави со *граѓанските и трговските постапки*, со кои се решаваат *трговските спорови*, како и со *административните случаи*. Со цел подготовка на Ранг-листата, Комисијата побара од ЦЕПЕЈ да прибира податоци и да изврши анализа. ЦЕПЕЈ ги користи најрелевантните и значајни податоци до кои има пристап, а тука спаѓаат и податоците од надворешни извори (пр. Светската банка, Светски економски форум).

### *Г. Индикатори на ЕУ ранг-листата на правосудството*

Индикаторите на Ранг-листата, во најголема мера, се однесуваат токму на ефикасноста на правосудството. Примарните индикатори во 2013 се *должината на постапките, стапка на завршени случаи,* и *„висечките" случаи*.[30]

[29] Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Central Bank, the European Economic and Social Committe and the Committee of the Regions, *The EU Justice Scoreboard – a tool to promote effective justice and growth*, Brussels, 27.03.2013

- *Должината на постапките*, како индикатор, значи дека се мери (во денови) колку време е потребно да се реши еден случај во прв степен. Како под-индикатор се јавува и „времето за решавање по поединечен предмет“. Овој под-индикатор ја изразува бројката која се добива со делење на нерешените со решените случаи на крајот на годината, по што се множи со 365.
- *Стапката на завршени случаи* го изразува односот на бројот на решени случаи со бројот на пристигнати случаи. На тој начин се согледува дали судот може да ги следи трендовите на покачување на бројката на пристигнати случаи. Пример, доколку од пристигнати 1000 случаи судот решил 500, тој решил половина од случаите. Дали доколку пристигнат 1500 случаи, судот повторно ќе успее да реши половина од нив?
- Бројот на *„висечки“ случаи* го одразува бројот на случаи кои по завршетокот на извесен референтен период (пр. година) се уште не се решени. Бројот на *„висечки“ случаи* влијае на „времето на решавање по поединечен предмет“.

Од ваквото објаснување на индикаторите со кои се мери ефикасноста на правосудството гледаме дека тие се, всушност, во тесна корелација. Должината на постапките е тесно поврзана со стапката на завршени случаи, а незавршените случаи пак на крајот на референтниот период (годината) се додаваат на бројката на „висечки“ случаи.

Ранг-листата, сепак, не се занимава исклучиво со ефикасноста на правосудниот систем туку ги проучува и индикаторите кои говорат за квалитетот на правосудството, во материјална смисла на зборот. Односно, со цел да се одрази квалитетот на правосудството се користат и други методи, покрај оние кои ја рефлектираат ефикасноста. Тука би се наброиле методите со кои се анализираат:

- Мониторингот и евалуацијата на активностите на судовите. Квалитетот и ефикасноста во судските постапки во голема мера зависат од мониторингот, од страна на пошироката и експертската јавност. Доколку самиот систем овозможува проширување на информациите во јавноста, се овозможува и поголема транспарентност, а оттаму и квалитет на одлуките. Освен тоа, евалуацијата е неопходна поради тоа што овозможува увид во пропустите, па следствено и подобрување на перформансите во иднина.
- Мониторингот подразбира публикации, односно годишни извештаи, како и мерење на бројот на пристигнати случаи, бројот на донесени одлуки, бројот на одложени случаи и должината на постапките.
- Евалуацијата, пак, од своја страна е индикатор кој говори за активностите на судовите. Таа се базира на:
    - постоење на индикатори со кои се мерат перформансите,
    - редовна евалуација на перформансите и аутпутите (резултатите од работата на судовите),
    - постоење на стандарди за квалитет (политики со кои се обезбедува квалитет, политики во поглед на човечките ресурси итн.),
    - постоење на специјализирани судски кадри кои ќе се бават со политиките за квалитет.

[30] Овие индикатори во поглед на ефективноста на правосудството се дефинирани од ЦЕПЕЈ, Повеќе за нив може да се пронајде на: http://www.coe.int/t/dghl/cooperation/cepej/evaluation/default_en.asp

- ICT (информатички и комуникациски) системи на судовите. Употребата на информатички и комуникациски технологии во денешно време е нужна за секој субјект, па така и за судовите. Не би можело да се говори за соодветно ниво на развиеност на правосудниот систем, доколку самите судовите не користат модерни информатички и комуникациски технологии. Оттаму, овој индикатор се занимава со постоењето на соодветни технологии во судовите, со што се овозможува регистрирање и менаџирање со случаите и комуникација помеѓу судовите и останатите субјекти.
- Алтернативните начини на решавање на споровите. Во граѓанските и трговските спорови алтернативните начини на решавање на споровите имаат исклучително голема важност. Тие имаат низа предности во однос на традиционалните судски постапки. Поради тоа, се смета дека со нив се овозможува поголем квалитет на правосудниот систем.
- Обуката на судиите. Обуките на судиите, иницијалните и континуираните, се исклучително важни кога се говори за квалитетот на правосудството. Притоа, кога се говори за обуки не се мисли само на обуките од соодветната правна област туку и на оние со кои се овозможува подобрување на било какви вештини кои би им користеле на судиите при извршувањето на нивните задачи.
- Средствата во буџетот кои се наменети за судството.

Овие индикатори во поглед на квалитетот се користени и во периодот од 2013 до 2018 година, со тоа што во 2015 година се остварени повеќе непосредни контакти со лица во рамки на правосудните системи со што се овозможила подалекусежна анализа. Исто така, од 2015 година Ранг-листата содржи и податоци за правната помош и рамнотежата во поглед на половата застапеност во правосудството.

За крај, освен со ефикасноста и квалитетот на правосудството, Ранг-листата се занимава и со перцепцијата за независноста на судството. Притоа, нужно да се нотира е дека не станува збор за индикатори за фактичката независност туку индикатори со кои се мери перцепцијата за независноста на правосудството. Доколку граѓаните го перципираат правосудниот систем како доволно независен тие би одлучиле да инвестираат, односно своите ресурси да ги вложат во дадената земја. Тесно поврзана со оваа анализа е анализата на *Светскиот економски форум* кој секоја година објавува „индекс на перцепирана независност“. Овој индекс е добиен преку истражувања во кои учествуваат фирми од клучните сектори во стопанството. На тој начин се добива слика околу тоа колку јавноста го перцепира правосудството како независно. Освен тоа, и Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права говорат за важноста на восприемањето на судството како независно.

### *1. НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ*

Принципот на постоење на независен и непристрасен суд, како еден од главните столбови на концептот за правично судење е интегриран во националното право преку основно начело во Уставот на Република Северна Македонија како највисок правен акт. Членот 98 (2) од Уставот утврдува дека „Судиите се самостојни и независни. Судиите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот“. Во членот 99 од Уставот се предвидени неограниченото траење на мандатот на судиите, како и основите за престанок на судиската функција и разрешување на судиите. Во членот 100 од Уставот е загарантиран имунитетот на судиите. Сите овие одредби се детално обработени во Законот за судови и Законот за судски совет на РСМ.

Постоењето на независен и непристрасен суд претставува еден од главните столбови на концептот на правично судење. Во оваа смисла, правото на правично судење од член 6(1) на ЕКЧП наложува предметот да биде разгледан од „независен и непристрасен суд“.

Во Стратегијата за реформи во правосудството (Стратешка насока 2.3.2) се предвидува утврдување функционални и транспарентни механизми за одговорност на судиите. Според стратешките насоки за реформа во правосудството, донесен е Закон за престанување на важењето на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија. Истовремено во 2018 година е донесен и Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија со кој се врати надлежноста на ССРСМ, за водење на постапка за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд, согласно препораките на Венецијанската комисија, а соодветно беше изменет и Законот за судови во согласност со меѓународните препораки и препораките од ГРЕКО.

При одредувањето дали едно тело може да се смета за „независно“, ЕСЧП ги има предвид следниве критериуми: начинот на назначување на неговите членови и траењето на нивниот мандат; постоењето на гаранции против надворешни притисоци и дали телото демонстрира појава на независност.

Во случајот на нашата држава, критики за независноста на судиите беа изразени во сите изминати извештаи на ЕК за напредок на Република Северна Македонија како и во извештаите на ГРЕКО за четвртиот евалуационен круг кој покрај другите институции се однесува и на судството. Последниот извештај на ГРЕКО од овој круг нотира напредок, но изречно нагласува дека е потребно да се прецизира значењето на терминот ”нестручно и несовесно работење”на судија како основ за негово разрешување.

Оваа препорака е целосно имплементирана во најновите законски измени на Законот за судови и Законот за судски совет.

Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022, како една од целите предвидува „Создавање финансиски, персонални, информациски и други претпоставки, со ургентно зголемувања на буџетските вложувања, заради подигање на ефикасноста на судството и јавното обвинителство“.

Една од стратешките насоки во областа независност и непристрасност предвидува: „Самостоен и одржлив судски буџет, конзистентен на законската определба од бруто-националниот доход, со поголемо учество на Судски буџетски совет за реализација на оваа насока“. Стратегијата укажува и на актуелната состојба дека во судството се забележува отсуство на капацитети за стратешко планирање, буџетско и финансиско управување, како и недоволно развиени капацитети на стручните служби.

Нужно е да се истакне дека при спроведување на секоја анализа која има цел да изврши квантитативно мерење на независност и непристрасноста на судството, може да се зборува само за два методолошки пристапи на анализирање: 1. анализа на правна норма и 2.мерење на перцепцијата за независноста на судовите. Оттука, во оваа Функционална анализа не станува збор за индикатори за фактичката независност, туку за индикатори низ кои се анализира актуелното законодавство во Република Северна Македонија:

- избор и статус на судиите
- постоење на заштитни механизми при прераспределување на судии без нивна согласност и унапредување и оценување на судии
- алокација на ново-примени предмети
- иземање на судии при постоење на судир на интерес
- финансиска независност на судот.

и се мери перцепцијата за независноста на судот од страна на самите судии. Ова се единствените можни методолошки алатки за испитување на независност. Светскиот економски форум, исто така секоја година објавува „индекс на перцепирана независност“. Овој индекс е добиен преку истражувања во кои учествуваат фирми од клучните сектори во стопанството. На тој начин се добива слика околу тоа колку јавноста го перцепира правосудството како независно. Освен тоа, и Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права говорат за важноста на восприемањето на судството како независно.

### *1.1. Избор и статус на судиите во апелационите судови*

Законот за судови и Законот за Судскиот совет на РСМ ја пропишуваат постапката за избор на судии во судовите во Република Северна Македонија која започнува со носење на одлука за утврдување на слободни судиски места од страна на ССРСМ. Оваа одлука ССРСМ ја носи по прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија и мислење од седницата на судиите на соодветниот суд, врз основа на анализа и проекција за слободни судиски места и применувајќи го начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, согласно со Годишната програма за работа на ССРСМ.

Донесената одлука за утврдување на слободни места во основните судови ССРСМ ја доставува до Академијата за судии и јавни обвинители најдоцна до 31 март во годината во која одлуката е донесена.

Постапката за избор на судии е утврдена во членовите 41-47 од Законот за судовите. Притоа, членот 46 пропишува посебни услови за избор на судија во основен, апелационен суд и во ВСРСМ, при што во ставот 3 е предвидено дека ССРСМ за судија на апелационен суд може да

избере лице кое има работно искуство од најмалку шест години непрекинат стаж како судија во основен суд, Управен или Виш управен суд до моментот на изборот. Како дополнителен услов е предвидено тоа лице да е оценето со позитивна оценка во согласност со Законот за Судскиот совет и одредбите за постапката за избор од Законот за Судскиот совет на РСМ. Со оваа новина на некој начин херметички се затвора кругот за можноста за влез на истакнати правници во судската фела.

Со новите законски измени на Законот за судови, како посебен услов е предвидено судија од апелационен суд со работно искуство од најмалку шест години непрекинат стаж да може да биде избран како судија на Вишиот управен суд.

Во новиот Закон за Судскиот совет, предвидено е дека против одлуката на ССРСМ за избор на судија, секој кандидат може да поднесе жалба до Врховниот суд. Истите правни одредби се предвидени и за избор на претседател на суд,. Како новина е воведено и дека може да се избере судија во било кој суд од сите степени доколку еден мандат вршел функција во меѓународен суд.

**Табела 1: Избор и престанок на функција на судии во последните 10 години**

| ГОДИНА | АС Штип | АС Гостивар | АС Битола | АС Скопје |
|---|---|---|---|---|
| **Број на судии избрани во последните 10 години** | 12<br>(6 мажи + 6 жени) | 9<br>(7 мажи + 2 жени) | 6<br>(4 мажи + 2 жени) | 44<br>(17 мажи + 27 жени) |
| **Број на судии на кои им престанала функцијата во последните 10 години** | 13<br>(10 мажи + 3 жени) | 9<br>(8 мажи + 1 жена) | 15<br>(8 мажи + 7 жени) | 58<br>(23 мажи + 35 жени) |

### *1.2. Постоење на заштитни механизми во постапките за прераспоредување на судии без нивна согласност*

Овој индикатор утврдува дали постојните механизми за заштита на судиите дозволуваат ваков модел на (пре) распоредување на судии, ги утврдува институциите надлежни да решаваат вакви случаи, како и причините поради кои се дозволува распоредувањето на судии. Освен тоа, индикаторот ја анализира и утврдува дозволеноста на жалбата во вакви случаи, односно утврдува до која надлежна судска инстанца се поднесува жалбата. Во Република Северна Македонија, судиите можат да бидат прераспоредени само со нивна согласност. Заштита на судиите во поглед на нивното прераспоредување овозможува Уставот на Република Северна

Македонија,[31] каде во членот 99 е предвидено дека судијата не може да биде преместен против својата волја.

Оваа уставна одредба е преземена и во Законот за судовите , каде во членот 39 (3) е утврдено дека единствено со согласност на судијата тој/таа може да биде преместен од еден во друг суд. По исклучок, судијата може да биде распореден во друг судски оддел против негова волја со писмено образложена одлука на претседателот на судот, а по претходно прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, кога тоа го бара зголемениот обем и предметот на работа во судот, но најдолго за време од една година и не повеќе од еднаш во текот на пет години. По истекот на времето за кое судијата е распореден во друг судски оддел задолжително се враќа во одделот во кој бил претходно распореден. Оттаму можеме да заклучиме дека Законот за судовите нуди соодветна заштита во овој поглед, со предвидување на можност за прераспоредување кое е временски ограничено.

Прераспределувањето на судиите во апелационите судови се утврдува со Годишниот распоред за работа, а постои и воспоставена пракса на прераспределување во случаите кога помалите судови имаат недостаток на судии.

### *1.3. Разрешување на судии во апелациони судови*

Овој индикатор се однесува на организацијата на институцијата која ја донесува одлуката за разрешување на судија, како и на надлежните инстанци за давање на иницијатива или предлог за разрешување на судија. Постапката за разрешување на судиите, во Република Северна Македонија ја иницира исклучиво ССРСМ. Имено, ваквото законско решение од Законот за судовите нуди поголема заштита на самите судии, бидејќи иницијативата за разрешување на судија потекнува единствено од судството како посебна гранка на власта. Со ова е предвидено да се намали притисокот на судството кое потекнува од извршната и законодавната власт. Одлуката за разрешување на судиите ја носи ССРСМ, а подеталните аспекти на дисциплинската постапка е уредена со Законот за судскиот совет на РСМ.

Амандманите од мај 2018 година на Законот за судовите, кои ги реформираат дисциплинските механизми, предвидуваат серија прекршоци во врска со: а) непрофесионално и невнимателно извршување на должностите (член 75); б) сериозни дисциплински прекршоци (член 76), кои треба да се утврдат во контекст на дисциплинска постапка), в) дисциплински прекршоци (член 77), како што се повреди на правилата на етика, нарушување на работата на Судот, неоправдани отсуства, неносење на судиската тога итн. Санкциите за прекршоци според членовите 75 и 76 се отповикување од функцијата (според член 74), додека за други прекршоци сега се наведуваат: писмена опомена, јавна опомена, намалување во плата и новововедената задолжителна обука.

Согласно новите измени на Законот за судови, судијата може да биде разрешен поради две причини:

- потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судиската функција пропишана со закон и

[31] Устав на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/1991);

- поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција под услови утврдени со закон.

Во членот 74 од Законот за судови е предвидено дека судијата ќе се разреши доколку повредата е сторена со намера или очигледна небрежност по вина на судијата без оправдани причини и доколку предизвикала тешки последици. Во таа насока, под потешка дисциплинска повреда, поради која се поведува постапка за дисциплинска одговорност на судијата за разрешување, се смета:

1) потешка повреда на јавниот ред и мир и други посериозни форми на недолично однесување со која се нарушува угледот на судот и неговиот углед;
2) грубо влијание и мешање во вршењето на судиската функција на друг судија;
3) ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голема мера се невистинити или
4) очигледно прекршување на правилата за изземање во ситуации во кои судијата знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени со закон.

Со новите законски измени предвидено е ССРСМ редовно да ги објавува одлуките за разрешување со образложение за донесената одлука. Оттаму, се поставува прашањето дали дисциплинската постапка е доволно транспарентна, односно дали законодавството во Република Македонија нуди доволна заштита на судијата од ССРСМ?

Критериумите за нестручно и несовесно вршење на судиската функција се предвидени во членот 76 од Законот за судови и подразбираат незадоволителна стручност или несовесност на судијата што влијае на квалитетот и ажурноста во работењето. Меѓу наведените основи се предвидуваат:

- доколку во две последователни оценувања се утврдени неисполнување на критериумите за успешност во работењето, по вина на судијата и без оправдани причини;
- доколку е осуден со правосилна судска пресуда за потешка дисциплинска мерка;
- неовластено издава класифицирани информации, односно изнесува информации и податоци за судски предмети со што е повредена обврската за заштита на тајноста на постапката утврдена со закон;
- ја одолговлекува постапката без оправдани причини и не ги закажува рочиштата во предметите кои му се доделени во работа;
- не го зема предметот во работа, заради што настапува застареност на кривичното гонење или застареност на извршување на кривична санкција за кривично дело;
- зема во работа предмет кој не му е распределен преку АКМИС системот за управување со предмети;
- намерно и неоправдано прави професионална грешка, при што различното толкување на правото и фактите не може да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата;[32]

[32] Член 77 од Законот за судови

Дисциплински мерки за утврдување на одговорност на судиите се изрекуваат во случаите на полесна повреда на јавниот ред и мир или друга полесна форма на недолично однесување со кое се нарушува угледот на судот и неговиот углед; искористување на својата функција и угледот на судот за остварување на свои правни интереси, неисполнување на менторски задолженија, повреда на правилата за отсуство од работа, но и непосетување на задолжителните обуки и неносење на судската тога за време на судењата. Законот предвидува можност за ССРСМ да изрече дисциплинска мерка во форма на писмена опомена, јавен укор и намалување на платата во висина од 15% до 30% од месечната плата на судија во траење од еден до шест месеци.

Законот предвидува посебна одговорност за Претседателот на судот кој може да биде разрешен во следниве случаи:

- пречекорување и повреда на законските овластувања;
- незаконско и ненаменско располагање со финансиските средства во судот;
- влијание врз независноста на судиите во врска со одлучувањето по одделни предмети;
- неприменување на одредбите во врска со управувањето и распределбата на судските предмети;
- повреда на одредбите за донесување и измена на Годишниот распоред на судии;
- доколку претседателот на судот не го извести ССРСМ за сторена потешка дисциплинска повреда од страна на судот во кој е претседател, настанувањето на повредата му било познато а непријавувањето е заради прикривање на истата и;
- доколку оневозможува вршење на надзор во Судот согласно закон;

### *1.4. Унапредување и оценување на судии*

Целта на професионалното оценување на судиската функција е да го унапреди квалитетот на судската правда. Ова може да се постигне преку јакнење на личната мотивација на судиите и обезбедување на професионален развој врз основа на професионалните способности, со што ќе се обезбедат и услови за унапредување на судиите без какво било влијание и ќе се зајакне независноста на судиите при вршењето на судиската функција. Претходната регулатива за оценување на судиите не предвидуваше објективна оценка на квалитетот во постапувањето на судиите и се засноваше на критериуми кои ја отсликуваа продуктивноста на судиите преку Автоматскиот судско-информатички систем за управување со предмети (АКМИС). Ваквиот систем не ги земаше предвид потребните аспекти за обезбедување реална и сеопфатна оценка на судиите во вршењето на судиската функција, како што е способноста за аргументација и образложеност на одлуките, сложеноста на предметите, подготвеност за водење на расправа итн. и не нудеше оценка на исполнетоста на условите за унапредување на судиите. Поради недостатокот на прецизна постапка за оценување на работата на судиите, во согласност со меѓународните принципи и стандарди, Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 предвиде ревидирање на системот за следење на работата и оценување на судиите со комбинирање на квалитативни и квантитативни критериуми.

Новиот Закон за ССРСМ усвоен во мај 2019 година предвиде целосно ревидирање на системот за оценување на судиите, со кој особено ќе се нагласат квалитативните критериуми. Новите правила предвидуваат дека оценките ќе го користат компјутеризираниот систем за распределување на предметите во судството, кој овозможува да се добијат (извадат) податоци за одредени одлуки, правни лекови,поништувања,процедурални повреди, на ниво на активност во управувањето со предметот и за усогласување на сите процедурални чекори со роковите. Во однос на квалитативните критериуми, во измените е наведено дека ќе се оценува квалитетот на судската постапка и тоа способноста за аргументација, подготвеност за водење на расправата, сослушувањето на странки, способноста за решавање на конфликти, квалитетот на ажурното постапување (почитување на законски рокови) итн. Аспектот на оценка на квалитетот на работата на судијата треба детално да се доработи во Методологијата за оценување. Овој критериум се утврдува со процент на укинати одлуки поради сторена битна повреда на постапката преку податоците од АКМИС.

Со оглед на тоа дека квалитетот ќе се оценува преку увид во судското постапување и одлучување, ССРСМ треба да ја ревидира Методологијата со индикатори за сложеност на предметите според правната област, сложеноста на материјата и видот на судовите, како и врз основа на степенот на стварна надлежност. Преку Методологијата е предвидено да се утврдува и ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно, а притоа треба да го земе предвид обемот на работа и видот на предметите за секој поединечен суд. Улогата на Врховниот суд е зајакната преку овој член, бидејќи тој ќе биде надлежен да даде мислење и да ја усвои Методологијата на општата седница на судот.

Значајно за овие законски измени е дека квалитетот на судското постапување ќе се оценува преку увид од судиите на апелационите и Врховниот суд за судиите од пониските судови и тоа преку разгледување на донесените судски одлуки од судијата и АКМИС системот.

### *1.5. Алокација на новопримените предмети во рамките на еден суд*

Индикаторите определуваат врз кои критериуми се врши распределбата на пристигнати предмети, како и кој е надлежен да врши надзор над алокацијата на предмети (судска или извршна власт).

Судовите во Република Македонија поседуваат „Автоматизирани информационен систем за управување со судските предмети“, односно познат е под акронимот АКМИС. Откако случаите ќе бидат физички примени и регистрирани во судовите тие се внесуваат во АКМИС, а потоа се распоредуваат автоматски. Во теорија, ваквиот систем оневозможува било какво мешање на човечкиот фактор при распределбата на случаите. Дури и судската управа е немоќна да влијае во тој поглед.

Согласно нивните годишни распореди, претседателите на судовите оддржуваат седници на одделите каде што се разгледуваат пристигнатите предмети и се распределуваат по оддели:

За седниците на совети се одредуваат кои податоци ќе се заведат во АКМИС системот, односно:

- состав на советот
- број на предметот
- видот на одлуката

- датумот на одржување на седницата на советот; и
- други дејствија предвидени со одредбите од процесните закони во врска со
- советувањето и гласањето по предметите (како издвојување на мислења од
- член на советот, присуство на странки и друго).

### *1.6. Изземање на судии од водење на постапка*

Овие индикатори укажуваат на постоењето на заштитни механизми во случај кога судија кој нема да се изземе од судење (во наведените случаи) може да се санкционира (дисциплински или сл.). Понатаму, се утврдува која институција е надлежна да одлучува по барања за изземање на судија од страна на трета страна и дали постои можност за поднесување на жалба од страна на судија против одлука за изземање, до повисок судски орган.

Во Законот за парничната постапка , пак, постои засебна глава посветена токму на изземањето на судиите. Во членот 64 од таа глава се предвидени повеќе основи поради кои судијата не може да ја врши судиската должност. Тоа се случаите кога судијата:

1. самиот е странка, законски застапник или полномошник на странка, ако со странката е во однос на соовластеник, сообврзник или регресен обврзник или ако во истиот предмет е сослушан како сведок или вештак;
2. постојано или привремено работи кај работодавец кој е странка во постапката;
3. странката или законскиот застапник или полномошникот на странката му е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втори степен, без оглед дали бракот престанал или не,
4. е старател, посвоител, посвоеник, хранител или храненик на странката, на нејзин законски застапник или полномошник;
5. во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлуката на пониският суд или на друг орган и
6. ако постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност.

Во натамошните одредби од Законот е предвидено дека судијата, веднаш штом дознае за постоењето на некоја од околностите предвидени во членот 64, точка 1 до точка 5, е должен веднаш да ја запре секоја работа на предметот и да го извести претседателот на судот, кој ќе му определи замена. Доколку пак, судијата смета дека постои некоја друга околност, согласно шестата точка од членот 64, должен е да го извести претседателот на судот, кој ќе одлучи по повод изземањето.

Од овие одредби во Законот за парничната постапка евидентно е дека постојат два вида на околности/причини за изземање. Првите, се оние при чие постоење судијата не смее да постапува и мора да биде изземен. Тие се наведени во точката 1 до точката 5 од членот 64 од Законот. Вторите околности се оние при чие постоење судијата не мора да биде изземен. При нивното постоење за изземањето одлучува претседателот на судот.

Освен тоа, во Законот за парничната постапка се предвидува и можност за самите странки да бараат изземање на судијата. Во ваков случај, доколку изземањето се бара поради некоја од причините од точка 1 до точка 5 во членот 64, судијата веднаш запира со било каква работа на предметот се додека претседателот на судот не одлучи по повод поднесеното барање на странката. Доколку пак, изземањето се бара поради други околности според точката 6 на членот 64, судијата може до донесувањето на решение за барањето да ги презема оние дејствија за кои постои опасност од одлагање.

Одредби за изземање на судиите се предвидени и во Законот за кривичната постапка. Во одредбите од членот 33 до 35 е се предвидени посебни критериуми за околностите кои предизвикуваат сомневање во непристрасноста на судиите. Изземањето може да биде и по барање на странките, а претседателот на судот одлучува за барањето. Во кривичната област е предвидено изземање и на записничарите, преведувачите, односно толкувачите и стручните лица, како и врз вештаците. Постои можност и за поднесување на барање за изземање и до јавниот обвинител во предметот.

### *1.7. Финансиска независност*

Одобрениот годишен буџет за судовите, владините расходи изразени како процент од БДП, бројот на судии и адвокати на 100.000 жители обезбедуваат податоци за средствата кои се користат во правосудниот систем.

Независноста на судството е во директна врска со финансиската самостојност. Според став 2 од Мислењето бр. 2 (2001) на Консултативниот совет на европските судии при Совет на Европа за Комитетот на министри при Совет на Европа за финансирање и управување на судовите со осврт кон судската ефикасност и членот 6 од ЕКЧП, „финансирањето на судовите е тесно поврзано со темата ʻнезависност на судствотоʼ, така што ги определува условите во кои судовите ја извршуваат својата функција“. Според Препораката бр. 8 од Мислењето бр. 1 (2001) на Консултативниот совет на европските судии при Советот на Европа која се однесува на платите на судиите, се предвидува следново: „Платите на судиите треба да бидат соодветни на нивната улога и одговорност и треба да обезбедат здравствена и пензиска заштита. Треба да бидат гарантирани со специфични правни одредби насочени против нивно намалување и треба да има одредби за покачување, пропорционално на порастот на животните трошоци“.

Согласно со методологијата на ЦЕПЕЈ, нивото на средства кои се определуваат за функционирањето на сите судови се мери преку износот на сите средства (национални и регионални) кои се определуваат на годишно ниво, по глава на жител. Според оваа методологија во 2011 година годишниот буџет за судството изнесувал 14 евра по глава на жител во Република Македонија што претставува најниско ниво на финансирање од 32 евалуирани држави. Дополнителен индикатор кој се користи во Ранг листата на правда на ЕУ е износот на средства определен за судовите, прикажан како процент од годишниот буџет. Освен финансиските средства, во Ранг листата се проценува и квалитетот на донесените судски одлуки зависи од расположливите човечки ресурси во судовите. Индикаторот е ревидиран 2014 год., и според него се сметаат само редовно вработените судии, а се изземат судските службеници. Во 2011 год., Република Македонија имала 33 судии на 100.000 жители со постапно намалување со текот на годините односно 32.4 во 2012 и 31.8 во 2013 година. Во 2014 година бројот на судии се намалил на 30,12 судии на 100.000 жители и трендот на опаѓање продолжил да се

намалува и во следната 2015 година на 28,6 судии , во 2016 година на 27,45 судии и во 2017 година на 26,26 судии на 100.00 жители.

Сепак иако номинално средствата издвоени за судовите по глава на жител се ниски, истите треба да се анализираат со земање предвид на нивниот процент од вкупниот национален буџет и големината на економијата на земјата. Притоа, голема забелешка треба да се упати во однос на транспарентноста на судските буџети. Судскиот буџет е прикажан кумулативно во Буџетот на Република Македонија, а посебна ставка е прикажана само за Уставниот суд на Република Македонија. Согласно Законот за судскиот буџет, истиот претставува годишна процена на приходите и трошоците на единките корисници на судската власт што ги утврдува Собранието на Република Северна Македонија и е наменет за нивно финансирање. Согласно член 4 од Законот за судски буџет е предвидено дека делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република Северна Македонија, потребни за функционирање на единките корисници се утврдува во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ, меѓутоа овој процент за 2018 година изнесуваше 0,29% од бруто-домашниот производ.

Во судовите постојат внатрешни процедури за буџетско планирање на судскиот буџет. Планирањето на судскиот буџет е врз основа на посебен ИТ систем за финансиско работење кој е мрежно поврзан - Автоматизиран буџетски менаџмент систем (АБМС). Параметрите кои се користат се врз основа на анализа на претходните години за потрошените финансиски средства и потребите на судот. Секој суд своето финансиско раководење го води според посебни внатрешни акти. Платите и надоместоци, како и бодовите и коефициентите се пресметуваат врз основа на Законот за плати на судиите и Законот за судска служба. За пресметка и исплата на платите секој суд има свој благајник и сметководител.

### *1.8. Резултати од првата национална примена на Матрицата на индикатори за мерење на перформансите и реформите во правосудството*

И покрај забележителниот напредок во правната рамка во областа за независност и непристрасност, перцепциите од најголемиот дел испитаници во рамки на истражувањето преку Матрицата, за независноста и непристрасноста на судството е дадена средна оценка 2.2 што воедно претставува најниско оценета област од сите 5 области опфатени со Матрицата на индикатори за мерење на перформансите и реформите во судството. Ова укажува на потреба од дополнителни заложби за континуирано подобрување во оваа област од функционирањето на судството.

**Графикон 1: Независност и непристрасност во судството (според Матрицата на индикатори за мерење на перформансите и реформите во правосудството)**



### *1.9. Независност и непристрасност во четирите апелациони судови во РСМ*

**АС ШТИП**

Во АС Штип во последните 10 години избрани се 12 судии од кои 6 мажи, по националност македонци и 6 жени, по националност македонки. Во АС Штип, во периодот 2005-2019 судската функција им престанала на 13 судии (10 мажи и 3 жени), од кои:

- 10 судии по основ пензионирање (7 мажи и 3 жени),
- 2 судии по основ разрешување од судска функција (2 мажи) и
- 1 судија по основ престанок на функција поради смрт (1 маж)

Во последните години немало покренато дисциплински постапки против вработени во Судот. Во 2008 година имало случаи на дисциплински постапки кон судски полицаец и административен работник кои биле разрешени со опомена, а во 2015 година имало повторно случај на покрената дисциплинска постапка кон судски полицаец. Во оваа смисла, испитаниците како политички притисок ја наведоа можноста за разрешувања на судии по основ на дисциплински постапки поведени поради несовесност и непрофесионалност. Бројот на донесени одлуки во дисциплинска постапка за разрешување на судии за последните 10 години изнесува двајца судии и се случиле во период кој ниту еден судија не можеше точно да го прецизира, но кој се однесува на период повеќе од пред пет години. Во последниве пет години, против двајца судии од АС Штип била покрената иницијатива за дисциплинска постапка од страна на Советот за факти, но постапката не била започната.

Во последниве неполни две години, период во кој со Судот раководи актуелниот Претседател, не е започната ниту една дисциплинска постапка на судија од овој Суд. Судиите се охрабрени и да поднесуваат приватни тужби против државните институции за остварување на своите права, првенствено од финансиски карактер. Покрај тоа, дури и службите во Судот, конкретно судски полицајци стекнале пракса да го тужат Судот во кој што работат за надомест на штета и поврат на средства, што во минатото не било забележано како пракса. Во последните две години нема покренато дисциплински постапки против вработени во Судот. Во 2008 година имало случаи на дисциплински постапки кон судски полицаец и административен службеник кои биле завршени со опомена, а во 2015 година имало повторно случај на покрената дисциплинска постапка кон судски полицаец.

Судиите во најголем дел не се согласуваат со системот на нивно оценување и унапредување, според кој ССРСМ беше единствен носител на оценувањето и унапредувањето изразено исклучиво преку квантитативен метод. Ставот е дека иако постапката за унапредување на судии се засновала само врз квантитативен метод изразен во број на донесени и укинати судски одлуки, сепак постоеле политички и други влијанија. Судиите од АС Штип го истакнаа како проблем оценувањето од страна на Судскиот совет, во делот на укинати и поништени одлуки, според кои се оценува само претседателот на советот (судијата известител), не и поединечното одлучување на судиите кои се дел од советот. Нивниот предлог е сите членови на судски совет да поднесат еднаква одговорност во случај на укината или поништена одлука со што ќе се зајакне и одговорноста на секој член на советот, при секое одлучување.

Сегашната пракса при подготовка на годишниот распоред за работа на Судот е тој да се прави од страна на претседателот на Судот, но во задолжителна консултација со вработените на АС Штип кои имаат право на приговор. Во 2019 година немало ниту еден приговор кон распоредот, но во 2018 имало еден приговор кој бил одбиен. АС Штип го објавува распоредот за работа на интерен систем од споделени папки- Електронски информатор за судии и информатор за судска администрација.

Во АС Штип, со АКМИС системот раководи Претседателот на Судот, претседателите на судските оддели, судскиот администратор, вработените во судската писарница и двајцата информатичари.

Предметите во Судот се водат електронски преку АКМИС системот. До АС Штип, предметите пристигнуваат преку основните судови кои ги скенираат документите и доказите и ги прикачуваат на АКМИС како екстерни списи. Доколку предметот физички стигне во АС Штип, истиот рачно се заведува преку писарница, но и се скенира и се додава во АКМИС како дел од предметот. Овој пристап ја наметнува потребата судовите да се поврзат вертикално (ИНТРАНЕТ) за полесна комуникација и пристап до списите на предметот.

Прераспределувањето на предметите преку АКМИС е на ниво на судија, не на ниво на совет. Ваквата распределба за судиите претставува проблем бидејќи останатите судии во советот немаат увид во предметот и не можат да се запознаат со неговата содржина пред одлучувањето.

Стручните соработници кои се задолжени за одредени предмети имаат пристап до истите преку АКМИС. Со оглед на тоа дека голем дел од судиите физички ги носат предметите дома, беше препорачано да се овозможи пристап до судиите и стручните соработници до АКМИС од други места надвор од Судот (пример од дома), но притоа да се земат предвид безбедносните аспекти. Ставот на испитаниците е дека ваков пристап треба да се овозможи во интерес на ефикасноста на работењето, имајќи предвид дека повеќето судии се од други градови и патуваат на подолги релации.

Испитаниците од АС Штип не изразија никаква загриженост околу механизмот изземање на судија од водење на постапка во случаи кога постои можен судир на интерес или кога е загрозена непристрасноста на судијата или кога има основ за пристрасност на судија. Тие во сите случаи на исполнетост на законските услови непречено го користеле институтот изземање.

Во однос на независноста на судската функција, Генерален став на испитаниците беше дека независноста треба да биде анализирана од неколку аспекти и дека нејзиното подобрување треба да се води на повеќе нивоа:

- Првиот аспект е моделот на финансирање на судството односно Законот за извршување на буџетот на РСМ, Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет како суштинска препрека за независно и ефикасно функционирање на Судот имајќи предвид дека износот, но и извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии (нови вработувања, јавни набавки, додатоци на плата и тн.).
- Второ, судиите беа едногласни дека надлежните институции треба да смогнат сили и да вложат максимум напор да се обезбеди доследна имплементација на законската

норма според која судскиот буџет треба да изнесува 0,8% од БДП со што ќе се обезбеди реална независност на сите судови од извршната власт.

- Трето, политичките влијанија се воочливи според повеќе од половината испитаници. Заеднички став на судиите е дека тие можеле да бидат спречени доколку судијата има изграден интегритет.
- Четврто, ставот на судиите е дека платите не се соодветни на статусот, надлежностите, ризиците и обемот на работа. Разликата меѓу платите на судиите во основните и повисоките судови е многу мала.

Во однос на независноста на судската функција, ставот испитаниците од АС Штип е дека истата треба да биде анализирана  и од аспект на финансиска независност. Во тој контекст треба да се земе во предвид моделот на финансирање на судството односно Законот за извршување на буџетот на РСМ, Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет како суштинска препрека за ефикасно функционирање на судовите имајќи предвид дека износот но и извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии (нови вработувања, јавни набавки, додатоци на плата и тн.).

Ставот на испитаниците од АС Штип е дека платите не се соодветни на статусот, надлежностите, ризиците и обемот на работа. Разликата меѓу платите на судиите во основните и повисоките судови е многу мала.  Согласно Законот за плати на судиите, коефициентите за пресметка на платите на судиите варираат од 2.8 до 3.7 во зависност од судот во кој се вработени и проблематиката на која работи судијата. Вредноста на коефициентот е просечна исплатена плата за последната пресметковна година, а тој вкупен износ се зголемува со додаток за стаж кој за секоја година е 0,5 отсто но не повеќе од 20 отсто. Сегашниот коефициент за пресметка на плата на судиите е 3,2 %, а предлогот на судиите во рамки и на работната група формирана со цел разгледување на правната регулатива која се однесува на исплата на платите на судиите и други додатоци предвидени со закон е да има спогодба за износот на коефициентот да се зголеми на 3,6%. Ставот на испитаниците е дека судството треба да има свој буџет и трезорски систем со префрлање на квартална транша од Буџетот на РСМ, при што набавките и вработувањата нема да бидат предмет на одобрување од Министерство за финансии. АС Штип во однос на искористеност на буџетот бележи стапка од 99.5%.

Според ставовите на АС Штип, погрешно е што статусот на судиите се изедначува со статусот на избрани и именувани лица и тоа само во однос на платите, не и во однос на другите додатоци. Судиите предложија дека додатоците на плата треба да останат фиксни како категорија, но дека платата треба да биде диференцирана во зависност од обемот на работа по оддели и области како и дека треба да се предвидат одредени додатоци за стимулирање на работата на судиите.

Перцепцијата на судиите и судски службеници на АС Штип измерена со матрицата покажува резултат на вкупна оценка од перформансите и реформите во правосудството во областа независност и непристрасност – 2.2 на скала од 1 до 5.[33]

---

[33] Во рамки на првото национално мерење на перформансите и реформите во правосудството, судиите одговараа на следниве прашања од областа независност и непристрасност:

- Процес на избор и разрешување

**Графикон 2: Графички приказ на средната оценка за независноста и непристрасноста според АС Штип[34]**




---

Изборот и разрешувањето на судиите не се предмет на притисоци и влијанија однадвор
Судиите се избираат на функција врз основа на објективни критериуми и преку транспарентна постапка
Процесот на разрешување на судии од функција е заснован на објективни и транспарентни критериуми
Одлуките за избор и разрешување на судиите се добро образложени 53) Судскиот совет е независен и транспарентен при донесувањето на одлуките
• Дисциплински процес
Дисциплинските постапки се спроведуваат на објективен и транспарентен начин
• Оцена и унапредување
Судиите се унапредени преку судски систем заснован на објективни критериуми
Критериумите за оцена на работата на судиите не влијаат на нивната обврска да судат во согласност со постоечките прописи
• Надворешни и внатрешни влијанија во судството
Не постои појава или околности на притисок од други институции
Судските одлуки се базирани единствено на фактите и законот, без несоодветни влијанија на приватни интереси
Не постои појава или околности на внатрешен притисок и влијание од судството
Судскиот совет успешно се грижи за заштита на независноста на судството
• Финансиски ресурси и судски надомест
Годишните судски буџети се доволни за покривање на реалните трошоци за спроведување на правдата
Платите на судиите се во согласност со задачите и одговорностите на работното место
Платите на судската служба се во согласност со задачите и одговорностите на работното место
• Судска непристрасност
Личните убедувања и субјективните ставови на судиите не се рефлектираат на нивната работа
Судиите се изземаат од случаите каде постојат околности за конфликт на интерес и пристрасност
[34] Целосниот преглед на резултатите од првото национално мерење на перформансите на правосудството и одговорите за областа независност и непристрасност е приложена во Анекс 1.

**Независност и непристрасност – Препораки за АС Штип:**

- **Јавните набавки и вработувањата во Судот не треба да бидат предмет на одобрување од Министерство за финансии**
- **Политички влијанија врз Судот постоеле и најчесто биле изразени преку покренување на дисциплински постапки врз судии**
- **Оценувањето на судиите од страна на ССРСМ е несоодветно со оглед на фактот што во него членуваат и судии од пониските судии како и лица кои не се дел од правосудниот сектор**
- **Разработување на Методологија за вертикално оценување на судиите од страна на повисоките судови**
- **Поднесување на одговорност за донесена одлука од страна на сите членови на советот кои учествувале во одлучувањето**
- **Продолжување со праксата на слободно изразување на став од страна на судиите и вработените во Судот преку започнување на судски процеси против државни органи кога тужителите сметаат дека се загрозени нивни права или правни интереси што само до пред две години не било забележано како пракса**
- **Потреба од јакнење на и проверка на интегритетот на судиите како начин за справување со разните видови надворешни влијанија и политички притисоци**

**АС ГОСТИВАР**

Во АС Гостивар во последните 10 години вкупно се избрани 9 судии од кои 2 жени и 7 мажи. Двајца од нив се со македонска националност и седум со албанска националност.

Од формирање на судот, на вкупно 9 судии (8 мажи и 1 жена) им престанала судиската функција. Ниту еден од судиите не бил разрешен, туку основите на престанок биле поради оставка[35], поради настапување на смрт и на еден судија функцијата му е во мирување поради членување во ССРСМ. Во последните 3 години во судот нема дисциплински постапки против судиите, ниту се изречени дисциплински мерки.

Во АС Гостивар, во периодот 2006-2019 судиската функција им престанала на 9 судии (8 мажи и 1 жена), од кои:

- 5 судии по основ на пензионирање (4 мажи и 1 жена);
- 2 судии по основ на поднесување на оставка (2 мажи)
- 1 судија по основ престанок на функција поради смрт (1 маж).
- 1 судија избран за член на ССРСМ.

Нема судии на кои ССРСМ им го одзел судскиот имунитет.

АС Гостивар своето работење го организира врз основа на Годишниот распоред и Актот на систематизација на работните места. Во последниве две години не е поднесен приговор против Годишниот распоред. Во распоредот се интервенира кога има промена на избраните судии како и зголемен обем на работа. Годишниот распоред не е објавен на веб страницата на Судот.

Во судската Писарница, електронските уписници содржани во системот АКМИС, а согласно Судскиот деловник, автоматската распределба на предмети ја вршат судски службеници: двајца виши судски референти за кривичниот и граѓанскиот оддел, помлад судски соработник на кривичниот оддел, но нема помлад судски соработник за граѓанскиот оддел, судски администратор (во моментов местото е упразнето и дејноста ја вршат судски соработник и помлад судски соработник) за предметите од судската управа.

Судиите имаат назначено посебно лице за раководење со АКМИС системот. Истото лице врши повеќе дејности, а за својата работа одговара пред судскиот администратор. Воедно, судиите од АС Гостивар сметаат дека АКМИС има потреба од надоградување и воведување на можност за преглед на пресудите. Испитаниците беа согласни дека е потребно да се обезбеди пристап до АКМИС системот и од дома, но со ограничени привилегии. Тие воедно кажаа дека алатките на АКМИС системот не се сложени, но користењето не е усогласено помеѓу судиите.

На прашањето за досегашната пракса на изземање на судиите на АС не беа дадени конкретни и прецизни одговори, ниту пак беше изнесен макар и ориентациононен број за користење на овој правен институт.

[35] Оставката на судиите во секој конкретен случај треба посебно да се анализира бидејќи во целиот период на функционирање на судскиот систем во државава забележани се и случаи на поднесувани оставки под политички влијанија и притисоци. Истражувачкиот тим за овие два конкретни случаи нема податоци за причините за нивно поднесување.

Финансиската независност на судството од извршната власт, судиите ја оценија како клучен механизам за да се овозможи независност на целиот судски систем во земјата. И покрај тоа, тие потенцираа дека со Судски буџетски совет на Република Северна Македонија, Судот има солидна соработка во однос на буџетските трошоци и дека досега немале проблем во одобрувањето на техничките ресурси, но останува проблемот со недостатокот на човечки ресурси.

Во Судот е забележана зачестена пракса на пренаменување на трошоците, а немаат лице задолжено за јавни набавки, туку друг вработен ги врши тие должности. Судиите истакнаа дека Судски буџетски совет на Република Северна Македонија го одобрува судскиот буџет во 90% од износот што ќе го предложи АС Гостивар.

Испитаниците истакнаа дека може да се забележат практики на политичко влијание, но дека се зависи од интегритетот и однесувањето на судијата како индивидуа. Нивниот генерален став е дека тие постапуваат по закон и не дозволуваат постапување надвор од рамките на правото. Испитаниците истакнаа дека влијанието е повеќе перцепција, но и дека најзастапено е во политичките предмети, особено за клевета и навреда. За разлика од вака изразениот јавен став за време на заедничкото интервју, резултатите од матрицата во поглед на независноста и непристрасноста на судиите на АС Гостивар се следни:

**Графикон 3: Графички приказ на средната оценка за независноста и непристрасноста според АС Гостивар**




Перцепцијата на судиите и судски службеници на АС Гостивар измерена со матрицата покажува резултат на вкупна оценка од перформансите и реформите во правосудството во областа независност и непристрасност – 2.4 на скала од 1 до 5.

**Независност и непристрасност – Препораки за АС Гостивар:**

- **Потреба од финансиска независност на судството од извршната власт особено во делот на одобрување на човечки ресурси.**
- **Политичко влијание врз судиите постоело и било најзастапено во предметите за клевета и навреда бидејќи не се забележани случаи на престанок на судиска функција заради разрешување или поднесување оставка.**
- **Потреба од јакнење на и проверка на интегритетот на судиите како начин за справување со разните видови надворешни влијанија и политички притисоци.**

**АС БИТОЛА**

Во последните 10 години во АС Битола избрани се вкупно 6 судии и тоа 4 мажи и 6 жени според податоците испратени од страна на Судот.

Во последните 10 години разрешени судии во АС Битола нема, а пензионирани се вкупно 15 и тоа 8 мажи и 7 жени.

Во однос на системот за оценување на судиите, поголем дел од испитаниците се согласија дека роковите за изработка на донесената пресуда треба да биде еден од критериумите за оцена на судиите. Истовремено, тие потенцираа дека роковите не би требало да бидат исти за судии од основни судови и судии од апелациони судови и дека треба да се прави разграничување помеѓу верификација и потпишување, имајќи предвид дека во судовите од прв степен судијата (поединец) ја верификува и потпишува одлуката додека во апелационите судови одлуката треба да биде верификувана од двајцата членовите на советот за што треба повеќе време.

Испитаниците исто така истакнаа дека и други критериуми треба да бидат земени предвид при нивното оценување, како на пример ангажман на претседател на судски оддел, средби со судии од ист оддел и тн.

Во контекст на независноста, беше дискутирана и работата на ССРСМ при што беше истакнато дека досега не биле изложени на директни влијанија од оваа институција. Но, испитаниците споменаа дека кога имало случаи на двајца кандидати за судии да бидат оценети со исти бодови, немало образложение по кој основ е извршен изборот на едниот од нив.

Во контекст на надлежностите на ССРСМ за избор на судии, испитаниците потенцираа дека треба да се размислува за депрофесионализацијата на членовите на оваа институција. Имено, дискутабилно е колку членовите на ССРСМ кои претходно работеле во основен суд се кредибилни да ја оценат работата на судии од ВСРСМ. Понатаму, беше истакнато дека членовите на ССРСМ после подолг мандат се отуѓуваат од судиската функција со што се доведува во прашање нивната подготвеност за оценување.

Во однос на оценувањето, ставот на испитаниците од АС Битола е дека при оценувањето од страна на ССРСМ, во делот на укинати и поништени одлуки се оценува само претседателот на советот, не и поединечното одлучување на судиите кои се дел од советот. Во овој контекст испитаниците имаат поделени ставови во однос на тоа дали одговорноста треба да биде на сите судии или само на известителот и дека ова прашање треба темелно да се утврди при подготовка на методологија за оцена на судии.

Судскиот администратор и информатичарот се одговорни за следење на АКМИС. Во рамки на писарницата има лице кое е задолжено за прием на предмети кои се делат според уписници, се заверуваат и се распоредуваат на судиите. Претходно се проверува дали предметот е укинат, а доколку предметот се однесува на времена мерка притвор, веднаш се распоредува на надлежниот судија.

Новопримените предмети во АС Битола се распоредуваат преку единствениот систем за автоматска распределба на предметите – АКМИС, а со него раководат претседателот на судот, судскиот администратор и еден советник информатичар.

Годишниот распоред на АС Битола не е објавен на веб страната на Судот, објавен е само годишниот план за работа на Судот.

Досега имало покренато постапки за изземање на судии од страна на самите судии и од страна на странките биле покренати и спроведени во согласност со законските услови.

Според одговорите дадени од Судот во поглед на делот финансиска независност, во прашалникот испратен до АС Битола, наведено е дека судот бележи 100% искористеност на буџетот и нему доделените средства.

Во однос на независноста на судската дејност беше споменат и моделот на финансирање на судството односно Законот за извршување на буџетот на РСМ, Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет како суштинска пречка за ефикасно функционирање на судовите имајќи предвид дека извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии (нови вработувања, јавни набавки, додатоци на плата итн.).

Претседателката на АС Битола истакна дека нејзиниот мандат како претседателка на Судот бил тековен за време на двете последни влади и дека досега немала политички притисоци за да влијае на судии. Беше потенцирано дека никогаш не вршела влијание врз судиите за тоа како да одлучуваат по одредени предмети. Ставот на поголем дел од судиите беше дека независноста е условена од доследното придржување кон принципите на интегритет на секој судија.

Согласно Матрицата, сопствената независност и непристрасност, вработените од АС Битола ја оцениле на следниов начин:

**Графикон 4: Графички приказ на средната оценка за независноста и непристрасноста според АС Битола**




Перцепцијата на судиите и судски службеници на АС Битола измерена со матрицата покажува резултат на вкупна оценка од перформансите и реформите во правосудството во областа независност и непристрасност – 2.7на скала од 1 до 5.

**Независност и непристрасност – Препораки за АС Битола:**

- **Потребна е поголема транспарентност во работата на ССРСМ имајќи предвид дека нетранспарентната работа на овој орган може да води кон загрозување на независноста на судиите: извршен избор на судија помеѓу двајца кандидати оценети со ист број на бодови без образложение за избор.**
- **Заради засилување на улогата на ССРСМ како гарант на независноста на судиите, потребна е депрофеционализација на членовите на Советот. Целта на ваквата препорака е секој член на ССРСМ во текот на долгиот мандат (мандати) да останат во тек со работата на Судот, судските процеси, проблемите и состојбите во Судот и на тој начин да бидат целосно подготвени за оценување на судечките судии.**
- **Потреба од подготовка на темелна Методологија за оценка на судии со кои ќе се гарантира нивната независност.**
- **Потреба од финансиска независност на судството од извршната власт особено во делот на одобрување на човечки ресурси и јавни набавки.**
- **Потреба од јакнење на и проверка на интегритетот на судиите како начин за справување со разните видови надворешни влијанија и политички притисоци.**
- **Воведување на критериум за оценка на работата на судија – рок на изработка на пресуда при што ќе се разграничат роковите за изработка на пресуди од страна на основните судови и роковите на апелационите судии бидејќи во првиот случај одлуката ја носи и изработува судија поединец, а во вториот ја носи совет, ја изработува судија, а ја верификуваат сите членови на советот согласно АКМИС програмата откако ќе ја прочитаат и потпишат со своерачен потпис.**

**АС СКОПЈЕ**

Во АС Скопје во последните 10 години избрани се 44 судии од кои 27 жени и 14 мажи. Од нив, 22 се по националност македонци, 15 албанци, 3 власи, 3 турци и 1 од друга националност.

Во АС Скопје, во периодот од 2009 – 2019 година судската функција им престанала на 58 судии (23 мажи и 35 жени) од кои 33 од македонска националност, 18 албанци, 3 власи, 3 турци и 1 од друга националност.

Во однос на дисциплинските постапки, во текот на 2010 година, ССРСМ повел дисциплинска постапка против петмина судии на АС Скопје, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција. По завршување на постапката против овие петмина судии, за тројца судии од нив постапката била запрена, а двајца судии биле разрешени од судиската функција.

Во текот на 2011 година, ССРСМ повел дисциплинска постапка против двајца судии на АС Скопје, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Во текот на постапката еден од судиите, поднел оставка од судиската функција, па за него постапката од страна на ССРСМ била запрена, а вториот судија по завршување на постапката е разрешен од функцијата судија.

Во текот на 2018 година, ССРСМ повел дисциплински постапки против двајца судии на АС Скопје, а постапките се запрени.

Во однос на оценувањето, ставот на испитаниците од АС Скопје за оценувањето од страна на ССРСМ, во делот на укинати и поништени одлуки е поделен. Сегашната состојба во која се оценува само претседателот на советот, не и поединечното одлучување на судиите кои се дел од советот за дел од судиите е прифатлива, а дел од нив сметаат дека одговорноста треба да биде на сите судии од судечкиот совет. Генерален став е дека ова прашање треба темелно да се утврди при подготовка на методологија за оцена на судии.

АС Скопје има Годишен распоред за работата на судските совети кој го подготвува претседателот на судот и истиот се усвојува на колегиум. Вработените имаат право на приговори кон распоредот, но досега немало формални приговори. При подготовка на распоредот, судиите писмено се изјаснуваат на која материја би сакале да бидат распоредени и врз основа на нивните ставови и моменталната состојба се утврдува распоредот. Годишниот распоред е објавен само на интерната веб страна на Судот. Годишниот распоред за работа најчесто не се менува, само при избор на нови судии при што се врши дополнување на извештајот, но не и преместување од еден во друг оддел.

Испитаниците од АС Скопје, исто како и испитаниците од АС Битола сметаат дека е неопходна депрофесионализација на судскиот совет бидејќи со мандатот од шест години со можност за реизбор, судиите можат да бидат оддалечени од судиската функција дури и до 12 години. Ваквиот мандат, освен практични потешкотии при повторното приспособување на судиската функција, оневозможува и нивно оценување, што е услов за понатамошно унапредување во судската кариера.

Во 2017 година, Министерството за правда формираше Комисија за вршење на увид во функционалноста на информатичкиот систем и надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник. Комисијата изврши увид во три суда, Основниот суд Скопје 1 Скопје, АС Скопје и ВСРСМ. Увидот во АС Скопје бил извршен на 09.11.2017 година каде предмет на увид биле процедурите за функционирање на АКМИС, годишниот распоред за работа на судиите, процедурата за исклучување на судија од автоматска распределба и прераспределба на предмети како и сите одлуки за прераспределба на предмети.

Извештајот забележува дека сите исклучувања на судии од автоматска распределба се вршат со наредба на претседателот на судот во која е наведена причината за исклучување и барање итните предмети распределени на судијата преку АКМИС да бидат повторно автоматски прераспределени на друг судија. Согласно извештајот на комисијата, констатирано е дека Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник се применуваат, АКМИС е имплементиран и редовно се користи, освен во делот за судска управа.

Независноста и непристрасноста во вршење на судската функција, испитаниците на АС Скопје ја ценат од аспект на интегритетот на судиите, анализа на законските норми и дисциплинските постапки. Во однос на интегритетот, испитаниците се сложија дека индивидуалниот интегритет е основа за независност и непристрасност во вршење на судската функција. Но според нив, општествениот и политичкиот амбиент во земјата со години е индикативен по ова прашање и врши директно или индиректно влијание врз независноста на судството. Сепак, дел од судиите заклучија дека во последните години општествено-политичкиот амбиент во овој контекст е подобрен. Претседателот на судот истакна уверување за независно и непристрасно вршење на судската функција од страна на сите судии во АС Скопје.

Во рамки на оваа тема, испитаниците на АС Скопје го имаат предвид и ССРСМ како највисок орган во судството кој треба да ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт. Имено, беше дискутирана одредбата од новиот Закон за судски совет според кој Претседателот на ССРСМ и неговиот заменик се избираат од редот на членовите на ССРСМ со право на глас, кои се избрани од страна на Собранието на РСМ. Оваа одредба укажува на влијанието на законодавната власт врз изборот на претседателот на ССРСМ.

Согласно извештајот за извршен увид во функционалноста на информатичкиот систем и надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник во судовите и согласно извршениот увид на ден 09.11.2017 година, во АС Скопје во 2017 година постоеле над 200 изземање на судии. Сите причини биле во согласност со законските основи (блиски роднински врски со судијата кој постапува во прв степен, роднински врски со адвокат од адвокатското друштво за застапување или судијата постапувал по предметот од прв степен).

Од извештајот се забележува состојба на огромен број на изземања, а сето тоа оди во прилог на натамошно развивање на идејата предметите од основните судови да одат во постапка по жалба пред сите апелациони судови во државата, по пат на случаен избор. За оваа идеја постои согласност од страна на сите испитаници од фокус групата на АС Скопје.

Во однос на независноста на судската функција судиите го оценија моделот на финансирање на судството односно Законот за извршување на буџетот на РСМ, Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет како суштинска бариера за ефикасно функционирање на

судовите. Судиите беа согласни дека извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии во сите аспекти на имплементирање на буџетот.

Согласно Матрицата, сопствената независност и непристрасност, вработените од АС Скопје ја оцениле на следниов начин:

**Графикон 5: Графички приказ на средната оценка за независноста и непристрасноста според АС Скопје**




Перцепцијата на судиите и судски службеници на АС Скопје измерена со матрицата покажува резултат на вкупна оценка од перформансите и реформите во правосудството во областа независност и непристрасност – 2.0 на скала од 1 до 5.

**Независност и непристрасност – Препораки за АС Скопје:**

- **Општествениот амбиент во државата не исклучува политички влијанија, надворешни притисоци, дури и самоцензура врз работата на судиите од АС Скопје, особено имајќи ги предвид, значењето, видот, тежината и политичкиот контекст на предметите за кои е надлежен АС Скопје.**
- **Во временскиот период од 2002 – 2019 година забележан е исклучително висок број на поведени дисциплински постапки против судии на овој суд. Дел од нив завршиле за жал со разрешување или оставки на судии, што е карактеристика особено во периодот 2010 и 2011, а дел од нив биле запрени и не резултирале со разрешување на судии (2018). Се препорачува во иднина надлежните органи, првенствено ССРСМ да биде многу внимателен во поведување на дисциплински постапки против судиите на АС Скопје и темелно да ја проучи оправданоста и условите за нивно евентуално поведување.**
- **Потребно е јакнење на личниот и професионалниот интегритет на секој судија, не само во однос на одлучувањето по конкретни предмети туку и во однос на вршење избор на членови на ССРСМ кои треба да ја гарантираат независноста на судиите кои ги претставуваат.**
- **Потребно е воведување на дополнителни механизми за заштита на личниот интегритет на судијата како и неговата лична безбедност кои исто така имаат влијание и врз неговата независност. Така не треба да се занемарува потребата од обезбедување на дополнителни привилегии на судиите, како на пример овозможување на соодветни патни надоместоци наспроти постојното користење на јавниот превоз за судиите кои патуваат надвор од Скопје, бидејќи неретко се соочуваат со непријатни ситуации, закани, навреди и слично.**
- **Потреба од подготовка на темелна методологија за оценка на судии со кои ќе се гарантира нивната независност.**
- **Заради засилување на улогата на ССРСМ како гарант на независноста на судиите, потребна е депрофеционализација на членовите на Советот. Целта на ваквата препорака е секој член на ССРСМ во текот на долгиот мандат (мандати) да останат во тек со работата на судот, судските процеси, проблемите и состојбите во судот и на тој начин да бидат целосно подготвени за оценување на судечките судии.**
- **Потребно е сериозно и темелно образложение при изборот на членови од ССРСМ од страна на Собрание на РСМ бидејќи постојните законски одредби овозможуваат влијание на законодавната власт при избор на претседател на ССРСМ. Се препорачува измена на оваа законска одредби и овозможување токму Претседателот на ССРСМ да биде од редот на судиите.**
- **Предметите од основните судови да одат во постапка по жалба пред сите апелациони судови во државата по пат на случаен избор.**
- **Потреба од финансиска независност на судството од извршната власт особено во делот на одобрување на човечки ресурси и јавни набавки.**

## *2. ЕФИКАСНОСТ*

Ефикасноста на правдата е една од главните компоненти на концептот на правично судење. Членот 6 на ЕКЧП, во првиот став предвидува дека „секој има право на... судење во разумен рок...“ Според практиката на ЕСЧП, разумноста на должината на постапката треба да се утврди во светло на околностите на случајот, при што е потребна сеопфатна проценка (Boddaert v. Belgium, § 36). Барањето за ефикасност на судската постапка, изразено низ концептот на судење во разумен рок, е вткаено и во домашното право како една од главните компоненти на поширокиот концепт на правото на правично судење.

Така, во Законот за судовите е предвидено дека “при одлучувањето за граѓанските права и обврски и при одлучувањето за кривичната одговорност, секој има право на ... судење во разумен рок ...”. Притоа во истиот закон е предвидено дека едно од начелата врз кои се заснова постапката пред судот е начелото на судење во разумен рок. Уште повеќе, законот предвидува дека доколку странката “смета дека надлежниот суд го повредил правото на судење во разумен рок, има право да поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховниот суд на Република Македонија”.

Секако, за да се постигне соодветно ниво на ефикасност на постапката, потребни се и соодветни услови за работа. Во таа насока, став 6 од Мислењето бр. 3 (2002) на Консултативниот совет на европските судии при Совет на Европа за Комитетот на министри при Совет на Европа за принципите и правилата за професионално поведение на судиите, етика, несоодветно однесување и непристрасност, го утврдува следново: “Судиите, исто така, треба да ги вршат своите функции со грижливост и во разумен рок. Секако дека за оваа цел им се неопходни соодветни услови, опрема и помош. Така обезбедени, судиите треба да бидат во можност внимателно да ги обавуваат своите обврски содржани во членот 6 (1) на ЕКЧП, односно да донесуваат пресуди во разумно време”.

Унапредувањето на квалитетот на националното правосудство е тесно поврзана со извршувањето на улогата на судството во земјите-членки на Унијата. Доколку судските одлуки се предвидливи, навремени и подобни за извршување тогаш и самата деловна (бизнис) атмосфера ќе биде поатрактивна. Токму искуството на земјите-членки на Унијата кои се предмет на Програмите за економско прилагодување[36] покажува дека аномалиите во поглед на националното правосудство доведуваат до намалување на довербата на граѓаните во институциите, што пак од своја страна, доведува до намалување на економскиот раст. Оттаму, фокусот на Унијата во областа на правосудството се ориентира кон *ефективната правда (ефективно правосудство)*, односно нејзиното постигнување.[37]

Освен што ефективната правда е предуслов за економскиот раст, пристапот кон неа е и фундаментално право на секој граѓанин на Унијата. Односно, Повелбата за основните права на Европската унија стипулира дека секој оној чии права и слободи гарантирани со законите на Унијата се нарушени има право на делотворен правен лек пред суд во согласност со условите предвидени во овој член (член 47).

[36] Ibid, Economic Adjusment Programmes in EL, IE, LV, PT.;
[37] Ibid, pp.2-3;

Оттаму, ефективноста на правдата (правосудството) е суштински интерес на институциите на Унијата, поради што тие секогаш ќе инсистираат на изнаоѓање начини за нејзиното подобрување. Притоа, механизмите со кои се цели кон зајакнување на ефективноста на правдата секогаш треба да бидат системски, односно широко поставени и добро испланирани, а не *ad hoc* односно, инцидентни. Како еден од основните и најзначајните механизми во тој поглед се јавува *EU Justice Scoreboard*, односно ЕУ ранг-листата на правосудството (во натамошниот текст „Ранг-листа“).

Целта на Ранг-листата е, како што вели Комисијата во една од своите Комуникации,[38] е да им се помогне на Унијата и на земјите членки да постигнат ефективност на правосудството. Таквата помош ќе биде извршена со тоа што ќе се приложат веродостојни, споредбени и објективни податоци за функционирањето на правосудните системи во сите земји-членки. Квалитетот, независноста и ефикасноста се клучни компоненти на „ефективниот правосуден систем.“ Оттаму, податоците во врска со овие компоненти придонесуваат кон развиток на посоодветни политики во областа на правосудството, на национално и на ниво на ЕУ.

Како што објаснува Комисијата, основните карактеристики на Ранг-листата се:

- Ранг-листата е *споредбен* метод, во кој се опфатени сите земји-членки, независно од правната традиција, односно правосудниот модел. Ранг-листата содржи споредби на некои индикатори, меѓутоа во никој случај не тежнее кон промовирање на даден правосуден систем.
- Ранг-листата цели кон претставување на *трендовите* во поглед на функционирањето на националните правосудни системи во текот на времето. Ранг-листата за прв пат претстави извесни податоци во 2013 година, што значи дека тие податоци можеби не ги отсликуваат и ефектите од актуелните реформи кои се случуваат во националните правни системи.
- Ранг-листата е *необврзувачка алатка*, која подразбира отворен дијалог со земјите-членки, со цел да им се помогне ним и на Унијата во креирањето на подобри политики во областа на правосудството. Преку Ранг-листата се идентификуваат проблемите кои заслужуваат внимание. Доколку индикаторите укажат на слаби перформанси се оди кон подлабока анализа на причините за таквите перформанси, по што може да се пристапи кон реформски зафати.
- За крај, Ранг-листата е и *еволуирачка алатка*, која со текот на времето ќе се прошири и ќе опфати и области кои, иницијално, не биле опфатени. Исто така, зависно од суштинските параметри Ранг-листата може да се здобие со поинакви индикатори и методи. Во дијалог со земјите-членки Ранг-листата може, прогресивно, да опфати и полиња кои не биле опфатени, а се дел од „правосудниот-ланец“, па оттаму и неопходна да е нивна анализа.

Освен овие основни карактеристики, неопходно да се истакне е дека Ранг-листата се бави исклучиво со *случаи кои не се кривично-правни*. Односно, Ранг-листата ги анализира само оние аспекти од правосудниот систем кој на непосреден начин се поврзани со инвестиционата

[38] Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Central Bank, the European Economic and Social Committe and the Committee of the Regions, *The EU Justice Scoreboard – a tool to promote effective justice and growth*, Brussels, 27.03.2013

клима. Оттука, таа се бави со *граѓанските и трговските постапки*, со кои се решаваат *трговските спорови*, како и со *административните случаи*.

Со цел подготовка на Ранг-листата, Комисијата побара од ЦЕПЕЈ да прибира податоци и да изврши анализа. ЦЕПЕЈ ги користи најрелевантните и значајни податоци до кои има пристап, а тука спаѓаат и податоците од надворешни извори (пр. Светската банка, Светски економски форум).

Индикаторите на Ранг-листата, во најголема мера, се однесуваат токму на ефикасноста на правосудството. Примарните индикатори во 2013 се *должината на постапките, стапка на завршени случаи,* и *„висечките“ случаи*.[39]

- *Должината на постапките*, како индикатор, значи дека предвид се земаат деновите и колку време е потребно да се реши еден случај во прв степен. Како под-индикатор се јавува и „времето за решавање по поединечен предмет“. Овој под-индикатор ја изразува бројката која се добива со делење на нерешените со решените случаи на крајот на годината, по што се множи со 365.
- *Стапката на завршени случаи* го изразува односот на бројот на решени случаи со бројот на пристигнати случаи. На тој начин се согледува дали судот може да ги следи трендовите на покачување на бројката на пристигнати случаи. Пример, доколку од пристигнати 1000 случаи судот решил 500, тој решил половина од случаите. Дали доколку пристигнат 1500 случаи, судот повторно ќе успее да реши половина од нив?
- Бројот на *„висечки“ случаи* го одразува бројот на случаи кои по завршетокот на извесен референтен период (пр. година) се уште не се решени. Бројот на *„висечки“ случаи* влијае на „времето на решавање по поединечен предмет“.

Од ваквото објаснување на индикаторите со кои се мери ефикасноста на правосудството гледаме дека тие се, всушност, во тесна корелација. Должината на постапките е тесно поврзана со стапката на завршени случаи, а незавршените случаи пак на крајот на референтниот период (годината) се додаваат на бројката на „висечки“ случаи.

[39] Овие индикатори во поглед на ефективноста на правосудството се дефинирани од ЦЕПЕЈ, Повеќе за нив може да се пронајде на: http://www.coe.int/t/dghl/cooperation/cepej/evaluation/default_en.asp

### 2.1. Ориентациона месечна норма

ССРСМ ја утврдува ориентационата месечна норма која основните, апелационите, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на РСМ треба да ја исполнат, во зависност од видот, правната област, поединечните предмети во судот и обемот на работа.

**Табела 2 Ориентациона месечна норма за апелационите судови за 2019 година**

| Вид на предмет | Ориентациона месечна норма |
|---|---|
| **КЖ второстепени кривични предмети** | 15 |
| **КЖМ второстепени кривични предмети против малолетни** | 14 |
| **КОК-Ж второстепени кривични предмети од организиран криминал** | 1 |
| **КСЖ второстепен кривичен совет** | 80 |
| **ПРКЖ прекршочни предмети** | 45 |
| **ПРКЖЈРМ прекршочни предмети- јавен ред и мир-** | 45 |
| **ПРКЖС прекршочни предмети- сообраќај** | 45 |
| **ПРКЖО прекршочни предмети- општи** | 45 |
| **ПРКЖЦ прекршочни предмети-царински** | 45 |
| **КР разни кривични предмети** | 20 |
| **ГЖ второстепени граѓански предмети** | 22 |
| **ГЖ второстепени граѓански предмети- клевета и навреда** | 10 |
| **РОЖ второстепени предмети по спорови од работни односи** | 22 |
| **ТСЖ второстепени предмети по трговски спорови** | 22 |
| **Р разни граѓански предмети** | 20 |

Согласно новите измени на Законот за Судскиот совет од 2019 година, ССРСМ треба да утврди нова методологија со индикатори за сложеноста на предметите која ќе ја постави основата за утврдување на реална месечна норма, со оглед на тоа дека претходниот систем беше силно критикуван дека влијае врз квалитетот на постапување на судијата со давање предност на продуктивноста на сметка на квалитетот во одлучувањето. Оваа констатација беше потврдена како заеднички став на сите испитаници на сите фокус групи (четирите апелациони судови и Врховниот суд).

### 2.2. Ефикасност во постапување со предмети

ЕУ ранглистата на правосудство ги прикажува резултатите од индикаторите земајќи предвид проценета вредност за целото судство. Во оваа анализа се користи методологијата на ЦЕПЕЈ за проверка на ефикасноста на административното судство во Република Македонија, односно се локализира индикаторот за проверка на ефикасноста на апелационите судови.

**Стапката на решавање** е соодносот на бројот на решени предмети во однос на бројот на предмети во работа во текот на дадената година. Кога овој број би се помножил со 100 би се добил процентот на решени предмети. Пониска стапка на решавање значи и подолго време по поединечен предмет, а со тоа и помала ефикасност на судството.

**Стапката на нерешени предмети** се изразува преку бројот на нерешени предмети на 1000 жители што остануваат да се решат на крајот на пресметковниот период (на пример, една година). Оваа стапка исто така влијае на времето на решавање на поединечен предмет. За да се пресметка стапката на нерешени предмети потребен е податок за тоа колку жители има на подрачјето на апелационите судови (бројот на нерешени предмети се дели со бројот на жители на подрачјето, а добиената цифра се множи со 100).

**Времето на решавање по поединечен предмет** се изразува на тој начин што бројот на нерешени предмети на крајот на годината се дели со бројот на решени предмети, по што добиениот резултат се множи со 365 (број на денови во текот на една година).

### *2.3. Мерење на ефикасноста на четирите апелациони судови*

**АС ШТИП**

Според податоците од Државниот завод за статистика на подрачјето на АС Штип живеат вкупно 248,042 жители.[40] Од добиените пресметки (види табели подолу) произлегува дека Кривичниот оддел покажува за мала мера поголема ефикасност од Граѓанскиот оддел.

Кривичен оддел – време на решавање по поединечен предмет:

- 2016 - 24 денови
- 2017 - 23 денови
- 2018 - 16 денови

Во 2016 година и во 2017 година стапката на решавање изнесува 0.94, а во 2018 година стапката е повисока односно изнесува 0.96.

Граѓански оддел – време на решавање по поединечен предмет:

- 2016 – 38 денови
- 2017 - 59 денови
- 2018 – 40 денови

Во 2016 стапката на решавање е 0.90, во 2017 година стапката на решавање е 0.87, а во 2018 година стапката е повторно повисока односно 0.90.

**Табела 3: АС Штип – обем на работа Кривичен оддел**

| АС Штип- Обем на работа Кривичен оддел | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | **КЖ- второстепени кривични предмети** | | | **КЖМ- второстепени кривични предмети против малолетни** | | | **КСЖ- второстепен кривичен совет** | | | **ПРКЖ- прекршочни предмети** | | | **КР- разни кривични предмети** | | |
| | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 110 | 31 | 51 | 3 | 2 | 0 | 14 | 3 | 13 | 147 | 59 | 2 | 2 | 1 | 0 |
| **Примени нови предмети** | 315 | 445 | 395 | 10 | 8 | 5 | 137 | 116 | 192 | 805 | 404 | 365 | 6 | 12 | 16 |
| **Предмети повторно во работа** | 4 | 11 | 12 | 0 | | 0 | | 3 | 0 | | 0 | 0 | | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 429 | 487 | 458 | 13 | 10 | 5 | 151 | 119 | 194 | 952 | 466 | 378 | 8 | 13 | 16 |

[40] Државен завод за статистика „Северна Македонија во бројки, 2019"; http://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=764

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Решени предмети** | 398 | 436 | 431 | 11 | 10 | 5 | 148 | 117 | 192 | 893 | 453 | 363 | 7 | 13 | 15 |
| **Нерешени предмети** | 31 | 51 | 27 | 2 | 0 | 0 | 3 | 2 | 2 | 59 | 13 | 15 | 1 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | 1287 | 1461 | 1374 | 39 | 30 | 15 | 453 | 360 | 593 | 2856 | 1395 | 1123 | 24 | 39 | 48 |

**Табела 4: АС Штип – обем на работа Кривичен оддел**

| АС Штип- Кривичен оддел | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 276 | 96 | 66 |
| **Примени нови предмети** | 1273 | 985 | 973 |
| **Предмети повторно во работа** | 4 | 14 | 12 |
| **Вкупно предмети во работа** | 1553 | 1095 | 1051 |
| **Решени предмети** | 1457 | 1029 | 1006 |
| **Нерешени предмети** | 0.96 | 0.66 | 0.45 |
| **Стапка на решавање** | 0.94 | 0.94 | 0.96 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.03 | 0.02 | 0.01 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 24 | 23.4 | 16.3 |

**Табела 5: АС Штип – обем на работа Граѓански оддел**

| **АС Штип- Обем на работа Граѓански оддел** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | **ГЖ- второстепени граѓански предмети** | | | **РОЖ- второстепени граѓански предмети по спорови од работни односи** | | | **ТСЖ- второстепени предмети по трговски спорови** | | | **Р- разни граѓански предмети** | | |
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 168 | 142 | 259 | 8 | 12 | 40 | 63 | 50 | 94 | 0 | 0 | 0 |
| **Примени нови предмети** | 1042 | 1399 | 1083 | 426 | 682 | 655 | 333 | 454 | 455 | 56 | 55 | 44 |
| **Предмети повторно во работа** | 3 | 19 | 12 | 13 | 2 | 5 | 5 | 8 | 12 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 1223 | 1560 | 1354 | 437 | 696 | 700 | 401 | 512 | 561 | 56 | 55 | 44 |
| **Решени предмети** | 1081 | 1301 | 1190 | 425 | 656 | 681 | 351 | 418 | 480 | 56 | 55 | 44 |
| **Нерешени предмети** | 142 | 259 | 164 | 12 | 40 | 19 | 50 | 94 | 81 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | 3659 | 4680 | 4062 | 1321 | 2088 | 2100 | 1203 | 1536 | 1683 | 168 | 165 | 132 |

**Табела 6: АС Штип – обем на работа Граѓански оддел**

| **АС Штип- Граѓански оддел** | **2016** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 239 | 204 | 393 |
| **Примени нови предмети** | 1857 | 2590 | 2237 |
| **Предмети повторно во работа** | 21 | 29 | 29 |
| **Вкупно предмети во работа** | 2117 | 2823 | 2659 |
| **Решени предмети** | 1913 | 2430 | 2395 |
| **Нерешени предмети** | 204 | 393 | 264 |
| **Стапка на решавање** | 0.90 | 0.86 | 0.90 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.08 | 0.15 | 0.10 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 38.9 | 59 | 40.2 |

Според Матрицата, на скала од 1 до 5, испитаниците од АС Штип ја имаат оценето ефикасноста на судството во Република Северна Македонија со просечна оценка 2.7 при што судиите дадоа оценка од 2.8 а судската служба изнесе оценка од 2.4.

Како илустрација на наведеното може да послужи следниов податок: судот до 14.08.2019 година имал вкупно 2076 предмети во работа, а годината ја започнал со 459 заостанати предмети од претходната година.

Од наведените податоци се доаѓа до констатација дека судиите ги решаваат предметите во релативно краток временски рок, а стапката на решавање по поединечен предмет е задоволителна. Сепак, неспорен факт е дека судските постапки траат долго, а самите судии и судската служба ја оценуваат ефикасноста на судството генерално со ниска оцена.

Заклучок: квантитативните мерења покажуваат висока ефикасност во поглед на времетраењето на решавање на секој поединечен предмет, но од моментот кога предметот се зема во одлучување. Од друга страна, фактичката состојба како и перцепцијата на судиите за ефикасноста на судството генерално е негативна. Ваквата состојба се должи на:

- Големиот прилив на предмети од страна на основните судови на апелационото подрачје,
- Долгиот временски рок за комплетирање и доставување на секој поединечен предмет од страна на основните судови се до негово внесување во АКМИС на апелациониот суд,
- Непостоење на електронска поврзаност и комуникација помеѓу основните судови и апелациониот суд во смисла на електронски пренос на предметот,
- Недостаток на одреден број судии и стручни соработници во судот

**Ефикасност - Препораки за АС Штип:**

- **Целосна интероперабилност со основните судови што ќе овозможи функционална вертикална комуникација помеѓу Судот и основните судови и ќе спречи оддолжување на преносот на предмети од основните судови кон апелациониот суд.**
- **Зголемување на бројот на судии и стручни соработници за тројца судии и двајца стручни соработници со што ќе се пополнат трите совети во граѓанскиот оддел со по тројца судии и ќе се добие број на стручни соработници во однос на судии во сразмер еден спрема еден.**

## АС ГОСТИВАР

На територијата на апелационото подрачје на АС Гостивар според Државниот завод за статистика евидентирани се 397.606[41] жители кои своите права може да ги остварат пред овој суд.

Кривичен оддел – време на решавање по поединечен предмет:

- 2016 - 21 денови
- 2017 - 14 денови
- 2018 - 10 денови

Во 2016 година стапката на решавање 0.94, во 2017 година стапката на решавање изнесува 0.96, а во 2018 година стапката е повисока односно изнесува 0.97.

Граѓански оддел – време на решавање по поединечен предмет:

- 2016 - 61 денови
- 2017 - 86 денови
- 2018 - 21 денови

Во 2016 стапката на решавање е 0.85, во 2017 година стапката на решавање е 0.80 , а во 2018 година стапката е повторно повисока односно 0.94.

**Табела 7: АС Гостивар – Обем на работа Кривичен оддел**

| **Апелационен суд Гостивар- Обем на работа Кривичен оддел** | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | КЖ- второстепени кривични предмети | | | КЖМ- второстепени кривични предмети против малолетни | | | КСЖ- второстепен кривичен совет | | | ПРКЖ- прекршочни предмети | | | КР- разни кривични предмети | | |
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 39 | 31 | 39 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 0 | 250 | 66 | 42 | 1 | 0 | 0 |
| **Примени нови предмети** | 385 | 440 | 391 | 2 | 4 | 4 | 167 | 120 | 170 | 1705 | 1512 | 1128 | 31 | 30 | 25 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 424 | 471 | 430 | 2 | 4 | 4 | 170 | 122 | 170 | 1955 | 1578 | 1170 | 32 | 30 | 25 |
| **Решени предмети** | 393 | 432 | 392 | 2 | 4 | 4 | 168 | 122 | 168 | 1889 | 1536 | 1162 | 32 | 30 | 25 |
| **Нерешени** | 31 | 39 | 38 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 32 | 42 | 8 | 0 | 30 | 0 |

[41] Ibid, фуснота 39

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **предмети** | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 1272 | 1413 | 1290 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 32 | 42 | 8 | 0 | 30 | 0 |

**Табела 8: АС Гостивар – Обем на работа Кривичен оддел**

| **АС Гостивар- Кривичен оддел** | **2016** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 293 | 99 | 81 |
| **Примени нови предмети** | 1711 | 2106 | 1718 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 2227 | 2205 | 1799 |
| **Решени предмети** | 2105 | 2124 | 1751 |
| **Нерешени предмети** | 122 | 81 | 48 |
| **Стапка на решавање** | 0.94 | 0.96 | 0.97 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.03 | 0.02 | 0.01 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 21 | 13.9 | 10 |

| **Апелационен суд Гостивар- Обем на работа Граѓански оддел** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | ГЖ- второстепени граѓански предмети | | | РОЖ- второстепени граѓански предмети по спорови од работни односи | | | ТСЖ- второстепени предмети по трговски спорови | | | Р- разни граѓански предмети | | |
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |

**Табела 9: АС Гостивар – Обем на работа Граѓански оддел**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 351 | 60 | 208 | 81 | 42 | 237 | 84 | 20 | 63 | 0 | 0 | 0 |
| **Примени нови предмети** | 1011 | 1376 | 1551 | 397 | 810 | 944 | 283 | 298 | 197 | 20 | 48 | 32 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 1362 | 1436 | 1759 | 478 | 852 | 1181 | 367 | 318 | 260 | 20 | 48 | 32 |
| **Решени предмети** | 1302 | 1228 | 1428 | 436 | 615 | 1076 | 347 | 255 | 230 | 20 | 48 | 32 |
| **Нерешени предмети** | 60 | 208 | 331 | 42 | 237 | 105 | 20 | 63 | 30 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | 4086 | 4308 | 5277 | 1434 | 2556 | 3543 | 1101 | 954 | 780 | 60 | 144 | 96 |

**Табела 10: АС Гостивар – Обем на работа Граѓански оддел**

| АС Гостивар- Граѓански оддел | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 508 | 122 | 516 |
| **Примени нови предмети** | 2724 | 2532 | 1711 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 3232 | 2654 | 2227 |
| **Решени предмети** | 2766 | 2146 | 2105 |
| **Нерешени предмети** | 466 | 508 | 122 |
| **Стапка на решавање** | 0.85 | 0.80 | 0.94 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.03 | 0.12 | 0.11 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 61.4 | 86.4 | 21.1 |

Според Матрицата, на скала од 1 до 5, испитаниците од АС Гостивар ја имаат оценето ефикасноста на судството во РСМ со просечна оценка 3, при што судиите дадоа оценка од 3.4 а судската служба изнесе оценка од 2.4.

Од наведените податоци се доаѓа до констатација дека судиите ги решаваат предметите во релативно краток временски рок, а стапката на решавање по поединечен предмет е задоволителна. Сепак, неспорен факт е дека судските постапки траат долго, а самите судии (судската служба уште повеќе) ја оценуваат ефикасноста на судството генерално со ниска оцена. Заклучок: квантитативните мерења не покажуваат висока неефикасност во поглед на времетраењето на решавање на секој поединечен предмет, тргнувајќи од моментот кога

предметот се зема во одлучување. Од друга страна, фактичката состојба како и перцепцијата на судиите и судската служба за ефикасноста на судството генерално е негативна. Ваквата состојба се должи на:

- Големиот прилив на предмети од страна на основните судови на апелационото подрачје, но во Судот се забележува специфична состојба во 2017 година која негативно се одразува на ефикасноста граѓанскиот оддел. Имено, оваа година тројца судии од АС Гостивар биле распоредени (делегирани) да работат предмети во надлежност на АС Скопје со што се здобиле со дополнителен прилив на предмети. Предизвикува внимание податокот дека во истата година ефикасноста на кривичниот оддел на судот е зголемена во однос на претходната.
- Долгиот временски рок за комплетирање и доставување на секој поединечен предмет од страна на основните судови се до негово внесување во АКМИС на апелациониот суд,
- Непостоење на електронска поврзаност и комуникација помеѓу основните судови и апелациониот суд во смисла на електронски пренос на предметот. Не се скенираат сите одлуки од основните судови туку бројот и интензитетот на скенирањето зависи од моменталната оптетретеност на судската служба.
- Недостаток на одреден број судии.

**Ефикасност - Препораки за АС Гостивар:**

- **На долг рок се препорачува целосна интероперабилност со основните судови што ќе овозможи функционална вертикална комуникација помеѓу Судот и основните судови и ќе спречи оддолжување на преносот на предмети од основните судови кон апелациониот суд. На краток рок се препорачува отпочнување со скенирање на одлуките, а препорачливо и на цели предмети стигнати од основните судови.**
- **Зголемување на бројот на судии за тројца судии согласно бројот на систематизирани судиски места. Истовремено се препорачува намалување на бројот на совети во кривичниот оддел за поефикасна организација и работа на Судот. Со ваквото дополнување на бројот на судии ќе се добие фактичка состојба на 16 судии и 19 стручни соработници со што ќе се надмине размерот на судии и стручни соработници од еден спрема еден и на тој начин ќе се зголеми ефикасноста на Судот.**
- **За поефикасно одвивање на судските постапки и изготвување на судските одлуки потребно е вработување на поголем број на дактилографи во Судот.**

## АС БИТОЛА

За АС Битола на чие подрачје, според Државниот завод за статистика, живеат 365.201[42] жители за извештајниот период 2016-2018 се пресметани следните вредности.

Кривичен оддел – време на решавање по поединечен предмет:

- 2016 - 39 денови
- 2017 - 52 денови
- 2018 - 43 денови

Во 2016 година стапката на решавање е 0.90, во 2017 година стапката на решавање изнесува 0.87, а во 2018 година стапката е повисока односно изнесува 0.89.

Граѓански оддел – време на решавање по поединечен предмет:

- 2016 - 24 денови
- 2017 - 44 денови
- 2018 - 29,4 денови

Во 2016 стапката на решавање е 0.94, во 2017 година стапката на решавање е 0.89 , а во 2018 година стапката е повторно повисока односно 0.92.

АС Битола во последните три години не се случило да не ја исполни месечната норма. Истата била дури и надмината. ССРСМ при одредување на месечните норми врши консултација со судот, но мислењата досега не биле земени во предвид. Од АС Битола имало барање до СС РСМ за намалување на месечната норма за кривичните предмети, но предлогот не бил земен во предвид од страна на Советот.

Недостатокот на судии и стручни соработници се констатирани како главни проблеми. Испитаниците се произнесоа дека секој совет во рамки на судот треба да работи со најмалку 3 стручни соработници и дека на секој судија треба да му следи по еден стручен соработник.

**Табела 11: АС Битола – Обем на работа Кривичен оддел**

| **Апелационен суд Битола - Обем на работа Кривичен оддел** | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | КЖ- второстепени кривични предмети | | | КЖМ- второстепени кривични предмети против малолетни | | | КСЖ- второстепен кривичен совет | | | ПРКЖ- прекршочни предмети | | | КР- разни кривични предмети | | |
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| **Нерешени предмети на почеток од** | 172 | 143 | 252 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 44 | 39 | 4 | 0 | 0 | 0 |

[42] Ibid, фуснота 39

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **годината** | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Примени нови предмети** | 534 | 498 | 588 | 11 | 24 | 9 | 129 | 73 | 163 | 986 | 826 | 710 | 7 | 12 | 7 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 175 | 7 | 0 | 6 | 0 | 0 | 77 | 0 | 0 | 187 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 706 | 816 | 847 | 11 | 30 | 9 | 129 | 148 | 164 | 1030 | 1052 | 717 | 7 | 11 | 7 |
| **Решени предмети** | 563 | 564 | 670 | 11 | 30 | 9 | 129 | 147 | 164 | 991 | 1048 | 712 | 7 | 11 | 6 |
| **Нерешени предмети** | 143 | 252 | 177 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 39 | 11 | 5 | 0 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | 2118 | 2448 | 2541 | 33 | 90 | 27 | 387 | 446 | 492 | 3090 | 3163 | 2151 | 21 | 37 | 21 |

**Табела 12: АС Битола – Обем на работа Кривичен оддел**

| **АС Битола- Кривичен оддел** | **2016** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 216 | 182 | 257 |
| **Примени нови предмети** | 1667 | 1433 | 1477 |
| **Предмети повторно во работа** | | 448 | 10 |
| **Вкупно предмети во работа** | 1883 | 2057 | 1744 |
| **Решени предмети** | 1701 | 1800 | 1561 |
| **Нерешени предмети** | 182 | 257 | 183 |
| **Стапка на решавање** | 0.90 | 0.87 | 0.89 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.04 | 0.07 | 0.05 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 39 | 52.1 | 42.8 |

**Табела 13: АС Битола – Обем на работа Граѓански оддел**

| **Апелационен суд Битола - Обем на работа Граѓански оддел** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | ГЖ- второстепени граѓански предмети | | | РОЖ- второстепени граѓански предмети по спорови од работни односи | | | ТСЖ- второстепени предмети по трговски спорови | | | Р- разни граѓански предмети | | |
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 322 | 80 | 221 | 40 | 144 | 242 | 81 | 26 | 64 | 0 | 0 | 0 |
| **Примени нови предмети** | 2257 | 1756 | 2719 | 567 | 991 | 522 | 661 | 544 | 862 | 92 | 55 | 48 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 909 | 19 | 0 | 125 | 6 | 0 | 263 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 2591 | 2741 | 2959 | 606 | 1260 | 592 | 742 | 831 | 1108 | 90 | 54 | 48 |
| **Решени предмети** | 2511 | 2520 | 2768 | 462 | 1018 | 539 | 716 | 767 | 1005 | 90 | 54 | 48 |
| **Нерешени предмети** | 80 | 221 | 191 | 144 | 242 | 53 | 26 | 64 | 103 | 0 | 0 | 0 |

| ВКУПНО | 7761 | 8227 | 8877 | 1819 | 3780 | 1954 | 2226 | 2495 | 3146 | 272 | 163 | 144 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

**Табела 14: АС Битола – Обем на работа Граѓански оддел**

| АС Битола - Граѓански оддел | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 443 | 250 | 527 |
| **Примени нови предмети** | 3595 | 3346 | 4151 |
| **Предмети повторно во работа** | | 1297 | 29 |
| **Вкупно предмети во работа** | 4029 | 4886 | 4707 |
| **Решени предмети** | 3779 | 4359 | 4360 |
| **Нерешени предмети** | 250 | 527 | 347 |
| **Стапка на решавање** | 0.94 | 0.89 | 0.92 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.06 | 0.14 | 0.09 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 24.14 | 44.12 | 29.04 |

Според Матрицата, на скала од 1 до 5, испитаниците од АС Битола ја имаат оценето ефикасноста на судството во РСМ со просечна оценка 2.4, при што судиите дадоа оценка од 3.8 а судската служба изнесе оценка од 1.7.

Од наведените податоци се доаѓа до констатација дека судиите ги решаваат предметите во релативно краток временски рок, а стапката на решавање по поединечен предмет е задоволителна. Сепак, неспорен факт е дека судските постапки траат долго, а самите судии ја оцениле ефикасноста на судството генерално со оцена 3.8. Треба да се истакне дека судската служба за ефикасноста на судството дала драстично пониска оцена од онаа на судиите, односно истата изнесува 1.7. Заклучок: квантитативните мерења не покажуваат висока неефикасност во поглед на времетраењето на решавање на секој поединечен предмет, тргнувајќи од моментот кога предметот се зема во одлучување. Од друга страна, фактичката состојба во поглед на ефикасноста не може да се констатира дека е задоволителна. Сепак, во АС Битола во последните три години месечната норма не само што е исполнувана туку е дури и надмината. Ваквата состојба се должи на:

- Големиот прилив на предмети од страна на основните судови на апелационото подрачје, но во Судот се забележува специфична состојба во 2017 која негативно се одразува на ефикасноста на судот. Имено, оваа година тројца судии од АС Битола биле распоредени (делегирани) да работат предмети во надлежност на АС Скопје со што се здобиле со дополнителен прилив на предмети
- Долгиот временски рок за комплетирање и доставување на секој поединечен предмет од страна на основните судови се до негово внесување во АКМИС на апелациониот суд.
- Непостоење на електронска поврзаност и комуникација помеѓу основните судови и апелациониот суд во смисла на електронски пренос на предметот
- Недостаток на двајца стручни соработници во судот

**Ефикасност - Препораки за АС Битола:**

- **Целосна интероперабилност со основните судови што ќе овозможи функционална вертикална комуникација помеѓу Судот и основните судови и ќе спречи оддолжување на преносот на предмети од основните судови кон апелациониот суд.**
- **Зголемување на бројот на стручни соработници за двајца и на тој начин со враќањето на судијата чиј што работен однос е во мирување, ќе се добие сразмер на судии и стручни соработници еден спрема еден (дваесет судии и дваесет стручни соработници).**

## АС СКОПЈЕ

За АС Скопје на чие подрачје, според Државниот завод за статистика, живеат 989.960[43]жители за извештајниот период 2016-2018 се пресметани следните вредности.

Кривичен оддел – време на решавање по поединечен предмет:

- 2016 - 178 денови
- 2017 - 198 денови
- 2018 - 183 денови

Во 2016 година стапката на решавање 0.67, во 2017 година стапката на решавање изнесува 0.64, а во 2018 година стапката изнесува 0.54.

Граѓански оддел – време на решавање по поединечен предмет:

- 2016 - 167 денови
- 2017 - 166 денови
- 2018 - 160 денови

Во 2016 стапката на решавање е 0.68, во 2017 година стапката на решавање е 0.69 , а во 2018 година стапката изнесува 0.69.

Трговски – време на решавање по поединечен предмет:

- 2016 - 209 денови
- 2017 - 237 денови
- 2018 - 351 денови

Во 2016 стапката на решавање е 0.63, в 2017 година стапката на решавање е 0.60 , а во 2018 година стапката изнесува 0.50.

**Табела 15: АС Скопје – Обем на работа Кривичен оддел**

| **Апелационен суд Скопје- Обем на работа Кривичен оддел** | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | КЖ- второстепени кривични предмети | | | КЖМ- второстепени кривични предмети против малолетни | | | КСЖ- второстепен кривичен совет | | | ПРКЖ- прекршочни предмети | | | КР- разни кривични предмети | | |
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 218 | 195 | 233 | 0 | 0 | 3 | 16 | 5 | 13 | 1365 | 1994 | 2072 | 1 | 1 | 1 |
| **Примени нови предмети** | 1169 | 1129 | 1091 | 31 | 38 | 29 | 613 | 660 | 882 | 2950 | 2332 | 1977 | 105 | 242 | 151 |

[43] Ibid, фуснота 39

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Предмети повторно во работа** | 6 | 9 | 12 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 1392 | 1332 | 1336 | 31 | 38 | 32 | 630 | 664 | 895 | 4319 | 4278 | 4049 | 106 | 243 | 152 |
| **Решени предмети** | 1197 | 1100 | 1087 | 31 | 34 | 30 | 625 | 651 | 830 | 2375 | 2206 | 1717 | 105 | 242 | 148 |
| **Нерешени предмети** | 195 | 233 | 249 | 0 | 3 | 2 | 5 | 13 | 65 | 1994 | 2072 | 2332 | 1 | 1 | 4 |
| **ВКУПНО** | 4178 | 3999 | 4008 | 93 | 114 | 96 | 1890 | 1994 | 2686 | 12957 | 12834 | 12147 | **318** | 729 | 456 |

**Табела 16: АС Скопје – Обем на работа Кривичен оддел**

| АС Скопје - Кривичен оддел | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 1620 | 2155 | 2590 |
| **Примени нови предмети** | 4931 | 4461 | 6391 |
| **Предмети повторно во работа** | 11 | 13 | 30 |
| **Вкупно предмети во работа** | 6561 | 6628 | 9009 |
| **Решени предмети** | 4406 | 4297 | 5995 |
| **Нерешени предмети** | 2155 | 2331 | 3014 |
| **Стапка на решавање** | 0.67 | 0.64 | 0.54 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.21 | 0.23 | 0.30 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 178.5 | 198 | 183 |

**Табела 17: АС Скопје – Обем на работа Граѓански оддел**

| Уписник | ГЖ- второстепени граѓански предмети | | | РОЖ- второстепени граѓански предмети по спорови од работни односи | | | Р- разни граѓански предмети | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 | 2016 | 2017 | 2018 |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 3386 | 2467 | 2564 | 979 | 773 | 1150 | 0 | 0 | 0 |
| **Примени нови предмети** | 1995 | 6690 | 5823 | 929 | 1868 | 1879 | 12 | 18 | 11 |
| **Предмети повторно во работа** | 19 | 29 | 35 | 15 | 18 | 31 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 8355 | 9179 | 8418 | 1921 | 2656 | 3097 | 12 | 18 | 11 |
| **Решени предмети** | 5888 | 6615 | 6014 | 1148 | 1506 | 1945 | 12 | 18 | 11 |
| **Нерешени предмети** | 2467 | 2564 | 2404 | 773 | 1150 | 1102 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | 25075 | 27551 | 25262 | 5767 | 7974 | 9157 | 36 | 54 | 33 |

**Табела 18: АС Скопје – Обем на работа Граѓански оддел**

| АС Скопје- Граѓански оддел | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Нерешени предмети на почеток од годината | 4365 | 3240 | 3714 |
| Примени нови предмети | 5896 | 8576 | 7713 |
| Предмети повторно во работа | 34 | 47 | 66 |
| Вкупно предмети во работа | 10288 | 11853 | 11476 |
| Решени предмети | 7048 | 8139 | 7970 |
| Нерешени предмети | 3240 | 3714 | 3506 |
| Стапка на решавање | 0.68 | 0.69 | 0.69 |
| Стапка на нерешени предмети | 0.32 | 0.37 | 0.35 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 167 | 166 | 160 |

**Табела 19: АС Скопје – Обем на работа Трговски оддел**

| Уписник | ТСЖ - второстепени предмети по трговски спорови | | |
|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1431 | 1451 | 1744 |
| Примени нови предмети | 2519 | 2933 | 1746 |
| Предмети повторно во работа | 28 | 38 | 32 |
| Вкупно предмети во работа | 3976 | 4419 | 4520 |
| Решени предмети | 2525 | 2675 | 2303 |
| Нерешени предмети | 1451 | 1744 | 2217 |
| ВКУПНО | 11932 | 13263 | 13564 |

**Табела 20: АС Скопје – Обем на работа Трговски оддел**

| АС Скопје- Трговски оддел | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1431 | 1451 | 1744 |
| Примени нови предмети | 2519 | 2933 | 2746 |
| Предмети повторно во работа | 28 | 38 | 32 |
| Вкупно предмети во работа | 3976 | 4419 | 4520 |
| Решени предмети | 2525 | 2675 | 2303 |
| Нерешени предмети | 1451 | 1744 | 2217 |
| Стапка на решавање | 0.63 | 0.60 | 0.50 |
| Стапка на нерешени предмети | 0.14 | 0.17 | 0.22 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 209 | 237 | 351 |

Во АС Скопје во анализираните три години (2016-2018) резултатите добиени од мерењето на времетраењето на решавање на поединечен предмет и од мерењето на стапката на решени предмети се поразителни и покажуваат исклучително низок степен на ефикасност на Судот.

Од друга страна, анализата на исполнувањето на месечната норма на секој судија одделно во АС Скопје, покажува дека во истиот период од три години не се случило судија во АС Скопје да не ја исполни месечната норма. Напротив, таа била од секој судија надминувана најмалку двојно, односно неколкукратно. Така, во 2016 година најниското надминување на нормата на ниво на цела година изнесувало 102, 6% и тоа кај судија кој бил избран дури во месец септември истата година (значи за само четири месеци работа на судијата), а највисокото надминување на нормата на ниво на таа година било за 316%. Во 2017 година, најниско исполнување на нормата кај судија е забележано во износ од 108, 2% на годишно ниво, а највисокото за 228%. Во 2018 година, месечната норма на годишно ниво била остварена најниско во износ од 96% кај судика која користела подолго боледување, а највисоко во износ од 269%.

Недостатокот на судии и стручни соработници се констатирани како главни проблеми. Согласно постојниот Акт за систематизација, Судот потребно е да брои 51 судија, а во моментов работат 37 судии. Оттука, потребен е избор на дополнителни 14 судии за да може сите совети во сите три оддели во Судот да функционираат непречено и ефикасно. Во исто време, за да се добие соодност 1:1 помеѓу судиите и стручните соработници потребно е во Судот покрај постојните 33 стручни соработници да бидат дополнително вработени 18 стручни соработници, иако во Актот за систематизација се предвидени 61 стручен соработник. Покрај тоа, Судот има недостаток на дактилографи и друг административно-помошен кадар. Исто така, неопходен е систем кој ќе овозможи електронска комуникација помеѓу судот и основните судови, а до воспоставувањето на целосна интероперабилност со другите судови, потребно е да се отпочне со целосно скенирање на предметите.

Според Матрицата, на скала од 1 до 5, испитаниците од АС Скопје ја имаат оценето ефикасноста на судството во РСМ со просечна оценка 3, при што судиите дадоа оценка од 3.4 а судската служба изнесе оценка од 2.3.

Од наведените податоци се доаѓа до констатација дека судиите ги решаваат предметите во исклучително долг временски рок, а стапката на решавање по поединечен предмет е крајно незадоволителна. Сепак, доколку се анализира работата на секој судија одделно може да се констатира висока ефикасност во работата на секој од нив, тргнувајќи од фактот дека секој судија во голема мера ја надминува утврдената месечна норма.

Заклучок: ефикасноста во работењето на секој судија во АС Скопје е на високо ниво (субјективен фактор), но објективните околности придонесуваат судот во целина да биде неефикасен. Ваквата состојба се должи на:

- Големиот прилив на предмети од страна на основните судови на апелационото подрачје, имајќи особено предвид дека судот одлучува по предмети кои се од најголемо општествено значење бидејќи се поврзани со состојби кои се случуваат во

главниот град на државата а и оттука не може да се споредат со состојбите и предметите во останатите три апелациони подрачја

- АС Скопје одлучува и за предмети од кривична материја од областа на организираниот криминал и тоа за подрачјето на цела држава бидејќи оваа материја не е во надлежност на ниту еден од останатите три апелациони судови. Овој број на предмети во анализираниот тригодишен период бележи значителен пораст, а тоа резултира со драстично зголемен обем на работа на АС Скопје.
- Долгиот временски рок за комплетирање и доставување на секој поединечен предмет од страна на основните судови се до негово внесување во АКМИС на апелациониот суд.
- Непостоење на електронска поврзаност и комуникација помеѓу основните судови и апелациониот суд во смисла на електронски пренос на предметот
- Недостаток на дури 14 судии и 18 стручни соработници

**Ефикасност - Препораки за АС Скопје:**

- **Целосна интероперабилност со основните судови што ќе овозможи функционална вертикална комуникација помеѓу Судот и основните судови и ќе спречи оддолжување на преносот на предмети од основните судови кон апелациониот суд.**
- **Зголемување на бројот судии за 14 и воедно зголемување на бројот на стручни соработници за 18 со што меѓу нив ќе се добие соодност 1:1**
- **Зголемување на бројот на дактилографи и други вработени во писарницата во Судот**

### 2.4. Емпириски проекции за ефикасноста на апелационите судови за период 2019-2023

Еден од начините за да се постигне соодветно ниво на ефикасност во работата на апелационите судови е да се проценат трендовите на функционирањето на истите преку примена на емпириски модели прилагодени на параматерите на функционирање на апелационите судови. На тој начин може да се дојде до заклучок за потребен број на судии и судски службеници за период 2019 -2023. Овие емпириски заклучоци може да придонесат кон соодветно планирање на човечките ресурси во судовите, а со цел постигнување на целосна ефикасност во работата на истите.

**Број на нови предмети за решавање**

Бројот на нови примени предмети за решавање секоја година е случаен број кој зависи од многу крупни општествени фактори но и ситни и непредвидливи случаи и околности, и тоа на многу сложени начини кои се прекомплицирани или невозможни за согледување и објаснување. Сепак, за секој суд постојат податоци во вид на временски сериии од новопримени предмети за решавање во изминатите 5-7 години па истите можат да се искористат за да се моделира очекуваната појава на нови предмети во идните години.

Ова моделирање се прави со помош на нормална Гаусова дистрибуција/распределба. Нормалната распределба е најчесто користената распределба за моделирање на случајни процеси во природните и општествените науки, особено од причина што одлично доловува појава на физички величини кои се сума или производ на многу различни и меѓусебно независни процеси[44]

Нормалната распределба се карактеризира со два параметри:

- **средната вредност** (анг. Mean) ја претставува аритметичката средина на примероците од процесот кој сакаме да го моделираме (сумата на нивните вредности поделена со нивниот број):

$$\bar{x} = \frac{1}{n}\left(\sum_{i=1}^{n} x_i\right) = \frac{x_1 + x_2 + \cdots + x_n}{n}$$

- **стандардната девијација** (анг. Stadard deviation) ја претставува варијацијата на податоците околу нивната средна вредност - голема девијација значи многу отскокнувања а мала девијација значи дека најголемиот број на примероците се сконцентрирани околу средната вредност:

$$s = \sqrt{\frac{1}{N-1}\sum_{i=1}^{N}(x_i - \bar{x})^2},$$

За познати средна вредност μ и стандардна девијација σ, нормалната веројатност се пресметува според формулата:

[44] J. K. Patel, C. B. Read, Handbook of Normal Distributions, Marcel Decker Inc., 1982.

$$f(x) = \frac{1}{\sigma\sqrt{2\pi}} e^{-\frac{1}{2}\left(\frac{x-\mu}{\sigma}\right)^2}$$

, каде x е вредноста на случајната променлива, а f(x) е веројатноста дека е можно да се добие таа вредност. За еден случаен процес со нормална распределба, се смета дека околу 68% од случајните променливи ќе се јават непосредно околу средната вредност, а дека околу 95% од нив се наоѓаат во појасот со должина од две стандардни девијации околу средната вредност[45].

**Графикон 6: Нормална распределба**




При истражувањето за секој суд се пресметуваат средната вредност и стандардната девијација на серијата од новодобиени предмети за решавање и на тој начин процесот на добивање на нови предмети се моделира како процес со нормална распределба со соодветна средна вредност и девијација. Потоа тој модел се користи за случајно генерирање на броеви на нови предмети за секоја од следните 5 години. Може да се смета дека тие случајни броеви верно го претставуваат очекуваниот број на нови предмети за секоја година врз основа на податоците кои се на располагање.

**Број на предмети повторно вратени во работа**

Вакви предмети се јавуваат на многу малку места и затоа тие се моделираат со обична униформна (рамномерна) случајна распределба, каде со подеднаква веројатност се одбира број помеѓу најмалиот и најголемиот забележан број на вратени предмети во една временска серија. Поради оскудноста и неконзистентноста на ваквите податоци (или можеби и на самите настани), тука нема основа за моделирање со нормална распределба.

**Моделирање на влијанието на судиите и службениците врз бројот на решени предмети**

Влијанието на бројот на судии и бројот на службеници врз бројот на решени предмети секоја година се моделира со помош на едноставен линеарен модел на зависност. Ваков модел е одбран од две причини:

---

[45] D. J. Wheeler, D. S. Chambers, Understanding Statistical Process Control, SPC Press, 1992

- Се претпоставува дека секој судија и секој службеник има свој одреден придонес во решавањето на предметите. Според тоа, бројот на решени предмети би требал да се зголемува линеарно со зголемувањето на бројот на судии и/или службеници.
- Бројот на достапни податоци врз основа на кои треба да се изгради моделот на зависност е премал (се однесува на 5-7 години, што значи дека има 5-7 достапни податочни точки). Користење на посложени модели изградени врз основа на толку малку податоци може да предизвика т.н. претренирање (анг. Overfitting), кое значи дека моделот идеално ќе ги покрие дадените податоци бидејќи "ќе ги научи напамет", но нема да се снајде добро со нови податоци.

Линеарниот модел со кој се опишува зависноста на бројот на персонал во судот и бројот на решени предмети е всушност полиномот:

$$N = C_1 sud + C_2 sluzb + C_3,$$

каде што sud е бројот на судии, sluzb е бројот на службеници, N е бројот на решени предмети, $C_1$ е карактеристичниот коефициент за бројот на судии (всушност грубо го претставува поединечниот придонес на секој судија), $C_2$ е карактеристичниот коефициент на бројот на службеници (всушност грубо го претставува поединечниот придонес на секој службеник), а $C_3$ е слободен член кој служи за корекција на моделот и за компензација на заедничкото влијание на судиите и службениците врз бројот на решени предмети.

Трите коефициенти од горната равенка се наоѓаат со **методот на најмали квадрати**[46]. Ова е познат статистички метод често користен во статистичката анализа за минимизација на грешката при моделирање и регресија. Пристапот е едноставен и се состои од два чекори:

- Прво се пресметува разликата помеѓу реалната вредност на една функција (во овој случај, познатиот број на решени случаи во една година) и нејзината предвидена вредност (во овој случај, вредноста N од претходната равенка за таа година). Оваа разлика (уште наречена и грешка) потоа се квадрира. Истиов чекор се повторува за сите примероци (во овој случај, за сите претходни години за кои се достапни податоците) и конечно квадратите на грешките се сумираат:

$$S = \Sigma(N_{realno} - N)^2$$

- Со помош на итеративни методи за апроксимација, вредностите на $C_1$, $C_2$ и $C_3$ се одредуваат така да сумата S (која е мерка за вкупната грешка на моделот) е минимална.

Откако на овој начин ќе се добие моделот, со едноставно внесување на бројот на судии и службеници во него се добива предвидениот број на решени случаи при таква распределба на судскиот персонал.

Мора да се напомене дека ваквиот едноставен линеарен модел не секогаш е способен успешно да ја долови корелацијата помеѓу бројот на судски персонал и бројот на решени предмети. Ова е особено точно во случаите каде се јавува голема варијација на бројот на решени предмети во услови на константен (или слабо променлив) број на судии и службеници. Во ваквите случаи,

[46] T. Kariya, H. Kurata, Generalized Least Squares, Wiley Press, 2004

кои се резултат на тоа што некогаш бројот на решени предмети зависи и од други фактори кои се невидливи во дадените податоци или невозможни за моделирање, моделот и неговата проекција мораат да се земат со огромна доза на резерва, или дури и да се занемарат.

Овие проекции се направени за следните 4 години, заклучно со 2023. Се смета дека е тешко истите да се сметаат за валидни за временски период подолг од тоа, со оглед на малото количество на достапни податоци за тренирање и добивање на моделите. Оваа оскудност на податоците претставуваше и најголемиот проблем при истражувањето. Сепак, се смета дека ваквиот пристап на истражување и предвидување на корелацијата помеѓу бројот на решени предмети и бројот на судски персонал би можела да се користи и во иднина бидејќи со секоја наредна година бројот на податоци ќе се зголемува. Секако, било кои дополнителни информации и податоци за фактори кои се сметаат за релевантни во иднина би биле од големо значење за понатамошно подобрување и допрецизирање на моделите.

**Заклучок**

Овие проекции се направени за следните 4 години, заклучно со 2023. Се смета дека е тешко истите да се сметаат за валидни за временски период подолг од тоа, со оглед на малото количество на достапни податоци за тренирање и добивање на моделите. Оваа оскудност на податоците претставуваше и најголемиот проблем при истражувањето. Сепак, се смета дека ваквиот пристап на истражување и предвидување на корелацијата помеѓу бројот на решени предмети и бројот на судски персонал би можела да се користи и во иднина бидејќи со секоја наредна година бројот на податоци ќе се зголемува. Секако, било кои дополнителни информации и податоци за фактори кои се сметаат за релевантни во иднина би биле од големо значење за понатамошно подобрување и допрецизирање на моделите. Подолу се претставени проекциите за секој апелационен суд одделно.

**АС ШТИП**

**Кривичен оддел** – проектиран број на потребни судии и стручни судски службеници за период 2020 -2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (6), број на стручни судски службеници (4)

**Табела 21: Проекција за предмети и персонал во АС Штип (Кривичен оддел)**

| АС Штип- Кривичен оддел | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 6 | 5 | 6 | 4 | 5 | 5 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| Број на судски службеници | 4 | 4 | 8 | 7 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 46 | 35 | 59 | 49 | 276 | 96 | 66 | 45 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Примени нови предмети | 2286 | 1830 | 1625 | 1617 | 1273 | 985 | 973 | 1116 | 1324 | 1139 | 1260 | 1899 |
| Предмети повторно во работа | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 2302 | 1865 | 1684 | 1669 | 1545 | 1095 | 1035 | 1161 | 1324 | 1139 | 1260 | 1899 |
| Решени предмети | 2267 | 1771 | 1648 | 1393 | 1457 | 1029 | 1006 | 1638 | 1638 | 1638 | 1638 | 1638 |
| Нерешени предмети | 37 | 59 | 49 | 276 | 96 | 66 | 45 | 0 | 0 | 0 | 0 | 261 |
| Стапка на решавање | 0.98 | 0.95 | 0.98 | 0.83 | 0.94 | 0.94 | 0.97 | 1.41 | 1.24 | 1.44 | 1.30 | 0.86 |
| Процент на решени предмети | 98% | 95% | 98% | 83% | 94% | 94% | 97% | 141% | 124% | 144% | 130% | 86% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.01 | 0.02 | 0.02 | 0.11 | 0.04 | 0.03 | 0.02 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.03 |

Во табелата е проектиран број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Кривичниот оддел во АС Штип. Доколку вака проектираната систематизација се исполни, согласно математичките проекции одделот успешно ќе го совладува приливот на предмети и нема да има нерешени предмети до 2022 година.

**Граѓански оддел** – проектиран број на потребни судии и стручни судски службеници за период 2020 -2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (12), број на стручни судски службеници (9)

**Табела 22: Проекција за предмети и персонал во АС Штип (Граѓански оддел)**

| АС Штип- Граѓански оддел | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 11 | 12 | 12 | 9 | 10 | 7 | 7 | 12 | 12 | 12 | 12 | 12 |
| Број на судски службеници | 8 | 8 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 313 | 108 | 48 | 42 | 239 | 204 | 393 | 264 | 172 | 620 | 368 | 0 |
| Примени нови предмети | 3026 | 2889 | 2911 | 2345 | 1857 | 2590 | 2237 | 2437 | 2977 | 2277 | 2114 | 2947 |
| Предмети повторно во работа | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 3339 | 2959 | 2959 | 2429 | 2117 | 2823 | 2659 | 2701 | 3149 | 2897 | 2482 | 2947 |
| Решени предмети | 3231 | 2949 | 2917 | 2253 | 1913 | 2430 | 2351 | 2529 | 2529 | 2529 | 2529 | 2529 |
| Нерешени предмети | 108 | 48 | 42 | 239 | 204 | 393 | 264 | 172 | 620 | 368 | 0 | 418 |
| Стапка на решавање | 0.97 | 1.00 | 0.99 | 0.93 | 0.90 | 0.86 | 0.88 | 0.94 | 0.80 | 0.87 | 1.02 | 0.86 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Процент на решени предмети** | 97% | 100% | 99% | 93% | 90% | 86% | 88% | 94% | 80% | 87% | 102% | 86% |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.04 | 0.02 | 0.02 | 0.10 | 0.08 | 0.16 | 0.11 | 0.02 | 0.06 | 0.04 | 0.00 | 0.04 |

Во табелата е проектиран број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Граѓанскиот оддел во АС Штип. Доколку вака проектираната систематизација се исполни, согласно математичките проекции, граѓанскиот оддел во 2022 година успешно ќе се справува со приливот на предмети, а во 2022 година нема да има нерешени предмети.

## АС ГОСТИВАР

**Кривичен оддел** – проектиран број на потребни судии и стручни судски службеници за период 2020 -2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (7), број на стручни судски службеници (5)

**Табела 23: Проекција за предмети и персонал во АС Гостивар (Кривичен оддел)**

| АС Гостивар- Кривичен оддел | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 7 | 7 | 8 | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| Број на судски службеници | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 119 | 162 | 69 | 87 | 293 | 99 | 81 | 48 | 0 | 388 | 168 | 66 |
| Примени нови предмети | 2696 | 3805 | 3235 | 3303 | 2290 | 2106 | 1718 | 2558 | 3196 | 2588 | 2706 | 3664 |
| Предмети повторно во работа | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 2771 | 3967 | 3304 | 3390 | 2551 | 2205 | 1774 | 2606 | 3196 | 2976 | 2874 | 3730 |
| Решени предмети | 2609 | 3862 | 3251 | 3097 | 2484 | 2124 | 1751 | 2808 | 2808 | 2808 | 2808 | 2808 |
| Нерешени предмети | 162 | 69 | 87 | 293 | 99 | 81 | 48 | 0 | 388 | 168 | 66 | 922 |
| Стапка на решавање | 0.94 | 0.97 | 0.98 | 0.91 | 0.97 | 0.96 | 0.99 | 1.08 | 0.88 | 0.94 | 0.98 | 0.75 |
| Процент на решени предмети | 94% | 97% | 98% | 91% | 97% | 96% | 99% | 108% | 88% | 94% | 98% | 75% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.04 | 0.02 | 0.02 | 0.07 | 0.02 | 0.02 | 0.01 | 0.00 | 0.04 | 0.02 | 0.01 | 0.09 |

Во табелата е прикажан проектираниот број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Кривичниот оддел во АС Гостивар. Согласно математичките проекции, резултатите од исполнувањето на систематизацијата се воочливи уште во првата година (пример 2019), со што драстично се зголемува стапката на решени предмети. Притоа, во останатите следствени години, стапката на решение предмети останува на високо ниво.

**Граѓански оддел** – проектиран број на потребни судии и стручни судски службеници за период 2020 -2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (9), број на стручни судски службеници (3)

**Табела 24: Проекција за предмети и персонал во АС Гостивар (Граѓански оддел)**

| АС Гостивар- Граѓански оддел | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 7 | 8 | 8 | 9 | 10 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 |
| Број на судски службеници | 5 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 891 | 722 | 463 | 373 | 516 | 122 | 508 | 466 | 627 | 1371 | 660 | 471 |
| Примени нови предмети | 2339 | 2567 | 2863 | 2603 | 1711 | 2532 | 2724 | 2629 | 3212 | 1757 | 2279 | 2132 |
| Предмети повторно во работа | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 3230 | 3326 | 3326 | 2976 | 2227 | 2654 | 3232 | 3095 | 3839 | 3128 | 2939 | 2603 |
| Решени предмети | 2508 | 2826 | 2953 | 2544 | 2105 | 2146 | 2734 | 2468 | 2468 | 2468 | 2468 | 2468 |
| Нерешени предмети | 722 | 463 | 373 | 516 | 122 | 508 | 466 | 627 | 1371 | 660 | 471 | 135 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на решавање** | 0.78 | 0.85 | 0.89 | 0.85 | 0.95 | 0.81 | 0.85 | 0.80 | 0.64 | 0.79 | 0.84 | 0.95 |
| **Процент на решени предмети** | 78% | 85% | 89% | 85% | 95% | 81% | 85% | 80% | 64% | 79% | 84% | 95% |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.18 | 0.12 | 0.09 | 0.13 | 0.03 | 0.13 | 0.12 | 0.06 | 0.14 | 0.07 | 0.05 | 0.01 |

Во табелата е проектиран број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Граѓанскиот оддел во АС Гостивар. Резултатите од ваквата проекција, покажуваат дека стапката на нерешени предмети се намалува во наредните години, а од друга страна се зголемува стапката на решени предмети. Ваквата проекција покажува голема ефикасност на Граѓанскиот оддел во АС Гостивар, односно успешно справување со приливот на предмети.

## АС БИТОЛА

**Кривичен оддел** – проектиран број на потребни судии и стручни судски службеници за период 2020 -2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (4), број на стручни судски службеници (5)

**Табела 25: Проекција за предмети и персонал во АС Битола (Кривичен оддел)**

| АС Битола-Кривичен оддел | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 5 | 4 | 5 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Број на судски службеници | 3 | 4 | 4 | 5 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 47 | 80 | 170 | 189 | 216 | 182 | 257 | 183 | 307 | 495 | 75 | 235 |
| Примени нови предмети | 2237 | 2467 | 2533 | 2431 | 1667 | 1433 | 1477 | 1945 | 1998 | 1503 | 2156 | 1958 |
| Предмети повторно во работа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 448 | 10 | 211 | 222 | 109 | 36 | 159 |
| Вкупно предмети во работа | 2284 | 2547 | 2698 | 2600 | 1883 | 2057 | 1744 | 2339 | 2527 | 2107 | 2267 | 2352 |
| Решени предмети | 2203 | 2377 | 2513 | 2384 | 1701 | 1800 | 1561 | 2032 | 2032 | 2032 | 2032 | 2032 |
| Нерешени предмети | 80 | 170 | 189 | 216 | 182 | 257 | 183 | 307 | 495 | 75 | 235 | 320 |
| Стапка на решавање | 0.97 | 1.00 | 0.99 | 0.93 | 0.90 | 0.86 | 0.88 | 0.87 | 0.80 | 0.96 | 0.90 | 0.86 |
| Процент на решени предмети | 97% | 100% | 99% | 93% | 90% | 86% | 88% | 87% | 80% | 96% | 90% | 86% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.04 | 0.02 | 0.02 | 0.10 | 0.08 | 0.16 | 0.11 | 0.03 | 0.05 | 0.01 | 0.02 | 0.03 |

Во табелата е проектиран број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Кривичниот оддел во АС Битола. Проекцијата покажува дека доколку се оствари ваквата систематизација на број на судии и судски службеници, Кривичниот оддел ќе го намали бројот на нерешени предмети и успешно ќе се справува со новиот прилив, остварувајќи висока стапка на решавање на предметите.

**Граѓански оддел** – проектиран број на потребни судии и стручни судски службеници за период 2020 -2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (16), број на стручни судски службеници (16)

**Табела 26: Проекција за предмети и персонал во АС Битола (Граѓански оддел)**

| АС Битола- Граѓански оддел | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 19 | 21 | 20 | 19 | 17 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| Број на судски службеници | 16 | 14 | 15 | 14 | 14 | 13 | 12 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1491 | 957 | 554 | 1045 | 443 | 250 | 527 | 347 | 1089 | 0 | 801 | 1917 |
| Примени нови предмети | 6047 | 5606 | 5009 | 4558 | 3595 | 3346 | 4151 | 4392 | 2428 | 4460 | 5351 | 4030 |
| Предмети повторно во работа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1297 | 29 | 996 | 329 | 987 | 411 | 363 |
| Вкупно предмети во работа | 7538 | 7538 | 5561 | 4847 | 4029 | 4886 | 4507 | 5735 | 3846 | 5447 | 6563 | 6310 |
| Решени предмети | 6563 | 6563 | 5269 | 4404 | 3779 | 4359 | 4360 | 4646 | 4646 | 4646 | 4646 | 4646 |
| Нерешени предмети | 957 | 957 | 292 | 443 | 250 | 527 | 347 | 1089 | 0 | 801 | 1917 | 1664 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на решавање** | 0.97 | 1.00 | 0.99 | 0.93 | 0.90 | 0.86 | 0.88 | 0.81 | 1.21 | 0.85 | 0.71 | 0.74 |
| **Процент на решени предмети** | 97% | 100% | 99% | 93% | 90% | 86% | 88% | 81% | 121% | 85% | 71% | 74% |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.04 | 0.02 | 0.02 | 0.10 | 0.08 | 0.16 | 0.11 | 0.11 | 0.00 | 0.08 | 0.19 | 0.17 |

Во табелата е проектиран број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Граѓанскиот оддел во АС Битола. Доколку се оствари ваквата систематизација, резултатите покажуваат висока стапка на решени предмети и за наредните години, а во 2020 година, Граѓанскиот оддел нема да има заостанати предмети.

## АС СКОПЈЕ

**Кривичен оддел** – проектиран број на потребни судии и стручни судски службеници за период 2020 -2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (12), број на стручни судски службеници (9)

**Табела 27: Проекција за предмети и персонал во АС Скопје (Кривичен оддел)**

| АС Скопје- Кривичен оддел | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 10 | 10 | 11 | 10 | 8 | 9 | 9 | 12 | 12 | 12 | 12 | 12 |
| Број на судски службеници | 16 | 15 | 10 | 14 | 10 | 10 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 599 | 457 | 266 | 1267 | 1620 | 2155 | 2331 | 2673 | 3288 | 3594 | 2144 | 1076 |
| Примени нови предмети | 4999 | 5693 | 6797 | 5757 | 4931 | 4461 | 4184 | 6063 | 5755 | 4015 | 4389 | 5301 |
| Предмети повторно во работа | 0 | 0 | 21 | 16 | 11 | 13 | 15 | 20 | 19 | 3 | 11 | 10 |
| Вкупно предмети во работа | 6269 | 6236 | 7091 | 7040 | 6561 | 6628 | 6529 | 8756 | 9062 | 7612 | 6544 | 6387 |
| Решени предмети | 5812 | 5971 | 5817 | 5420 | 4406 | 4297 | 3856 | 5468 | 5468 | 5468 | 5468 | 5468 |
| Нерешени предмети | 457 | 267 | 1267 | 1620 | 2155 | 2331 | 2673 | 3288 | 3594 | 2144 | 1076 | 919 |
| Стапка на решавање | 0.93 | 0.96 | 0.82 | 0.77 | 0.67 | 0.65 | 0.59 | 0.62 | 0.60 | 0.72 | 0.84 | 0.86 |
| Процент на решени предмети | 93% | 96% | 82% | 77% | 67% | 65% | 59% | 62% | 60% | 72% | 84% | 86% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.05 | 0.03 | 0.13 | 0.16 | 0.22 | 0.24 | 0.27 | 0.33 | 0.36 | 0.22 | 0.11 | 0.09 |

Во табелата е проектиран број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Кривичниот оддел во АС Скопје. Доколку вака проектираната систематизација се исполни, согласно математичките проекции, кривичниот оддел бележи намалување на стапката на нерешени предмети, како и зголемување на стапката на решени предмети, што значи дека ефикасноста на овој оддел значително ќе се подобрува.

**Граѓански оддел** – проектиран број на потребни судии и стручни судски службеници за период 2020 -2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (22), број на стручни судски службеници (15)

**Табела 28: Проекција за предмети и персонал во АС Скопје (Граѓански оддел)**

| АС Скопје- Граѓански оддел | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 22 | 24 | 24 | 20 | 21 | 23 | 20 | 22 | 22 | 22 | 22 | 22 |
| Број на судски службеници | 22 | 15 | 17 | 14 | 17 | 14 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 2017 | 2034 | 2117 | 2551 | 3386 | 2467 | 2564 | 2404 | 2400 | 1798 | 1731 | 1866 |
| Примени нови предмети | 6257 | 6313 | 6962 | 6677 | 4955 | 6690 | 5823 | 6175 | 5582 | 6129 | 6331 | 7379 |
| Предмети повторно во работа | | | 45 | 45 | 24 | 36 | 39 | 41 | 36 | 24 | 24 | 33 |
| Вкупно предмети во работа | 8274 | 8347 | 9117 | 9264 | 8355 | 9179 | 8418 | 8620 | 8018 | 7951 | 8086 | 9278 |
| Решени предмети | 6235 | 6229 | 6563 | 5878 | 5888 | 6615 | 6014 | 6220 | 6220 | 6220 | 6220 | 6220 |
| Нерешени предмети | 2039 | 2118 | 2554 | 3386 | 2467 | 2564 | 2404 | 2400 | 1798 | 1731 | 1866 | 3058 |
| Стапка на решавање | 0.75 | 0.75 | 0.72 | 0.63 | 0.70 | 0.72 | 0.71 | 0.72 | 0.78 | 0.78 | 0.77 | 0.67 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент на решени предмети | 75% | 75% | 72% | 63% | 70% | 72% | 71% | 72% | 78% | 78% | 77% | 67% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.21 | 0.21 | 0.26 | 0.34 | 0.25 | 0.26 | 0.24 | 0.24 | 0.18 | 0.17 | 0.19 | 0.31 |

Во табелата е проектиран број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Граѓанскиот оддел во АС Скопје. Доколку ваквата систематизација се оствари, граѓанскиот оддел во наредните години ќе го намалува бројот на нерешени предмети и успешно ќе се справува со новиот прилив, остварувајќи висока стапка на решавање на предметите.

**Трговски оддел** – проектиран број на потребни судии и судски службеници за период 2019 - 2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (6), број на стручни судски службеници (17)

**Табела 29: Проекција за предмети и персонал во АС Скопје (Трговски оддел)**

| АС Скопје- Трговски оддел | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 10 | 9 | 8 | 17 | 8 | 13 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| Број на судски службеници | 9 | 7 | 4 | 6 | 5 | 5 | 6 | 17 | 17 | 17 | 17 | 17 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 989 | 960 | 1075 | 1675 | 1431 | 1415 | 1744 | 2217 | 1669 | 1513 | 1208 | 435 |
| Примени нови предмети | 3107 | 2728 | 3189 | 3121 | 2519 | 2933 | 2746 | 2807 | 3188 | 3042 | 2568 | 2996 |
| Предмети повторно во работа | | | 34 | 24 | 30 | 41 | 34 | 27 | 38 | 35 | 41 | 39 |
| Вкупно предмети во работа | 4096 | 3688 | 4294 | 4820 | 3976 | 4419 | 4520 | 5051 | 4895 | 4590 | 3817 | 3470 |
| Решени предмети | 3132 | 2610 | 2618 | 3389 | 2525 | 2675 | 2303 | 3382 | 3382 | 3382 | 3382 | 3382 |
| Нерешени предмети | 964 | 1078 | 1676 | 1431 | 1451 | 1744 | 2217 | 1669 | 1513 | 1208 | 435 | 88 |
| Стапка на решавање | 0.76 | 0.71 | 0.61 | 0.70 | 0.64 | 0.61 | 0.51 | 0.67 | 0.69 | 0.74 | 0.89 | 0.97 |
| Процент на решени предмети | 76% | 71% | 61% | 70% | 64% | 61% | 51% | 67% | 69% | 74% | 89% | 97% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.10 | 0.11 | 0.17 | 0.14 | 0.15 | 0.18 | 0.22 | 0.17 | 0.15 | 0.12 | 0.04 | 0.01 |

Во табелата е проектиран број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Трговскиот оддел во АС Скопје. Доколку се оствари ваквата систематизација, резултатите намалување на нерешените предмети, а со тоа и зголемување на стапката на решавање.

**Оддел за работни односи** – проектиран број на потребни судии и судски службеници за период 2019 -2023 со што би се постигнала соодветна ефикасност во работата на одделот.

- 2020 -2023 година: број на судии (5), број на стручни судски службеници (4)

**Табела 30: Проекција за предмети и персонал во АС Скопје (Оддел за работни односи)**

| АС Скопје- Оддел за работни односи | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 9 | 8 | 5 | 14 | 5 | 9 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Број на судски службеници | 5 | 4 | 2 | 3 | 3 | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 699 | 475 | 163 | 774 | 979 | 773 | 1150 | 1102 | 1366 | 166 | 251 | 0 |
| Примени нови предмети | 2293 | 1303 | 6962 | 1564 | 929 | 1868 | 1879 | 2123 | 644 | 1926 | 1109 | 1427 |
| Предмети повторно во работа | | | 33 | 37 | 17 | 21 | 24 | 18 | 33 | 36 | 21 | 19 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно предмети во работа** | 2992 | 1778 | 1684 | 2374 | 1921 | 2656 | 3047 | 3243 | 2043 | 2128 | 1381 | 1446 |
| **Решени предмети** | 2515 | 1615 | 909 | 1395 | 1148 | 1506 | 1945 | 1877 | 1877 | 1877 | 1877 | 1877 |
| **Нерешени предмети** | 477 | 163 | 775 | 979 | 773 | 1150 | 1102 | 1366 | 166 | 251 | 0 | 0 |
| **Стапка на решавање** | 0.84 | 0.91 | 0.54 | 0.59 | 0.60 | 0.57 | 0.64 | 0.58 | 0.92 | 0.88 | 1.36 | 1.30 |
| **Процент на решени предмети** | 84% | 91% | 54% | 59% | 60% | 57% | 64% | 58% | 92% | 88% | 136% | 130% |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.05 | 0.02 | 0.08 | 0.10 | 0.08 | 0.12 | 0.11 | 0.14 | 0.02 | 0.03 | 0.00 | 0.00 |

Во табелата е проектиран број на судии и стручни службеници за период 2020-2023 кој е потребен за соодветно функционирање на Одделот за работни односи во АС Скопје. Според математичката проекција, доколку ваквата систематизација се исполни, одделот успешно ќе се справува со приливот на нови предмети и веќе во 2022 нема да има нерешени предмети, а стапката на решени предмети е се поголема.

## 3. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

Транспарентноста и отчетноста на правдата претставуваат фундаментални постулати на правото на правично судење. Тие се спроведуваат преку начелото на јавност на судските постапки и на јавната достапност на судските одлуки. Членот 6 на ЕКЧП предвидува дека пресудата се изрекува јавно и укажува на точно определени ситуации во кои јавноста може да биде исклучена од судската постапка.

Законот за судовите ги набројува јавноста и транспарентноста меѓу главните начела на судските постапки. Овој Закон исто така го уредува и начинот на пренесување на информациите од судот до јавноста и медиумите. Имено според Законот за судовите, информации за јавноста преку средствата за јавно информирање ги дава претседателот на судот, одговорно лице за односи со јавноста.  Во текот на постапките, судиите и лицето за односи со јавност можат да ја известат јавноста со определени информации, но притоа да водат сметка и да ја почитуваат презумпцијата на невиност и да не откриваат детали кои може да влијаат на постапките во тек. Согласно Законот за судови, во судовите задолжително се формира канцеларија за односи со јавноста. Секој суд, поради зголемена транспарентност и јавност во работата , најмалку еднаш годишно ја известува јавноста за резултатите од работата на судот и судиите.

Имајќи предвид дека достапноста на судските одлуки не го опфаќа само нивното јавно читање во последниот дел на главната расправа, туку и доставување на судската одлука во целина до странките и до јавноста, воспоставена е веб-страница (www.sud.mk) каде електронски се објавуваат судските одлуки, што дава голем придонес во транспарентноста на работењето на судовите. Начинот и роковите за електронско објавување на судските пресуди се регулирани со Законот за управување со движењето на предметите во судовите каде што е опишана постапката за објавување на одлуки (правосилни и неправосилни) и нивна анонимизација и време[47].

Односите на судот со јавноста детално се регулирани и во  Судскиот деловник според кој, секој суд задолжително треба да има канцеларија за односи со јавноста која всушност треба да биде достапна за заинтересираните лица во однос на одредени одлуки објавени на веб-страната на судот. Во судовите на видно место, секојдневно треба се објавуваат информации т.е. време, место и предмет на  судење, додека за судења со поголем интерес на јавноста, судската управа треба да обезбеди просторија за прием на поголем број на лица во која ќе се одржува судењето.

Согласно Судскиот деловник, Претседателот на судот, поради транспарентност и отвореност кон граѓаните, преку средствата за јавно информирање може да даде информации за работата на судот и за текот на одредени постапки, а притоа да внимава да не се наруши угледот, честа и достоинството на личноста, а паралелно со тоа и независноста и самостојноста на судот.

Податоците кои се доставуваат или соопштуваат до јавноста мора да бидат точни и целосни, а при искажување на одредени мислења за одделни случаи или судска практика, должни се да истакнат дека го соопштуваат сопственото мислење. Во одредени случаи предвидено е

[47] Член 10 од Закон за управување на движењето на предметите во судовите, Сл. Весник на РМ 171/2010

присуство на јавноста и новинарите при што судот треба да ги обезбеди условите за работа. Со судскиот деловник дополнително се утврдени начините за аудио-визуелно известување од постапките и судот. Со цел информирање на јавноста, судот може да известува преку затворен систем од страна на интерна телевизија за да овозможи слободен пристап и преземање на видео и тонски записи.

Врз основа на одговорите на следниве прашања може да се направи анализа за објективните можности на апелационите судови во РСМ доследно да го применуваат начелото на транспарентност, кое пак е тесно поврзано со капацитетите на ИКТ опрема со која располага секој суд.

**Табела 31: Инструменти за следење на работата на судовите**

| Инструменти | Состојба во четирите апелациони судови |
|---|---|
| **Систем за следење на должината (времетраење) на постапки** | Не |
| **Систем за следење на бројот на одложени предмети** | Не |
| **Систем за следење на доставени одлуки** | Не |
| **Систем за следење на нови предмети** | Да |
| **Годишни извештаи за работа** | Да |

**Табела 32: Национални инструмент за евалуација на работата на судот**

| Инструменти | Состојба во четирите апелациони судови |
|---|---|
| **Посебна служба за евалуација на работата на судот (мерење на квалитет)** | Не |
| **Индикатор за продуктивност на судии** | Да |
| **Индикатор за заостанати предмети (нерешени и предмети во тек)** | Да |
| **Индикатор за решени предмети** | Да |
| **Индикатор за должината на постапките** | Не |
| **Индикатор за новооформени предмети** | Да |

### 3.1. Транспарентност и отчетност на четирите апелациони судови

**АС ШТИП**

Во делот на комуникација со јавноста преку електронски пат, АС Штип е дел од веб порталот www.vrsm.mk на кој секој суд има своја страна на која се објавуваат како податоците за судовите така и извештаите и новините околу настаните кои се случуваат во судовите или на кои судиите учествуваат. Страната на АС Штип се обновува на редовно ниво и истата е полна со информации за работата на Судот, но недостигаат обрасци и формулари за странки кои се однесуваат на областите (кривично-правна и граѓанско-правна материја) кои Судот ги покрива.

Во однос на објавените одлуки, судот вкупно имал објавено 24.643 одлуки, за разлика од претходно кога преку стариот модул користен за објавување биле објавени околу 4000 одлуки, бројка која значително отстапува од последниот тренд. Според извештајот објавен од страна на судот, одлуките треба да бидат објавени 5 години, додека на новиот портал има и одлуки кои се постари од 9 години. Дополнително, одлуките од периодот 2014-2015 година не се објавени.

Постои проблем со пребарувањето на објавените одлуки при што поради погрешно поврзување и клик на првостепениот број на одлуката се отвора одлука со соодветен број но од погрешен суд (од основен суд) што во голема мера го прави системот на пребарување нефункционален.

Треба да се истакне дека АС Штип нема лице кое е портпарол на Судот. Комуникација со јавноста не е забележена дури ни преку изготвување на соопштенија и нивно објавување во медиумите. Се избегнува давање изјави на новинарски прашања и непосреден контакт со новинари иако според Законот за судови (чл.97) предвидено е дека во судот задолжително се формира канцеларија за односи со јавност. Во случај на нужност на одговарање на прашања актуелни за пошироката јавност, согласно законската одредба од горенаведениот член, Претседателот на Судот одлучува дали одговорот ќе го даде актуелниот судија или претседателот на советот. За носењето на ваквите одлуки и проценката на потребата и можноста за давање информации и настапување во јавност не постојат интерни процедури.

Судиите немаат официјални денови за прием на странки, заеднички став е дека утврдување на такви денови би било од значење за поголема отвореност на судот.

Извештаите се унифицирани односно обемот на податоци не се разликува од година во година што укажува на доследно работење на лицата во Судот задолжени за анализа. Недостаток е непостоењето на посебна организациона единица за аналитика. Обврската за изработка и објавување на извештајот подетално е утврдена со Судскиот деловник. Но, статистиките кои ги води Судот не се усогласени со методологијата на статистичката обработка на ССРСМ, а се сепак во согласност со методологијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

За изработката на извештаите и анализа на податоците Судот би требало да има посебна организациона единица, односно информатичката служба, чија дејност моментов во Судот ја водат две лица – информатичари во соработка и координација со судскиот администратор.

Во АС Штип постои план, правилник и процедура за заштита на личните податоци, кои се почитуваат од страна на вработените. Притоа, АС Штип има назначено лице кое е задолжено за заштита на личните податоци.

Според Матрицата, на скала од 1 до 5, испитаниците од АС Штип ја имаат оценето транспарентноста и отчетноста на судството во РСМ со просечна оценка 3, при што судиите дадоа оценка од 2.4 а судската служба изнесе оценка од 2.6.

**Графикон 7: Графички приказ на средната оценка за транспарентноста и отчетноста според АС Штип**




**Транспарентност и отчетност - Препораки за АС Штип:**

- **Заради актуелноста на состојбите во судството, зголемениот интерес на граѓаните за неговата работа, како и заради поголема транспарентност и отчетност, препорачливо е АС Штип да има од редот на судската служба лице задолжено за односи со јавноста кое ќе врши редовна комуникација со медиумите, ќе се грижи за ефикасно остварување на правото на граѓаните на слободен пристап до информации од јавен карактер, за содржината на веб страницата на Судот, како и за промоција на резултатите од работата на Судот, воедно и за предизвиците со кои се соочува.**
- **Пребарување на системот за пребарување на одлуки.**
- **Зголемување на број на информатичари**
- **Усогласување на методологијата на статистичка обработка на податоци помеѓу судот, ССРСМ и ВС на РСМ, а во однос на подготовка на месечни и годишни извештаи**

**АС ГОСТИВАР**

На веб-страницата на Судот објавени се повеќе документи кои се достапни за јавноста како годишниот распоред за работа на Судот, годишен извештај за извршени јавни набавки, информации за судската зграда како број на судници, број на канцеларии и останати технички податоци, годишни извештаи за работата на Судот. Во секцијата за формулари за правните области, не се објавени никакви документи. Делот од веб страната за публикации не е ажуриран и не се објавени дополнителни материјали, освен Билтенот за судска пракса од 2014 година. Судот редовно ги објавува и анонимизира судските одлуки. Надлежни за објавување и евидентирање во АКМИС се судските референти - дактилографи за секој од советите. Секој од дактилографите е задолжен да ги анонимизира и објавува одлуките на претседателот на Судот без оглед во кој совет е распореден. Одговорен за подготвување на извештај во врска со објавените судски одлуки на веб страната на Судот е судскиот советник - информатичар. Контролата и надзорот врз објавените одлуки ја врши судскиот администратор и помладиот судски соработник. Во 2018 година вкупно биле објавени 4324 анонимизирани одлуки.

Ставот на испитаниците на АС Гостивар е дека треба да се измени начинот на пребарување на одлуките кои се објавуваат на веб страната на судот. Со оглед на тоа дека пребарливоста е само преку референтниот број на одлуката, системот мора да се измени за да има пребарување и по правен основ или референтно име на предметот.

Во АС Гостивар нема специјализирано лице кое е задолжено за односи за јавноста, ниту е формирана посебна канцеларија за односи со јавност. Најчесто претседателот назначува едно лице (судија) кој е задолжен за комуникација со медиумите. Ставот на судиите е дека праксата на комуникација на медиумите со судовите не е доволна и дека е потребна поголема активност од Судско-медиумскиот совет особено кога во судот се одлучува за некој предмет од јавен интерес.

На локално ниво во рамки на апелационото подрачје на АС Гостивар има зголемен интерес од медиумите, па за таа цел судот организира посебни настани за денот на правдата. Во Судот не се организира отворен ден за граѓаните, но испитаниците истакнаа дека се достапни за сите граѓани во работното време на судот.

Судот преку АКМИС системот редовно изготвува извештаи за работата на месечно, квартално и годишно ниво. Само годишните извештаи се наративни и имаат подетални информации за работата на судот, додека во месечните извештаи претставени се само збирни податоци за исполнетост на месечната ориентациона норма за секој од судиите по вид на предмет.

Во судот постои програма за заштита на личните податоци. Согласно Годишниот распоред, таа функција ја врши судски соработник како офицер за заштита на личните податоци. Согласно Годишниот извештај за 2018 година, не е изјавена ниту една жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и сите биле доставени во законски предвидениот рок (вкупно биле поднесени три барања).

Барањата за пристап до информации од јавен карактер се испраќаат само од студенти и истражувачи, но и таа пракса е во намален обем (3-4 барања годишно).

Според Матрицата, на скала од 1 до 5, испитаниците од АС Гостивар ја имаат оценето транспарентноста и отчетноста на судството во РСМ со просечна оценка 2.6, при што судиите дадоа оценка од 2.7, а судската служба изнесе оценка од 2.9.

**Графикон 8: Графички приказ на средната оценка за транспарентноста и отчетноста според АС Гостивар**




**Транспарентност и отчетност - Препораки за АС Гостивар:**

- **Доследно пополнување на веб страната на Судот во делот за формулари за правни области**
- **Доследно ажурирање на веб страната на Судот во делот за публикации**
- **Измена на начинот на пребарување на одлуките објавени на веб страната на Судот**
- **Ангажирање на лице задолжено за односи со јавноста кое ќе врши редовна комуникација со медиумите, ќе се грижи за ефикасно остварување на правото на граѓаните на слободен пристап до информации од јавен карактер, за содржината на веб страницата на Судот, како и за промоција на резултатите од работата на Судот, воедно и за предизвиците со кои се соочува.**
- **Дополнување на месечните извештаи со наративен дел**

**АС БИТОЛА**

На веб страната на судот на АС Битола може да се најдат информации за работата на судот, како и документи кои се однесуваат на финансиското работење, а и на севкупното работење на судот благодарение на објавените финансиски извештаи, годишни извештаи за работа на судот за минатите години како и објавени билтени. Во делот формулари и обрасци на веб-страната на судот, постои по само еден документ во секоја област посебно т.е. кривична, граѓанска, управна и друго барања, каде како документ стои потврдата за разгледување на списи.

Во однос на објавените одлуки, во текот на 2018 година на веб страната на судот се објавени 4.866 одлуки, во 2017 година 4.918 одлуки, а во 2016 година е објавена 2.431 одлука. Според извештајот од 2016 година евидентирано е дека потребно е да се изврши подобрување на ефикасноста на системот за поедноставно и побрзо пребарување на одлуките.

Од страна на испитаниците од АС Битола беше истакнато дека медиумите начелно немаат голем интерес за работата на судот. Претседателот на АС Битола е истовремено и член на судскиот медиумски совет во чии рамки покренувал иницијативи за поголем интерес на медиумите за работата на судот. Претседателот на судот објасни дека во минатото имало случаи кога организирале прес конференции по одредени прашања, но не присуствувал ниту еден медиум. Но и покрај тоа, имајќи ја предвид негативната перцепција за работата на правосудните органи која е веќе вкоренета во македонското општество, неопходна е стратегија и ангажман за соодветен пристап за односи со јавност.

Писарницата на АС Битола е истовремено и канцеларија за односи со јавност. Одговорно лице за односи со јавност е администраторот кој оваа функција ја извршува со помош на уште едно назначено лице. Систематизацијата предвидува вработување на стручно лице за односи со јавност, но тоа работно место не е пополнето. Во планот за вработување за 2019 година, АС Битола побарале да се вработи лице одговорно за односи со јавност, но не добиле одобрување и покрај тоа што барањето било економски оправдано, имајќи предвид дека едно работно место во рамки на судот било испразнето.

Дел од испитаниците од АС Битола потенцираа дека судот има огромна потреба од вработување на лице одговорно за односи со јавност со цел навремено и квалитетно информирање на јавноста за начинот на работа на судот и постигнатите резултати. Испитаниците истакнаа дека и покрај тоа што нема голем интерес од страна на новинарите за работата на АС Битола, од исклучителна важност е судот информациите за работењето да ги пласира на соодветен начин и истите да бидат лесно пристапни до јавноста со што би се придонело кон зголемување на довербата на граѓаните во правосудниот систем.

Судот нема посебна процедура или правилник за односи со јавност. За содржината и изгледот на веб страницата на АС Битола одлучуваат претседателот и администраторот. Судиите можат да даваат предлози, а претседателите на оддели имаат право да објавуваат информации на веб страницата без одобрување од Претседателот на судот.

Судскиот администратор е одговорен за одговори по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, за што посетувал и соодветна обука. Беше истакнато дека судот нема голем обем на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер (во

моментот 8 писмени барања). Кога станува збор за поспецифични барања, администраторот се консултира со надлежните судии.

Во судот еден од стручните соработници е задолжен и за заштита на лични податоци. Во АС Битола има и посебни процедури во однос на заштита на доверливост при работа со податоци. Во однос на имплементација на стандардот ISO 9001:2015, се формира тим кој ги координира активностите во процесот на воведување и одржување на системот за управување со квалитет.

Судот подготвува билтени кои се објавуваат на веб страницата и се доставуваат до сите судови. До крајот на 2019 година, ќе биде подготвен и објавен и третиот билтен за тековната година. Дел од вработените во судот објаснија дека кога има квалитетен стручен материјал објавуваат и брошури, но тоа не се практикува често.

Исто така, во АС Битола според одговорите дадени од судот во прашалникот, наведено е дека постои програма за заштита на личните податоци и дека судот има назначено лице – офицер кое е задолжено за заштитата на личните податоци.

Според Матрицата, на скала од 1 до 5, испитаниците од АС Битола ја имаат оценето транспарентноста и отчетноста на судството во РСМ со просечна оценка 3, при што судиите дадоа оценка од 3.1, а судската служба изнесе оценка од 3.7.

**Графикон 9: Графички приказ на средната оценка за транспарентноста и отчетноста според АС Битола**




**Транспарентност и отчетност - Препораки за АС Битола:**

- **Доследно ажурирање на веб страната на Судот во делот за формулари за правни области**
- **Подобрување на ефикасноста на системот за пребарување на одлуките**
- **Иако не е забележан интерес на медиумите за работата на Судот, потребно е назначување на лице задолжено за односи со јавноста кое ќе врши редовна комуникација со медиумите, ќе се грижи за ефикасно остварување на правото на граѓаните на слободен пристап до информации од јавен карактер, за содржината на веб страницата на Судот, како и за промоција на резултатите од работата на Судот, воедно и за предизвиците со кои се соочува.**
- **Изработка на процедури за формата и содржината на информациите објавени на веб страната**

**АС СКОПЈЕ**

На веб порталот на АС Скопје се објавени годишните извештаи, биланси на приходи и расходи, но не и месечните извештаи на судот. Судот не издава брошури или стручни трудови. Ставот на испитаниците е дека ова се должи на недостаток на време поради големиот обем на предмети и недостатокот на судии и стручен персонал.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во АС Скопје, предвидена е Канцеларија за односи со јавност и еден соработник за односи со јавност. Не постои пропишана процедура за односи со јавноста. На веб порталот на АС Скопје има податоци за контакт на одговорното лице за односи со јавност.

Сепак, во рамки на судот не е формирана посебна канцеларија задолжена за односи со јавност, а има едно лице кое е задолжено за односи со странки. За односи со медиуми се задолжени двајца судии кои работат граѓанска и кривична материја. Интересот на медиумите за актуелни предмети во судот е голем, но и покрај тоа судиите не одржуваат прес конференции туку редовно ги известуваат медиумите. Судиите информираа дека тешко ги извршуваат овие обврски со оглед на тековниот обем на предмети. Тие објаснија дека со оглед на актуелноста на предметите кои се во надлежност на судот, но и негативните перцепции во јавноста за работата на судовите, неопходно е формирање на посебна служба за односи со јавност во чии рамки ќе бидат ангажирани лица стручни за односи со јавност и кои во соработка со судиите ќе ја брифираат јавноста за работата на судот и ќе се грижат за корпоративниот имиџ на целиот суд (веб страна, прес конференции и тн.). Со тоа би се зголемила транспарентноста во работењето на судот и би се подобрила перцепцијата на јавноста за работата на правосудните институции. Во овој контекст, испитаниците од АС Скопје заклучија и дека е потребно да се подобри соработката со Судско-медиумскиот совет, и да се одржуваат почести средби со акредитирани новинари кои имаат познавања за случувањата во правосудството.

Во АС Скопје има едно лице задолжено да одговара на барања за слободен пристап на информации од јавен карактер. Претседателот ги потпишува одговорите по барањата за слободен пристап на информации од јавен карактер. Во тој контекст беше покренато мислење оваа надлежност да се делегира на лицето задолжено за пристап на информации од јавен карактер.

На веб порталот на АС Скопје, во делот за извештаи и статистики, постои опција да се избере генерирање на извештаи кои може да бидат месечни, квартални, полугодишни и годишни. Но и покрај тоа, веб порталот на Судот овозможува приказ само на годишните извештаи.

Аналитичките извештаи воглавно се генерираат од АКМИС. Во рамки на Судот нема вработени надлежни за аналитика, но еден од вработените е задолжен за подготовка на статистички извештаи. Вработениот по струка е социјален работник.

Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Сл. весник на РМ” бр.13/06) и член 7 од Упатството за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, АС Скопје ги овозможува следните информации од јавен карактер: општи информации за судот, судска пракса, судска власт и контакт информации. Информациите се добиваат со пополнување на Барање за пристап до информации од јавен карактер кое може да го добијат во архивата на Судот или пак да го

симнат од веб порталот. Во рамки на работата на Судот определена е програма за заштита на личните податоци.

Во АС Скопје има едно лице задолжено да одговара на барања за слободен пристап на информации од јавен карактер. Претседателот ги потпишува одговорите по барањата за слободен пристап на информации од јавен карактер. Во тој контекст беше покренато мислење оваа надлежност да се делегира на лицето задолжено за пристап на информации од јавен карактер.

Согласно годишниот извештај на АС Скопје за 2018 година, со воведување на модулот за анонимизација во АКМИС, процесот на подготовка на анонимизиран текс на судските одлуки и нивното публикување е значително олеснет и обезбедено е генерирање на потребните евиденциони и статистички податоци во врска со овој процес. Сепак, извештајот забележува дека сеуште постојат одредени проблеми при почитувањето на одредбите од член 10 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, а во врска со објавување на судските одлуки на веб порталот на Судот. Станува збор за дел од одлуките кои треба да бидат обработени и објавени наспроти недоволниот број на вработени како и кратките законски рокови. Наведени се и помали технички проблеми од типот на несоодветна автоматска анонимизација на текстот на одлуката или неможност одредена одлука да се анонимизира. Како сериозен проблем се наведува и големината на АКМИС базата, наспроти ограничениот дисков простор на процесниот сервер, која значително се зголемува и при подготовка на одлуките за објавување.

Судот има вкупно објавено 67411 одлуки. При внесување на било кој од напредните критериуми за пребарување на одлуки (пример пребарување по вид на предмет, пребарување по правна област, подвид предмет или вид основ) порталот не дава никакви резултати од пребарувањето. Исто така, при обид за симнување на судските одлуки од веб порталот при основното пребарување, нема техничка можност за преглед на одлуките. Според тоа, може да се заклучи дека системот за пребарување на судските одлуки е во голема мера неоперабилен.

**Графикон 10: Графички приказ на средната оценка за транспарентноста и отчетноста според АС Скопје**




Според Матрицата, на скала од 1 до 5, испитаниците од АС Скопје ја имаат оценето транспарентноста и отчетноста на судството во РСМ со просечна оценка 2.8, при што судиите дадоа оценка од 3.6, а судската служба изнесе оценка од 2.5.

**Транспарентност и отчетност - Препораки за АС Скопје:**

- **Со оглед на големината и значењето на АС Скопје како и важноста на одлуките, но и стручните мислења и ставови на судиите потребно е да се обнови праксата на Судот за издавање брошури и други стручни трудови**
- **Формирање на канцеларија (служба) за односи со јавност која во целост ќе ги преземе обврските на постојните двајца судии задолжени за односи со медиуми**
- **Изработка на стратегија за односи со јавноста во која ќе бидат предвидени методи за подобра соработка со Судско медиумски совет и за организирање и одржување на почести средби со акредитирани новинари кои имаат познавања од областа на правосудството**
- **Делегирање на надлежноста за издавање на решенија по барање за слободен пристап на информации од јавен карактер од Претседателот на Судот кон службеното лице задолжено за информации**
- **Збогатување на информациите на веб порталот на Судот со овозможување на приказ покрај на годишните и месечните, квартални, полугодишни извештаи како што е предвидено во самиот портал.**
- **Вработување на стручно лице со соодветно образование задолжено за аналитика и подготовка на статистички извештаи од работата на Судот**
- **Подобрување на системот за автоматска анонимизација на објавените одлуки**
- **Подобрување на системот за пребарување на одлуки по вид на предмет, по правна област, подвид на предмет или основ**
- **Редовно објавување на Годишниот распоред за работа**

## *4. КВАЛИТЕТ НА СУДСКА ПРАВДА*

Постојат различни методи и алатки за мерење на квалитетот на судската правда. Квалитетот на работата на судовите во голема мера зависи од мониторингот, од страна на пошироката и експертската јавност и тој е тесно поврзан со транспарентноста на судот. Доколку самиот систем овозможува споделување на информациите во јавноста, се овозможува и поголема транспарентност, а оттаму и квалитет на одлуките.

Освен тоа, евалуацијата е неопходна поради тоа што овозможува увид во пропустите, па следствено и подобрување на перформансите во иднина. Евалуацијата исто така, од своја страна е индикатор кој говори за активностите на судовите и квалитетот на донесените одлуки. Таа се базира на: постоење на индикатори со кои се мерат перформансите; редовна евалуација на перформансите и аутпутите (резултатите од работата на судовите); постоење на стандарди за квалитет (политики со кои се обезбедува квалитет, политики во поглед на човечките ресурси итн.); постоење на специјализирани судски кадри кои ќе се бават со политиките за квалитет.

Обуките на судиите, почетните и континуираните, се исклучително важни кога се говори за квалитетот на правосудството. Притоа, кога се говори за обуки не се мисли само на обуките од соодветната правна област туку и на оние со кои се овозможува подобрување на било какви вештини кои би им користеле на судиите при извршувањето на нивните задачи.

Со цел да се подобри транспарентноста за квалитетот и ефикасноста на судските постапки, работата на судовите треба да се следи преку разбирлив и јавно достапен систем кој ќе собира информации и редовно ќе ги оценува. Индикаторите ја одразуваат достапноста на редовните (постојни) системи за следење и оценка на работата на судовите. Системите за следење подразбираат и објавување на годишни извештаи за работа и мерењето на бројот на новопримени предмети, бројот на донесени одлуки, одложени случаи и времетраењето на постапките. Евалуирањето на активностите на судовите врз основа на индикатори, е условено со постоење на: јасна дефиниција на индикатори за перформанси (новопримени предмети, решени предмети, предмети што чекаат, стапка на раст на заостанати предмети, перформанси на судии и судски персонал, извршување на судски пресуди, трошоци), редовна евалуација на аутпутите за продуктивност, дефинирање на стандарди за квалитет (политики за гарантирање на квалитет, политики за човечки ресурси, проверка на постапките, искористување на расположливи ресурси), специјализиран судски персонал доверен со задача да ги спроведува политиките за квалитет.

За жал, годишните извештаи, како и сите останати податоци достапни од апелационите судови, ВСРСМ и ССРСМ, не содржат доволно информации од кои може да се изведе прецизен заклучок за квалитетот на одлуките на судовите. Ова особено се однесува на податоците во врска со одлуките на кривичниот оддел на АС Штип, заради лошата структура и содржина на годишните извештаи на ВСРСМ кои не дозволуваат речиси никаква аналитичка обработка на податоците, како и заради недостаток на одредени податоци, пред се, број на примени вонредни правни средства на годишно ниво по апелациони подрачја. Извештаите содржат податоци за решени предмети на годишно ниво, како и за видот на донесените одлуки, но со оглед на непостоењето на податоци за тоа колку од решените предмети се новопримени, а

колку се земени од претходна година, не може да се извлече заклучок за бројот на оспорени одлуки на апелациониот суд на годишно ниво, за понатаму да се направи анализа на тоа колку од решените предмети на апелациониот суд подлегнале под вонредни правни средства до ВСРМ, за конечно да се заклучи колку одлуки на апелациониот суд биле укинати, а колку барања на странките биле отфрлени и одбиени.

Според Оценките и заклучоците за судовите за 2018 година на Врховниот суд на Република Македонија, иако се споменува квалитетот, отсуствуваат подетални податоци за тоа како се мери квалитетот на судските одлуки. Квалитетот според овој Извештај е изразен преку односот на примените и решените предмети, а најчесто преку бројот на потврдени пресуди, наспроти бројот на укинати односно преиначени, и тоа по правни области како параметар од кој може да се извлече заклучок за квалитетот. Сепак, се нотира дека отсуствува подетален осврт за квалитетот, освен наведените показатели.

Странките согласно процесните закони во РСМ под одредени услови имаат право против правосилни одлуки да употребуваат вонредни правни средства. Од бројот на вложени правни средства во ВСРСМ, како и од нивниот исход може да се изведат заклучоци за квалитетот на работење на апелационите судови, како и на основните судови во секое апелационо подрачје.

Организацијата на работата на судиите е врз основа на Годишниот распоред на судот во кој се уредува внатрешното работење на судот, остварување на програмата за работа на судот и извештаите за работа, спорни правни прашања, административно-технички прашања поврзани со работата на судот. Претседателот на судот е воедно надлежен да врши надзор врз работата преку увид во работата на советите во судот, судијата поединец, судскиот администратор и вработените во судската служба во судот. Дополнително, претседателот на судот ја координира работата на одделите, а во негова надлежност спаѓа и формирањето на работно тело за управување со движењето на предметите за чија што работа претседателот треба да донесе годишен план за спречување и намалување на заостатокот на нерешени предмети. Оваа постапка е подетално уредена со Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

Во контекст на подобрување на квалитетот, во Судскиот деловник е предвидено дека во секој суд треба да постои судска библиотека. Судската библиотека треба да биде обезбедена со примероци од закони, прописи, коментари, како и материјали од стручна литература, книги и списанија при што стручната литература треба постојано да се дополнува. Текстовите на законите, согласно Судскиот деловник треба да бидат во доволен број за секој вработен да има лесен пристап до истите. Иако условите за тоа се ограничувачки, во судската библиотека потребно е текстовите и прописите да бидат достапни во електронска форма и запис. Во контекст на ова прашање е и пристапот на судовите до законските прописи објавени во Службен весник на РСМ.

Од друга страна, кога се зборува за квалитетот на судската правда, тешко е да се воспостават егзактни критериуми за да може тој да биде искажан во квантитативна форма. Квалитетот на судската одлука не е само прашање на формата и процедурата, туку и на примената на правото. Затоа, преку анализа на домашната и меѓународната правна рамка, односно од Уставот на РСМ каде што владеењето на правото и правната сигурност се ставени на ниво на темелни вредности, а во нормативниот дел се дадени насоките и рамките според кои е предвидено

дека Врховниот суд како највисок суд се грижи за единствена примена на законите, односно унифицирањето на судската пракса од судовите. Прашањето на квалитетот на судската правда се изведува и преку одредбите на Законот за судовите каде подетално се разработени постулатите поставени со Уставот на РСМ. Еден од најважните критериуми за квалитетот на судската правда е и начинот на образложување на судските одлуки. Следствено на тоа, преку интерпретација на членот 6 од ЕКЧП преку кое се регулира правото на правично судење како неопходен елемент на квалитетот на судската правда, која се огледува не само преку квалитетот на судските постапки и процедури од аспект на форма, туку и на содржината, јасноста и образложението на судските одлуки и нивното ефикасно извршување.

Квалитетот на судската правда зависи многу и од фактот дали судската пракса е усогласена, или пак истата е неконзистентна. Во оваа анализа се опфатени и моменталните механизми воспоставени во рамки на секој апелационен суд за усогласување на нивната пракса, со праксата на Врховниот суд, како и со постапувањето на пониските судови. Помеѓу овластувањата на претседателот на апелациониот суд како суд од повисок степен е и правото на увид во податоците на судовите од подрачјето на неговата надлежност. За таа цел, повисокиот суд одржува заеднички состанок, советување или врши посета на сите основни судови од неговото апелационо подрачје најмалку еднаш во годината. Посетите воедно се користат и за разгледување на прашања од заедничкото значење за работата на пониските судови. При вршењето на надзорот судот од повисок степен прибавува извештаи и други податоци за работата на судовите од понизок степен од соодветното подрачје. Претседателот на апелациониот суд поднесува извештај до Врховниот суд на Република Македонија, ССРСМ и Министерството за правда. Ваквата пракса е исклучително важна за утврдување на квалитетот на судската правда бидејќи иако ЕКЧП изрично не предвидува право на усогласена судска пракса, сепак во праксата на ЕСЧП има примери каде што се утврдени повреди на правото на правично судење, особено кога за слични случаи се носат видливо различни одлуки од страна на Врховниот суд или пак од повеќе судови кои судат во повисок и највисок конечен степен, таквите неконзистентни и неусогласени одлуки можат да создадат правна несигурност и да ја намалат довербата на граѓаните во судството, која доверба впрочем е најважна компонента на владеењето на правото.

### *4.1. Мерење на квалитетот на судската пракса во четирите апелациони судови*

**АС ШТИП**

Во контекст на квалитетот на обработка на предметите, АС Штип не користи специјализирани формулари, обрасци и контролни листови, туку ги користи пропишаните обрасци согласно Судскиот деловник и АКМИС системот. При постапувањето по предметите, судиите имаат координација во обработката на предметите, но нема посебен начин за обработка за одредени видови на предмети.

Со цел усогласено постапување и соодветна едукација, АС Штип подготвува прирачници во согласност со законските надлежности, и тоа: Прирачник за закажување на расправа, Прирачник за дополнителни активности на судии, Прирачник за електронска достава, Упатство за тонско снимање и др.

Испитаниците од АС Штип истакнаа дека прераспределувањето на предметите преку АКМИС е на ниво на судија, не на ниво на совет. Ова за судиите претставува проблем бидејќи останатите судии во советот немаат увид во предметот и не можат да се запознаат со неговата содржина пред одлучувањето. Беше предложено да се предвиди рок за реферирање на содржината од најмалку 7 дена, како и со Годишниот план за работа да се предвидат привилегии преку АКМИС системот за судиите во Советите кои одлучуваат. Во согласност со Процедурата за доделување на кориснички привилегии за овластените лица кои вршат обработка на лични податоци врз основа на актот за систематизација и распоредот за работа, секој вработен се распоредува во соодветна корисничка група со точно дефинирани привилегии за пристап до АКМИС системот и останатите податоци во ИТ системот. АС Штип објавува наративни годишни извештаи, како и статистички месечни извештаи збирно и по судија.

АС Штип објавува годишни извештаи за работа, кои содржат информации за новоформирани предмети, број на решени предмети на крајот од периодот на евалуација (крај на година), број на нерешени од заостанати предмети на крајот од годината. Од достапните информации се изведуваат податоци за вкупниот обем на предмети кои се уште во работа во текот на една година која е предмет на евалуација.

Податоците се понудени како агрегат и извештаите содржат наративен дел односно осврт за причините за заостанување на предмети, но отсуствуваат подетални аналитички информации, како што се информации за најчести причини за жалби, основот за укинување и преиначување на одлуките на основните судови од апелационото подрачје, поделба на предметите според висината на износот, тежината на предметот и сл.

Јавност на судската практика се обезбедува исклучиво преку објавување на одлуките на Веб страницата на Судот како и преку објавување на Билтените за судска пракса. Други облици на јавност (освен билтенот) како што се различни публикации кои би ја рефлектирале и анализирале судската практика или соопштенија од одржаните средби за стручна соработка со основните судови организирани од страната на Судот не се практикуваат.

Системско решение за следење на времетраењето на судските постапки не постои.

Секој судија нема сертификат за пристап до Службен весник на РСМ. Пристапот е од еден компјутер кој по потреба го користат вработените. Сертификатот за пристап е инсталиран на компјутерот на информатичарот кој ги симнува новите службени весници во интерна споделена папка- Службен весник на РМ, во која се чуваат службените весници од последните 2 година и во која е поставен линк до web страната на Службен весник за слободен пристап до постарите изданија. До оваа папка имаат пристап сите судии.

Во 2019 година Судот усвоил План за следење на судската пракса, општествени појави и односи според кој е предвидено редовно одржување на седниците на одделите по што треба да се подготвуваат предлози за заземање на определен став за усогласување на судската пракса. Иако Планот предвидува објавување на пополнет формулар за судска пракса кој претседателите на советите го пополнуваат откако советот ќе оцени дека одлуката треба да биде обележана како пример во судската пракса во интерната папка Оддел за судска пракса која е дел од интерниот систем од споделени папки- Електронски информатор за судии, таков документ не е достапен на веб страницата.

АС Штип на својата страница не објавува наративни квартални или месечни извештаи, така што достапни се единствено табеларни прикази на движењето на предметите (прилив, решавање и слично). Со тоа се оневозможува комплетирање на оваа анализа.

Во врска со квалитетот работата на граѓанскиот оддел на АС Штип од расположливите податоци може да се изведе одреден заклучок само врз основа на анализа на ревизиите во ВСРСМ според годишните извештаи за работа за 2016, 2017 и 2018 година.

**Табела 33: Анализа на ревизиите на ВСРСМ по одлуките на АС Штип**

| | **Вкупно предмети по ревизија на АС Штип** | **Ревизии одбиени како неосновани** | | **Усвоени ревизии со преиначени одлуки** | | **Усвоени ревизии со укинати одлуки** | | **Отфрлени ревизии** | | **% на квалитет** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2016** | 74 | 44 | 59,5% | 4 | 5,4% | 12 | 16,2% | 14 | 18,9% | 78,3% |
| **2017** | 85 | 52 | 61,1% | 7 | 8,2% | 13 | 15,2% | 13 | 15,2% | 85,7% |
| **2018** | 97 | 63 | 64,9% | 4 | 4,1% | 15 | 15,4% | 15 | 15,4% | 80,3% |

Ревизијата како вонреден правен лек во граѓанските постапки се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Во 2016 година ВСРМ имал во работа вкупно 74 предмети по ревизии на одлуките на АС Штип. Од нив, отфрлени се 14; одбиени се 44; преправени одлуки се 4; и укинати одлуки се 12. Оттука, усвоени ревизии и преиначени одлуки на АС Штип има само 5.4%, усвоени ревизии со укинати одлуки има 16.2%, отфрлени ревизии 18.9%, а одбиени ревизии против одлуките на АС Штип се дури 59,4%. Следствено, дури 78,3% од одлуките на АС Штип против кои е поднесена ревизија во 2016 година остануваат во сила, односно ВСРМ одлучил дека се законити. Тоа може да претставува реален податок за солиден квалитет на донесените судски одлуки.

Во 2017 година ВСРМ имал во работа вкупно 85 предмети по ревизии на одлуките на АС Штип. Од нив, отфрлени се 13; одбиени се 52; преиначени одлуки се 7; и укинати одлуки се 13.

Оттука, усвоени ревизии и преиначени одлуки на АС Штип има само 8.2%, усвоени ревизии со укинати одлуки има 15.2%, отфрлени ревизии 24,6%, а одбиени ревизии против одлуките на АС Штип се дури 61,1%. Во 2017 година, АС Штип според овие показатели покажал повисок квалитет во работата во однос на претходната година бидејќи бележи резултат од дури 85,7% одлуки на Судот против кои е вложена ревизија, а кои остануваат во сила, односно за кои ВСРМ одлучил дека се законити.

Во 2018 година ВСРМ имал во работа вкупно 97 предмети по ревизии на одлуките на АС Штип. Од нив, отфрлени се 15; одбиени се 63; преиначени одлуки се 4; и укинати одлуки се 15. Оттука, усвоени ревизии и преиначени одлуки на АС Штип има само 4,1%%, усвоени ревизии со укинати одлуки има 15,4%, отфрлени ревизии 15.4%, а одбиени ревизии против одлуките на АС Штип се дури 64,9%. И во 2018 година, АС Штип според податоците покажува висок степен на квалитет во одлуките, со оглед на фактот што 80,3% од одлуките на Судот против кои била поднесена ревизијата, останале во сила, односно ВСРМ одлучил дека се законити. [48]

АС Штип при донесување на одлуките внимава на усогласеноста со праксата на Врховниот суд на РСМ, како и со праксата на ЕСЧП. Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со четирите апелациски судови, повеќе од десет години организира средби за хармонизација на судската пракса во делот на правните прашања и предизвици со кои се соочуваат апелационите судови како и за усогласување на правните стојалишта на апелационите судови за исти или слични правни прашања а со цел да се обезбеди правна сигурност и предвидливост за граѓаните и другите лица во РСМ. И покрај тоа што апелационите судови имаа проактивен пристап заедно со Академија за судии и јавни обвинители, самиот процес за усогласување на судската пракса до неодамна имаше суштествен недостаток од аспект на отсуство на Врховниот суд. Поради тоа, Врховниот суд започна да учествува на средбите на четирите апелациони судови за усогласување на судската пракса на седницата која се одржа во Струга од 28-29 јуни 2018 година[49]. Согласно чл. 72 ст. 1 од Судскиот деловник[50] судската пракса во АС Штип се обработува во посебен оддел во судот. Според внатрешната организација на судот се предвидува Оддел за судска пракса во кој покрај претседателот на судот членуваат и претседателите и судски соработници на кривичниот и граѓанскиот оддел.

За разлика од другите судови, во АС Штип уште во 2015 година е донесен извештај за усогласување на судската пракса и правните ставови во АС Штип. Во извештајот меѓу другото, е наведено дека во граѓанскиот оддел се одржани повеќе состаноци на кои се разгледани правни прашања за усогласување на судската пракса. Тоа се однесува на одлуките донесени на ниво на АС Штип, но и усогласување со одлуките на останатите апелациони судови во државата. Така на пример, било усогласено постапувањето на судските совети по предметите за определување на паричен надомест на експроприрана недвижност, по предметите кои се наоѓаат на одлучување во апелациониот суд во Штип, биле заземени ставови за повеќе правни прашања истакнати од

[48] Ова се податоци за број на преиначени и потврдени пресуди на АС Штип од страна на ВСРСМ од вкупниот број одлуки на АС Штип што секоја година ВСРСМ ги зема во работа. Но, ВСРСМ нема податок дали ревизиите што ги одлучува секоја година се само од тековната година или има и ревизии од претходни(и) година(и) за да може со сигурност да се заклучи дека тој број на ревизии што ВСРСМ ги одлучува се и број на добиени ревизии таа година против вкупниот број на одлуки на АС Штип донесени истата година.

[49] Оваа средба беше организирана од страна на Академијата за судии и јавни обвинители а беше поддржана од страна на Центарот за правни истражувања и анализи во рамките на Проектот „ Подобрување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста на судството во Македонија" поддржан од страна на Британската амбасада во Скопје.

[50] Судски деловник („Службен весник на РСМ бр. 66/2013 од 09.05.2013 година)"

Апелационите судови во Битола, Скопје и Гостивар во функција на одржување на заедничката средба на граѓанските оддели од Апелационите судови, итн. Во годишниот извештај за 2016 не постои податок за работењето на одделот за судска пракса, а во 2017 и 2018 година, судската пракса се спомнува само во организационата поставеност и систематизација на Апелациониот суд. АС Штип на својата веб страна редовно изготвува Билтени за следење на судската пракса во електронска и печатена форма. Во изработката на билтените за судска пракса учествуваат претседателот на судот, претседателите на одделите за граѓанска и кривична материја, по еден судски соработник од двата оддели како и информатичари-советници. Секој билтен е поделен на две области, кривичен и граѓански оддел. Последниот објавен билтен бр.11 од јануари 2019 година содржи 43 обработени одлуки од кои 19 се од кривичната и 24 одлуки се од граѓанскиот оддел. Во кривичниот оддел се опфатени одлуки од областа на Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и Законот за прекршоци. Во граѓанскиот оддел се опфатени одлуки од имотните, семејните и наследните односи и одлуки од трговските и работните спорови. Обработените одлуки објавени во билтените ја одразуваат праксата на АС Штип.

На почетокот на 2019 година се забележува поголема заинтересираност за усогласување на судската пракса во АС Штип и нивната пракса со останатите апелациони и основни судови. Во програмата за работа за 2019 година за разлика од претходните години, точно се определени задачите и целите на судот со кој се гарантира заштита на човековите права слободи и права.

Согласно Годишниот распоред за работата на АС Штип за 2019 година, претседателот на судот е назначен и за претседател на одделот за судска пракса и евиденција за да се нагласи важноста на овој оддел и за да се загарантира неговото правилно функционирање согласно судскиот деловник и законите. Членовите на одделот се состануваат еднаш во текот на месецот. Во текот на редовните состаноци се анализираат и издвојуваат покарактеристичните одлуки на ниво на ВСРСМ што поминале прв, втор и трет степен, и со согласност на сите членови, издвоени одлуки на ВСРСМ се објавуваат во Билтенот на ниво на апелационо подрачје Штип, за да ги користат како пракса и останатите апелациони и пониски судови.

Во 2019 е донесен и План за следење на судската пракса, општествените појави и односи, според кој се предвидува редовно одржување на седниците на одделите по што ќе следуваат предлози за заземање на определен став за усогласување на судската пракса. Иако во програмата е наведено дека на веб страната на АС Штип е објавен формулар за судска пракса кој претседателите на советите го пополнуваат откако советот ќе оцени дека одлуката треба да биде обележана како пример во судската пракса, таков документ не постои.

Претседателите на Одделите, го определуваат начинот на кој одделението за судска пракса ќе ги евидентира правните мислења прифатени на седниците на одделите. Во Одделението ќе се евидентираат:

- Одлуките не Европскиот суд за човекови права во Стразбур;
- Одлуките на Врховниот суд на РМ во кои има нови правни становишта, стручни трудови и осврти објавени во Билтенот на Судската пракса на Врховниот суд и Збирка на судски одлуки како и начелни ставови на ВСРСМ,
- Заземени правни становишта на одделите во АС Штип по одделни правни прашања иницирани во АС Штип и од Основните судови од подрачјето на овој суд,
- Заеднички правни ставови на ниво на Апелациони судови на РМ,

- Анализи, информации и укажувања од АС Штип и основните судови на подрачјето на овој суд,
- Сентенци, осврти и други материјали за Билтенот на Судска пракса на АС Штип,
- Материјали за едукација на судиите и стручниот кадар на ниво на АС Штип,
- Други материјали од важност за судската евиденција и пракса и
- Редовно ажурирање и одржување на податоците во новата Програма за судска пракса која што беше целосно преработена во текот на 2018 година.

За надминување на лошата пракса од минатото, Претседателот на АС Штип одржува заеднички средби (најмалку два пати годишно) со претседателите на основните судови, на кои се анализираат податоците од судската статистика и извештаите за работа на основните судови, во согласност чл.23 од Судскиот деловник. Со цел усогласување на судската пракса, Претседателот на АС Штип гарантира дека судот укажува на слабостите во работењето на основните судови со предлог за нивно отстранување, за што се известуваат основните судови и ВСРСМ. Не е предвидена посебна методологија или систем според кој судиите ја консултираат судската пракса. Некои од судиите спеменаа дека ги знаат претходните одлуки по сродните предмети и дека не вршат повторна проверка дали е променет ставот по одредено правно прашање. Праксата од самиот суд се користи за аргументација на ставови како помошен инструмент, но истата не е цитирана во судските одлуки. Со цел да се усогласат ставовите по одредени правни прашања и мислења, апелационите судови одржуваат редовни средби со Врховниот суд на кои се донесуваат заклучоци. Беше истакнато дека записникот и заклучоците од редовните средби со Врховниот суд, АС Штип ги доставува до основните судови. Ставот на испитаниците е дека основните судови воглавно ги почитуваат заклучоците. Судската пракса од ЕСЧП ја користат и за пополнување на правните празнини, иако истата не е извор на правото.

**Квалитет на судска правда - Препораки за АС Штип:**

- **Прераспределувањето на предмети во АКМИС наместо на ниво судија да се врши на ниво на совет**
- **Утврдување на рок за реферирање на содржината на предметот од најмалку седум дена**
- **Годишните извештаи за работа да се надополнат со дополнителни информации: причини за жалби, основ за преиначување на одлуки, поделба на предметите според висината на износот и слично**
- **Објавување на публикации со анализа на судската практика и соопштенија резултатите од одржаните средби со основните судови**
- **Воведување на системско решение за следење на времетраењето на судските постапки**
- **Овозможување на пристап до Службен весник на РСМ до секој судија**
- **Изработка и објавување на документ (формулар) за судска пракса за одлука која треба да биде обележана како пример во судската пракса, подготвен од претседателите на судиите**
- **Објавување на квартални и месечни извештаи**
- **Со оглед на фактот дека анализа на квалитетот на одлуките на АС Штип врз основна на расположливите податоци од извештаите на ВСРСМ е возможна само за работата на Граѓански оддел (работа на ВСРСМ по ревизии) и резултатите се позитивни, потребно е вакви податоци да бидат достапни и за квалитетот на работат на кривичниот оддел кои во моментов отсуствуваат**
- **Одржување на редовни и континуирани средби со ВСРСМ и останатите апелациони судови заради усогласување на правните стојалишта на апелационите судови**
- **Подобрување на квалитетот на судски одлуки изразен преку бројот на одлуки кои останале во сила после вложена ревизија во ВСРСМ со заложба да се врати резултатот од 2016 година**
- **Дополнителни обуки за користење на водичот за цитирање на праксата на ЕСЧП**

**АС ГОСТИВАР**

Судот своето работење го организира врз основа на Годишниот распоред и Актот на систематизација на работните места. Во последниве две години не е поднесен приговор против Годишниот распоред. Во распоредот се интервенира кога има промена на избраните судии како и зголемен обем на работа. Целта е да има колку што е можно помалку интервенции, но судиите се во континуирана комуникација и доколку има потреба лесно закажуваат седница за промена на годишниот распоред. Годишниот распоред на АС Гостивар е достапен и на веб страната на судот.

АС Гостивар редовно врши посети до основните судови. За контролите и посетите, предвидена е посебна методологија која содржи критериуми за проверка и координација на работата на основните судови по редовни и ненајавени посети, по што судот дава предлози за преземање на мерки. Во таа насока, испитаниците истакнаа дека се подготвуваат акциони планови со соодветни контролни механизми и насоки за основните судови.

Судот има задолжено судски соработник како службено лице за имплементација и одржување на Системот за управување со квалитет (ISO 9001:2015) кое воедно раководи со тимови од претставници на раководството за утврдување на квалитет. Но и покрај тоа, АС Гостивар не користи стандардизирани формулари, обрасци и контролни листови, а воедно нема специјализирана обработка на предметите за одредени видови на предмети. Дополнително на тоа, не се спроведува координација во обработка на податоците.

**Табела 34: Анализа на ревизиите на ВСРСМ по одлуките на АС Гостивар**

| | **Вкупно предмети по ревизија на АС Гостивар** | **Ревизии одбиени како неосновани** | | **Усвоени ревизии со преиначени одлуки** | | **Усвоени ревизии со укинати одлуки** | | **Отфрлени ревизии** | | **% на квалитет** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2016** | 148 | 46 | 31,1% | 4 | 2,7% | 29 | 19,6% | 69 | 46,6% | 77,7% |
| **2017** | 150 | 75 | 50% | 6 | 4% | 32 | 21,34% | 37 | 24,66% | 74,6% |
| **2018** | 147 | 92 | 62,58% | 14 | 9,52% | 13 | 8,84% | 28 | 19,04% | 81,6% |

Во 2016 година ВСРМ имал во работа вкупно 148 предмети по ревизии на одлуките на АС Гостивар. Од нив, отфрлени се 69; одбиени се 46; преправени одлуки се 4; и укинати одлуки се 29. Оттука, усвоени ревизии и преиначени одлуки на АС Гостивар има само 2.7%, усвоени ревизии со укинати одлуки има 19.6%, отфрлени ревизии 46.6%, а одбиени ревизии против одлуките на АС Штип се дури 46,6,4%. Следствено, 77,7% од одлуките на АС Гостивар против кои е поднесена ревизија во 2016 година остануваат во сила, односно ВСРМ одлучил дека се законити.

Во 2017 година ВСРМ имал во работа вкупно 150 предмети по ревизии на одлуките на АС Гостивар. Од нив, отфрлени се 37; одбиени се 75; преиначени одлуки се 6; и укинати одлуки се 32. Оттука, усвоени ревизии и преиначени одлуки на АС Гостивар има само 4%, усвоени ревизии

со укинати одлуки има 21,34%%, отфрлени ревизии 24,6%, а одбиени ревизии против одлуките на АС Гостивар се дури 50 %. Во 2017 година, АС Гостивар според овие показатели покажал помал квалитет во работата во однос на претходната година бидејќи бележи резултат од 74,6% одлуки на Судот против кои е вложена ревизија, а кои остануваат во сила, односно за кои ВСРМ одлучил дека се законити.

Во 2018 година ВСРМ имал во работа вкупно 147 предмети по ревизии на одлуките на АС Гостивар. Од нив, отфрлени се 28; одбиени се 92; преиначени одлуки се 14; и укинати одлуки се 13. Оттука, усвоени ревизии и преиначени одлуки на АС Гостивар има 9,52%, усвоени ревизии со укинати одлуки има 8,84%, отфрлени ревизии 19.04%, а одбиени ревизии против одлуките на АС Гостивар се дури 62,58%. И во 2018 година, АС Гостивар според податоците покажува висок степен на квалитет во одлуките, со оглед на фактот што 81,6% од одлуките на Судот против кои била поднесена ревизијата, останале во сила, односно ВСРМ одлучил дека се законити.

Месечните и годишните извештаи за работата на судот се подготвени во стандардизиран формат и се уредно објавени на веб страната на судот. Судот нема објавени билтени или збирки.

Согласно членот 72, став 1 од Судскиот деловник, во АС Гостивар е формиран Оддел за судска пракса. Одделот за судска пракса има Претседател со двајца заменици (претседатели на кривичниот и на граѓанскиот оддел). Капацитетите на одделот за судска пракса во АС Гостивар се помали од одделите на останатите апелациони судови.

Од разговори со Претседателот на Одделот за судска пракса се доаѓа до сознание дека трите оддели имаат сопствена улога во следењето и усогласувањето на судската пракса. Така, Кривичниот и Граѓанскиот оддел редовно одржуваат седници на кои ги разгледуваат правните прашања кои се појавиле во текот на нивното работење, како и правните прашања кои до нив се доставени од страна на основните судови на апелационото подрачје. Комуникацијата се одвива така што судот ги добива дописите од основните судови и ги препраќа директно до Граѓанскиот или Кривичниот оддел, а тие потоа стапуваат во комуникација со Претседателот на Одделението за судска пракса. Се разбира, во текот на овие седници се разгледуваат и предмети кои се вратени од Врховниот суд, со цел да се утврди како би требало да се постапува во иднина во слични предмети. Сите заклучоци кои се постигнати на споменатите седници се доставуваат до Претседателот на Одделот за судска пракса, по што понатаму се објавуваат на интерната веб страна на Апелациониот суд. Таму тие се делат во посебни папки (фолдери) со оглед на прашањата на кои се однесуваат.

Освен заклучоците од двата останати оддели, Претседателот на Одделот за судска пракса на интерната веб страница ги објавува и пресудите од Европскиот суд за човекови права кои се доставуваат до Судот (во врска со неговите предмети) како и општите правни мислења и начелните ставови на Врховниот суд и истите се организирани во фолдери. За жал, софтверското решение не е доволно напредно за да постои можност дополнително да се олесни пребарувањето по клучни зборови.

Годишните извештаи на АС Гостивар се достапни заклучно со 2018 година, додека месечните извештаи се објавуваат редовно и истите можат да се најдат на веб страната на судот. Сепак, во нив не се врши никаков осврт на следењето и усогласувањето на судската пракса. Последен

објавен Билтен е за 2014 година и во него се содржани заклучоци од работната средба на граѓанските оддели на четирите апелациони судови што се одржала во мај 2014. Според доставените податоци, судот има изготвено билтен и за 2016 година, но истиот не е јавно достапен.

Што се однесува до програмите за работа, гледано од аспект на Одделот за судската пракса, тие не даваат доволно податоци за да се утврди квалитетот и следењето на судската пракса. За пример би истакнале дека во Програмата за 2017 година (која е единствена достапна на веб страната) е наведено: *„[в]о текот на 2017 год. во овој оддел ќе бидат ангажирани судиите и судските соработници на начин, постапката и предмет на работа како е определено во распоредот за работа“.* Според Програмата за 2017 година, судот планира и ги посетува основните судови на своето подрачје, но не е прецизиран распоредот, кои оддели и кога ќе се посетат. Извештаите, пак, не даваат поголем увид во тоа во која мера е реализирана оваа активност.

Според Годишниот распоред за 2018 година, истакнато е дека „[о]дделот за судска практика треба да ја усогласи работата на сите судски оддели во судот за извршување на задачите кои што се однесуваат на евиденција и проучување на судската практика. Одделот за судска практика согласно Судскиот деловник е должен да донесе план за следење на судската практика. Претседателите на сите оддели во судот се должни да ги доставуваат правните мислења и заклучоците до претседателот на овој оддел. Претседателот на овој оддел определува начин на кој одделот ги евидентира правните мислења прифатени на седницата на одделот. Претседателот на одделот го определува начинот на евидентирање и објавување на судската практика. Претседателот на Оддел за судска практика изготвува програма и годишен извештај за работа на одделот којшто по претходно усвојување на седница на судии, и истиот го доставува до Претседателот на судот“. Во одделот за судска пракса исто така, се определуваат двајца соработници. Но, сите овие насоки и задачи остануваат само на хартија. Од она што е реално реализирано заклучокот е дека не се почитуваат планираните активности на годишно ниво, ниту одредбите од Судскиот деловник.

Оттаму, може да се стекне генерален впечаток дека АС Гостивар има далеку помалку развиени механизми и системи за следење и усогласување на судската пракса.

Во разговорот со Претседателот на Одделот за судска пракса беа нотирани неколку предизвици за развојот на Судот воопшто, а оттаму и за квалитетно следење и усогласување на праксата:

- судиите кои ја преземаат улогата на Претседател на Одделот за судска пракса не се ослободени од ориентациониот број на предмети утврден од страна на ССРСМ, што исто како и во случајот на АС Битола доведува до потешкотии при извршувањето на оваа нивна задача;
- просторите услови во Судот не се адекватни (имено, целиот АС Гостивар располага со само еден спрат од деловен објект), поради што нема библиотека во која уредно би се складирале заклучоците донесени на Кривичниот и Граѓанскиот оддел, како и сите други релевантни документи од аспект на судската пракса;
- во Судот нема доволно стручни соработници, поточно, соодносот е еден стручен соработник на тројца судии – следствено, отежнато е секојдневното функционирање и решавањето на предметите навреме, дотолку повеќе и следењето на праксата;

- во Судот нема вработен библиотекар кој би ги складирал и дигитализирал заклучоците на Кривичниот и Граѓанскиот оддел, но и останатите релевантни документи со цел усогласување на праксата;
- во Судот има само еден информатичар чија задача е да го одржува системот поради тоа што не би можел да ги извршува и работите поврзани со дистрибуирање на заклучоците и правните мислења важни од аспект на судската пракса.

Сепак, на самиот крај би било нужно да се истакне дека според Претседателот на Одделот за судската пракса, во АС Гостивар судиите редовно комуницираат меѓусебно и ги споделуваат нивните гледишта околу самата судска пракса. Тоа не би изненадило со оглед на фактот дека судиската функција во Судот ја вршат вкупно 13 судии.

**Квалитет на судска правда - Препораки за АС Гостивар:**

- **Намалување на бројот на интервенции во донесениот годишен распоред**
- **Започнување со редовно користење а стандардизирани формулари, обрасци и контролни листови**
- **Специјализирана обработка на предметите по одредени видови на предмети**
- **Вложување напори да се одржи (по можност и подобри) квалитетот на судските одлуки во граѓанскиот оддел**
- **Со оглед на фактот дека анализа на квалитетот на одлуките на АС Гостивар врз основна на расположливите податоци од извештаите на ВСРСМ е возможна само за работата на Граѓански оддел (работа на ВСРСМ по ревизии) и резултатите се позитивни, потребно е вакви податоци да бидат достапни и за квалитетот на работата на кривичниот оддел кои во моментов отсуствуваат**
- **Објавување на билтени и збирки на стручни трудови**
- **Подобрување на капацитетите на одделот за судска пракса преку зголемување на бројот на судии во одделот за судска пракса**
- **Надградба на софтверското решение со можност да се изврши пребарување по клучни зборови за пребарување на пресудите на ЕСЧП и општите правни мислења и начелни ставови на ВСРСМ**
- **Дополнителни обуки за користење на водичот за цитирање на праксата на ЕСЧП**
- **Редовно објавување на билтените од 2014 година до денес**
- **Подобрување на содржината на програмите за работа од аспект на Оддел за судска пракса**
- **Прецизирање на распоредот на посети на основните судови, одделите во кои ќе бидат извршени посетите и слично**
- **Доследно почитување на планираните активности на годишно ниво и одредбите од судскиот деловник за работа на Оддел за судска пракса**
- **Носење на план за следење на судската практика, доставување на правни мислења и заклучоци од страна на претседателите на одделите, евидентирање на правните мислења прифатени на седница на оддел и тн.**
- **Намалување на ориентациониот број на предмети утврден од стана на ССРСМ за судиите кои ја вршат улогата на Претседател на совет за судска пракса**
- **Овозможување на просторни услови за оформување на библиотека која ќе ги содржи сите релевантни документи од аспект на судска пракса**
- **Вработување на лица задолжено за библиотеката кое би ги складирало и дигитализирало заклучоците на кривичниот и граѓанскиот оддел и сите релевантни документи заради усогласување на праксата**
- **Лиценци за пристап до Службен весник на РСМ за секој судија и стручен соработник**

## АС БИТОЛА

АС Битола усвојува годишен распоред кој е објавен на веб страната на судот. Досега немало приговори на годишниот распоред. Годишниот распоред во АС Битола се менува исклучиво од објективни причини, а најчесто при зголемен прилив на предмети. Во распоредот се интервенира кога има избор на нови судии, одлив на кадар, прием на стручни соработници и кога има потреба од организирање на работата во советите. Целта е да има колку што е можно помалку интервенции. Во текот на 2017 година имало седум пати интервенции во годишниот распоред, во случаи кога двајца судии биле подолг период на боледување. Измените на Годишниот распоред ги врши Претседателот на АС Битола.

За квалитетот на одлуките на АС Битола, информациите се наведени во годишните извештаи на ВСРМ. АС Битола објавува месечни и годишни извештаи за својата работа. Објавените месечни извештаи не содржат наративен дел и претставуваат само статистички показател за обемот на работа на судот (евиденција на судски предмети).

Врз основа на податоците содржани во годишните извештаи на ВРСМ ревизија на предметите од граѓанскиот оддел во периодот 2016-2018 е евидентирана во следниот обем:

**Табела 35: Анализа на ревизиите на ВСРСМ по одлуките на АС Битола**

| | **Вкупно предмети по ревизија на АС Битола** | **Ревизии одбиени како неосновани** | | **Усвоени ревизии со преиначени одлуки** | | **Усвоени ревизии со укинати одлуки** | | **Отфрлени ревизии** | | **% на квалитет** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2016** | 235 | 129 | 54,9% | 14 | 5,9% | 18 | 7,7% | 74 | 31,5% | 86,3% |
| **2017** | 197 | 119 | 60,40% | 17 | 8,63% | 19 | 9,65% | 42 | 21,32% | 81,7% |
| **2018** | 196 | 113 | 57,65% | 14 | 7,14% | 30 | 15,31% | 39 | 19,90% | 77,1% |

Во 2016 година во АС Битола имало вкупно 235 предмети по ревизија од кои 129 предмети т.е. 54,9% биле одбиени како неосновани. Усвоени ревизии со преиначени одлуки има вкупно 14 или 5,9%, додека усвоени ревизии со укинати одлуки се 18 предмети односно 7.7%. За 2016 година, во евиденцијата за АС Битола има вкупно 74 односно 31% отфрлени ревизии. Вкупно останати во сила одлуки на АС Битола по поднесена ревизија е 86,3%.

Во 2017 година бројот на вкупно предмети во ревизија е намален на 197 предмети од кои на 119 предмети или 60,40% им е одбиена ревизија. Предмети со усвоена ревизија со преиначена одлука има вкупно 17 т.е. 8,63%, а предмети со усвоена ревизија и укината одлука има вкупно 19 т.е. 9,65%. За предметната 2017 година има вкупно 42 предмети со отфрлена ревизија. Следствено, 81,7% од одлуките на АС Битола против кои е поднесена ревизија во 2017 година остануваат во сила, односно ВСРМ одлучил дека се законити.

Во 2018 година, бројот на предмети бележи тренд на намалување и има вкупно 196 предмети по ревизија. Како предмети по ревизија одбиени како неосновани евидентирани се 113 предмети или 57,65%, предмети по ревизија со преиначени одлуки вкупно 14 или 7.14%, а освоени ревизии со укинати одлуки има 30 (што е зголемено за третина во споредба со

претходните две години) и тие претставуваат 15,31%. Отфрлени ревизии има вкупно 39 односно 19,90% и исто така овој број бележи тренд на намалување во однос на 2016 и 2017 година. Оттука 77,1% од одлуките на АС Битола против кои е поднесена ревизија во 2018 година остануваат во сила, односно ВСРМ одлучил дека се законити.

АС Битола одржува средби на ниво на оддели со другите судови од апелационото подрачје и врши редовна контрола врз работата на пониските судови. Оваа соработка континуирано се надградува, а резултатите се прикажуваат во извештаи. Соработката се врши на ниво на сите оддели вклучително и стручна служба и ИТ и вродила со огромни резултати во повеќе аспекти од работата на судовите. На тој начин се надминуваат недоследностите во однос на заостанати предмети, АКМИС, заземање на ист став по одредени прашања и тн.

Пристапот до "Службен весник на РСМ" е овозможен преку една лиценца. Судиите го користат пристапот само преку еден компјутер кој се наоѓа во библиотеката на судот. Поради ваквото ограничување, тие информираа дека често ја користат базата на закони на Министерство за правда која не се ажурира редовно. Имајќи предвид дека пристапот до Службен весник на РСМ кој овозможува точна и навремена достапност на законите е клучен за обавување на судските надлежности, судиите заклучија дека ограничувањето на една лиценца е сериозен проблем. Тие предложија Владата да наложи секој судија и стручен соработник да има свој пристап кој би бил решен преку повластени цени или бесплатно.

Водичот за цитирање на праксата на ЕСЧП се користи во многу мал дел. Дел од судиите објаснија дека не се сите вработени во судот доволно запознаени и обучени за користење на водичот. Цитирање на судска пракса се врши, но не на начин како што е утврдено во водичот. Судиите објаснија дека ова може да се надмине доколку се зголеми бројот на стручни соработници во судот.

АС Битола при донесување на одлуките внимава на усогласеноста со праксата на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Ова е надлежност на одделот за судска пракса. Беше констатирано дека комуникацијата со Врховниот суд на РСМ е сведена на минимум и покрај бројните иницијативи на АС Битола за зајакната соработката во овој дел.

Досега немало пракса на советување со ВСРСМ на ниво на оддели, како што се спроведува помеѓу апелациските и основните судови. Во однос на одредени правни прашања за кои АС Битола имале потреба од правни мислења од Врховниот суд, дел од судиите објаснија дека најчесто не добивале никакви одговори од Врховниот суд, а се случило и да добијат правно мислење по затворање на предметот.

Во тој контекст, беше констатирано дека и покрај уставната надлежност на Врховниот суд на РСМ за воедначување на судската пракса, Судот не ја исполнува оваа законска обврска. Праксата на соработка на АС Битола со основните судови треба да биде применета и вертикално со судовите од повисока инстанца. Овој тип на соработка мора да се унапреди под покровителство и иницијатива на Врховниот суд на РСМ.

Одделот за судска пракса носи план за работа и издвојува сентенци за Билтенот за судска пракса. Праксата на судот се систематизира по правни области и по вид на предмети.

Во согласност со членот 72, став 1 од Судскиот деловник, во АС Битола е формиран Оддел за судска пракса. Овој оддел, согласно внатрешната организација, е сочинет од пет судии. Освен

нив, во него работат и седум стручни соработници. Оттаму, се добива впечаток дека Одделот за судска пракса во АС Битола е всушност мошне екипиран.

Кога станува збор за следењето и усогласувањето на судската пракса, на порталот на АС Битола редовно се објавуваат билтени со прецизни податоци за сите години. Во следењето на судската пракса своја улога имаат трите оддели во судот: Граѓанскиот оддел, Кривичниот оддел и веќе споменатиот Оддел за судска пракса.

Во првиот (Граѓанскиот оддел), редовно се одржуваат седници на кои се разгледуваат правни прашања и се донесуваат заклучоци. Заклучоците, пак, се доставуваат до секој од судиите, но и до Одделот за судска пракса од каде се објавуваат на интерната веб-страна на Апелациониот суд. Така, секој судија има можност да пристапи кон заклучоците донесени на седниците на Граѓанскиот оддел.

Евидентно е дека седници на Граѓанскиот оддел со цел разгледување на правни прашања се одржуваат често, а се претпоставува дека бројот варира зависно од општествените случувања и природата на примените предмети. Кога станува збор за правните прашања, тие најчесто се иницираат од самите судии на Граѓанскиот оддел, но не е исклучено дел од нив да бидат иницирани и од граѓанските оддели на Основните судови од апелационото подрачје. Мал дел од прашањата се иницирани и во текот на средбите на Апелационите судови. Граѓанскиот оддел разгледува и барања од странки кои се обратиле до него, а во врска со одлуки на советите кои одлучувале по слични предмети. Освен тоа, во Годишните извештаи почнувајќи од 2013 па сè до 2017 година се наведува дека Граѓанскиот оддел разгледувал и дописи од Академијата за судии и јавни обвинители и од Врховниот суд.

Освен тоа, значајно за следењето и усогласувањето на судската пракса е и тоа што Апелациониот суд секоја година врши посети на Основните судови од неговото апелационо подрачје. Овие посети се планираат со програмите за работа кои се донесуваат за секоја година и во основа се одвиваат непрекинато во текот на неколкуте опфатени години (колку што може да се утврди според извештаите за работа достапни на веб-страната на Судскиот портал на Република Северна Македонија).

Во текот на овие посети судиите од АС Битола разгледуваат стари и нерешени предмети во респективниот основен суд, а покрај тоа се одржуваат и заеднички седници со судиите од Граѓанските оддели на Основните судови со цел да се разменат мислења по поставени правни прашања и проблеми кои се јавуваат во секојдневното работење. За увидот во нерешените предмети, односно за причините зошто нивното решавање толку долго трае, се изготвуваат писмени извештаи.

Кривичниот оддел на АС Битола исто така игра значајна улога во следењето и усогласувањето на судската пракса во соодветната материја. Идентично како и во рамките на Граѓанскиот оддел и таму се одржуваат седници на кои се дискутира за правни прашања кои произлегле во секојдневната работа. Освен тоа, на седници на Кривичниот оддел се разгледуваат и вратени одлуки од Врховниот суд, со цел да се утврди како поинаку би можело да се постапи, а освен тоа внимание се посветува и на пресудите на ЕСЧП во Стразбур. Се разбира, не се пренебрегнати ниту правните прашања кои се истакнуваат на заедничките средби на четирите Апелациони судови.

Специфично кај Кривичниот оддел е тоа што тој е далеку помал од Граѓанскиот; едниот брои само 4, а во другиот има 17 судии. Оттаму, очекувано е дека бројот на седници на Кривичниот оддел ќе е помал, земајќи предвид дека респективните судии можат и преку неформална комуникација да ги разрешуваат дилемите кои се појавуваат во текот на работењето.

На крај, би истакнале дека заклучоците кои се носат на седниците на Кривичниот оддел, исто како и кај Граѓанскиот, се доставуваат до Одделот за судска пракса и се објавуваат на интерната веб-страна на Апелациониот суд.

Одделот за судска пракса е предвидено да ја олесни и координира комуникацијата помеѓу двата оддели. Како што беше споменато, одделот ги евидентира заклучоците кои се донесени на седници на другите два оддели и ги објавува на интерната веб страна на судот. Со тоа секој судија е во можност да пристапи до нив. Дополнително на тоа, тие се содржат и во библиотеката на АС Битола, но и електронски ги објавува пресудите на ЕСЧП, кои се доставени до него.

Она што претставува позитивен сигнал кога станува збор за работата на Одделот за судска пракса во АС Битола е електронскиот систем за евидентирање на судската пракса. Имено, софтверското решение е такво да сите стари заклучоци кои се донесувани во рамки на судот, но и новите, се ажурирани и достапни за пребарување електронски и тоа по клучен збор (пр. „штета“; „куче“; „возило“).

Освен тоа, Одделот за судска пракса на дневна база ги следи и одлуките на поединечните совети во Кривичниот и Граѓанскиот оддел. Така, почнувајќи од септември 2017 година, секој месец (освен декември 2017 година) во Одделот за судска пракса се распоредува по еден стручен соработник, кој ги разгледува сите донесени одлуки од тековниот месец во двата оддели во судот и пристигнатите одлуки од Врховниот суд, па во координација со Претседателот на одделот за судска пракса, се избираат референтни одлуки и правни заклучоци, ставови и мислења изразени во одлуките, кои во форма на сентенци и извештај за работата на стручниот соработник, се изготвуваат и доставуваат до сите судии. На седница на Оддел – Кривичен или Граѓански, судиите ги разгледуваат предлог сентенците и извештаите, па откако истите ќе бидат одобрени, се објавуваат на интерната страна за судска пракса на овој суд. Истовремено, се иницира и разгледување на одлуки од кои произлегува неконзистентност на судската пракса на овој суд, разлика во одлучувањето за исти или слични правни ситуации и примена на закони. Првичните ефекти од ваквата новина во работата на Одделот за судска пракса се видливи преку можноста на судиите преку извештаите за работа да имаат увид во донесени одлуки од други совети, согледување на евентуални недоследности во примената на заклучоците на Граѓанскиот и Кривичниот оддел или потребата од донесување на нови заклучоци или правни ставови. Судиите ја прифатиле и оцениле ваквата активност на Одделот за судска пракса како позитивна и практична за работата на одделите. Всушност, како што беше утврдено во текот на разговорите со Претседателката на Одделот, решението за ротирање на стручните соработници е до таа мера прифатено што во иднина тие нема да работат таму по само еден месец туку по три. На тој начин и нивната работа ќе биде олеснета, а и ќе се зголеми конзистентноста.

Задолжен за објавувањето на сентенците, заклучоците и правните ставови на интерната веб страна на судот е советникот-информатичар. Дополнително се изработуваат и софтверски решенија кои овозможуваат полесно пребарување во електронскиот регистар.

Во разговорот со Претседателката на Одделот за судска пракса, сепак, беше констатиран и еден недостаток на македонската законска рамка кога станува збор за следењето на судската пракса во рамките на судовите. Имено, како што истакнува таа, ниту еден од судиите во рамки на Одделот за судска пракса не е ослободен од ориентациониот број на предмети што треба да се реши на месечно ниво (утврден од страна на ССРСМ). Според неа, нужно би било ревидирање на ваквото законско решение со оглед на фактот дека судиите кои работат во Одделот за судска пракса се истовремено и судечки судии, што значи дека тие секогаш ќе бидат повеќе мотивирани да завршат доволно предмети за да го исполнат ориентациониот број отколку да ги вршат своите задачи за усогласување на судската пракса. Тоа е сосема очекувано земајќи во вид дека неисполнувањето на ориентациониот број може да резултира со негативна оценка за судијата (а, тоа, пак, со негово разрешување), додека следењето на судската пракса не е наградено.

Од годишните извештаи за работата на АС Битола може да се утврди дека во периодот 2013-2017 година се издадени 2 билтени за судска пракса (еден кој ја опфаќа 2014 година, а еден периодот 2015-2017 година). Билтените се објавени на веб страната на Судскиот портал на Република Северна Македонија, а со тоа и достапни за граѓаните.

Во АС Битола како што е погоре наведено, согласно со важечките одредби од Законот за судови, се внимава на усогласеноста на одлуките со практиката на ВСРСМ и праксата на ЕСЧП.

Во текот на 2018 година биле одржани три различни средби во Скопје, Струга и Битола за воедначување на ставови и спорни правни прашања од областа на граѓанското право.

Во 2018 година во АС Битола е утврден и распоред за заеднички средби со судиите од граѓанските оддели на Основните судови од Подрачјето на АС Битола и за посети на основните судови. Во текот на годината одржани се средби за презентација на заклучоците на одделите на АС Битола заедно со останатите Апелациони судови и Врховниот суд на РСМ. Како дел од овие предавања, согласно извештајот од 2018 година за АС Битола, наведено е дека учесниците биле запознаени со користењето на внатрешната веб-страница за користење на судска пракса.

Обуките се спроведуваат исклучиво под покровителство и во рамки на АСЈО, а досега немало можност за студиски патувања и конференции од меѓународен карактер. И покрај обуките на АСЈО, во рамките на судот се организираат интерни обуки за секоја нова процедура или прирачник.

**Квалитет на судска правда - Препораки за АС Битола:**

- **Објавените месечни извештаи за работата на Судот покрај евиденција на судски предмети потребно е да содржат и наративен дел**
- **Во анализираниот три годишен период (2016-2019) се забележува тренд на опаѓање на квалитетот на одлуките на Граѓански оддел на АС Битола тргнувајќи од бројот на не преиначени и не укинати одлуки од страна на ВСРСМ заради што се препорачува вложување на дополнителни усилби да се постигне претходната состојба на повисок процент на одлуки останати во сила после ревизија**
- **Продолжување на позитивната пракса од одржување на редовни средби на ниво на оддели со судовите од апелационото подрачје и прикажување на резултатите во извештајот**
- **Со оглед на фактот дека анализа на квалитетот на одлуките на АС Битола врз основна на расположливите податоци од извештаите на ВСРСМ е возможна само за работата на Граѓански оддел (работа на ВСРСМ по ревизии) и резултатите се позитивни, потребно е вакви податоци да бидат достапни и за квалитетот на работа на кривичниот оддел кои во моментов отсуствуваат**
- **Лиценци за пристап до Службен весник на РСМ за секој судија и стручен соработник**
- **Дополнителни обуки за користење на водичот за цитирање на праксата на ЕСЧП**
- **Подобрување на соработката со ВСРСМ на ниво на оддели**
- **Продолжување со позитивната пракса на редовно објавување билтени со прецизни податоци за следењето на судската пракса и одличната екипираност на одделот за судска пракса во АС Битола како и големата поддршка што на овој оддел му ја пружаат кривичниот и граѓанскиот оддел**
- **Продолжување со позитивната пракса која треба да биде преземена како модел за останатите апелациони судови за достапноста за електронско пребарување на судската пракса по клучен збор**
- **Намалување на ориентациониот број на предмети утврден од стана на ССРСМ за судиите кои ја вршат улогата на Претседател на совет за судска пракса**
- **Продолжување со позитивната пракса на редовно објавување на билтен за судска пракса**

**АС СКОПЈЕ**

АС Скопје има Годишен распоред за работата на судските совети кој го подготвува претседателот на судот и истиот се усвојува на колегиум. Вработените имаат право на приговори кон распоредот, но досега немало формални приговори. При подготовка на распоредот, судиите писмено се изјаснуваат на која материја би сакале да бидат распоредени и врз основа на нивните ставови и моменталната состојба се утврдува распоредот. Годишниот распоред е објавен само на интерната веб страна на Судот. Годишниот распоред за работа најчесто не се менува, само при избор на нови судии при што се врши дополнување на извештајот, но не и преместување од еден во друг оддел.

Претседателите на оддели на АС Скопје не одржуваат средби со оддели од пониските судови во рамки на апелационото подрачје. Испитаниците истакнаа дека во минатото имале вакви средби и искуството било негативно бидејќи наишле на критики од страна на пониските судови во однос на укинувањето на предметите. Но, вршат редовни контроли во чии рамки има можност за дискусија по одредени прашања.

Во рамки на АС Скопје јавноста на судската практика досега се спроведува преку објавување на Билтени за судска пракса и објавување на одлуките на судот на судскиот портал www.asskopje.mk. На веб страницата не се објавуваат сентенциите на Судот. Во годишните извештаи нема повеќе информации околу судските сентенци. Веб страната на Судот не содржи дополнителни изданија како на пример на стручни дела и збирки, статистики и аналитички извештаи како и извештаи од соработка со основните судови.

На веб страната на АС Скопје не се објавува Годишниот распоред за работа на судот ниту месечните извештаи за работата на судот. Објавени се билтени кои содржат заклучоци од работни средби и сентенци.

Судот има една лиценца за пристап до Службен весник на РСМ. Затоа, законите се симнуваат од интернет и се објавуваат на интерната страна на судот, а за тоа е задолжено лице вработено во библиотеката.

Во судот се користат сите обрасци пропишани во Судскиот деловник и процесните закони. Не се користат стандардизирани формулари, обрасци и контролни листови за специјализирани обработки на предметите. Судот при донесувањето на одлуките внимава на усогласеноста со праксата на ВСРСМ, како и усогласеноста со праксата на ЕСЧП.

Во годишните извештаи на АС Скопје има информации за предметно работење на ниво на суд, квалитет на предметите на ниво на суд, предметно работење на ниво на кривичен оддел, квалитет на предмети на ниво на кривичен оддел, предметно работење на ниво на граѓански оддел, квалитет на предмети на ниво на граѓански оддел, предметно работење на ниво на оддел за трговски спорови, квалитет на предмети на ниво на оддел за трговски спорови и состојба со стари предмети. Податоците се понудени како агрегат и содржат и наративен дел во кој се објаснети клучните параметри во извештајната година, дадено е објаснување за зголемување или намалување на прилив на предмети, обем на работа и нерешени предмети на ниво на оддели. Податоците се јасни и даваат приказ за квалитетот и обемот на работа на судот, но недостасуваат аналитички податоци како на пример информации за најчести причини за жалби, основот за укинување и преиначување на одлуките на основните судови од

апелационото подрачје, поделба на предметите според висината на износот, тежината на предметот и сл.

За АС Скопје, во 2016 ВСРМ имал во работа вкупно 579 предмети по ревизии на одлуките на АС Скопје. Од нив, отфрлени биле 147; оодбиени биле 311, преправени одлуки биле 50; и укинати одлуки биле 70. Според тоа, усвоени ревизии и преиначени одлуки за АС Скопје имало 8,6%, усвоени ревизии со укинати одлуки имало 12,1%, отфрлени ревизии имало 25,5%, а одбиени ревизии против одлуките на АС Скопје биле 53,7%. Според тоа, може да се заклучи дека 79,2% од одлуките на АС Скопје против кои била поднесена ревизија во 2016 година останале на сила бидејќи ВСРМ одлучил дека се законити. Овој податок го докажува солидниот квалитет на донесените одлуки на АС Скопје.

**Табела 36: Анализа на ревизиите на ВСРСМ по одлуките на АС Скопје**

| | **Вкупно предмети по ревизија на АС Скопје** | **Ревизии одбиени како неосновани** | | **Усвоени ревизии со преиначени одлуки** | | **Усвоени ревизии со укинати одлуки** | | **Отфрлени ревизии** | | **% на квалитет** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2016** | 579 | 311 | 53,7% | 50 | 8,6 % | 70 | 12,1% | 147 | 25,5% | 79,2% |
| **2017** | 783 | 471 | 60,12% | 53 | 6,67% | 101 | 12,95% | 158 | 20,2% | 80,3% |
| **2018** | 741 | 473 | 63,8% | 51 | 6,1% | 100 | 13,5% | 117 | 15,7% | 79,5% |

За истиот суд во 2017 година ВСРМ имал во работа вкупно 783 предмети по ревизии на одлуките на АС Скопје. Од нив, отфрлени биле 101; одбиени биле 471; преиначени одлуки биле 53; и укинати одлуки биле 158. Согласно овие бројки, усвоени ревизии и преиначени одлуки на АС Скопје имало само 6.67%, усвоени ревизии со укинати одлуки имало 12.95%, отфрлени ревизии 20,2%, а одбиени ревизии против одлуките на АС Скопје биле 60,12%. Во 2017 година, АС Скопје согласно овие показатели покажал повисок квалитет во работата во однос на претходната година бидејќи бележи резултат од дури 80,3% одлуки на Судот против кои е вложена ревизија и кои остануваат во сила бидејќи ВСРМ одлучил дека се законити.

Во 2018 година ВСРМ имал во работа вкупно 741 предмети по ревизии на одлуките на АС Скопје. Од нив, отфрлени се 100; одбиени се 473; преиначени одлуки се 51; и укинати одлуки се 100. Според овие податоци, усвоени ревизии и преиначени одлуки на АС Скопје има само 6,1%, усвоени ревизии со укинати одлуки има 13,5%, отфрлени ревизии 15.7%, а одбиени ревизии против одлуките на АС Штип се дури 63,8%. Заклучно, и во 2018 година, АС Скопје покажува висок степен на квалитет во одлуките, со оглед на фактот што 79,5% од одлуките на Судот против кои била поднесена ревизијата, останале во сила, односно ВСРМ одлучил дека се законити. [51]

[51] Ова се податоци за број на преиначени и потврдени пресуди на АС Штип од страна на ВСРСМ од вкупниот број одлуки на АС Штип што секоја година ВСРСМ ги зема во работа. Но, ВСРСМ нема податок дали ревизиите што ги одлуува секоја година се само од тековната година или има и ревизии од претходни(и) година(и) за да може со сигурност да се заклучи дека тој број на ревизии што ВСРСМ ги одлучува се и број на добиенои ревизии таа година против вкупниот број на одлуки на АС Штип донесени истата година.

Организацијата на работата на АС Скопје, како и останатите судови, е уредена согласно со Законот за судовите и Судскиот деловник. АС Скопје своите надлежности и работни активности ги спроведува преку совети од три и петмина судии (со Судскиот деловник е поблиску уредена внатрешната организација на судот, начинот на работење, водењето на уписниците и другите книги, постапувањето со списите, обрасците, претставките и други прашања од значење за работата на судовите).

На веб страната на АС Скопје уредно се објавени надлежностите и организацијата на судот. Во податоците за 2016 година, кои воедно се последни достапни податоци објавената надлежност на Одделот за судска пракса, односно дека истиот „...[н]а експлицитен начин ја презентира актуелната правна практика и заземените правни ставови и заклучоци по усогласените правни прашања и низ срочените сентенции, јасно ја изразува логиката на донесените одлуки, кои едукативно делуваат на помладите судии и стручни соработници". Согласно анализите спроведени за потребите на "Истражувачкиот извештај на овластувањата, механизмите и поставеноста на судовите во поглед на усогласеност на судската пракса"[52] не постои тим (оддел) во рамки на судот кој работи на судска пракса, туку судијката што е претседателка на оддел за судска пракса е истовремено и претседателка на еден од граѓанските совети со бројни тековни предмети. Не постојат доволно човечки капацитети за целосна реализираност на усогласувањето на судската пракса. Како пример, во рамки на истражувањето, беше изјавено дека при изработката на Билтенот на АС Скопје се делегира еден стручен соработник кој е задолжен да помогне само за таа активност. Иако било укажувано за потребата од екипираност на одделот за судска пракса, во судот имаат разбирање за неможноста, да се одговори на тие барања поради обемноста на работата на АС Скопје. Во секој случај, не може да се очекува реализација на сите зацртани цели со назначување на еден судија што ќе биде надлежен за усогласеност на судската пракса.

Според наодите од истражувањето, следењето на праксата на Врховниот суд и останатите апелациони судови иако е проследено со тешкотии, може да се оствари и реализира. Претседателите на советите и претседателот на одделот за судска пракса се среќаваат најмалку два пати месечно и на тој состанок се дискутира за определени правни прашања односно дали има разлики во постапувањето или дилеми при одлучувањето по издвоени предмети.

Не постои мрежна поврзаност со другите апелациони судови ниту со пониските судови од подрачјата за кои е основан АС Скопје и тоа претставува сериозен проблем.

Средбите на Апелационите судови за усогласувањето на судска пракса се корисни и сите заклучоци се доставуваат до судиите на АС Скопје и до основните судови во негова надлежност. Она што е карактеристично за овој суд е постоењето на посебен трговски оддел (за разлика од другите апелациони судови што немаат таков оддел), па соработката со другите оддели и усогласеноста на судска пракса се остварува на малку поинаков начин. Имено, кога ќе се детектира различна судска пракса во однос на правно прашање по предмети од двата различни оддели, се настојува да се дојде до меѓусебно усогласување, па ако тоа не е успешно се

[52] Извештајот е подготвен во рамки на програмата „Зголемување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста во Северна Македонија" финансирана од Британската амбасада Скопје и е достапен на: https://cpia.mk/istrazuvachki-izveshtaj-na-ovlastuvanjata-mehanizmite-i-postavenosta-na-sudovite-vo-pogled-na-usoglasenosta-na-sudskata-praksa

инсистира на решавање на неусогласеноста на состаноците на четирите Апелации односно се бара решение од ВСРСМ.

Одлуките на ЕСЧП се објавуваат на интерната страна на АС Скопје и се известуваат сите судиите дека одделни одлуки се достапни, па ако се заинтересирани да ги разгледаат и консултираат.

Она што би било од голема помош е назначување на информатичар чија задача ќе биде одржување на системот и дистрибуирање на заклучоците и правните мислења важни од аспект на судската пракса. Ако судијата што е назначен да биде претседател на Оддел за судска пракса би работел само на тоа прашање, со помош на двајца стручни соработници и споменатиот информатичар, состојбата во АС Скопје би била сосема поинаква и видливо поквалитетна. Дополнително, ако системот на информирање заживее преку воведување на податоци за секој оддел посебно вклучувајќи ги и видовите на одлуките по правни основи (кривични, граѓански, работни и трговски) и ако се разработи програма за интерно мрежно поврзување, тогаш се гарантира постигнување на саканата судска ефикасност и воедначеност. Согласно извештајот, утврдени се следните заклучоци за спроведување на судска пракса во рамки на АС Скопје:

- Судиите назначени за следење на судската пракса во судовите се соочуваат со зголемен обем на работа.
- Утврдена е потреба од „брза судска пракса“, односно простор каде на судиите брзо и лесно ќе им бидат достапни последните одлуки, мислења и заклучоци од повисоките судови.
- Евидентирано е дека Одделите за судска пракса во сите судови се соочуваат со недоволен број на кадар и екипираност за правилно функционирање и исполнување на своите обврски.
- Судиите и стручните соработници се соочуваат со недостаток на посебна правна едукација поврзана со следењето и преминувањето на судската пракса.
- Средби на апелациските судови и Врховниот суд за воедначување на судската пракса засега остануваат главен простор за споделување и разрешување на спорни правни прашања од кривичната и граѓанската област.
- Постои континуиран напор за објавување на билтени за судска пракса но не постои институционален пристап и поддршка.

**Квалитет на судска правда - Препораки за АС Скопје:**

- **Потребно е објавување на Годишен распоред на судските совети на веб страната на Судот**
- **Отпочнување со пракса на одржување на редовни средби по оддели со основните судови во рамки на апелационото подрачје согласно практиката на останатите три апелациони суда**
- **Објавување на сентенциите на Судот на веб страницата како и збогатување на извештаите на Судот со повеќе информации за судските сентенци**
- **Објавување на веб страната на Судот на стручни трудови и збирки, аналитички извештаи, извештаи за соработката со основните судови и слично**
- **Со оглед на фактот дека анализа на квалитетот на одлуките на АС Скопје врз основна на расположливите податоци од извештаите на ВСРСМ е возможна само за работата на Граѓански оддел (работа на ВСРСМ по ревизии) и резултатите се позитивни, потребно е вакви податоци да бидат достапни и за квалитетот на работата на кривичниот оддел кои во моментов отсуствуваат**
- **Лиценци за пристап до Службен весник на РСМ за секој судија и стручен соработник**
- **Користење и објавување на стандардизирани формулари, обрасци и контролни листови за специјализирани обработки на предмети**
- **Продолжување со позитивната пракса на објавување на годишни извештаи кои содржат и наративен дел со клучни параметри за извештајната година, објаснувања за зголемување или намалување на прилив на предмети, работата по предмети на ниво на оддели и слично, но и нивно надополнување со аналитички податоци за најчести причини за жалби, основ за укинување или преиначување на одлуките на основните судови, поделба на предметите според висината на износот, тежината на предметот и слично**
- **Вложување на дополнителни напори за намалување на бројот на укинати или преиначени одлуки од страна на ВСРСМ во граѓанскиот оддел на АС Скопје со цел достигнување на уште повисоко ниво на квалитет на одделот иако измерениот тренд покажува константа на релативно висок процент од околу 80%**
- **Подобрување на капацитетите на одделот за судска пракса со зголемување на бројот на судии и стручни соработници во овој оддел**
- **Назначување на лице информатичар за одржување на системот и дистрибуирање на заклучоците и правните мислења важни од аспект на судската пракса**
- **Посебна правна едукација за сите судии и стручни соработници во врска со следење и применување на судската пракса**
- **Одржување на редовни средби со ВСРСМ за редовно воедначување на судската пракса**
- **Објавување на билтени за судска пракса**
- **Изработка на систем за информирање преку воведување на податоци за секој оддел посебно вклучувајќи ги видовите на одлуки по правни основи (кривични, граѓански, трговски, работни) и изработка на програма за интерно мрежно поврзување**
- **Дополнителни обуки за користење на водичот за цитирање на праксата на ЕСЧП**

## *5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ*

ССРСМ е надлежен за утврдување на оптималниот број на судии и судии поротници, со донесување на одлука со која се определува оптималниот број на судии за секој суд во земјата. Определувањето на потребниот број на судии се донесува по прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд и мислење кое треба да биде усвоено од страна на соодветниот суд. За таа цел, законското решение предвидува дека секој суд треба да направи анализа и проекција за слободни судиски места при што ќе се запази начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на не мнозинските заедници.

Внатрешната организација на судовите се одвива во согласност со Законот за судовите и Судскиот деловник. За работата на судовите секој суд носи годишен распоред, а судската функција ја извршува преку совети од три или повеќе судии во зависност од обемот на работа и стварната надлежност на судовите.

Правилата за определување на бројот на судии во судовите се уредени во Деловникот на Судскиот совет, според кој Советот на седница формира Комисија во состав од тројца членови кои врз основа на податоци прибавени од АКМИС системот за последните две години прават анализа за секој суд. Анализата се прави врз основа на податоци за вкупниот број на судии во судот, вкупниот број на предмети во работа и вкупен број на нерешени предмети, прилив на нови предмети, ориентационата месечна норма и процентот на совладување на заостатокот на нерешени предмети. ССРСМ најмалку еднаш годишно врши анализи за утврдување на потребата од намалување или зголемување на бројот на судии.

Статусот на вработените во судската служба е регулиран во Законот за судиската служба од 2014 година, според кој правата, обврските и статусот на службениците е пресликан од законите за јавна и државна администрација. Овој закон во себе содржи несоодветни законски одредби со ретроактивно дејство, истите не се реформски туку напротив, тие се оценети како ограничувачки, демотивирачки и воопшто не придонесуваат за подобрување на стручноста, квалитетот и ефикасноста на судската администрација, што беше основна цел на претходниот Закон за судска служба од 2008 година. За остварување и заштита на правата на судската служба е формиран Совет на судската служба кој е сместен во Врховниот суд и го сочинуваат 11 члена од составот на судските администратори на повисоките судови и судовите со проширена надлежност.

Во согласност со Законот за судска служба, судските службеници се лица со статус на административен службеник кои во судовите вршат стручни, административни, информатички, технички, статистичко - аналитички и материјално - финансиски работи. Лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат Законот за вработени во јавниот сектор и општите прописи за работните односи. Судската полиција, како посебно издвоена служба ги обезбедува објектите, имотот и лицата кои работат во судот.

Административната работа на судовите ја извршуваат судските службеници кои се класифицираат во четири категории, за кои дополнително се утврдени повеќе нивоа на работни места на судски службеници и тоа:

- **Категорија А- судски администратор**
  А1 - судски администратор во Врховниот суд на Република Македонија,
  А2 - судски администратор во Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови, основните судови со проширена надлежност,
- **Категорија Б - раководни судски службеници,**
  Б1 - самостоен судски советник,
  Б2 - раководител на служба,
  Б4 - раководител на судски оддел, раководител на судско одделение, раководител на оддел и раководител на одделение,
- **Категорија В - стручни судски службеници**
  В1 - виш судски советник, судски советник и советник,
  В2 - виш судски соработник,
  В3 - судски соработник и соработник,
  В4 - помлад судски соработник и помлад соработник,
- **Категорија Г - помошно-стручни судски службеници**
  Г1 - самостоен судски референт и самостоен референт,
  Г2 - виш судски референт;
  Г3 - судски референти и референт и
  Г4 - помлад судски референт и помлад референт.

Во однос на професионалниот развој и компетентност на судиите, став 25 од Мислењето бр. 3 (2002) на Консултативниот совет на европските судии при Советот на Европа за Комитетот на министри при Советот на Европа за принципите и правилата за професионално поведение на судиите, етика, несоодветно однесување и непристрасност, го утврдува следното: „Ефикасноста на судскиот систем бара, исто така, судијата да има висок степен на професионална свест. Треба да се обезбеди одржување на висок степен на професионална компетентност на судиите преку основна и континуирана обука која ќе им обезбеди соодветни квалификации“.

Мислењето бр. 4 (2003) на Консултативниот совет на европските судии при Советот на Европа за Комитетот на министри при Советот на Европа за принципите и правилата за соодветна почетна и континуирана обука на судии на национално и европско ниво, во својот став 42, ги дава следниве препораки: програмите за обука и методите треба да бидат предмет на често оценување од страна на органите одговорни за судиска обука; во начело, учеството во судиските иницијативи за обука не треба да биде предмет на квалитативна проценка; меѓутоа, нивното учество, објективно разгледувано, може да биде земено предвид при професионалната оценка на судиите; квалитетот на изведбата на обучувачите да биде оценуван, секогаш кога ваквата оценка е неопходна заради фактот што во некои системи почетната обука е фаза на процесот на избор на судиите.

Член 54 од Законот за судови предвидува дека „судијата има право и обврска на постојано стручно усовршување за време на траење на судиската функција согласно со закон“, додека член 77 од истиот закон предвидува изрекување на дисциплинска мерка во случај на

неисполнување на обврската за континуирана обука. Понатаму, Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, во својот член 114(3), утврдува дека: „континуираната обука е задолжителна за судиите, јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства“. Во член 13 од овој закон се предвидува дека Управниот одбор на Академијата, по предлог на Програмскиот совет, утврдува програми за приемен испит, за почетна обука и за завршниот испит, програми за континуирана обука, програма за практикување на судиската и јавно обвинителската функција, општи и специјализирани програми за обука. Во Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 (Стратешка насока 4.1.1.2) се воведува специјализација на судиите. Во последните измени на Законот за судовите се предвидува поширока можност на судовите за формирање на оддели во рамките на судот, а со цел за зајакнување на можноста за специјализација на судиите за работа по одделен вид предмети.

Правилникот на Академијата за континуирана обука во членот 7 утврдува 3 до 14 дена за обука годишно, зависно од должината на стажот на судиите. Содржината на програмата за континуирана обука (член 11 од правилникот за континуирана обука) вклучува релевантни правни теми од домашното, меѓународното право, и правото на ЕУ, судската пракса, како и други области.

Задолжителната континуирана обука се изразува во денови, а за еден ден обука се смета обука во траење од најмалку шест наставни часа. Во зависност од стажот што секој судија и јавен обвинител го поседува, Академијата одредува минимален број на денови обука кои секој судија и јавен обвинител минимално треба да ги оствари во период од една календарска година. Новоизбраните судии со стаж до 1 година, треба да остварат минимум од 14 дена обука во текот на една календарска година, од кои 5 дена интензивна обука веднаш по изборот за судија или јавен обвинител и дополнителни 9 дена редовна обука. Судиите кои имаат помеѓу една и три години искуство се задолжени да посетат минимум од 10 дена обука, додека оние со стаж измеѓу 3 и 8 години посетуваат минимум од 6 дена обука. Судиите со стаж од осум до петнаесет години имаат обврска да остварат обука од 4 дена, а судиите со стаж петнаесет години стаж имаат обврска да посетат најмалку 2 дена континуирана обука.

### *5.1. Внатрешна организациска поставеност на апелационите судови, систематизирани и пополнети работни места и обуки на судиите на апелационите судови*

**АС ШТИП**

Согласно Судскиот Деловник АС ШТИП својата надлежност ја остварува преку канцеларијата на Претседателот на судот, кривичен оддел, граѓански оддел, одговорни судии за судска пракса, судска писарница и канцеларија за односи со јавност.

Во рамките на канцеларијата на Претседателот на судот работат техничкиот секретар на Претседателот на судот, сметководител, благајник и двајца советници – инженери информатичари. Судскиот администратор својата надлежност ја остварување самостојно и со помош на останатите вработени во канцеларијата на Претседателот на судот.

Согласно Годишниот распоред за работа на *Апелациониот суд Штип* за 2019 година,[53] работата на судот се извршува во рамките на два судски оддели тоа:

- Кривичен оддел (второстепени кривични предмети, второстепени кривични предмети за деца, второстепени кривични предмети од кривичен совет, разни кривични предмети и второстепени прекршочни предмети) со три совета и вкупно 6 судии. Двата совета бројат по тројца судии, а дел од нив се истовремено распоредени и за судии во советот за кривични и прекршочни предмети за деца. Во кривичниот оддел за 2019 година согласно Годишниот распоред беа распоредени 4 стручни соработници и 6 дактилографи.
- Граѓански оддел (второстепени граѓански предмети, второстепени предмети по спорови од работни односи, второстепени предмети по трговски спорови и разни граѓански предмети) со два совета за сите видови предмети со вкупно 6 судии (од моментот на изработка на Планот, една судијка го исполнила условот за стекнување со право на старосна пензија, па овој оддел брои 6 судии). Во граѓанскиот оддел за 2019 година согласно Годишниот распоред беа распоредени 9 стручни соработници и 6 дактилографи.

Во судската писарница е распореден еден раководител на писарница во кривичен оддел, еден водител на писарница во граѓански оддел и еден референт за прием и експедиција на пошта и архивар. Во рамките на судската писарница е и канцеларијата за односи со јавност. Референтот за прием и експедиција на пошта и архивар е одговорен и за односи со јавност.

Според членот 142 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2014, 33/2015, 98/2015 и 6/2016) претседателот на судот носи акт за внатрешна организација. Во АС  ваков акт (Правилник за внатрешна организација на Апелациониот суд Штип) не е донесен. Оттука, вработените во Судот не се распоредени на работни места во посебни организациони единици (одделенија и сектори) согласно подзаконски акт, а органограмот на Судот и вработувањата во него се прикажани на следниов начин:

---

[53] Годишен распоред за работа на судиите во 2019 година Су бр 1278/18 од 21.12. 2018 Штип

**Графикон 11: Органограм на АС Штип**




Споредувајќи ги податоците за бројот и видот на судии во АС Штип согласно Годишниот распоред за работа од 2019 година, може да се констатира дека органограмот со кој располага Судот, не ја одразува реалната фактичка состојба во моментот на спроведување на Анализата.

Во Правилникот за систематизација на работните места во АС Штип, донесен на 21.12.2018 година, од достапниот органограм за вработени во Судот, како и од непосредното интервју со фокус групата произлегува дека во Судот има вкупно вработени 54 лица (со распишана постапка за вработување на уште еден службеник) од кои 12 судии во моментот на подготовка на Анализата вршат судиска функција во Судот, а на една судијка работниот однос и е ставен во мирување заради извршување на функција претседател на Основниот суд Виница. Дванаесетте судии заедно со претседателот по националност се македонци, од кои 7 се жени и 5 мажи. Во однос на стручните службеници, половата структура е 4 мажи и 12 жени, од кои 15 се македонци и 1 влаинка. Во АС Штип не се ангажирани судски приправници. Во последните 10 години, во АС Штип се примени 10 претставници на стручната служба и тоа 2 мажи (македонци) и 8 жени (6 македонки и 2 влаинки), како и еден на позиција технички кадар.

Правилникот за систематизација на работни места предвидува вкупно 82 работни места. Во периодот на подготовка на анализата, пополнети се 41 работно место, а за уште едно лице постапката за вработување е во тек.

**Табела 37: Предвиден и пополнет број на извршители во АС Штип**

| ЗВАЊЕ | ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ АС Штип | ПОПОЛНЕТ БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ АС Штип |
|---|---|---|
| А2-второ ниво<br>СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР | 1 | 1 |
| Б4-четврто ниво<br>РАКОВОДИТЕЛ НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | 1 | / |

| | | |
|---|---|---|
| Б4-четврто ниво<br>РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ – за материјално и финасиско работење | 1 | / |
| Б4-четврто ниво<br>РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ за човечки ресурси | 1 | / |
| Б4- четврто ниво<br>РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ за информатика | 1 | / |
| В1-прво ниво<br>СУДСКИ СОВЕТНИК | 3 | 2 |
| В1-прво ниво<br>СОВЕТНИК - информатичар | 2 | 2 |
| В1- прво ниво<br>СОВЕТНИК-<br>Финансов аналитичар за подрачјето на АСШ | 1 | / |
| В1 прво ниво<br>СОВЕТНИК-<br>Односи со јавноста и логистика | 1 | / |
| В2-второ ниво<br>ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК | 10 | 3 |
| В3-трето ниво<br>СУДСКИ СОРАБОТНИК | 7 | 5 |
| В4-четврто ниво<br>ПОМЛАД СУДСКИ СОРАБОТНИК | 5 | 3 |
| Г1- прво ниво<br>САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-технички секретар на претседателот | 1 | 1 |
| Г1- прво ниво<br>САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - водител на судска писарница во кривичен оддел; | 1 | 1 |
| Г1- прво ниво<br>САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ<br>(водител на судска писарница во граѓански оддел) | 1 | 1 |
| Г1- прво ниво<br>САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ<br>За прием и експедиција на пошта и архивар | 1 | 1 |
| Г1- прво ниво<br>САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ<br>Координатор на дактилобиро | 1 | 1 |
| Г1- прво ниво<br>САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ<br>Одговорен сметководител | 1 | 1 |
| Г1-прво ниво<br>САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ -<br>Благајник и материјален книговодител | 1 | 1 |
| Г2-второ ниво<br>ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ<br>Координатор на техничка служба | 1 | -1 |
| Г2-второ ниво<br>ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ -<br>Одговорен за одржување на судската зграда | 1 | / |
| Г3-трето ниво<br>СУДСКИ РЕФЕРЕНТ -<br>дактилограф | 22 | 11 |
| Г4-четвро ниво<br>ПОМЛАД СУДСКИ РЕФЕРЕНТ -<br>Доставувач | 1 | 1 |
| КООРДИНАТОР НА СУДСКАТА ПОЛИЦИЈА категорија „Б2“второ ниво<br>(АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ) | 1 | / |
| КОМАНДИР НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА<br>категорија „Б3“ трето ниво | 1 | / |

| | | |
|---|---|---|
| ЗАМЕНИК КОМАНДИР НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА категорија „Б4“ четврто ниво | 1 | / |
| ПРИПАДНИК НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА категорија „В1“ прво ниво | 7 | 6 |
| Работник во бифе | 1 | |
| Курир | 1 | |
| Одржувач на хигиена | 2 | |
| Возач | 1 | |
| **ВКУПНО:** | **82** | **41** |

Судиите на АС Штип учествувале на континуирана обука реализирана низ советувања, конференции и работилници. Фокусот на овие обуки бил ставен на најважните области од правото како што се измените на домашната и меѓународната легислатива, легислативата на ЕУ, судската пракса и начелата ЕСЧП како комплементарни вештини или soft skills. Покрај тоа, судиите на АС Штип, посетувале и обуки за јакнење на судискиот интегритет и тоа на теми: Улогата на судијата/судска етика и непристрасност; Презентација на Кодекс за судиска етика на судиите во Република Македонија; Етика и интегритет на судиите да се справат со притисоци; Етика и интегритет; Судир на интереси и Етика и интегритет на судиите и јавните обвинители. Обуки во Академијата имаат редовно посетувано и стручните служби во АС Штип со цел да се овозможи квалитетна и стручна техничка поддршка и помош во Судот.

Во последните три години, на обуките во АСЈО учествувале дванаесет судии. Како слушатели на обуките од АСЈО од АС Штип учествувале и административните работници и стручните службеници, односно вкупно 33 од кои 22 се жени и 11 мажи.

Иако судовите имаат предвидено посебни средства за учество на конференции надвор од земјата, сепак повеќето конференции на кои присуствувале се финансирани од други институции или граѓански организации. Сите судии кои во последните три години работеле во АС Штип учествувале на конференции, како и дополнителни обуки во земјата, но само тројца од нив (двајца мажи и една жена) учествувале на конференции во странство.

Од анализата произлегува дека посетеноста и квалитетот на обуките на судиите и стручните соработници од АС Штип е задоволителна и во согласност со потребите на судството. Сепак, судиите и стручните соработници се соочуваат со недостаток на посебна правна едукација поврзана со следењето и преминувањето на судската пракса.

**Човечки ресурси - Препораки за АС Штип:**

- **Измени на органограмот со цел тој да ја одрази фактичката состојба на Судот.**
- **Донесување Правилник за внатрешна организација на АС Штип со кој ќе се изврши организација на сите вработени во Судот по организациони единици и број на извршители во секоја од нив.**
- **Зголемување на бројот на судии и стручни соработници за тројца судии и двајца стручни соработници со што ќе се пополнат трите совети во граѓанскиот оддел со по тројца судии и ќе се добие број на стручни соработници во однос на судии во сразмер еден спрема еден.**
- **Водење интерна евиденција во Судот за бројот и видот (по теми и области) на обуки посетени од страна на судиите и стручните соработници**

### *5.1.1. Предлог Содржина на Правилникот за АС Штип:*

- Сектор за стручно-правна служба: стручно - правната служба, како организациона единица (сектор се формира во рамките на судската служба, ги опфаќа раководните и стручните судски службеници од категоријата Б и В и во неа се вршат организациони и оперативни работи поврзани со работите што произлегуваат од работењето на овие службеници. Одделението за човечки ресурси, одделението за информатика и одделението за финансиско и материјално работење кои треба да функционираат како посебни организациони единици во состав на оваа служба (сектор). Со стручно - правната служба треба да раководи раководител на стручно -правна служба, кој ја организира, насочува и координира работата во службата
- Сектор за помошно-стручна служба: помошно - стручната служба, како организациона единица, се формира во рамките на судската служба, ги опфаќа помошно стручните судски службеници од категоријата Г и во неа треба да се вршат организациони и оперативни работи поврзани со работите што произлегуваат од работењето на овие службеници. Во рамките на помошно - стручната служба треба да функционираат судската писарница, писарницата за прием и дактило-биро, што би биле составен дел на оваа служба. Со помошно - стручната служба треба да раководи раководител на помошно-стручна служба, кој ќе ја организира, насочува и координира работата во службата.
- Одделение за човечки ресурси кое ќе врши стручни и административни работи во врска со остварување на правата и обврските на вработените во АС Штип од областа на работните односи. Со одделението за човечки ресурси треба да раководи раководител на одделение за човечки ресурси, кој ќе ја организира и координира работата од областа на човечките ресурси и ќе врши непосредна контрола и надзор над извршување на работите во одделението.
- Одделение за информатика како организациона единица во која ќе се вршат стручно-оперативни работи во врска со информатичко-технолошкиот и компјутерскиот систем во Судот, во однос на неговата примена, одржување и развој. Со одделението за информатика треба да раководи раководител на одделение за информатика, кој ќе ја организира и координира работата и ќе ги распоредува работите и задачите на вработените во рамките на одделението.
- Одделение за финансиско и материјално работење: одделението за финансиско и материјално работење треба да претставува организациона единица во која ќе се вршат финансиско–материјалните работи во Судот. Со одделението за финансиско и материјално работење ќе раководи раководител на одделение за финансиско и материјално работење, кој ќе ја организира и координира работата и ги распоредува работите и задачите на вработените во рамките на одделението.
- Одделение за односи со јавност надлежно за давање информации на заинтересираните лица во врска со работата и начинот на постапување на Судот и на нивно барање се издаваат копии, односно електронски записи на анонимизирани судски одлуки објавени на интернет страната на Судот. За вршење на работите во оваа организациона единица, со одлука на претседателот на Судот, се определуваат одговорни лица за односи со јавност.

- Техничка служба која треба да ги опфати вработените во Судот кои немаат статус на судски службеници и тоа оператор на телефонска централа, хаус - мајстор, работник во бифе, хигиеничар и возач, кои ги вршат работите согласно со описот во Правилникот за систематизација на работните места.
- Судската полиција која ги обезбедува објектите, имотот и лицата и го одржува редот во Судот. Со судската полиција раководи претседателот на Судот. Со судската полиција, според насоките и упатствата на претседателот на Судот, непосредно командува командир на судската полиција, а го заменува заменик командир на судска полиција.

**АС ГОСТИВАР**

Судот има подготвено Правилник за систематизација на работни места и Правилник за организација на работата. Изработен е и органограм за внатрешната организација, но истиот не е изменет последните две години и не ја покажува реалната моментална состојба во Судот. Испитаниците истакнаа дека недостасува специјализираност кај судскиот персонал.

Во АС Гостивар, согласно член 12 од Законот за судовите и член 66 од Судскиот деловник формирани се следните оддели и одделенија:

- Кривичен оддел со специјализиран совет
- Граѓански оддел со специјализиран совет
- Оддел за судска практика и евиденција
- Одделение за стручна служба
- Одделение за информатика
- Одделение за односи со јавност
- Одделение за материјално-финансиско работење и
- Одделение за човечки ресурси.

Согласно Годишниот распоред за работа на *Апелациониот суд Гостивар* за 2019 година, работата на Судот се извршува во рамките на два судски оддели тоа:

- Кривичен оддел со пет совета и вкупно 6 судии од кои два совети решаваат предмети од второстепени кривични предмети и второстепени прекршочни предмети. Останатите совети одлучуваат по жалба за предмети од малолетничка правда, а формиран е еден посебен совет од петмина судии за второстепени кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор.
- Граѓански оддел со два совета и вкупно 7 судии кои постапуваат по второстепени граѓански предмети и трет совет кој постапува по предметите за трговските и работни спорови. Во рамки на граѓанскиот оддел постои и посебен совет кој ги работи предметите за утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета, а постои и посебен совет кој ги работи предметите поврзани со стечај.

Во граѓанскиот оддел е формиран и оддел за судска пракса кој има претседател и двајца заменици од редот на судиите. Одделот за судска пракса ја усогласува работата на сите судски оддели во Судот со цел евиденција и проучување на судската пракса. Одделот за судската практика согласно Судскиот деловник работи врз основа на годишен план, но истиот не е донесен. Претседателите на сите оддели во Судот се должни да ги доставуваат правните мислења и заклучоци до претседателот на одделот за судска пракса кој го определува начинот на евиденција на правните мислења. Во одделот за судска пракса согласно Годишниот распоред на работа на Судот за 2019 година работат тројца стручни соработници.

**Графикон 12: Органограм на АС Гостивар**




АС Гостивар, судската функцијата ја извршува со 13 судии вклучувајќи го и Претседателот на Судот, а согласно Одлуката на ССРСМ во АС Гостивар утврдено е судиската функција да ја вршат 16 судии вклучувајќи го и претседателот на Судот. Од вкупниот број на судии 11 се мажи и две жени. Националната поставеност е 5 македонци и 8 албанци.

Во Судот работат и 1 судски администратор на Судот, 1 советник информатичар, 8 судски соработници, 10 помлади судски соработници, 2 помлади соработници - преведувачи, 1 помлад соработник – економист, 1 сметководител, 2 виши судски референти во судските писарници на кривичниот и на граѓанскиот оддел, 1 виш судски референт во судската архива, 5 судски референти – дактилографи, 1 судски полицаец и 1 хигиеничар.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во овој суд утврдено е судската служба да брои 111 судски службеници и 8 полицајци, а вкупно пополнети работни места се 36. Во Судот има вкупно 74 непополнети работни места.

Откако е формиран Судот, не постоеле можности за унапредување на стручните соработници, пред се поради законските ограничувања. Дополнителен проблем е и праксата на Судскиот буџетски совет и Министерството за финансии да не одобрува нови вработувања. Испитаниците додадоа дека постои ризик стручните соработници да почнат да ја напуштаат судската работа поради недостатокот на мотивирачки фактори започнувајќи од финансискиот надоместок до

професионалниот развој. Последното вработување на стручните соработници било во 2011 година, а вработувањето се вршело етапно од формирањето на Судот.

**Табела 38 : Предвиден и пополнет број на извршители во АС Гостивар**

| ЗВАЊЕ | ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ АС Гостивар | ПОПОЛНЕТ БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ АС Гостивар |
|---|---|---|
| А2-второ ниво СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР | 1 | 1 |
| Б-1 САМОСТОЕН СУДСКИ СОВЕТНИК | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА СЛУЖБА | 1 | / |
| Б4-КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | 1 | / |
| Б-4 ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | 1 | / |
| Б4- ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА | 1 | / |
| Б-4 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРУЧНА СЛУЖБА | 1 | / |
| Б-4 КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ | 1 | / |
| Б-4 ОДДЕЛЕНИЕ ПО ИНФОРМАТИКА | 1 | / |
| Б-4 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | 1 | / |
| Б-4 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 1 | / |
| КАТЕГОРИЈА В В-1 ВИШ СУДСКИ СОВЕТНИК | 4 | / |
| В-1 СУДСКИ СОВЕТНИК | 4 | / |
| В-1 СОВЕТНИК-ИНЖЕНЕР ИНФОРМАТИЧАР | 2 | 1 |
| В-2 ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК | 5 | / |
| В-2 СУДСКИ СОРАБОТНИК | 16 | 7 |
| В-3 СУДСКИ СОРАБОТНИК Следење и евиденција на судска практика | 1 | / |
| В-3 СОРАБОТНИК Соработник преведувач-толкувач | 1 | / |
| В-3 СОРАБОТНИК Соработник лектор | 1 | / |
| В-3 СОРАБОТНИК Соработник водител на стручна библиотека | 1 | / |
| В-4 Помлад судски соработник | 12 | 9 |
| В-4 Помлад судски соработник преведувач | 2 | 2 |
| В-4 Помлад соработник, книговодител | 1 | 1 |
| IV. Категорија- Помошно стручни- судски службеници Г-1 Самостоен судски референт | 1 | 1 |
| Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар | 1 | / |
| Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар | 1 | / |
| Г-1 Самостоен судски референт- водител на уписник | 5 | / |
| Г-1 Самостоен судски референт- координатор на дактило биро | 1 | / |
| Г-1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител | 1 | 1 |
| Г-1 Самостоен судски референт по информатика | 1 | / |
| Г-2 Виш судски референт- извршител во судска писарница | 5 | 3 |
| Г-2 Виш судски референт- извршител за работни односи | 1 | / |
| Г-2 Виш судски референт- извршител во судска Архива | 1 | / |
| Г-2 Виш судски референт- извршител за прием и експедиција на пошта | 1 | / |
| Г-3 Судски референт- дактилограф | 11 | 5 |
| Г-3 Референт- економист | 1 | / |
| Г-3 Референт- благајник | 1 | / |

| | | |
|---|---|---|
| Г-3 Референт- управител на судска зграда | 1 | / |
| Г-3 Референт- водител на техничка служба | 1 | / |
| Г-4 Помлад судски референт доставувач | 1 | / |
| Г-4 Помлад судски референт извршител за административно технички работи | 3 | 2 |
| Г-4 Помлад референт- извршител за административно технички работи | 3 | / |
| Возач | 1 | 1 |
| Оператор на телефонска централа | 1 | / |
| Хаусмајстор | 1 | / |
| Пожарникар | 1 | / |
| Судско бифе | 2 | / |
| Извршител за умножување на материјали | 1 | / |
| Хигиеничар | 2 | 1 |
| Б-3 Координатор на судска полиција | 1 | / |
| Б-4 Заменик координатор на судска полиција | 1 | / |
| В-1 Припадник на судска полиција | 6 | 1 |
| **ВКУПНО:** | **119** | **36** |

Со оглед на тоа дека апелационите судови не водат евиденција за посетеност на обуки во рамки на континуираната едукација на судиите, според податоците на АСЈО во последниве три години се реализирани следните обуки кои ги посетувале судии:

- Вр 2016 година – 15 судии (2 жени и 13 мажи). Од нив 2 жени биле од македонска етничка припадност, а од 13 мажи, 4 биле од македонска етничка припадност, а 9 албанска етничка припадност
- Во 2017 година – 15 судии (2 жени и 13 мажи). Од нив 2 жени од македонска етничка припадност и 13 мажи од кои 4 од македонска етничка припадност, а 9 од албанска етничка припадност
- Во 2018 година - 15 судии (2 жени и 13 мажи). Од нив 2 жени од македонска етничка припадност и 13 мажи од кои 4 од македонска етничка припадност и 9 од албанска етничка припадност

Во судскиот буџет не се планираат посебни средства за учество на конференции во земјата и странство. Во Судот не се одржуваат ни советувања надвор од оние што ги организира АСЈО. Во рамки на редовното работење на Судот не се предвидени ни активности за изработка на прирачници и слични материјали, а не е формирано ни посебно тело кое би било задолжено за оваа активност.

**Човечки ресурси - Препораки за АС Гостивар:**

- **Измени на Органограмот со цел тој да ја одрази фактичката состојба на Судот**
- **Обучување на судската служба со цел обезбедување на поголема стручност и специјализираност**
- **Потреба од обука за обезбедување на стручност и специјализираност на судската служба**
- **Екипирање на одделот за судска пракса**
- **Унапредувања на стручните соработници кои ги исполнуваат законските услови**
- **Зголемување на бројот на судии за тројца судии согласно бројот на систематизирани судиски места. Истовремено се препорачува намалување на бројот на совети во кривичниот оддел за поефикасна организација и работа на Судот. Со ваквото дополнување на бројот на судии ќе се добие фактичка состојба на 16 судии и 19 стручни соработници со што ќе се надмине размерот на судии и стручни соработници од еден спрема еден и на тој начин ќе се зголеми ефикасноста на Судот**
- **Водење интерна евиденција во Судот за бројот и видот (по теми и области) на обуки посетени од страна на судиите и стручните соработници**
- **Задолжително вработување на судски полицаец како и зголемување на бројот на судска полиција и вработување на доставувачи**

**АС БИТОЛА**

Согласно со годишниот распоред за работа за 2019 година во кривичниот оддел се распоредуваат 4 судии во совети, а во граѓанскиот оддел се распоредуваат 16 судии во совети. Во рамки на Судот формиран е и Одделот за судска пракса и евиденција. Согласно чл. 66 од Судскиот деловник, АС Битола својата работа ја врши преку:

- Граѓански оддел
- Кривичен оддел и
- Оддел за судска пракса

Во Судот има:

- Приемна писарница
- Кривична писарница
- Граѓанска писарница
- Одделение за материјално и финансиско работење
- Информатички центар, а како останати служби се архивата, судската полиција, технички секретар, дактилографи, доставувачи

Судот има подготвено Правилник за систематизација на работни места, Правилник за организација на работата и органограм согласно моменталната организациона поставеност и вработени во Судот. Имајќи предвид дека организациските единици во рамки на Судот се различни во судовите (некаде се служби, а некаде оддели) ставот на вработените во Судот е дека организациската структура, а соодветно на тоа и органограмот треба да бидат унифицирани за сите судови.

**Графикон 13: Органограм на АС Битола**



Утврден број на судии во АС Битола согласно Одлуката на ССРСМ е 25, но во моментот има вкупно 21 судии вклучително и Претседателот на Судот. Од нив, 16 се распоредени во граѓанскиот оддел, а 4 во кривичниот, а на еден од судиите статусот му е во мирување. Со оглед на фактот што Претседателот на Судот не работи предмети, во периодот на подготовка на анализата Судот работи со капацитет од 19 судии.

Во Судот работат вкупно 18 стручни соработници од кои 12 се распоредени во граѓанскиот оддел, 5 во кривичниот одддел, а 1 судија во одделот за судска пракса. Вкупниот број на административни службеници во Судот изнесува 49, а бројот на технички персонал изнесува 4 извршители. Во Судот нема судски приправници ниту лица со договор на определено време, но има вработено двајца со договор за дело за вршење на интелектуални и физички работи.

Имајќи превид дека во моментот двајца судии се отсутни и Судот работи со 19 судии, недостатокот се забележува и влијае во квалитетот на работата. Во тој контекст, судиите истакнаа дека е неопходно да добијат став, образложение или одговор од ССРСМ во однос на плановите за избор на нови судии за да можат соодветно да го организираат обемот на работа.

Испитаниците од АС Битола, како проблем го наведоа статусот на помошно-техничките лица чиј статус е во широки рамки регулиран со Законот за работни односи и чии месечни примања се согласно колективниот договор кој нема дефинирано најниска плата. Според тоа, нема регулатива која ги регулира месечните надоместоци на помошно-техничките лица при што нивните примања се пониски од најниската плата во државата и по тој основ помошно-техничките лица вработени во АС Битола поднеле тужба. Заклучно, статусот на помошно-техничките лица треба да биде регулиран со закон или овие работни места да бидат вреднувани во актот за систематизација. Предлог мерка е претседателите на судовите да заземат заеднички став по ова прашање под покровителство на ВСРСМ.

Дел од вработените во АС Битола, Законот за судска служба го оценија како дискриминаторски истакнувајќи дека само одредбите за дисциплинска постапка се применливи. Во последните 5 години тие се обидуваат да извршат прилагодување во практичната примена на законот. Исто така, дел од вработените истакнаа дека законот предвидува до регулирање на одредени одредби со приближно дваесетина правилници, но ниту еден не бил усвовен. Законот досега бил менуван 2 пати, при што промените биле само во делот на додатоци на плата.

Според актот за систематизација на Судот, предвидени се вкупно 99 работни места во АС Битола, а моменталниот број на ангажирани извршители изнесува 53 лица.

**Табела 39: Предвиден и пополнет број на извршители во АС Битола**

| ЗВАЊЕ | ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ | ПОПОЛНЕТ БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ |
|---|---|---|
| А2-второ ниво<br>СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР | 1 | 1 |
| Б-1<br>САМОСТОЕН СУДСКИ СОВЕТНИК | 1 | 0 |
| РАКОВОДИТЕЛ НА СЛУЖБА | 1 | 0 |
| Б4-КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | 1 | 0 |
| Б-4 ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛа | 1 | 0 |
| Б4- ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА | 0 | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| Б-4 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРУЧНА СЛУЖБА | 0 | 0 |
| Б-4 КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ | 0 | 0 |
| Б-4 ОДДЕЛЕНИЕ ПО ИНФОРМАТИКА | 1 | 0 |
| Б-4 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | 1 | 0 |
| Б-4 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 1 | 0 |
| КАТЕГОРИЈА В<br>В-1 ВИШ СУДСКИ СОВЕТНИК | 0 | 0 |
| В-1 СУДСКИ СОВЕТНИК | 6 | 5 |
| В-1 СОВЕТНИК-ИНЖЕНЕР ИНФОРМАТИЧАР | 1 | 1 |
| В-2 ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК | 5 | 5 |
| В-3 СУДСКИ СОРАБОТНИК | 10 | 5 |
| В-3 СОРАБОТНИК – лице за односи со јавност и човечки ресурси | 1 | 0 |
| В-3 СУДСКИ СОРАБОТНИК<br>Следење и евиденција на судска практика | 0 | 0 |
| В-3 СОРАБОТНИК<br>Соработник преведувач-толкувач | 0 | 0 |
| В-3 СОРАБОТНИК<br>Соработник лектор | 0 | 0 |
| В-4 Помлад судски соработник | 2 | 2 |
| В-4 Помлад судски соработник преведувач | 1 | 1 |
| В-4 Помлад соработник, книговодител | 0 | 0 |
| В- 4 Помлад соработник – помошник информатичар | 1 | 0 |
| IV. Категорија- Помошно стручни- судски службеници<br>Г-1 Самостоен судски референт | 0 | 0 |
| Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар на Претседател | 1 | 0 |
| Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар на судски администратот | 1 | 0 |
| Г-1 Самостоен судски референт- водител на судска писарница | 1 | 1 |
| Г-1 Самостоен судски референт- водител на уписник | 4 | 1 |
| Г-1 Самостоен судски референт- координатор на дактило биро | 0 | 0 |
| Г-1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител | 1 | 1 |
| Г-1 Самостоен судски референт по информатика | 0 | 0 |
| Г-1 Самостоен референт - библиотекар | 1 | 0 |
| Г-2 Виш судски референт- извршител во судска писарница | 3 | 1 |
| Г-2 Виш судски референт- извршител за работни односи | 0 | 0 |
| Г-2 Виш судски референт- извршител во судска Архива | 1 | 1 |
| Г-2 Виш судски референт- извршител за прием и експедиција на пошта | 1 | 0 |
| Г-2 Виш судски референт - благајник | 1 | 1 |
| Г-2 Виш судски референт – Кординатор на дактилобиро | 1 | 0 |
| Г-3 Судски референт во писарница | 2 | 1 |
| Г-3 Судски референт- дактилограф | 20 | 10 |
| Г-3 Референт- економист | 0 | 0 |
| Г-3 Референт- благајник | 0 | 0 |
| Г-3 Референт- управител на судска зграда | 0 | 0 |
| Г-3 Референт- водител на техничка служба | 0 | 0 |
| Г-4 Помлад судски референт доставувач | 2 | 1 |
| Г-4 Помлад судски референт извршител за административно технички работи | 0 | 0 |
| Г-4 Помлад референт- извршител во писарница | 3 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| Возач | 1 | 0 |
| Оператор на телефонска централа | 1 | 1 |
| Хаусмајстор | 1 | 1 |
| Курир | 1 | 0 |
| Пожарникар | 0 | 0 |
| Судско бифе | 1 | 0 |
| Извршител за умножување на материјали | 0 | 0 |
| Хигиеничар | 5 | 2 |
| Б-2 Координатор на судска полиција | 1 | 0 |
| Б-3 Командир на судска полиција | 1 | 0 |
| Б-4 Заменик командир на судска полиција | 1 | 0 |
| Б-4 Заменик координатор на судска полиција | 0 | 0 |
| В-1 Припадник на судска полиција | 8 | 8 |
| **ВКУПНО:** | **99** | **53** |

Во последните три години како слушатели во АСЈО на обука присуствувале дел од вработените на АС Битола. Согласно податоците од АСЈО во последните три години се реализирани следните обуки за судии од АС Битола:

- 2016 година -20 судии (10 мажи и 10 жени). Сите посетители биле од македонска етничка припадност, освен едно лице маж од албанска етничка припадност.
- 2017 година – 21 судии (11 жени и 10 мажи). Сите посетители биле од македонска етничка припадност, освен едно лице маж од албанска етничка припадност.
- 2018 година – 22 судии(11 жени и 11 мажи). Сите посетители биле од македонска етничка припадност, освен едно лице маж од албанска етничка припадност.

АС Битола, за разлика од другите апелациони судови води евиденција за обуките кои ги посетувале судиите и вработените во судската администрација. Судот подготвува годишен извештај за посетеност на обуки кој се подготовува врз основа на евиденцијата на судиите, но не води посебна матрица во која би се бележеле достигнувањата на судиите во поглед на стручно усовршување. Обуките кои ги посетувале судиите од АС Битола се од кривична материја, граѓанска материја, работни спорови, стопански спорови во зависност од темите кои се актуелни, а се предложени во календарот за обуки за тековната година. Најпосетувани во текот на 2018 година биле следните теми:

- Примена на Законот за парнична постапка
- Судски платен налог и постапување во приговор
- Граѓанско правни аспекти на семејно насилство
- Изедначување на судската пракса на Апелационите судови со ВСРСМ
- Практични искуства во судската пракса и правни проблеми кои се јвавуваат во Законот за стечај
- Заштита на правото на сопственост чл.1 од Протоколот 1 на ЕСЧП
- Примена на Судскиот деловник
- Структура на писмена изработка на судската пресуда и решение
- Воведна обука на компјутерскиот криминал, електронски докази и приноси од кривични дела на интернет
- Воведен модел на обука на сајбер криминал, електронски докази и онлајн криминални приноси

- Примена на законот за градење
- Стечај
- Постапување, третман и заштита на децата жртви и сведоци на кривична и граѓанска одговорност
- Правно позиционирање на трговец поединец, нотар, адвокат и извршител во парничната постапка
- Судско медиумски односи
- Обука за обучувачи за член 10 од ЕКЧП
- Учество во работна група за измени за Законот за судии и Законот за судски совет
- Право на правична судска постапка
- Слобода на изразување и добро спроведување на правдата

Посетеноста на обуките за судската администрација во текот на 2018 година била послаба поради фактот што обуките се спроведуваат исклучиво во АСЈО во Скопје, за што вработените од АС Битола треба да поминат  подолг пат. Од страна на Здружението на судска администрација кое е потписник на договорот за континуирани обуки било предложено обуките да се спроведуваат на ниво на апелационо подрачје за да може секој заинтересиран судски службеник истите да ги посетува и да се стекне со дополнителни знаења. Во овој контекст, испитаниците потенцираа дека треба да се воспостават дисперзирани центри каде би се одржувале обуки за повеќе региони во земјата. Вработените на АС Битола потенцираа дека треба да патуваат 2,5 часа во еден правец за да ги посетуваат обуките на АСЈО кои се одржуваат исклучиво во Скопје.

Судиите на АС Битола сметаат дека темите на АСЈО за континуирана обука се соодветни на потребите. АС Битола нема посебен план за обуки туку се водат според планот на АСЈО. Пристапот на пријавување за обуки е оценет како транспарентен. Информирањето за обуките на АСЈО за судиите се одвива така што програмата за обуки, АСЈО ја испраќа до Судот електронски преку е-маил и истата се објавува на интерната страна на Судот, а потоа судиите се пријавуваат кај задолжено лице.

Недостаток во однос на обуките кој го истакнаа дел од испитаниците е немањето на специјализирани обуки за информатичарите и за судската служба. Последната обука за информатичари била одржана пред 5 години.

**Човечки ресурси - Препораки за АС Битола:**

- **Зголемување на бројот на стручни соработници за двајца и на тој начин со враќањето на судијата чиј што работен однос е во мирување, ќе се добие сразмер на судии и стручни соработници еден спрема еден (дваесет судии и дваесет стручни соработници)**
- **Избор на Претседателот на Судот од редот на судиите вработени во Судот**
- **Намалување на бројот на интервенции во годишниот распоред**
- **Утврдување на точен износ на платата и надоместоците на помошно-техничките лица врз основа на заеднички став по ова прашање на претседателите на судовите во соработка со ВСРСМ**
- **Усвојување на подзаконски акти за имплементација на Закон за судска служба**
- **Зголемување на бројот на административни работници согласно актот за систематизација и трансформација на работниот однос на лицата ангажирани со договор за дело**
- **Продолжување со позитивната пракса на водење евиденција за обуките, посетување од судиите и вработените во судската администрација, но и изработка на посебна матрица за бележење на достигнувањата на судиите во поглед на стручното усовршување**
- **Спроведување на обуки за судии и судска администрација на ниво на територија на апелационо подрачје со цел да се избегнат трошоците за патување до Скопје**

**АС СКОПЈЕ**

Врз основа на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во АС Скопје подготвен согласно член 88 од Законот за судовите и Член 142 од Законот за судска служба, Судот својата дејност ја врши преку канцеларијата на Претседателот на Судот, судскиот администратор, судската служба, одделение за материјално-финансиско работење, одделение за информатика, судска писарница, канцеларија за односи со јавност, одделение за следење и евиденција на судска практика и библиотека.

**Графикон 14: Органинграм на АС Скопје**




Согласно Годишниот распоред за работа на судските совети за 2019 година[54] во АС Скопје функционираат пет оддели и тоа:

- Кривичен оддел во чии рамки функционираат еден кривичен совет, три совети за кривични предмети по жалба составени од три члена, два совети за кривични предмети по жалба составени од петмина, еден совет за кривични предмети спрема

[54] Годишен распоред за работа на судските совети во 2019 година СУ-03-640/18 од 24.12.2019 година

малолетници составен од три члена и еден совет за второстепени прекршочни предмети составен од три члена.

- Граѓански оддел во чии рамки функционираат шест совети за граѓански предмети по жалба, два од нив составени од по два члена и четири составени од по три члена.
- Оддел за работни спорови во чии рамки функционираат два совети за работни односи по жалба од по три члена.
- Трговски оддел во чии рамки функционираат два совети за трговски спорови по жалба, сочинети едниот од три члена и другиот од четири члена
- Оддел за судска пракса

Согласно одлука бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година од ССРСМ, судската функција во АС Скопје во текот на 2018 утврдено е да ја вршат претседател и 51 судија, но во текот на истата година Судот функционирал со квантитативно променлив состав на судии без паралелно пополнување на испразнетите судски места. Календарската 2018 година Судот ја започнал со 41 судија вклучувајќи го и Претседателот на Судот, но во ноември 2018 година Судот работи со 38 судии поради заминување на судии во старосна пензија. Во периодот на подготовка на функционалната анализа за АС Скопје, Судот работи со 37 судии.

Испитаниците од АС Скопје истакнаа дека поради недостаток на подзаконски акти кои го уредуваат унапредувањето на стручната служба, последното унапредување во рамки на судската служба било во 2000-та година. Во рамки на АС Скопје немало интерни огласи со кои би се спровело унапредувањето и покрај нивните барања упатени до Министерство за финансии. Стручните соработници вработени во Судот не биле никогаш унапредени, некои од нив се по 20 години на истата позиција. Можноста за унапредување е доколку конкурираат на објавен оглас за вработување,  но во овој контекст една од вработените во Судот истакна пример кога лица конкурирале на надворешен оглас на Судот, но не биле примени.

Согласно Систематизацијата на АС Скопје предвидени се вкупно 61 место за стручни судски службеници и тоа виш судски советник, судски советник, виш судски соработник, судски соработник и помлад судски соработник. До крајот на 2018 година биле пополнети 33 места, а непополнети 28 работни места, од кои работното место Виш судски советник, воопшто и не е пополнето. На местото судски советник пополнети се 4, а непополнети 8 работни места. Од предвидените 15 на местото виш судски соработник пополнети се 13 работни места со тоа што на местото судски соработник од предвидените 17 работни места, 5 работни места не се пополнети и од предвидените 7 работни места за помлад судски соработник 6 се пополнети.

Заклучно со 31.12.2018 година во администрацијата на Судот биле вработени 45 лица. Од предвидените 37 работни места за референти (судски референти – дактилографи) пополнети се 16 работни места.

Во 2018 година АС Скопје започнал да работи со 113 вработени, а заклучно со 31.12.2018 година останале вкупно 104 вработени. Согласно систематизацијата на Судот предвидени се 191 вработени, а непополнети биле вкупно 87 работни места заклучно со 31.12.2018 година. Со датумот на подготовка на функционалната анализа, од предвидените 191 работни места пополнети се 106, а 85 работни места остануваат непополнети.

**Табела 40: Предвиден и пополнет број на извршители во АС Скопје**

| ЗВАЊЕ | ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ АС Скопје | ПОПОЛНЕТ БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ АС Скопје |
|---|---|---|
| СУД0101А02003 СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР | 1 | 1 |
| СУД0101Б01001 САМОСТОЕН СУДСКИ СОВЕТНИК | 2 | 0 |
| СУД0101Б02004 РАКОВОДИТЕЛ НА СЛУЖБА | 1 | 0 |
| СУД0101Б04001 РАКОВОДИТЕЛ НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | 1 | 0 |
| СУД0101Б04001 РАКОВОДИТЕЛ НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | 1 | 0 |
| СУД0101Б04001 РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА | 1 | 0 |
| СУД0101Б04004 РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА | 1 | 0 |
| СУД0101Б04004 РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | 1 | 0 |
| СУД0101Б04004 РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 1 | 0 |
| СУД0101В01001 ВИШ СУДСКИ СОВЕТНИК | 10 | 0 |
| СУД0101В01002 СУДСКИ СОВЕТНИК | 12 | 4 |
| СУД0101В01003 СОВЕТНИК - ИНФОРМАТИЧАР | 2 | 2 |
| СУД0101В02001 ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК | 15 | 13 |
| СУД0101В02001 ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК-ВОДИТЕЛ НА СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА | 1 | 1 |
| СУД0101В02001 ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК-ЛЕКТОР | 1 | 0 |
| СУД0101В02001 ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК-ПРЕВЕДУВАЧ | 2 | 1 |
| СУД0101В03001 СУДСКИ СОРАБОТНИК | 17 | 12 |
| СУД0101В03002 СОРАБОТНИК ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА СУДСКА ПРАКТИКА | 2 | 1 |
| СУД0101В03002 СОРАБОТНИК ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ | 1 | 1 |
| СУД0101В04001 ПОМЛАД СУДСКИ СОРАБОТНИК | 7 | 6 |
| СУД0101Г01001 САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ | 1 | 0 |
| СУД0101Г01001 САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР | 1 | 0 |
| СУД0101Г01001 САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-ВОДИТЕЛ НА УПИСНИК | 7 | 2 |
| СУД0101Г01002 САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ-ФИНАНСОВ СМЕТКОВОДИТЕЛ | 1 | 0 |
| СУД0101Г01002 САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ-МАТЕРИЈАЛЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ | 1 | 0 |
| СУД0101Г01002 САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ-УПРАВИТЕЛ НА СУДСКА ЗГРАДА | 1 | 1 |
| СУД0101Г02001 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-ИЗВРШИТЕЛ ВО ПИСАРНИЦА НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | 6 | 5 |
| СУД0101Г02001 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-ИЗВРШИТЕЛ ВО ПИСАРНИЦА ВО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | 6 | 3 |
| СУД0101Г02001 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-КООРДИНАТОР НА ДАКТИЛОГРАФИ | 1 | 0 |
| СУД0101Г02001 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-РЕФЕРЕНТ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА СУДСКА ПРАКТИКА | 1 | 1 |
| СУД0101Г02001 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-ТЕХНИЧАР ИНФОРМАТИЧАР | 2 | 0 |
| СУД0101Г02001 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-БЛАГАЈНИК | 1 | 1 |
| СУД0101Г02001 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ЕКОНОМ | 1 | 1 |
| СУД0101Г02001 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-АРХИВАР | 1 | 0 |
| СУД0101Г02001 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-КООРДИНАТОР НА | 1 | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| ТЕХНИЧКА СЛУЖБА | | |
| СУД0101Г03001 СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-ДАКТИЛОГРАФ | 37 | 21 |
| СУД0101Г03001 СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ЗА ПРИЕМ И ЕКСПЕДИЦИЈА НА ПОШТА | 1 | 1 |
| СУД0101Г04001 ПОМЛАД СУДСКИ РЕФЕРЕНТ-ИЗВРШИТЕЛ ВО ПИСАРНИЦА | 5 | 4 |
| СУД0101Г04001 ПОМЛАД СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ДОСТАВУВАЧ | 3 | 3 |
| СУД0205Б03000 КОМАНДИР НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА | 1 | 0 |
| СУД0205Б04000 ЗАМЕНИК-КОМАНДИР НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА | 1 | 0 |
| СУД0205В01000 ПРИПАДНИК НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА | 8 | 7 |
| **Вработени по ЗРО** | | |
| УПР0405А03003 РАБОТНИК ЗА УМНОЖУВАЊЕ МАТЕРИЈАЛИ | 1 | 1 |
| УПР0405А03002 ОПЕРАТОР НА ТЕЛЕФОНСКА ЦЕНТРАЛА | 1 | 1 |
| УПР0403А02001 ВОЗАЧ | 1 | 1 |
| УПР0405А03007 ХАУСМАЈСТОР | 2 | 1 |
| УПР0405А03004 ХИГИЕНИЧАР | 15 | 7 |
| УПР0404А05001 РАБОТНИК ВО ЧАЈНО БИФЕ | 3 | 3 |
| **ВКУПНО:** | **191** | **106** |

Темите на АСЈО за континуирана обука се соодветни за потребите на судиите од АС Скопје бидејќи најчесто тие се и предлагачи на темите. Судиите често не посетуваат обуки поради обем на тековни предмети.

Пријавувањето за присуство на обуки се врши кај претседателите на одделите, а информациите се дистрибуираат преку интранет. Евиденција за посетеност на обуки не се води на ниво на суд туку секој судија води индивидуална евиденција. Според ова беше заклучено дека не се следи стручното усовршување на судиите бидејќи Судот не води таква евиденција.

Согласно податоците од АСЈО, судиите од АС Скопје посетувале обуки во следниот број:

- 2016 година - 40 судии (14 мажи и 26 жени). Од нив 14 судии биле од албанска етничка припадност, а 26 од македонска етничка припадност.
- 2017 година - 42 судии (17 мажи и 25 жени). Од нив 12 судии биле од албанска етничка припадност, а 30 од македонска етничка припадност.
- 2018 година – 39 судии (17 мажи и 22 жени). Од нив 13 судии биле од албанска етничка припадност, а 26 од македонска етничка припадност.

**Табела 41: Компаративна табела на предвидени и пополнети работни места во апелационите судови**

| | Потребен број на судии | Пополнет број на судии | Разлика | Потребен број на извршители | Пополнет број на извршители | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС Битола** | 25 | 20 | 5 | 99 | 53 | 46 |
| **АС Гостивар** | 16 | 13 | 3 | 119 | 35 | 84 |
| **АС Скопје** | 51 | 37 | 14 | 191 | 106 | 85 |
| **АС Штип** | 16 | 12 | 4 | 82 | 41 | 41 |

**Човечки ресурси - Препораки за АС Скопје:**

- **Задолжително спроведување на унапредувања на стручните соработници кои ги исполнуваат законските услови и долг временски период (повеќе од 10 години) извршуваат работни обврски и задачи во исто звање**
- **Етапно зголемување на бројот судии за 14 и соодветно зголемување на бројот на стручни соработници за 18 со што ќе се постигне сооднос на судии и стручни соработници 1:1 ( 51 судија и 51 стручен соработник)**
- **Зголемување на бројот на дактилографи и други вработени во писарницата во Судот, итно пополнување на работното место виш судски советник и соодветно пополнување на испразнетите места за судски советници, виши судски соработници, судски соработници и помлади судски соработници**
- **Водење на интерна евиденција во Судот за посетеност на обуки на секој судија и вработен во Судот**
- **Воведување на нов оддел за организиран криминал со што ќе се следи организационата поставеност на јавното обвинителство**

## *6. УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ, ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ*

### *6.1. Услови за работа, физички пристап и безбедносни услови во четирите апелациони судови*

**<u>АС ШТИП</u>**

Зградата на АС Штип е лоцирана на улица „Генерал Михајло Апостолски“ бр. 16 во центарот на градот Штип и истата е заведена на Имотен лист бр. 18494 на Катастарска парцела 8421 за Катастарска општина Штип 4. Зградата во која е сместен АС Штип има приземје, два ката и подрумски простор со вкупна површина од 2982м2 (која ја користи заедно со Основниот суд Штип, Основното јавно обвинителство Штип, Вишото јавно обвинителство Штип и Државното правобранителство Штип) од кои 30 канцеларии, 3 судници, сала за состаноци, магацин, подрумски простории, сервер сала , портирница и соба за хигиеничар.

Предметите во Судот се примаат во судската писарница која е опремена со големи и високи плакари, кои се заклучуваат, а исто така и судиите во своите канцеларии се опремени со ормари во кои ги чуваат предметите. Некои од судиите имаат и метални ормари каде ги чуваат предметите. Канцелариите на останатите вработени исто се опремени со неопходните и нужни предмети - ормари, бироа ,столици, компјутери, а прозорците и вратите добро функционираат и се заклучуваат. АС Штип има резервни клучеви од сите канцеларии во случај на елементарна несреќа и сл. Ноќно време дворот на судската зграда е осветлен со рефелектори за да подобро се контролира безбедноста на Судот. На приземниот дел од Судот е поставена електронска врата од безбедносни причини која ја контролираат припадниците на судската полиција. За време на јавните седници и расправи на судењата задолжително присуствува најмалку еден припадник на судската полиција.

Просториите во кој се сместени судиите и судските службеници се опремени со потребниот мебел и информатичка опрема. Секој судија има свој компјутер и пристап до АКМИС и Интернет. Секоја канцеларија и судница е климатизирана и вклучена во системот за парно греење. Испитаниците истакнаа дека со оглед на тоа дека голем дел од предметите судиите физички ги носат дома, беше препорачано да се овозможи пристап до судиите и стручните соработници до АКМИС од други места надвор од Судот (пример од дома), но притоа да се земат предвид безбедносните аспекти. Ставот на испитаниците е дека ваков пристап треба да се овозможи во интерес на ефикасноста на работењето, имајќи предвид дека повеќето судии се од други градови и патуваат на подолги релации.

Расположливиот простор овозможува сместување на двајца стручни советници и соработници во една просторија (канцеларија), а некои од нив се сместени во канцеларии на судии кои моментно се испразнети, што на среден рок ќе претставува дополнителен проблем. Записничарите пак, кои се шестмина, сместени се во две простории (канцеларии), односно по тројца записничари во една канцеларија.

Реален и долгогодишен проблем во врска со условите за работа претставува фактот што средствата за греење се обезбедуваат од буџетот на АС Штип, а на системот се вклучени и други

органи. Освен Државното правобранителство ниту еден од другите органи не партиципира со средства за централно греење, вода и отпад. Овој проблем може да се надмине со преместување на Вишото јавно обвинителство во друга зграда, што претставува и стратешка цел утврдена со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор од 2017 година.

До АС Штип може да се пристапи преку два главни влеза, кои се влезови како за вработените, така и за надворешни лица, а постои и заден (спореден) влез за обвинетите лица. Во Судот има рампа и лифт покрај главниот влез, а поставен е и лифт за лица со посебни потреби, како и патека за инвалидска количка.

Судот има паркинг кој го користат и други институции дополнително оптеретен со возила од Студентскиот дом на УГД кои често го користат што претставува проблем и предизвикува недостаток на паркинг места за вработените. Судот поседува и електронска рампа за паркинг место и во Судот можат да влегуваат само вработените кои имаа далечински управувачи. Судот располага со две возила и тоа Audi A4 од 2001 година и Volkswagen passat од 2018 година.

Во целиот простор има вкупно 6 санитарни чворови кои ги користат сите  вработени во Судот, но не постои можност нивното користење да биде ограничено од вработените во другите органи што се должи на неповолниот факт дека повеќе институции се сместени во иста зграда.

Безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на Судот е на задоволително ниво. АС Штип има вработено вкупно 6 припадници на судската полиција, во зградата има видео надзор за кој е задолжена судската полиција. Судот распиша тендер за јавна набавка на опрема за видео надзор која во целост е реализирана така што се поставени 9 камери на сите поважни места во Судот и надвор од Судот. Видео надзорот го спроведува и Претседателот на Судот заради законската обврска за објективна одговорност за сите состојби во зградата. Во оваа смисла, потребно е да се донесат прецизни правила и процедури за спроведување на надзорот и одговорност од извршувањето на оваа дејност во согласност со важечките законски прописи.

Судската зграда на АС Штип нема посебна просторија за чување на доказите. Судот располага со метални сефови во подрумските простории во кои се чуваат архивираните предмети, со можност за проширување. Ова е во согласност со стандардите на Советот на Европа, кој задолжително препорачува судската зграда да има обезбедено соодветен простор за чување, сортирање и архивирање на документите на Судот.

**Услови за работа, физички пристап и безбедносни услови - Препораки за АС Штип:**

- **Штип е еден од ретките судови во државата, во кој се запазени основните стандарди од аспект на услови за работа, физички пристап и безбедносни услови во Судот (доволен број на влезови за вработени, за надворешни лица, за обвинети лица, рампа, лифт и други услови за лица со посебни потреби како и број на возила).**
- **Извесни потешкотии предизвикува недоволниот паркинг простор за вработените како и за странките (електронска рампа за паркинг)**
- **Констатиран е голем одлив на средства од буџетот на АС Штип за одржување на зградата која покрај Судот ја користат и повеќе други државни органи (ОС Штип, ОЈО Штип, Вишо јавно обвинителство Штип). Оттука се наметнува потреба за преместување на Вишото јавно обвинителство во друга зграда и рамномерна поделба на трошоците за одржување на зградата со другите институции кои истата ја користат.**

**АС ГОСТИВАР**

Судската зграда на АС Гостивар е сместена на Ул.“Живко Брајковски“ бр.1 во Гостивар. Во зградата се сместени ВЈО Гостивар, ОЈО Гостивар како и Основниот суд Гостивар, при што Судот се соочува со недоволен просторен капацитет. Во текот на 2018 година била извршена реконструкција на постоечките просторни капацитети со што биле добиени 7 нови простори за работа и донекаде се задоволиле потребите во однос на просторните капацитети. Зградата во која е сместен АС Гостивар е изградена во 2007 година и има вкупна површина од 767 м2.

Во Судот има вкупно 27 канцеларии и една судница која има функционална аудио опрема за вршење на тонско снимање. Судот на располагање има дополнителни 4 други простории. И покрај реконструкцијата на судската зграда во 2017 година, таа нема сертификат за енергетска ефикасност.

Зградата не е соодветна за вршење на судски функции и е надградена со цел да се смести АС Гостивар. По реконструкцијата Судиите се распоредени сами во канцеларии, а стручните седат по 2 во канцеларија. Испитаниците се согласија дека е потребна нова зграда, со соодветни судници, архиви и канцеларии. Во Судот има два санитарни чворови кои ги користат само вработените во АС Гостивар. Во однос на режиските трошоци, АС Гостивар ги покрива за сите институции кои се сместени во зградата (парно, вода, струја).

Судската зграда на располагање има само една судница која ја користат судиите од двата оддели. Нејзината расположливост се договара помеѓу судиите на седница на оддел и преку неформална комуникација.

Влезот на зградата се користи за сите кои доаѓаат во Судот (судии, странки, вработени во Судот, вработени во останатите институции во зградата). Воедно Судот не ги задоволува соодветните услови за да биде судска зграда, со оглед на тоа дека е изграден на монтажна и метална конструкција.

Во Судот не постојат услови за пристап за лица со посебни потреби, нема лифт, но нема ниту услови за да се направи.

Судот не располага со соодветен паркинг, затоа вработените често се паркираат и надвор од дворните простории на судската зграда за што биле и казнувани заради непрописно паркирање.  Судот нема посебен паркинг простор за странки.

Согласно информациите добиени од испитаниците, предметите во АС Гостивар не се чуваат во метални ормари, а некои од предметите се сместени во обични ормани. Судиите истакнаа и дека не се предвидени специјални стандарди за безбедност и доверливост на предметите.

Задолжен за видео надзорот е претседателот на Судот и судскиот полицаец чие место во моментот е упразнето. Во септември 2019 година камерите биле обновени, а снимките се чуваат најмногу до 60 дена.

Во АС Гостивар има еден доставувач, кој писмената ги доставува со службеното возило. Испитаниците беа согласни дека има недостаток на доставувачи, бидејќи сега доставата ја вршат самите вработени лица во Судот бидејќи едно лице не може да постигне да ја изврши целата достава.

АС Гостивар има пропишано безбедносни протоколи за пристап кон информатичката мрежа. Надлежен за безбедносните протоколи е претседателот на Судот, а периодичните проверки на системот ги врши лицето задолжено за заштита на личните податоци.

Испитаниците истакнаа дека сите судии не поседуваат безбедносни сертификати и дека истото е диференцирано во зависност од областа на работа. Судиите во кривичниот оддел имаат сертификати со степен строго доверливост, а некои со степен за државна тајна.

**Услови за работа, физички пристап и безбедносни услови - Препораки за АС Гостивар:**

- **Несоодветност на просторните услови за функционирање на Судот: Недоволен број на судници, канцеларии, архива, отсуство на сертификат за енергетска ефикасност**
- **Судот не поседува доволен број на влезови, не се обезбедени никакви услови за лица со посебни потреби ниту можност во иднина истите да се обезбедат**
- **Дел од предметите се чуваат во необезбедени ормари и не се предвидени посебни стандарди за безбедност и доверливост на предметите**
- **Судската зграда е изградена на монтажна и метална конструкција, се препорачува обезбедување на потполно нов простор соодветен за ефикасно и непречено работење на Судот**

**АС БИТОЛА**

Зградата на АС Битола е лоцирана на бул. „1-ви мај“ бр. 63 во центарот на градот.

Во Зградата на АС Битола сместени се ВЈО и ОЈО Битола, но АС Битола целосно ги покрива сите трошоци за функционирањето и одржувањето на објектот, сметајќи ги и просториите и трошоците за работењето на двете обвинителства. Во текот на 2019 година се очекува дислоцирање на Обвинителствата од зградата на АС Битола, со меѓусебна соработка и поддршка од Министерството за правда.

АС Битола е сместен во стара зграда изградена во 1930 година. Во претходните години преземени биле зафати за реконструкција на дел од зградата на Судот, меѓутоа има потреба за реконструкција на зградата во целост за да може да одговори на потребите за енергетска ефикасност. Потребно е да се реконструираат сите канцеларии, да се набави потребен инвентар, бироа, столици и др. опрема за потребите на вработените.

Во текот на 2018 година, извршена е реконструкција и обновување на дел од фасадата на АС Битола и обновување на двете судници во АС Битола. Заради конструкцијата и начинот како е изграден кровот на зградата, има одлична можност во поткровниот простор да се добие квалитетен канцелариски простор исто така и сала за состаноци и дел за архива. Изработен е комплетен проект за реновирање и опремување на тој дел од зградата согласно кој очигледна е добивката во просторот доколку би се извршила градбата односно реновирањето на тој дел, со што би се решил проблемот на недостаток на канцеларии за вработените, би се добила сала за состаноци и трајно и квалитетно би се решил просторот за архива.

АС Битола располага со 2 судници кои се во солидна состојба и ги задоволуваат основните потреби. Едната судница која се користи за граѓанските спорови е целосно опремена со аудио опрема. Судницата која се користи за кривични предмети сеуште нема аудио и виде опрема и покрај инсистирањето на судиите за истата да се обезбеди. Персоналот е сместен во 38 канцеларии.

Судската зграда има по 4 санитарни чворови на спрат. Судот има доволен број на санитарни чворови, но нема ниту еден приспособен за лица со посебни потреби. Судската зграда на АС Битола нема посебна просторија за чување на доказите. Судската зграда нема сертификат за енергетска ефикасност

Физичкиот пристап до АС Битола испитаниците го оценија како задоволителен. Судот има еден службен и еден официјален влез и е сместен во иста зграда со основното и вишото јавно обвинителство и основниот суд. Паркингот го делат со јавниот простор и за негово користење вработени плаќаат од сопствени приходи. Судот има приземје и 2 ката, но нема посебен пристап за лица со посебни потреби. За потребите на овие лица има еден прилагоден влез и пристапна рампа, но истата е небезбедна и несоодветна.

Судот поседува скица и рекапитулар за зградата за што располага со наративен писмен извештај. Судот располага со две исправни возила кои според проценката на испитаниците се доволни.

Во АС Битола има 8 лица вработени во судската полиција, еден од нив е и шофер, а еден е невооружен. Судската полиција и информатичарите се надлежни за видео надзорот во Судот.

Евиденцијата на видео надзорот се врши врз основа на процедура која е во согласност со ИСО стандарди утврдени во 2015 година. Пристап до видео материјалите имаат судскиот администратор, претседателот на Судот и информатичарите. Бришењето на видео записите се врши автоматски на 30-45 дена. Виде надзорот се врши преку 13 камери, системот е нов од 2017 година. Ставот на испитаниците на АС Битола е дека е неопходно да има обезбедување пред судниците за време на судења. Оваа безбедност би можела да се регулира преку писмена процедура уредена од страна на Претседателот на Судот. АС Битола нема посебна просторија за чување на докази.

**Услови за работа, физички пристап и безбедносни услови - Препораки за АС Битола:**

- **Судот е сместен и работи во зграда соодветна за функционирање на суд во која подолг временски период се изведуваат реконструкции.**
- **Воспоставување на државна стручна служба која ќе ја следи инфраструктурата на судовите и ќе биде задолжена за спроведување на јавните набавки.**
- **Потребна е целосна планска реконструкција на Судот за трајно решавање на потребите од канцелариски простор, сала за состаноци, архива, како и опремување со аудио и виде опрема на судницата за кривични спорови.**
- **Исто така потребно е обезбедување на соодветни безбедносни услови за пристап на лица со посебни потреби.**
- **Се препорачува задолжително дислоцирање на двете обвинителства од зградата на Судот.**

**АС СКОПЈЕ**

АС Скопје се наоѓа на бул. "Крсте Мисирков" бр.1. во центарот на градот. Судот е сместен во зграда која има приземје и три ката. На приземјето се сместени судската полиција, приемното одделение, телефонската централа, судската доставна служба, како и голема сала. На првиот кат се сместени судница I, судница II и судница III, граѓанска писарница, кривична писарница, судска архива и сала за состаноци. На вториот кат се сместени кабинетот на претседателот на Судот и судскиот администратор, канцелариите на судиите, како и канцеларии на дел од стручните соработници. На третиот кат се сместени канцеларии на стручни соработници, дактилобироа, одделение за сметководство, одделение за судска евиденција и библиотека.

Од вкупно трите судници се користат две, едната е опремена со аудио опрема и воглавно се користи за рочишта за граѓанските предмети.

Просторните услови за работа испитаниците на АС Скопје ги оценија како задоволителни. Секој судија има своја канцеларија, а судските службеници се распоредени 2-4 лица во канцеларија. Во зградата се сместени и други институции (Јавно обвинителство за организиран криминал, одделението на Основен суд 1 за трговските предмети и Вишо јавно обвинителство Скопје). Зградата има скица и рекапитулар. Во зградата има вкупно 15 санитарни чворови, но само еден е функционален поради тековни градежни зафати.

Судската зграда нема сертификат за енергетска ефикасност. Само една третина од прозорците на зградата се сменети. Во следниот период ќе се врши реконструкција на машинската инсталација за што биле одобрени 40 милиони денари. Судот располага со три возила, судиите оценија дека овој број е доволен. Судот располага со стандардот ISO 9001:2015 и за таа цел имаат интерни проверувачи на стандардите за сертификација.

Судот својата функција ја извршува во непотполн состав, во однос на носители на судска функција, стручни судски службеници и административно технички судски службеници. Доколку дојде до целосно пополнување на бројот согласно систематизацијата, Судот би се соочил со просторен проблем и со недоволен број на канцеларии за сите вработени во Судот.

Зградата на АС Скопје има три влеза од кои два се наменети за странки, а третиот влез е службен. Зградата располага со свој паркинг простор кој е наменет за вработените, но не и за странките на Судот.

Во Судот не се одредени посебни рампи и лифтови за пристап до Судот и судниците на лицата со попреченост, туку приемното одделение на АС Скопје кое се наоѓа на приземјето на судската зграда има службени простории и судница до која лицата со инвалидитет имаат непречен пристап. Планирано е во иднина да се изгради лифт. Во АС Скопје има вкупно 3 судници, но аудио опремата е инсталирана само во една од судниците. Вкупно има 96 канцеларии во Судот, од кои 2 се сали за состаноци и дополнително на располагање имаат 10 помошни простории. Судот во сопственост има едно возило (Ауди, тип А6 V6 од 1998 година) и две возила кои се отстапени на трајно користење (Волсваген тип пасат 1.8 Т од 2001 и Волсваген тип пасат од 2018 година). Просечната старост на возилата е 13 години.

Во АС Скопје се вработени 7 припадници на судската полиција. Задолжени за видео надзор на Судот се припадниците на судска полиција и офицерот за заштита на лични податоци. Судот нема посебна просторија за чување на доказите. Доказите се чуваат во метални шкафови со клуч и сеф кои се наоѓаат во просториите на одделите.

Доставата на предмети во Скопје се врши со количка, а до други градови со возила при што нема никаква гаранција за безбедност. Судот има тројца доставувачи, 2 за надворешна и еден за внатрешна достава.

Судиите кои работат кривична материја имаат сертификат за доверливост и државна тајна, но не и останатите судии. Во рамки на Судот има офицер задолжен за заштита на лични податоци, но досега немало обуки на оваа тема.

Зградата на АС Скопје ги задоволува просторните услови согласно постојниот број на судии и други вработени во Судот. Сепак, потребно е долгорочно планирање за задржување на овој стандард и во услови на зголемување на бројот на судии, стручни работници и административно технички лица согласно потребата од нови вработувања во Судот.

**Услови за работа, физички пристап и безбедносни услови - Препораки за АС Скопје:**

- **Во Судот недостасува паркинг простор за странки како и основни услови за пристап на лица со посебни потреби.**
- **Доставата на предмети во АС Скопје е крајно ризична и небезбедна и таа се врши со употреба на количка на несовремен и застарен, небезбеден и ризичен начик. Доставата се врши со количка во Скопје, а со возила до другите градови.**
- **Се препорачува целосна дигитализација и интероперабилност при доставувањето на предмети и документи наместо зголемување на бројот на доставувачи**
- **Прилагодување на зградата за да одговори на потребите и стандардите за енергетска ефикасност**
- **Обезбедување на посебна просторија за чување на доказите**

### 6.2. ИКТ опрема, електронско поврзување помеѓу апелационите судови и другите судови и помеѓу судови и странките

**АС ШТИП**

Во АС Штип сите вработени судии и стручни соработници имаат пристап до интернет. Во АС Штип моментално се користат 58 персонални компјутери и еден сервер. Просечната старост на компјутерите кои се во употреба е осум години (повеќето компјутери се набавени во 2011), но во 2018 набавени се шест, а во 2019 уште четириесет нови компјутери. За одржување на ИТ опремата со која располага Судот редовно се набавуваат резервни делови (хард дискови, напојувања, RAM мемории, матични плочи, картички и др.) и истите се вградуваат во постојните конфигурации во случај на дефект. Се врши замена и на веќе старите амортизирани глувчиња, тастатури, слушалки, мрежни кабли и монитори. Замената на стари со нови компјутери е во тек и кога ќе биде завршена просечната старост на компјутерите кои се во употреба ќе биде 1 година. Серверската опрема е набавена 2010 година и истата е и хардверски и софтверски прилично застарена, а за кратко време ќе стане и нефункционална. Како оперативен систем за компјутерите се користат: Windows XP, Windows 7, Windows 10 (со најава дека истите ќе бидат надградени со оперативен систем Windows 10). Кај серверите освен проблемот со амортизација и истекот на гаранциите, постои и проблем со постепено намалување на слободниот простор за нови податоци, посебно за објавените одлуки и за скенираните документи со модулот е-приемно одделение.

Сите компјутери се заштитени со лиценциран Kaspersky антивирус на повеќе нивоа. Воедно во Судот постои Check point со сопствени безбедносни ограничувања кои се контролираат на централно ниво, а локално постои Proxy server со дополнителни ограничувања на интернет комуникацијата. На Domain controller-ите и во самиот АКМИС систем за секој корисник на ИТ системот постои корисничка сметка со точно дефинирани привилегии. Има дефинирани системски полиси согласно законот за заштита на лични податоци. Интерните правила се опишани во ISO процедурите: Правила за пристап до сервер сала, Доделување на кориснички привилегии за овластени лица кои вршат обработка на лични податоци, Процедура за користење на интернет и е-пошта. Што се однесува до физичката безбедност постојат: Процедура за физичка заштита и видео надзор и Процедура за евиденција на лица кои влегуваат во Судот. Со ИКТ опремата моментално раководат двајца советници информатичари.

Како специјализиран софтвер дизајниран специјално за потребите на Судот се користи АКМИС системот и софтверот за книговодство АМБС. Во АС Штип, архивското работење се води комбинирано т.е. компјутерски и рачно. Сите податоци и поднесоци кои се доставуваат во хартиена форма до судската писарница се внесуваат во електронското досие на предметот. Во Судот постои електронска архива на податоци и писмените документи се скенираат. Лице одговорно за следење на функционирањето на АКМИС системот се: Претседателот на Судот, Претседателите на судските оддели, Судскиот администратор, вработените во судската писарница, информатичарите. Испитаниците истакнаа дека е потребно да се обезбеди софтверско решение и да се подготви Методологија за водење на предметите на софтверски начин при што ќе помогне во усогласување и водење на статистички податоци за работата на Судот. Не постои електронска размена на податоци помеѓу судовите во рамките на АКМИС

системот. До АС Штип, предметите пристигнуваат преку основните судови во писмена форма, додека АС Штип документите и доказите ги скенира и ги прикачуваат на АКМИС како екстерни списи. Доколку предметот физички стигне во АС Штип, истиот рачно се заведува преку писарница, но и се скенира и се додава во АКМИС како дел од предметот. Беше препорачано дека судовите треба да се поврзат вертикално (ИНТРАНЕТ) за полесна комуникација и пристап до списите на предметот.

Во Судот има само локална мрежа за внатрешна комуникација, а надворешното поврзување со други органи и институции е преку интернет, односно е-маил комуникација. Во однос на електронската достава, ефикасноста на истата е на ниско ниво бидејки се потребни повеќе обиди за да се изврши е-достава бидејки се јавуваат грешки при доставата и ваквата појава одзема време и влева несигурност кај странките.

Интроперабилноста со Јавното обвинителство не е во функција, а овој начин на кореспонденција е неопходна за поголема ефикасност во работата на судовите. Имено, се работи за недостаток кој мора да биде решен заеднички од страна на раководствата на институциите со цел побрзо да се реши и надмине овој проблем. Во однос на меморијата на серверите, неопходна е набавка на нови кои ќе можат да поддржат поголем обем на документи. Од Судот наведуваат дека со зголемување на комплексноста на документите, неопходно е користење на современи апликации, а заедно со обемот на примени документи по електронски пат наведено е дека за секој суд треба посебен сопствен и-меил сервер, софтвер за автоматска енкрипција на податоци како и софтвер за следење на остварените пристапи во системот.

Електронската комуникација со странките застапувани од ополномоштени адвокати се остварува само во една насока: од Судот кон адвокатите кои имаат функционално електронско сандаче и се регистрирани на порталот за е-достава. Проблем во оваа комуникација е тоа што може да  постои и број на адвокати кои немаат електронско сандаче и за нив не постои можност да им се доставува по електронски пат. Неможноста адвокатите и странките сами да доставуваат писмена до Судот по електронски пат оневозможува зголемување на ефикасноста и економичноста при доставата на актите на Судот. Дополнителен недостаток претставува искажувањето на судиите дека само тие и претседателот на Судот имаат службени електронски адреси (кои дел од нив не ги користат), а останатите вработени немаат вакви адреси.

Според овие индикатори, може да се заклучи дека ИКТ се користат во АС Штип, но дека постојат и сериозни недостатоци и простор за подобрување на состојбите преку воведување на интероперабилност помеѓу АС Штип и судовите од апелационото подрачје.

**АС ГОСТИВАР**

Во АС Гостивар има вкупно 50 активни компјутери со просечна старост од 8 години. Компјутерите работат со XP и Windows 7 оперативен систем кој е застарен во споредба со постоечките оперативни системи. Вкупно 20 судии и стручни соработници имаат пристап до интернет за секојдневно работење, а користат 23 службени е-маил адреси кои се распределени по судии, стручни соработници и советници. Сите компјутери се заштитени со лиценциран антивирус. Во текот на 2018 година е направена последната набавка на 10 компјутери со што се задоволени моменталните потреби на Судот, но важно е да се истакне дека околу 40% од работните станици работат на стар оперативен систем Windows XP кој не е лиценциран.

Во Судот постои внатрешно поврзување помеѓу службениците и судиите, но исто како и со другите апелациони судови не постои интерно поврзување со основните судови за споделување на списи, предмети и редовна комуникација. Судот нема самостојна доставна служба, и доставата на списи и документи се врши преку пошта. Согласно распоредот за работа, предметите од секој од одделите се заведуваат компјутерски (електронски), но се водат и уписници за физичко примање и предавање на предметите. Со оглед на тоа дека архивирањето не е унифицирано и централно уредено за сите апелациони судови, Судот скенира само дел од писмените. Иако ИТ технологијата е интероперабилна со останатите органи, таа не е воспоставена. Електронската размена помеѓу судовите и адвокатите се одвива преку користење на порталот за е-достава и тоа само за оние адвокати кои се имаат регистрирано. Не се пријавени никакви проблеми во досегашното работење.

Архивското работење во Судот се врши комбинирано, преку рачна евиденција на писмените, а само дел се скенираат електронски. Доставата на писмена се врши преку пошта до основните судови, а електронска комуникација е воспоставена само со адвокатите кои се регистрирани на е-порталот, но истата е ограничена. Одговорни лица за работа со АКМИС системот се претседателот на Судот, судскиот администратор и советник информатичар.

Во АС Гостивар скенирањето не се врши на редовно ниво и во доволен обем. Судиите истакнаа дека во зависност од обемот на работа на судската служба дел од одлуките се скенираат. Задолжително се скенираат одлуките од ВСРСМ. Само дел од основните судови во подрачјето на АС Гостивар ги скенираат предметите и ги прикачуваат на АКМИС, но судиите истакнаа дека недостасува интранет вертикално поврзување на системот за поефикасна комуникација. Како проблем ја истакнаа неажурноста на ОЈО Гостивар кои не ги доставуваат предметите и списите навремено.

Испитаниците истакнаа дека во однос на електронската достава и скенирање, проблематично може да биде за судиите во кривичниот оддел бидејќи треба да се оценува и вистинитоста на доказите. Тие воедно пријавија дека од време на време се појавуваат технички проблеми во АКМИС системот, како и дека не се ажурираат електронските сандачиња на судиите. Доставата се врши по електронски пат за тие што се имаат регистрирано, но и по пошта.

**<u>АС БИТОЛА</u>**

Во АС Битола активно се користат 72 компјутери. Нивниот старосен век е од 2008-2019 година на кои генерално се користи Windoxs (XP SP3, 7, 10 Professional). Посебен софтвер кој го користи Судот е АКМИС системот и Програмата за судска пракса. Дополнително се користи АБМС системот за финансиско работење. Компјутерите во Судот се поврзани преку лан мрежа, но не се поврзани со основните судови. Во поглед на надворешно поврзување со други институции не постои поврзаност преку апликацијата АКМИС со ВСРСМ, туку само физичка поврзаност со оптички кабел преку која се врши репликација на Домејн контролерите и повелекување на Back-up од базата на SQL серверот. Судот не располага со соодветна хардвер опрема ниту со процедура за проверка на функционалноста на безбедносните копии (безбедносни копии се прават секојдневно). Вкупно 37 лица (20 судии и 17 стручни соработници) имаат пристап до интернет во Судот. Не е воспоставена интероперабилност со другите органи, а комуникацијата со другите органи се одвива преку е-маил. Што се однесува до движењето на судските предмети, истото се одвива исклучиво според АКМИС програмата.

АС Битола нема план или програма за електронска комуникација. Нема воспоставен систем на електронска комуникација со основните судови, односно вертикално поврзување со основните судови преку апликацијата АКМИС, но електронската комуникација со истите се одвива редовно преку е-маил. Во рамки на Судот има еден доставувач. Дел од предметите се скенираат, но не секогаш бидејќи скенерот не е секогаш во функција. Вообичаено, се скенираат дополнителните писма, но не и основниот предмет.

Сите вработени во Судот имаат службени е-маил адреси на домеинот на Судот, но ги користат и приватните е-маил адреси за службени потреби. Судот е ограничен на 50 е-маил сандачиња.

Во АС Битола има вработено еден информатичар, а во тек е постапка за ангажирање на уште еден. Информатичарот ги спроведува и сите технички активности во однос на ИТ опремата (поправање на компјутери, одржување на мрежа, ИТ инфраструктура на Судот, одржување на внатрешна веб страна, креирање на извештаи, менување на тонери, и тн.).

Освен АКМИС и АБМС програмот кој се користи за финансиско работење и сметководство, Судот има реализирано софтверски програм за судска пракса кој е поврзан со основните судови (од подрачјето на апелациониот суд Битола). Основните судови немаат можност да внесуваат податоци во програмата туку само да пребаруваат, но и покрај тоа се задоволни од програмата.

Во рамки на Судот нема интранет, а размената на податоци се врши преку е-маил адресите. АС Битола не врши електронска достава на предмети со ВСРСМ. АС Битола е системски поврзан со некои адвокати, но електронската достава на документи се врши еднострано, само од Судот кон адвокатите.

АС Битола располага со комплетно нова компјутерска опрема, но серверски капацитети се ограничени и тешко го опслужуваат АКМИС. Поради тоа не се врши скенирање на целите предмети туку само на поднесоците. Постојат технички можности за интероперабилност со јавните обвинителства, но истата не се користи и покрај тоа што е функционална.

Сите компјутери се заштитени со лиценциран Kaspersky антивирус на повеќе нивоа. Воедно во Судот постои Check point со сопствени безбедносни ограничувања кои се контролираат на централно ниво,. На Domain controller-ите и во самиот АКМИС систем за секој корисник на ИТ системот постои корисничка сметка со точно дефинирани привилегии. Има дефинирани системски полиси согласно законот за заштита на лични податоци. Интерните правила се опишани во ISO процедурите: Правила за пристап до сервер сала, Доделување на кориснички привилегии за овластени лица кои вршат обработка на лични податоци, Процедура за користење на интернет и е-пошта. Што се однесува до физичката безбедност постојат: Процедура за физичка заштита и видео надзор и Процедура за евиденција на лица кои влегуваат во Судот.

Вработените на АС Битола заклучија дека интероперабилност и електронска достава на предмети е неопходна и дека истата ќе придонесе кон поефикасно работење Судот.

АС Битола нема посебни безбедносни протоколи за пристап кон информатичка мрежа, а за таа намена се користат правилниците од Агенција за заштита на лични податоци. Судот не врши повремени тестови и проверки на функционалноста на безбедносните копии.

Судот бара од основните судови документите кои ги доставуваат електронски да бидат во "word" за да можат да ги користат податоците во документите.

Во АС Битола архивското работење се води комбинирано според податоците примени од Судот (електронски и рачно). Одговорни лица за работа со АКМИС системот се претседателот на Судот, судскиот администратор и советник информатичар.

АС Битола нема воспоставен систем на електронска комуникација со основните судови. Во рамки на Судот нема интранет, а размената на податоци се врши преку е-маил адресите. Електронската размена помеѓу судовите и адвокатите се одвива преку користење на порталот за е-достава и тоа само за оние адвокати кои се имаат регистрирано. Не се пријавени никакви проблеми во досегашното работење.

Постојат технички можности за интероперабилност со јавните обвинителства, но истата не се користи и покрај тоа што е функционална. Вработените на АС Битола заклучија дека интероперабилност и електронска достава на предмети е неопходна и дека истата ќе придонесе кон поефикасно работење Судот.

**АС СКОПЈЕ**

Во АС Скопје во употреба се 150 компјутери, од кои 60 се набавени во текот на 2018 г, а најстарите се во употреба од 2013 година. Сите компјутери работат на оперативните системи Windows 8 и Windows 10.

Одредени проблеми во работењето предизвикува застарената пасивна мрежна опрема, инсталирана во 2000 година чиј капацитет не ги задоволува потребите на секојдневното работење, и тоа од аспект на дисков простор, работна меморија, процесорна моќ и тн.

Ако се земат предвид континуираните надградби на АКМИС и потребата од секојдневно користење на воведените ИКТ системи, според проценките на Судот неопходно е да се набават нови, помоќни сервери (најмалку два) со што би се овозможило непречено работење на Судот.

Во Судот се користи и СРС ФЕМИДА системот за тонско снимање рочишта согласно Законот за парнична постапка. Опрема и софтвер за тонско снимање на рочишта се инсталирани и се користат само ве една судница во Судот, за која е направен распоред што овозможува сите судиски совети од Граѓанскиот оддел и Трговскиот оддел да постапуваат согласно со Законот за парнична постапка. Во текот на 2018 година извршено е тонско снимање на 56 рочишта, согласно Упатството за тонско снимање на рочишта изготвено од страна на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите при ВСРСМ. Не се забележани недостатоци на СРС ФЕМИДА системот, од аспект на исправност на опремата, така и од аспект на функционалноста на софтверот. Но, земајќи го во предвид значењето на овој систем за успешно одржување на рочишта согласно ЗПП, проценка на Судот е дека е неопходно да се обезбеди тековно одржување и надградба на истиот.

Во текот на 2018 година, во Судот се инсталирани 8 нови мрежни принтери кои користат тонери со голем капацитет. Со тоа се очекува да се подобри квалитетот на печатење во Судот и значително да се намалат трошоците за печатење.

Редовно се користи и "Системот за електронска достава на судски документи". Согласно годишниот извештај на АС Скопје, во текот на 2018 година извршена е електронска достава на 242 писмена во вкупно 210 предмети.

Согласно годишниот извештај на АС Скопје за 2018 година, во АС Скопје целокупното управување со движењето на судските предмети, како и донесувањето на судските одлуки се одвива со користење на АКМИС. Во системот се води електронска евиденција на потребните податоци во врска со предметите и се изготвуваат акти во истите. Посебно внимание се посветува на автоматската распределба, како и на автоматската прераспределба на судските предмети по судии. Континуирано се следи и квалитетот на внесените податоци, во смисла дали истите се пополнуваат целосно и точно. Исто така, постојано се врши подобрување и оптимизирање на работата во АКМИС за секоја корисничка група на системот, поодделно. Сите месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи, врз основа на кои се следи работата на Судот, судиите и другите корисници се доставуваат до надлежните институции. Пристапот до потребните информации е значително подобрен, а комуникацијата помеѓу вработените од Судот и вработените во институциите со кои Судот соработува е поедноставена.

АКМИС е целосно функционален, но и покрај тоа некои аспекти мора да се оптимизираат. Предметите не се скенираат поради недостаток на хардверски услови, но и поради ограничен капацитет на серверот. Се скенираат само поднесоците. Скенираните влезни документи се приклучуваат кон соодветното електронско досие на предметот во АКМИС. Неопходна е уредба која би ги регулирала процедурите за скенирање на предмети или поднесоци.

Во однос на заведување на предмети беше потенцирано дека мора да се надгради системот за предметите и да се воведе унифицирано референцирање на предметите пред Судот, како и да се делат по основ и да има усогласување помеѓу прв и втор степен.

Во однос на прераспределбата на предметите во АКМИС, прераспределбата се врши според критериуми утврдени од работно тело во рамки на ВСРСМ.

Во АС Скопје нема електронско поврзување со основните судови од апелационото подрачје Скопје. Доколку се изврши електронско поврзување и размена на податоци, ќе се овозможи електронска размена на податоци и комплетирање на електронските досиеја на предметите. Со тоа би се намалил обемот на податоци кои треба да се внесуваат во АКМИС и би се поедноставила работата по судските предмети.

**ИКТ опрема, електронско поврзување помеѓу апелационите судови и другите судови и помеѓу судови и странките - Препорака за четирите апелациони судови:**

- **Воспоставување на интероперабилност помеѓу апелационите судови и судовите од истото апелационо подрачје преку изготвување на веб сервиси кои ќе овозможуваат достапност до податоци на барање на судовите на предмети, списи, документи и писмена. Со ваков вид соработка многу би се олеснила службената комуникација и работа на судовите.**

## 7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ

### 7.1. Дефинирање на судски буџет

Согласно Законот за судскиот буџет, судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и расходи на единките корисници на судската власт што ги утврдува Собранието на Република Северна Македонија и е наменет за нивно финансирање. Средствата наменети за Судската Власт на единките корисници ги распределува Судскиот буџетски совет. Согласно член 4 од Законот за судски буџет е предвидено дека делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република Северна Македонија, потребни за функционирање на единките корисници се утврдува во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ. Во случај на ребаланс на буџетот на Република Северна Македонија средствата наменети за финансирање на судската власт не може да се намалат.

Буџетите на судовите се спремаат согласно член 13 и член 14 од Законот за судскиот буџет. Судскиот буџетски совет изготвува циркулар во кој се наведени насоките за изготвување на финансиските планови и истиот го доставува до корисниците. Единките корисници најдоцна до 1 јуни во тековната година ги доставуваат следните податоци до Судскиот буџетски совет:

- процена на трошоците за фискалната година
- процена на трошоците за наредните две фискални години
- преглед на потребните расходи за неопходното вработување за извршување на функциите на корисниците
- предлози кои ги содржат идните обврски или повеќегодишните трошоци, вклучувајќи ги инвестиционите проекти искажани поединечно и
- трошоците за секоја идна година искажани одделно.

Заклучно со 15ти мај во тековната година основните судови ги усогласуваат финансиските планови на ниво на апелационо подрачје. По добивањето на податоците Судскиот буџетски совет изготвува предлог судски буџет и го доставува до Министерството за финансии. Согласно со методологијата на ЦЕПЕЈ, нивото на средства кои се определуваат за функционирањето на сите судови се мери преку износот на сите средства (национални и регионални) кои се определуваат на годишно ниво, по глава на жител. Според оваа методологија во 2016 година годишниот буџет за судовите изнесувал 14,4 евра по глава на жител во Република Македонија, во споредба со 2014 година кога изнесувал 14,9 евра по глава на жител. Сепак иако номинално средствата издвоени за судовите по глава на жител се ниски, истите треба да се анализираат со земање предвид на нивниот процент од вкупниот национален буџет и големината на економијата на земјата.

### 7.2. Процедури за формирање на судски буџети

Во судовите постојат внатрешни процедури за буџетско планирање на судскиот буџет. Планирањето на судскиот буџет е врз основа на посебен ИТ систем за финансиско работење кој е мрежно поврзан- Автоматизиран буџетски менаџмент систем (АБМС). Параметрите кои се користат се врз основа на анализа на претходните години за потрошените финансиски средства и потребите на Судот. Секој суд своето финансиско раководење го води според посебни внатрешни акти. Платите и надоместоци, како и бодовите и коефициентите се пресметуваат врз основа на Законот за плати на судиите и Законот за судска служба.

Согласно процедурите за квалитет на апелационите судови, а во врска со анализа и подготовка на буџетот, во судовите се креира работна група кој го подготвува буџетот, а чии членови ги именува Претседателот на Судот.

Министерството за финансии, најдоцна до 15 јуни, до носителите на функционалната област го доставува буџетското барање во форма на буџетски циркулар. Судскиот буџетски совет, преку Стручната служба, го дистрибуира буџетското барање во рок од 5 дена од денот на прием од Министерството за финансии, до сите Судови.

Заведен и архивиран, буџетскиот циркулар се доставува до Претседателот на Судот на разгледување. Претседателот веднаш потоа ја составува работната група за изработка на истиот и донесува одлука за именување на членови во групата. Работната група истиот или најдоцна наредниот ден го одржува првиот работен состанок, на кој се запознава со формата и содржината на буџетскиот циркулар и врши формална контрола.

Тимот кој работи на подготовка на буџетскиот циркулар, конечните податоци од извршените анализи ги внесува во соодветните обрасци и изготвува Предлог буџетски циркулар, кој се доставува до Претседателот на Судот за контрола и утврдување. Претседателот ги разгледува и ги контролира податоците во циркуларот и со нив доставува образложение кон буџетската проекција, што практично значи одобрување и утврдување на буџетскиот циркулар.

Комплетно подготвен, циркуларот се доставува преку архивата на Судот во писмена форма во еден примерок до Судскиот буџетски совет, а се доставува и во електронска форма преку службената е-маил адреса до Стручната служба на Судски буџетски совет.

Капиталните расходи се планираат и утврдуваат од страна на Судскиот буџетски совет, како посебен дел од буџетскиот циркулар, а по донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија се операционализираат со донесување на посебна програма донесена од Судскиот буџетски совет.

Во апелационите судови на РСМ, реализацијата на буџетот се следи преку АБМС системот односно преку модул -буџетско работење.

### *7.3. Процедури за водење на сметководство*

Сметководствената евиденција судовите ја водат согласно Упатството за воедначување на сметководственото работење во единките корисници на судската власт издадено од Судскиот буџетски совет со архивски број 02-414/4 од 03.04.2014 година. Водењето на сметководството, деловните книги и сметководствената евиденција, и другите прашања поврзани со сметководството на буџетите и буџетските корисници е уредено со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Службен весник на РМ бр. 61/02, 98/02 и 81/05).

Сметководството треба да обезбеди податоци поединечно и по видови на приходи и други приливи, расходите и други одливи, како и за состојбата со средствата, обврските и изворите на средствата. Расходите се извршуваат согласно Законот за извршување на буџетот, во делот наменет за судската власт.

Согласно Законот за буџетите, Сметководствениот план за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за класификација на расходите и Правилникот за класификација на приходите за потребите на судската власт се предвидени следните расходи и приходи, групирани во следните групи на сметки:

| Група | Опис |
|---|---|
| **40** | Плати и надоместоци |
| **42** | Стоки и услуги |
| **46** | Субвенции и трансфери |
| **48** | Капитални расходи |

| Група | Опис |
|---|---|
| **741112** | Траснфери од Буџет на СРМ |
| **724132** | Надомест на трошоци за судска и прекршочна постапка |
| **725939** | Останати неданочни приходи |

### *7.4. Анализа на постоечките буџети и нивна имплементација*

**АС ШТИП**

Согласно Билансот на приходи и расходи на АС Штип на редовната буџетска сметка, расходите во најголем дел се состојат од трошоци за плати и надоместоци, односно околу 86% за 2018 година, по што следувват трошоци за стоки и услуги, околу 11,9% во 2018 година и капитални расходи од 1,1%. Вкупните расходи се зголемиле за околу 4% во 2017 година, во споредба со 2016 година, и за околу 4,7% во 2018 година во споредба со 2017 година.

| во денари | 31-дек-16 | 31-дек-17 | 31-дек-18 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 30.962.778 | 31.874.625 | 32.745.394 | 2,94% | 2,73% |
| Стоки и услуги | 3.599.513 | 4.081.517 | 4.488.933 | 13,39% | 9,98% |
| Субвенции и трансфери | 104.508 | 90.824 | 78.144 | -13,09% | -13,96% |
| Капитални расходи | - | - | 423.454 | 0,00% | 100,00% |
| **Вкупно расходи** | **34.666.799** | **36.046.966** | **37.735.925** | **4,00%** | **4,70%** |
| | | | | | |
| Трансфери и донации | 34.666.799 | 36.046.966 | 37.735.925 | 3,98% | 4,69% |
| **Вкупно приходи** | **34.666.799** | **36.046.966** | **37.735.925** | **3,98%** | **4,69%** |

Извор: Биланс на приходи и расходи на АС Штип за 2016,2017 и 2018 година

На сопствента сметка, АС Штип бележи приходи од судски такси, како и расходи за надоместоци, материјали и ситен инвентар и најголем дел за каптиални расходи. Значајно зголемување на расходите бележи во 2018 година, поради реализирање на капитални инвестиции од оваа сметка.

| во денари | 31-дек-16 | 31-дек-17 | 31-дек-18 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | 40.570 | 38.557 | 424.926 | (5%) | 1002% |
| **Вкупно приходи** | 296.043 | 399.642 | 551.906 | 35% | 38% |

Извор: Биланс на приходи и расходи на АС Штип за 2016,2017 и 2018 година

**АС ГОСТИВАР**

Согласно Билансот на приходи и расходи на АС Гостивар на редовната буџетска сметка, расходите во најголем дел се состојат од трошоци за плати и надоместоци, односно околу 88% за 2018 година, по што следуваат трошоци за стоки и услуги, околу 7% во 2018 година и капитални расходи од 4%. Најголемо зголемување во текот на годините бележат капиталните расходи, односно за 100% во 2017 година и 728% во 2018 година, кое што се должи на фактот дека во 2016 не се реализирани капитални инвестиции од редовната сметка. Вкупните расходи се зголемиле за околу 5,7% во 2017 година, во споредба со 2016 година, а се зголемиле за околу 7,5% во 2018 година во споредба со 2017 година.

| во денари | 31-дек-16 | 31-дек-17 | 31-дек-18 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 28.268.492 | 29.734.986 | 30.497.186 | 5,2% | 2,6% |
| Стоки и услуги | 1.923.519 | 2.063.855 | 2.406.415 | 7,3% | 16,6% |
| Субвенции и трансфери | 103.159 | 53.237 | 123.747 | -48,4% | 132,4% |
| Капитални расходи | 0 | 166.575 | 1.379.420 | 100,0% | 728,1% |
| **Вкупно расходи** | **30.295.170** | **32.018.653** | **34.406.768** | **5,7%** | **7,5%** |
| | | | | | |
| Трансфери и донации | 30.295.170 | 32.018.653 | 34.406.768 | 100,0% | 7,5% |
| **Вкупно приходи** | **30.295.170** | **32.018.653** | **34.406.768** | **5,7%** | **7,5%** |

Извор: Биланс на приходи и расходи на АС Гостивар за 2016,2017 и 2018 година

На сопствената сметка, АС Гостивар бележи приходи од судски такси, како и расходи за надоместоци, материјали и ситен инвентар и најголем дел за капитални расходи. Значајно зголемување на расходите бележи во 2018 година, поради реализирање на капитални инвестиции од оваа сметка. Вкупните приходи се зголемени за 42% во однос на 2017 година, поради зголемување на ставката Други неданочни приходи.

| во денари | 31-дек-16 | 31-дек-17 | 31-дек-18 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | 70.976 | 89.499 | 926.142 | 26,1% | 934,8% |
| **Вкупно приходи** | 541.983 | 938.392 | 1.335.286 | 73,1% | 42,3% |

Извор: Биланс на приходи и расходи на АС Гостивар за 2016,2017 и 2018 година

## АС БИТОЛА

Согласно податоците добиени од АС Битола, во 2017 и 2018 година, во целост односно 100% го има реализирано одобрениот буџет. Во 2017 година од планираните средства, на Судот му биле одобрени 10% помалку, додека за 2018 година, одобрен е помал буџет од 35%. Во периодот од 2016 до 2019 година на Судот не му биле одобрени капитални инвестиции во износ од околу 19 милиони денари, поради што главно и се јавува разликата помеѓу планираните и одобрените средства од околу 35%.

| Година | Планирани средства | Одобрени средства | Одобрени средства (на крај на година) | Реализирани средства | % Планирани/ Одобрени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2017** | 59.020.000 | 50.392.827 | 52.904.773 | 52.904.773 | 10% |
| **2018** | 85.344.000 | 53.064.606 | 55.770.377 | 55.770.377 | 35% |

Извор: Интерна анализа на АС Битола

Согласно Билансот на приходи и расходи на АС Битола на редовната буџетска сметка, расходите во најголем дел се состојат од трошоци за плати и надоместоци, односно околу 85% за 2018 година, по што следуваат трошоци за стоки и услуги, околу 10% во 2018 година и капитални расходи од 4,2%. Вкупните расходи се зголемиле за околу 1,6% во 2017 година, во споредба со 2016 година, и за околу 5,7% во 2018 година во споредба со 2017 година.

| во денари | 31-дек-16 | 31-дек-17 | 31-дек-18 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 47.577.018 | 46.586.827 | 48.505.606 | -2,1% | 4,1% |
| Стоки и услуги | 3.798.180 | 5.237.786 | 5.560.300 | 37,9% | 6,2% |
| Субвенции и трансфери | 1.031.973 | 772.486 | 190.313 | -25,1% | -75,4% |
| Капитални расходи | 110.915 | 307.674 | 1.514.158 | 177,4% | 392,1% |
| **Вкупно расходи** | **52.518.086** | **52.904.773** | **55.770.377** | **0,7%** | **5,4%** |
| | | | | | |
| Трансфери и донации | 52.518.086 | 52.904.773 | 55.770.377 | 0,7% | 5,4% |
| **Вкупно приходи** | **52.518.086** | **52.904.773** | **55.770.377** | **0,7%** | **5,4%** |

Извор: Биланс на приходи и расходи на АС Битола за 2016,2017 и 2018 година

На сопствената сметка, АС Битола бележи приходи од судски такси, како и расходи за надоместоци, материјали и ситен инвентар и најголем дел за капитални расходи. Значајно зголемување на расходите бележи во 2017 година, поради реализирање на капитални инвестиции од оваа сметка.

| во денари | 31-дек-16 | 31-дек-17 | 31-дек-18 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | 128.509 | 283.236 | 334.595 | 120,4% | 18,1% |
| **Вкупно приходи** | 418.455 | 479.492 | 703.126 | 14,6% | 46,6% |

Извор: Биланс на приходи и расходи на АС Битола за 2016,2017 и 2018 година

## АС СКОПЈЕ

Согласно податоците добиени од АС Скопје, во периодот на анализа одобрениот буџет се реализира во просек околу 98%. Разликата помеѓу планираните и одобрените средства е минимална, но сепак треба да се земе во предвид дека согласно дискусиите на фокус групите, дека пред да се достави официјален предлог Буџет, истиот се усогласува со Министерството за Финансии, со што не може да се смета дека предлог Буџетот ги отсликува потребите во целост.

| Година | Планирани средства | Одобрени средства | Реализирани средства | % Планирани/ Одобрени средства |
|---|---|---|---|---|
| **2016** | 109.745.000 | 105.615.042 | 102.021.298 | 4% |
| **2017** | 105.950.000 | 104.167.828 | 100.078.189 | 2% |
| **2018** | 105.950.000 | 106.793.740 | 100.062.397 | (1%) |

Извор: Интерна анализа на АС Скопје

Согласно Билансот на приходи и расходи на АС Скопје на редовната буџетска сметка, расходите во најголем дел се состојат од трошоци за плати и надоместоци, односно околу 85% за 2018 година, по што следуваат трошоци за стоки и услуги, околу 10% во 2018 година и капитални расходи од 3%. Најголемо зголемување во текот на годините бележат капиталните расходи, односно за 100% во 2017 година и 180% во 2018 година. Вкупните расходи се намалиле за околу 1,9% во 2017 година, во споредба со 2016 година, а се зголемиле за околу 0,5% во 2018 година во споредба со 2017 година.  Вкупните приходи не бележат значајни осцилации во периодот на анализа.

| во денари | 31-дек-16 | 31-дек-17 | 31-дек-18 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 88.242.013 | 88.592.360 | 88.698.698 | 0,4% | 0,1% |
| Стоки и услуги | 12.461.402 | 10.497.904 | 9.632.238 | -15,8% | -8,2% |
| Субвенции и трансфери | 1.317.883 | 568.081 | 1.115.220 | -56,9% | 96,3% |
| Капитални расходи | 0 | 419.844 | 1.174.357 | 100,0% | 179,7% |
| **Вкупно расходи** | **102.021.298** | **100.078.189** | **100.620.513** | **-1,9%** | **0,5%** |
| | | | | | |
| Трансфери и донации | 102.021.298 | 100.078.189 | 100.062.397 | -1,9% | 0,0% |
| **Вкупно приходи** | **102.021.298** | **100.078.189** | **100.062.397** | **-1,9%** | **0,0%** |

Извор: Биланс на приходи и расходи на АС Скопје за 2016,2017 и 2018 година

На сопствената сметка, АС Скопје бележи приходи од судски такси, како и расходи за надоместоци, материјали и ситен инвентар и најголем дел за капитални расходи. Значајно зголемување на расходите бележи во 2018 година, поради реализирање на капитални инвестиции од оваа сметка.

| во денари | 31-дек-16 | 31-дек-17 | 31-дек-18 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | 2.673.083 | 1.224.773 | 2.878.156 | -54,2% | 135,0% |
| **Вкупно приходи** | 4.867.515 | 5.431.868 | 6.630.489 | 11,6% | 22,1% |

Извор: Биланс на приходи и расходи на АС Скопје за 2016,2017 и 2018 година

### 7.5. Наоди и препораки од извршената анализа

Заклучок од одржаните фокус групи е дека генералниот став на судиите од Апелационите судови е дека платите не се соодветни на статусот, надлежностите, ризиците и обемот на работа. Разликата меѓу платите на судиите во основните и повисоките судови е многу мала. Согласно Законот за плати на судиите, коефициентите за пресметка на платите на судиите варираат од 2.8 до 3.7 во зависност од Судот во кој се вработени и проблематиката на која работи судијата. Вредноста на коефициентот е просечна исплатена плата за последната пресметковна година, а тој вкупен износ се зголемува со додаток за стаж кој за секоја година е 0,5%, но не повеќе од 20%. Сегашниот коефициент за пресметка на плата на судиите е 3,2 %, а предлогот на судиите во рамки и на работната група формирана со цел разгледување на правната регулатива која се однесува на исплата на платите на судиите и други додатоци предвидени со закон е да има спогодба за износот на коефициентот да се зголеми на 3,6%.

Исто така генерален заклучок е дека судовите имаат проблем со реализација на нови вработувања, како и унапредувања. Наодите покажуваат дека АС Гостивар има потреба од нови вработување кои што не се реализираат согласно потребите. Од спроведената анализа и дискусијата на фокус групата е утврдено дека голем дел од предвидени места со систематизацијата не се пополнети. Спроведувањето на јавни набавки го врши лице кое што нема соодветна лиценца за да ги спроведува истите. Потребно е пополнување на битни позиции за соодветно функционирање на институцијата, како и ревидирање на постоечката систематизација за да се утврди реалниот број на потребни вработувања.

Исто така, АС Скопје има потреба од нови вработувања коишто не се реализираат согласно потребите. Од аспект на финансиското работење, местото раководител на одделение за финансиско и материјално работење е испразнето, односно моментално Судот нема задолжено лица за финансиско раководење со соодветно образование. Пополнувањето на ваквата позиција е важна и од формален односно законски аспект, како и за подобрување на финансиското работење на Судот.

Согласно информациите од АС Битола, има потреба од нови вработување кои што не се реализираат согласно потребите, освен по основ на пензионирање. Воедно, се очекува да се реализираат и голем број на унапредувања. Поради тоа што судството нема свој буџет и трезорски систем, набавките и вработувањата се предмет на одобрување од Министерство за финансии и поради тоа истите не се реализираат навремено и во целост.

Согласно информациите од АС Штип, моделот на финансирање на судството односно Законот за извршување на буџетот на РСМ, Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет како суштинска препрека за ефикасно функционирање на судовите имајќи предвид дека износот, но и извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии (нови вработувања, јавни набавки, додатоци на плата). Ставот на дел од судиите е дека судството треба да има свој буџет и трезорски систем со префрлање на квартална транша од Буџетот, при што набавките и вработувањата нема да бидат одобрувани од Министерството за Финансии.

Според ставовите на АС Штип, погрешно е што статусот на судиите се изедначува со статусот на избрани и именувани лица и тоа само во однос на платите, не и во однос на другите додатоци.

Судиите предложија дека додатоците на плата треба да останат фиксни како категорија, но дека платата треба да биде диференцирана во зависност од обемот на работа по оддели и области како и дека треба да се предвидат одредени додатоци за стимулирање на работата на судиите.

Судството треба да има свој буџет и трезорски систем со префрлање на квартална транша од Буџетот на РСМ, при што набавките и вработувањата нема да бидат предмет на одобрување од Министерство за финансии. Одбранбен механизам од разните загрозувања на независноста на судиите (притисоци политички, социјален, материјален карактер), може да се изгради само доколку секој судија одделно го гради сопствениот интегритет и сите заедно одлучно се спротивстват на секој обид за негово загрозување.

Независноста на судството е во директна врска со финансиската самостојност. Според став 2 од Мислењето бр. 2 (2001) на Консултативниот совет на европските судии при Совет на Европа за Комитетот на министри при Совет на Европа за финансирање и управување на судовите со осврт кон судската ефикасност и членот 6 од ЕКЧП, „финансирањето на судовите е тесно поврзано со темата ‘независност на судството’, така што ги определува условите во кои судовите ја извршуваат својата функција“. Според Препораката бр. 8 од Мислењето бр. 1 (2001) на Консултативниот совет на европските судии при Советот на Европа која се однесува на платите на судиите, се предвидува следново: „Платите на судиите треба да бидат соодветни на нивната улога и одговорност и треба да обезбедат здравствена и пензиска заштита. Треба да бидат гарантирани со специфични правни одредби насочени против нивно намалување и треба да има одредби за покачување, пропорционално на порастот на животните трошоци“. Притоа, голема забелешка треба да се упати во однос на транспарентноста на судските буџети. Судскиот буџет е прикажан кумулативно во Буџетот на Република Македонија а посебна ставка е прикажана само за Уставниот суд на Република Македонија.

### *7.6. Јавни Набавки во Судската Власт*

Согласно Извештајот за реализација на судскиот буџет за 2018 година изготвен од Судскиот буџетски совет, ефикасен систем на јавни набавки е многу важен за непречено одвивање на работата во судовите. Согласно извештајот, јавните набавки генерално се обавувале поединечно во секој суд и како резултат на ова се јавува разноликоста во опремата и материјалите кои се користат, различните цени на набавките за ист вид на стоки и услуги, ангажирање на човечки ресурси и мултиплицирање на трошоците за набавка за прибавување согласности од Советот за јавни набавки. За да се спречи горенаведеното утврдено е дека најдобра пракса е спроведување на групна набавка. Во судската власт во текот на 2018 година биле спроведени две групни јавни набавки од страна на ССРСМ и тоа за набавка на услуги за мобилна телефонија и за набавка за интернет услуги. На ниво на апелациони подрачја биле спроведени групни јавни набавки за набавка на хартија за печатење. Со оглед дека Центарот за информатичка технологија на судската власт е сместен во ВСРСМ, овој суд спроведува јавни набавки за набавка на Firewall Check Point заштитата во судовите во РСМ, за годишна софтвер претплата, постгаранциско и тековно одржување на хардверот и системскиот софтвер за функционирање на АКМИС системот во судовите во РСМ, за годишна софтвер претплата, постгаранциско и тековно одржување на хардверот и системскиот софтвер за централизиран backup/restore на базата на податоци на судовите во РМ.

АС Битола изготвува годишен план за јавни набавки. И покрај потребите од поголем број на капитални инвестиции, како што беше споменато погоре, во периодот од 2016 до 2019 година на Судот не му биле одобрени капитални инвестиции во износ од околу 19 милиони денари, а во истиот период се реализирани капитални инвестиции во износ од 13,2 милиони денари.

АС Штип изготвува годишен план за јавни набавки. Истиот за 2019 година предвидува набавка на средства во вредност од околу 5 милиони денари и пред се истите се планирани за набавка на материјали и ситен инвентар, како и капитални инвестиции од типот на замена на прозорци, оградување на дворно место, набавка на патничко моторно возила и набавка на метал детектор врата.

# V. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Функционалната анализа за четирите апелациони судови во РСМ претставува солидна и доволно издржана основа на база на која може да се изведат одредени заклучоци и препораки за тоа што е добро во досегашната пракса, а кои аспекти треба да се доуредат. Во анализата се дефинирани заклучоци и препораки на ниво на области за секој апелационен суд одделно. Имајќи предвид дека анализата утврди наоди кои се генерални и хоризонтално применливи за сите апелациони судови, во ова поглавје се дефинирани општи заклучоци чие ефикасно спроведување ќе доведе до значително подобрување на перформансите на четирите апелациони судови.

## 1. НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ

- Независноста на судиите во апеалационите судови како и во сите судови во државата е во тесна корелација со финансиската самостојност во судството. Неопходна е **доследна имплементација на законската норма според која судксиот буџет треба да изнесува 0,8% од БДП.**
- За вистинска независност на судството од извршната власт, потребно е и **нормативно, и фактичко осамостојување на располагањето со финансиски средства на судовите** на начин што средствата за јавни набавки и човечки ресурси во судството нема да подлежат на одобрување од страна на Министерство за финансии.
- Еден од механизмите на притисок врз судиите и покрај нивниот загарантиран траен мандат претставува разрешувањето на судии и водењето на дисциплински постапки против судии од страна на ССРСМ, во чија работа и во минатото, и сега, се чувствува политичко присуство и влијание[55]. Затоа, потребно е ССРСМ, во својата работа да покаже отпор кон евентуалните надворешни влијанија првенствено преку **редукција на дисциплинските постапки против судии, а особено со намалување на бројот на разрешувања на судиите** кои во периодот 2010-2011 година беа честа пракса токму во однос на судии од апелациони судови. Во неспорните случаи на неопходност од поведување дисциплински постапки и постапки за разрешување на судии од овие судови потребно е тие да се изведуваат крајно транспарентно и со доследно почитување на исполнетоста на новите законски основи, како и нивно темелно и прецизно образлагање.
- **Депрофесионализацијата на ССРСМ** како состојба посредно може да влијае позитивно и врз јакнењето на независноста на судиите. Имено, со секојдневното останување на судиите од ССРСМ во својот т.н. матичен суд, со редовното извршување на судиската функција, работата со предмети, вршењето контроли врз пониските судови и сл., членовите на ССРСМ од апелационите судови остануваат блиски со судиската функција

[55] Самата уставна и законска поставеност во поглед на составот на Судскиот совет на РСМ предвидува присуство и работа на политички избрани лица во овој орган што само по себе, како законска норма не претставува ексклузивност бидејќи изборот и разрешувањата на судии во голем број држави се прават од политички именувани функционери/тела.

и не се оддалечуваат од судот, а сето тоа ги намалува можностите надворешни чинители да им извршат влијание во поглед на изборот и разрешувањето на судии.

- Разработување на методологија за **вертикално оценување на судиите од страна на повисоките судови** е сериозна алатка за јакнење на независноста на секој судија одделно. Точно е дека на тој начин се развиваат можности за сервилен однос кон ВСРСМ како оценувач на судиите од апелационите судови, но се намалува можноста за политичко влијание врз нив преку оценувачи кои воопшто не се од редот на судиите или кои заради долгиот мандат во ССРСМ се отуѓиле од судот.

- Општествениот и политички амбиент во државата сеуште овозможуваат надворешни влијанија врз судиите при носењето одлуки особено во кривичната материја. Се разбира, врз носењето одлуки во граѓанската материја исто така постојат влијанија и притисоци помалку видливи во јавноста бидејќи се вршени најчесто од не-политички лоби групи како бизнис и други елити, роднински влијанија, локални влијателни личности, медиуми и сл. Единствениот начин на спротивставување на овој вид надворешни (па и внатрешни, преку претседателите на судовите) влијанија **е јакнењето и постојаната проверка на личниот интегритет на судиите.** За оваа цел потребно е посветување многу поголемо внимание на кодексите за судска етика, одржување постојани обуки за етичко однесување, конфликт на интереси, примање подароци и услуги и градење интегритет на судиите и судската служба низ практични примери, тимски вежби и работилници со стручни лица. Судиите на апелационите судови потребно е да го покажат својот личен интегритет **не само во однос на одлучувањето по конкретни предмети туку и во однос на вршење избор на членови на ССРСМ кои ќе бидат нивни претставници.**

- Независноста и одговорноста се неразделни една од друга. Оттука, **при оценувањето на квалитетот на работата на судија на апелационен суд, потребно е одговорноста за донесена одлука да ја сноси секој судија кој учествувал во одлучувањето на советот,** не само судијата известител заради апсурдноста на ситуациите во кои известителот добива негативен поен за донесена одлука дури и тогаш кога тој самиот имал издвоено мислење. Таква неправедна состојба се добива и тогаш кога сите тројца членови на советот биле едногласни за одлуката, а одговорноста ја сноси само претседателот на советот. Постојната ситуација, на останатите двајца членови на совет им остава доволно комодитет и простор тие воопшто да не го проучат предметот и одлуката фактички да биде донесена само од еден судија. Одговорноста на сите тројца членови на совет за одлуките од нивниот совет ќе промовира сериозен интерес и работа на секој предмет од советот независно дали се судиите известители за конкретниот предмет.

- **Воведување на критериум за оценка на работата на судија – рок на изработка на пресуда** при што ќе се разграничат роковите за изработка на пресуди од страна на основните судови и роковите на апелационите судии, бидејќи во првиот случај одлуката ја носи и изработува судија поединец, а во вториот ја носи колективно тело што значи дека по нејзината изработка, потребно е да ја верификуваат сите членови на советот што дополнително одзема време. Без утврдени прецизни рокови и земајќи го овој податок како критериум за оценка на судија можни се злоупотреба, надворешни влијанија и политички притисоци.

- **Предметите од основните судови потребно е по жалба да се распоредуваат автоматски до сите апелациони судови во државата по пат на случаен избор без оглед на живеалиштето на жалителот.** Ова е единствениот начин за избегнување на локални влијанија, за исклучување на секоја можност за влијание врз распоредувањето на предмети кај одделни судии, но и за воедначување на праксата на апелационите судови. Овој метод на распределба на предметите по жалба, исто така ќе го намали огромниот притисок врз судиите на најголемиот суд во државата, Апелациониот суд Скопје и ќе овозможи простор т.н. значајни, или тешки предмети, предмети од висока вредност и сл. чие решавање најчесто заради демографската политика е сконцентрирано во Апелациониот суд Скопје, да бидат распоредувани и одлучувачи и во останатите три апелациони судови кои располагаат со професионален и стручен кадар.

- За вистинска еднаквост меѓу трите функции на власта (законодавната, извршната и судската) потребно е **воведување на еднакви привилегии** за носителите на секоја од овие функции. Конкретно, за судиите на апелационите судови кои често патуваат од еден во друг град во рамките на апелационото подрачје потребно е да се обезбедат дополнителни механизми за заштита на нивната безбедност, но и личен интегритет соодветно на привилегиите за транспорт **со кои располагаат министрите и пратениците.** Моментно, овие судии го користат јавниот превоз при што неретки се ситуациите во кои се соочуваат со закани, навреди или пак разни интервенции за одделни судски предмети.

## 2. ЕФИКАСНОСТ

- Ефикасноста на работата на апелационите судови во државата е детерминирана првенствено од **човечките ресурси**. Со други зборови, во судовите во кои е констатирана неефикасност или намалена ефикасност, состојбата може да се подобри **прво,** со **нови вработувања, а второ**, со **подобро управување со човечките ресурси**:

  – Во одредени судови има недостаток на судски кадар, односно потребен е **избор на нови судии**. Таква, алармантна и ургентна состојба постои првенствено во Апелациониот суд Скопје. Во најголем број судови постои потреба од **вработување на стручни соработници**. Во сите четири апелациони суда, постои потреба од **вработување на стручен и административно-технички персонал, а особено на кадри од областа на информатичката технологија**.

**Табела 42: Компаративна табела на предвидени и пополнети работни места во апелационите судови**

| | Потребен | Пополнет | Разлика | Потребен | Пополнет број на | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | број на судии | број на судии | | број на извршители | извршители | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС Битола** | 25 | 20 | 5 | 99 | 53 | 46 |
| **АС Гостивар** | 16 | 13 | 3 | 119 | 35 | 84 |
| **АС Скопје** | 51 | 37 | 14 | 191 | 106 | 85 |
| **АС Штип** | 16 | 12 | 4 | 82 | 41 | 41 |

- Во сите четири судови има алармантна потреба од **унапредување на постојните судски службеници.**
- Забележана е лоша организациона поставеност во сите четири апелациони судови и несоодветна систематизираност на работните места во нив. Оттука, потребни се **нови правилници за организација на работата и за систематизација на работните места во сите четири апелациони судови.**

- Втората детерминанта за подобрување на ефикасноста на четирите апелациони судови е **целосната дигитализација на предметите, доставата и комуникацијата помеѓу апелационите судови и пониските судови**. Конкретно, електронската поврзаност или интероперабилност помеѓу судовите ќе ја зголеми во огромна мера ефикасноста на судовите и ќе ги забрза судските постапки. Анализата покажува дека секој судија поединечно е во голема мера ефикасен и ја надминува зададената месечна норма. Времетраењето на решавање на еден предмет откако ќе биде земен во работа на судија не е долго (со исклучок на судиите од АС Скопје за што причините се објаснети во делот на истражувањето за овој суд), но постапките во целост од поднесување на жалбата до доставувањето на пресудата е исклучително долги и спори. Овој проблем може да биде решен само со споменатата дигитализација односно интероперабилност за што државата мора да обезбеди посебни буџетски финансиски средства или донации.

**Табела 43. Кривичен оддел – стапка и време на решавање на спорови во четирите апелациони судови**

| | АС Битола | | | АС Гостивар | | | АС Скопје | | | АС Штип | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** |
| **Стапка на решавање на споровите** | 0.90 | 0.87 | 0.89 | 0.94 | 0.96 | 0.97 | 0.67 | 0.64 | 0,54 | 0.94 | 0.94 | 0.96 |
| **Време на решавање на споровите** | 39 | 52.1 | 42.8 | 21 | 13.9 | 10 | 178.5 | 198 | 183 | 24 | 23.4 | 16.3 |

**Табела 44 Граѓански оддел - стапка и време на решавање на спорови во четирите апелациони судови**

| | АС Битола | | | АС Гостивар | | | АС Скопје | | | АС Штип | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** | **2016** | **2017** | **2018** |
| **Стапка на решавање на споровите** | 0.94 | 0.89 | 0.92 | 0.85 | 0.80 | 0.94 | 0.68 | 0.69 | 0.69 | 0.9 | 0.86 | 0.9 |
| **Време на решавање на споровите** | 24.14 | 44.12 | 29.04 | 61.4 | 86.4 | 21.1 | 167 | 166 | 160 | 38.9 | 59 | 40.2 |

- Во поглед на висината на платите и надоместоците на судската служба во апелационите судови во државата владее и нормативен и фактички хаос. Сето тоа влијае крајно демотивирачки и дестимулирачки врз судските службеници и постои сериозна опасност за одлив од судството на овој исклучително важен и неопходен кадар. Оттука, се препорачува итно заседавање на претседателите и администраторите на сите четири судови заедно со претставници на ВСРСМ, Судскиот буџетски совет и претставници на МИОА, заземање на заеднички ставови и **изработка на подзаконски акти со кои ќе се изврши одредување на платите и надоместоците на службата и нивно усогласување на ниво на апелациони судови.**

- Покрај недостатокот на ИТ кадар (сите вработени во судовите кои работат како информатичари истовремено се обременети и со огромен број дополнителни обврски главно од технички карактер кои не претставуваат дел од нивниот опис на работни задачи) на постојните информатичари не им се нудат никакви специјализирани обуки од областа ИТ судство, електронско управување со предмети и други теми својствени за нивната работа и неопходни за нивна специјализација. Се препорачува **Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители да предвиди и понуди поголем број и вид на вакви обуки за судскиот ИТ кадар**.

- Дел од судиите, а особено судските службеници во апелационите судови не посетуваат обуки во АСЈО бидејќи тие не се одржуваат во нивните региони, секогаш се во Скопје и недостига време (кое се губи во патување) за поста на обуките. Се препорачува, АСЈО да организира **дисперзирани обуки за судската служба во секое од седиштата на апелационите судови** (или барем во Битола и Штип како пооддалечени од Скопје) на редовно ниво, за да можат службите континуирано да се специјализираат и обучуваат.

- Потребно е системско решавање на **статусот, правата, привилегиите** (бенефициите), обврските, бројот и конкретните работни задачи во сите четири апелациони судови.

- Во **АС Скопје** потребно е да се формира специјализирано **одделение за организиран криминал и корупција** со што ќе се следи организационата поставеност на јавното обвинителство во кое постои и функционира посебно обвинителството за организиран криминал и корупција.

- Во зградите на повеќето апелациони судови потребни се помали или поголеми **реконструкции** кои ќе се движат во насока на олеснување на работата, а со тоа и

ефикасноста на судовите како и во насока на обезбедување на сертификати за **енергетска ефикасност** на зградите (во моментов ниту еден од четирите суда не располага со таков сертификат). **За АС Гостивар потребно е да биде обезбедена потполно нова зград**а со соодветни услови за функционирање на суд. Од зградите **од останатите три апелациони судови потребно е да се дистанцираат другите државни органи** и да им се обезбеди посебен простор, особено на јавните обвинителства бидејќи работењето во иста зграда (а, најчесто на трошок на судот) на странка во судската постапка и на самиот суд, влијае и врз независноста на судот.

## 3. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

- Јавноста покажува нагласен и континуиран интерес за функционирањето на македонското судство, а генералната перцепција на граѓаните за работата на македонските судови е негативна. Транспарентноста на апелационите судови варира од суд до суд, а истовремено се става во корелација со интересот на јавноста за работата на секој од овие четири суда. Разбирливо, работата на АС Скопје предизвикува најголем интерес кај медиумите, кај истражувачите, кај стручната јавност, а и кај обичните граѓани. Затоа, овој суд е единствениот апелационен суд во државата во кој се назначени лица одговорни за комуникација со медиумите од редот на судиите. Од една страна ова е добра пракса, но од друга страна тоа е сосема недоволно за да ги задоволи потребите на транспарентноста како начело за работа ан судството. Оттука, **препорачливо е АС Скопје да има цела организациона единица (одделение, канцеларија, служба или сл.) во рамките на судската администрација со надлежности да врши редовна комуникација со медиумите, ефикасно остварување на правото на граѓаните на слободен пристап до информации од јавен карактер, да се грижи за содржината на веб страницата на Судот, нејзино редовно ажурирање, како и да врши промоција на резултатите од работата на Судот, воедно и да обезбеди информации за јавноста за предизвиците со кои се соочува Судот. Во останатите три суда се препорачува вработување на лице (најмалку едно) специјализирано за односи со јавност кое ќе биде задолжено за одржување на прес конференции кога е тоа потребно, подготовка на изјави за јавност, редовно брифрање на медиумите за состојбите во судот и особено за утврдување на содржините на веб страниците на судовите. Во оваа насока се препорачува и доследно ажурирање на веб страниците на судовите во делот за публикации и нивно пополнување во делот за формулари за правни области**
- Сите четири апелациони судови ги објавуваат одлуките на своите веб страници, но пребарувањето се одвива споро и отежнато. Најчесто начинот на пребарување ги одвраќа граѓаните да ја пронајдат одлуката со чија содржина сакале да се запознаат, а тоа во голема мера влијае на градење перцепција за затвореност на судовите. Следствено, **се препорачува подобрување на системот за пребарување на одлуки по вид на предмет, по правна област, подвид на предмет или основ.**

- Во сите судови е забележана потреба од **објавување на месечни и квартални (покрај годишните) извештаи, како и додавање на наративен аналитички дел (содржина) во извештаите** кои моментно се сведуваат на статистички приказ на предметите. Истовремено, потребно е **усогласување на методологијата на статистичка обработка на податоци помеѓу сите четири судови, ССРСМ и ВС на РСМ во однос на подготовката на месечните и годишните извештаи**. Од исклучителна важност е сите годишни извештаи за работа на судовите да се надополнат со дополнителни информации: причини за жалби, основ за преиначување на одлуки, поделба на предметите според висината на износот и слично.

- За реализација на претходната препорака неопходно е **зголемување на бројот на стручен кадар од областа на информатичките технологии, како и зголемување на бројот и содржините на обуките за судските ИТ кадри.**

- Заради доследна реализација на начелото на транспарентност во работата на судовите неопходно е **објавување на годишниот распоред за работа на секој суд**, како и евентуалните измени на овие распореди.

- Во сите четири судови недостига стратешки пристап во односот кон јавноста, како стручната, така и кон општата јавност, а особено во односот со медиумите. Оттука**, за АС Скопје се препорачува изработкана стратешки документ за односи со јавноста** во кој ќе бидат предвидени методи за подобра соработка со Судско медиумски совет и за организирање и одржување на почести средби со акредитирани новинари кои имаат познавања од областа на правосудството, а **за сите четири апелациони судови препорачливо е изработка на процедури за формата и содржината на информациите објавени на веб страниците на судовите.**

- Со оглед на фактот дека станува збор за повисоки судови заради што важноста и тежината на нивните одлуки имаат големо значење за создавањето на судска пракса, но и за креирање на научната и стручната мисла во државата, се препорачува вложување на напори за **издавање на брошури, збирки на стручни мислења и ставови на судиите и друг вид нивни трудови** кои јавноста заслужува да ги има достапни како **публикации со анализа на судската практика и соопштенија за резултатите од одржаните средби со основните судови**

- Во сите четири судови е забележана пракса според која претседателите на судовите ги потпишуваат решенијата за пристап до информации кои се издаваат по поднесени барања за слободен пристап до нив. Издавањето на вакви решенија влегува во надлежност на судската служба, најчесто на лицето одговорно за слободен пристап до информации, кое истовремено е и лице што ја спровело постапката за пристап до информацијата. Непотребна и излишна е ваква концентрација на овластувања кај претседателите на судовите кои вршејќи ја оваа дејност, од една страна дополнително ги оптеретува и им одзема време, а од друга страна ја оддолжува постапката за барателот која би била поефикасна со издавање и потпишување на решението од страна на самото службено лице кое по него одлучувало. Се **препорачува делегирање на надлежноста за издавање на решенија по барање за слободен пристап на**

**информации од јавен карактер од претседателите на судовите врз службените лица задолжени за слободен пристап.**

## 4. КВАЛИТЕТ НА СУДСКА ПРАВДА

- Основна алатка за работа на секој судија е законот. Квалитетот на судската пресуда се мери во однос на нејзината законитост. Затоа, се чини неспорно дека државата е должна на секој судија, како и на секој стручен соработник да им обезбеди слободен и непречен пристап до основниот механизам за нивна работа – пристап до целокупната важечка законска и подзаконска регулатива. За таа цел, се препорачува **непречен и бесплатен пристап од секој компјутер до Службен весник на РСМ за секој судија и секој стручен соработник во четирите апелациони судови.**

- За да се обезбеди целосна посветеност и одговорност на секој член на советот во одлучувањето по предметите за кои друг судија е известител, а со тоа и да се подобри квалитетот на судските одлуки кои треба да се резултат на работата на целиот совет, се препорачува **прераспределувањето на предмети во АКМИС наместо на ниво судија да се врши на ниво на совет.**

- Воедначената судска пракса е еден од критериумите за квалитетот на судската пракса. Оттука, одделите за судска пракса во четирите апелациони судови и нивното работење се од огромна важност за подигање на квалитетот на одлуките на секој од судовите. Затоа, се препорачува екипирање на одделите за судска пракса во секој суд и во секој од нив **изработка и објавување на документ (формулар) за судска пракса за одлука која треба да биде обележана како пример во судската пракса, подготвен од претседателите на судиите.**

- Воедначувањето на судската пракса е уставна надлежност на ВСРСМ. Истовремено, тој како највисок суд во државата потребно е да претставува и најголем судски авторитет како за граѓаните, така и за пониските судови. Сето ова води кон силна препорака за **одржување на редовни и континуирани средби на четирите апелациони судови со ВСРСМ и заради усогласување на правните стојалишта на апелационите судови**. За ефикасна реализација на овој вид соработка, потребно е подготвување **на интерни процедури во кои ќе се предвидат средбите на годишно ниво и ќе се утврдат рокови во кои треба апелационите судови ќе треба до ВСРСМ да ги упатат своите барања за правни мислења** за да се овозможи доволно време ВСРСМ да ги разгледа, да се подготви и да заземе став по нив кој на средбите би го соопштил.

- Праксата на ЕСЧП придонесува исто така во подобрување на квалитетот на правдата, но впечаток е дека цитирањето на јуриспруденцијата на ЕСЧП од страна на нашите судии не е на задоволително ниво. Се препорачуваат д**ополнителни обуки за користење на Водичот за цитирање на праксата на ЕСЧП.** Во продолжение, се препорачува и **надградба на софтверските решенија во апелационите судови со**

**можност да се изврши пребарување по клучни зборови при преглед на пресудите на ЕСЧП и општите правни мислења и начелни ставови на ВСРСМ**

- Ориентациониот број (т.н. норма) на предмети кој секој судија треба да го оствари на месечно ниво, покажува висок степен ан ефикасност на судиите поединечно. Но, тој број не ја зголемува ниту ефикасноста на судовите во целина, ниту пак квалитетот на судењето. Напротив, квантифицирањето на работата на судиите е обратно пропорционална со квалитетот на нивната работа, особено со квалитетот на работа на судот во целина. Од друга страна, неспорно е дека правилното функционирање на одделите за судска пракса во голема мера влијае врз подигање на квалитетот на работата на судот. Затоа, се препорачува **намалување на ориентациониот број на предмети утврден од стана на ССРСМ, за судиите кои раководат со одделите за судска пракса.** Зборувајќи за судската пракса, препорачливо е овозможување на **просторни услови за библиотеки во рамките на секој апелационен суд** кои ќе ги содржат сите релевантни документи од аспект на судска пракса и **ангажирање во секоја суд на лице задолжено за библиотеката кое би ги складирало и дигитализирало заклучоците на кривичниот и граѓанскиот (во АС Скопје и трговскиот) оддел и сите релевантни документи заради усогласување на праксата.**

- Актуелната состојба бележи различна пракса на апелационите судови во одржување на редовни средби (покрај годишните контроли) со судовите од своето апелационо подрачје по оддели. Некаде таквите средби преминуваат во редовна пракса, а некаде сеуште не се спроведуваат. Се препорачува, **одржување на редовни средби на ниво на оддели со судовите од апелационото подрачје и подготовка и објавување на извештаи соа резултати од средбите.** Во контекст на оваа препорака, пожелна е подготовка на интерни процедури за интензитетот и начинот на одржување на ваквите средби и стандарди за нивната содржина.

- Се препорачува **изработка на алатка за електронско пребарување на судската пракса според клучен збор,** за што како модел може да биде земен системот изработен во **АС Битола**, кој судот го има самостојно воспоставен и веќе извесен период успешно го користи.

- Со оглед на фактот дека расположливите податоци од извештаите на ВСРСМ дозволуваат анализа на квалитетот на одлуките само на граѓанските оддели на сите четири апелациони судови (преку индикаторот - работа на ВСРСМ по ревизии), потребно е вакви **податоци да бидат достапни и за квалитетот на работат на кривичниот оддел (за АС Скопје и за трговскиот)** кои во моментов не се содржани во извештаите на ВСРСМ.

**Табела 45: Споредбена анализа на ревизиите на ВСРСМ по одлуките на апелационите судови**

| | Процент на квалитет за 2016 | Процент на квалитет за 2017 | Процент на квалитет за 2018 |
|---|---|---|---|
| **АС Битола** | 86,3% | 81,7% | 77,1% |
| **АС Гостивар** | 77,7% | 74,6% | 81,6% |
| **АС Скопје** | 79,2 | 80,3% | 79,5% |
| **АС Штип** | 78,3% | 85,7% | 80,3% |

# АНЕКС 1 – АНАЛИЗА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ

## *1. ВОВЕД*

Уставот на Република Северна Македонија прокламира еднаквост на сите граѓани во слободите и правата без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националност и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба. Овој уставен принцип на рамноправност е преточен во повеќе поединечни закони, кои уредуваат одредени сфери од општествениот живот. Оваа уставна гаранција е потврдена и со дополнителна уставна одредба која предвидува точно назначени случаи во кои правата и слободите на граѓаните можат да бидат ограничени. Првото тело или првата државна институција за унапредување на односите помеѓу половите е воспоставено со Одлука на Влада под името Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите во јануари, 1997 година. Ова тело ги постави темелите на идната државна машинерија за родова еднаквост. Последователно на формирање на ова тело, во 2000 година донесен е првиот Националниот план за акција.

Во 2006 година донесен е првиот Закон за еднакви можности, по кој следеше и усвојувањето на вториот Национален акционен план за родова рамноправност 2007 до 2012 година. Во 2012 година донесен е нов Закон за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник бр.6/2012), кој е во 2014 година (Службен весник бр.166/2014). Целта на овој закон е воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која друга област од општествениот живот. Согласно на овој закон воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост помеѓу жените и мажите.

Во моментот на сила е Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2013 – 2020 година и Националниот акциски план за 2018 – 2020 година на кој му претходи Националниот акциски план за 2013 – 2016 година.

Механизмите или телата кои се одговорни за воведување на родовата перспектива се воспоставени на различни нивоа на државното уредување. За спроведување на заложбите за родова еднаквост на национално ниво одговорен е Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика, двајцата државни советници за еднакви можности, како и правниот застапник за нееднаков третман по основ на пол при истото министерство. Согласно на законот, на национално ниво органите на државна управа се должни да ги промовираат и да работата на унапредување на еднаквите можности. За таа цел од редот на државни службеници се назначуваат координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите во овие органи. Овие лица се одговорни за воведување на родовата перспектива, како и за спроведување на стратешките документи во нивната ресорна област. Ваков координатор има назначено и во Министерството за правда. Во рамки на извршната власт, на ниво на Влада работи и Интер-ресорска група[56] која има консултативна и

[56] Улогата на оваа група е: да го промовира концептот на вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции; да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и

советодавна улога и чија работа ја координира Министерството за труд и социјална политика. На локално, односно на ниво на единиците на локалната самоуправа се формираат комисии[57] за еднакви можности на жените и мажите, како постојано тело со одлука на Советот на единицата на локалната самоуправа, при што нивниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со статутот на единицата на локалната самоуправа. Согласно на Законот за еднакви можности, Народниот правобранител исто така треба да се грижи во рамки на својата законски утврдена надлежност за остварување на еднаквите можности. Односно, да обезбеди правна заштита на еднаквите можности на жените и мажите кога нечии права се повредени или ограничени од орган на државната управа или од други органи или правни и физички лица на кои им се доверени јавни овластувања. На законодавно ниво, формирано е постојано работно тело како дел од националниот механизам или машинерија за родова еднаквост во Собранието, односно Комисијата за еднакви можности за жените и мажите. Мандатот на оваа комисија е пропишан во член 9 од Законот за еднакви можности и таа пред се има за цел вклучување на родовиот концепт во предлог законите, прописите, Буџетот кој се носат од страна на законодавниот дом.

**Важност на прашањето за ефективно учество на жените во правосудството**

Учеството и претставувањето на жените во телата за донесување одлуки е право пропишано во сите основни инструменти за човекови права. Тие ги обврзуваат, земјите потписнички да преземат конкретни мерки за решавање на нееднаквоста во сите јавни институции, преку идентификување и отстранување на законските и практичните бариери за рамноправно учество на жените, и преземање на проактивни чекори за охрабрување и унапредување на рамноправноста на мажите и жените. Последователно, ефективната вклученост на жените во правосудството е основен аспект на нивното учество во јавниот и политичкиот живот и претставува клучна компонента за доброто владеење.

Па така, член 7 од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените прецизира дека државите потписнички мора „да ги преземат сите соодветни мерки за да ја отстранат дискриминацијата врз жените во политичкиот и јавниот живот на земјата“ и за таа цел тие мора да го обезбедат правото на жената „да учествува во креирање и спроведување на владината политика, да заземат раководни положби и да ги вршат сите јавни функции на сите нивоа на власта “. Според Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените, политичкиот и јавниот живот се однесува на: „остварување на политичка моќ, особено вршење на законодавни, судски, извршни и административни овластувања“. Тоа значи дека државите треба да воведат и посебни привремени мерки за да се забрза де факто остварувањето на рамноправноста на мажите и жените, односно, по постигнување на целта и давањето на еднакви можности и третман треба да се укинат. Ваков вид на права и обврски предвидени се и со Пекиншката декларацијата и платформата за акција донесена во 1995

институциите од поединечните области; да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија и европските стандарди во областа на родовите прашања; да учествува во подготовката и да дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост; и да ги следи периодичните извештаи од институциите.

[57] Нивната задача е во рамките на своите стратешки планови и буџети да го икорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите, да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

година, како и од страна на Комисијата за статусот на жените, која на својата четириесет и прва седница во 1997 година, донесе Заклучоци (1997/2), во кои се потенцира дека постигнувањето на целта за еднакво учество на мажите и жените во донесувањето одлуки е важно за зајакнување на демократијата и постигнување целите на одржливиот развој. Комисијата ја потврди потребата да се идентификуваат и да се спроведат мерки со кои би се надоместила недоволната застапеност на жените во донесувањето одлуки, вклучително и преку елиминирање на дискриминацијата и воведување на позитивни мерки.

Важноста на целосно и ефективно учество на жените на сите нивоа на управување е потврдено неодамна од меѓународната заедница и преку Цели за одржлив развој на Обединетите нации, поточно **Цел 5 - Постигнување на родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојки** и **Цел 16 – Промовирање мирни и инклузивни општества за одржлив развој**, обезбедување правда за сите и градење ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа. Вклучувањето на специфичен индикатор за следење на родовата еднаквост во правосудството ја покажува важноста која меѓународната заедница ја придава на жените кои работат во правосудството и нивниот придонес во зајакнување на владеењето на правото и постигнување на одржлив развој. Имено цел 16.7 ги обврзува земјите членки да обезбедат одговорно, инклузивно, партиципативно и репрезентативно одлучување на сите нивоа, односно да собираат податоци и да ја следат состојбата по однос на овој индикатор.

Повеќе организации собираат и ги анализираат податоците поврзани со жените во правосудството. Една од нив е Советот на Европа, кој преку работата на ЦЕПЕЈ го адресира ова прашање. Па така, според извештајот на ЦЕПЕЈ, 2018 година, во делот посветен на родовиот баланс во судството нашата земја спаѓа во редот на земји кои немаат посебни стратешки документи и програми кои се однесуваат на жените кои се занимаваат со правната професија, туку ова прашање го третира како и секоја друга професија со генерална програма за родова еднаквост. Во таа смисла, родовата машинерија генерално, како и механизмите за заштита во случаи на дискриминација врз основа на пол се грижат или се одговорни и за прашањето на еднакви можности, односно случаите на дискриминација во судската професија. Нашата земја нема одделно тело кое води сметка за паритетот на жените во правосудството, вклучувајќи го судството. Уште повеќе, таа спаѓа во редот на земји кои и покрај таканаречената "феминизација" на судството нема преземени мерки за прилагодување на начинот на работа на потребите на жените, како што семожност за прилагодување на: распоредот за работа, работните часови, одржување на расправите/претресите/седниците, дистрибуција на работни обврски, замена на лицата кои користат породилно отсуство, можност за работа од дома со помош на различни телекомуникациски средства итн.

Во однос на тоа како е третирано досега прашањето на родова еднаквост во судската власт ја анализиравме последната Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 година. Во неа, поточно во делот на анализа на состојбите по однос на учеството на жените во процесите на одлучување во јавниот и политичкиот живот се разгледува прашањето на паритетот, односно бројна застапеност на жените судии. Соодветно на тоа, во рамки на Стратешката цел 2, односно специфичната стратешка цел 2.1. – Зголемено родово одговорно учество на жените во процесите на одлучување во законодавната и извршната власт, во партиската политика и уредувачката радио-дифузна дејност, предвидено е постигнување на следниот резултат "Зајакнати капацитети на судии и јавни обвинители за родова перспектива во судската власт".

Во важечкиот Национален план за акција за родова еднаквост 2018-2020 година, пак, судиите и јавните обвинители се споменати во контекст на градење на капацитети за постапување во случаи на насилство врз жени и родово - базирано насилство.

**Методолошки пристап**

Овој дел од функционална анализа, ефективното учество на жените во правната професија го разгледува во светло на трите клучни теми или прашања кои произлегуваат од литературата и дискусиите за жените во правосудниот сектор, односно структурните бариери при влез на жените во професијата; нивно задржување во професијата; и напредокот на жените на повисоките ешалони на оваа професија. Поточно, со структурните бариери со кои се соочуваат жените при влез во оваа професија, а кои се поврзани со родовите стереотипи и предрасуди за жените како вршители на оваа професија; недостатокот на информации и транспарентност во врска со процесите на вработување/избор и законските и општествените ограничувања во однос на слободите и правата на жените. Со бариерите за задржување на жените во оваа професија, односно, зголеменото спротивставување кон жените како резултат на зголемување на бројот на жени во оваа професија; не можноста за усогласување на семејните и професионалните обврски; и сексуалното вознемирување, вклучувајќи и останати форми на дискриминација. Во напредокот до повисоките ешалони на оваа професија се соочуваат со бариери поврзани со постапката на селекција и назначување за повисоки позиции; предизвици со воспоставување на баланс помеѓу семејниот и професионалниот живот како резултат на унапредувањето и ограничувањето на можностите за развој и унапредување.

Па така, во секоја од одделните глави подолу во овој дел на функционалната анализа има објаснувања кои прашања се опфаќаат со таа глава или дел од анализата и како тие се поврзани со структурните бариери со кои се соочуваат жените во оваа професија.

## *1.1. Родови аспекти во делот независност и непристрасност*

**Избор и статус на судиите во апелационите судови**

Застапеноста на мажите и жените во составот на судиите на национално и на ниво на различните судски инстанци е директно поврзана со изборот на судии, односно со постоењето на законски и општествени норми и верувања кои можат да го ограничат вршењето на оваа професија од страна на обата пола. Па така, застапеноста на родовите стереотипи и предрасуди за жените како вршители на судиска функција е една од клучните пречки кои можат да влијаат врз образованието, кандидирањето и изборот на жените на судиската функција како професионална определба. Половата припадност комбинирана со останатите можни основи за дискриминација, како етничката припадност, политичкото и верско уверување, имотната и општествената положба итн. дополнително влијаат врз оваа одлука, односно дали жените се гледаат како дел од судството.

Структурните бариери со кои се соочуваат жените при влез во оваа професија се родовите стереотипи и предрасуди, недостатокот на информации и транспарентност во врска со процесите на вработување/селекција и законските и општествените ограничувања во однос на слободите и правата на жените. Оттаму, овие бариери во анализата ги разгледувавме од аспект на избор на судиите, односно законски предвидените услови и објавување на огласите.

Општите услови кои важат за тоа едно лице да биде избрано за судија во нашата земја се предвидени со член 45 од Законот за судовите[58], додека посебните услови предвидени се со член 46 став 1, точки 3 и 4. Посебните услови за избор на судија на апелационен суд предвидуваат работно искуство од најмалку шест- 6 години непрекинат стаж како судија во основен суд, Управен или Виш Управен суд до моментот на пријавување и позитивна оцена на Судскиот совет или искуство од најмалку четири- 4 години непрекинат стаж како судија во друг апелационен суд кумулативно со позитивната оцена на Судскиот совет. Покрај Законот за судовите, новиот Закон за судски совет[59] член 48, став 2 исто така, предвидува низа критериуми за избор на судии на повисок суд, покрај позитивната оценка и должината на судскиот стаж. Помеѓу нив се: стручно знаење и специјализација во струката и учество во континуирана обука; способност за усно и писмено изразување, што се огледа преку изготвените одлуки и судиското стручно дејствување; преземање дополнителна работа во вршење на судиската функција со учество во решавање на заостанати предмети; и преземање дополнителна работа во вршење на судиската функција преку менторство, едукација и слично. Сите овие услови влијаат врз одлуката за избор и оттаму при нивното дефинирање треба да се земат предвид специфичностите на мажите и жените, односно, да се испита дали и како овие навидум еднакви критериуми/услови можат да влијаат врз изборот на жените и мажите за судии. Кога се зборува за изборот на судии, исто така, дополнително треба да се анализира и во што се состои позитивната оцена на Судскиот совет, односно што значи таа и дали евентуално условите и процесот на оценување може понеповолно да влијае врз жените за разлика од мажите.

---

[58] Закон за судовите , редакциски пречистен текст објавен во Службен весник 96/19
[59] Ibid

Транспарентноста на огласот, информациите поврзани со огласот и начинот на кој се врши изборот на судии на апелационен суд е уше едно прашање кое треба да се земе предвид. Начинот на објавување е предвиден во член 46 од Законот за судски совет[60]. Практично Советот на барање на судот за пополнување на судиско место објавува оглас кој се објавува во Службен весник и во најмалку два дневни весника од кои еден на јазик различен од македонскиот во времетраење од 15 дена. Дали и како начинот на објавување на огласот и процесот на селекција може да влијае врз пријавувањето на обата пола, а посебно на жените кандидатки и подоцна на нивниот избор за судии, треба исто така да биде предмет на одделна анализа и да се земе предвид при нивно предвидување.

Прашањето за кандидирање и избор на претседател на судот треба да се разгледува од сите аспекти како и прашањето за избор на судии, односно дали условите и начинот на избор ги земаат предвид специфичните карактеристики на мажите и жените. Со други зборови дали предвидените услови и селекција им даваат подеднакви можности за кандидирање и избор и на мажите и на жените.

Просечната застапеност на обата пола во составот на судиите за 2016 година според извештајот на ЦЕПЕЈ[61] укажува на повисока застапеност на жените. Оваа пропорција се менува на различни инстанци на судовите. Во основните судови 39% се судии мажи и 61% судии жени. На ниво на апелациите 45% се судии мажи, а 55% се судии жени, додека во Врховен суд 48% се судии мажи, а 52% се судии жени. Како што може да се забележи, застапеноста на жените почнува да се намалува на ниво на апелација и уште повеќе во Врховен суд. Очекувано е застапеноста на судиите жени на погорни инстанци да соодветствува на онаа во основните судови, односно, жените да напредуваат соодветно од пониските кон повисоките инстанци.

**Табела 46: Процентуална застапеност на мажите и жените судии на национално ниво и на различни судски инстанци**

| | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| **ПРОСЕЧНО НАЦИОНАЛНО НИВО** | 40% | 60% |
| **ОСНОВНИ СУДОВИ** | 39% | 61% |
| **АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ** | 45% | 55% |
| **ВРХОВЕН СУД** | 48% | 52% |

Учеството на мажите и жените во составот на апелационите судови го разгледувавме и од аспект на тоа на кои области работат жените судии, односно дали имаат можности да работат во различни области. Повеќето студии укажуваат на податокот дека жените иако вклучени, често пати се распоредуваат во семејни или судови за малолетници и со тоа се ограничуваат во можноста за специјализација и професионален развој на одредени правни области или материја.

[60] Законот за судски совет, Службен весник 102/19
[61] ЦЕПЕЈ studies no.26, 2018 Edition (2016 data), стр. 180

**Постоење на заштитни механизми во постапките за прераспоредување на судии без нивна согласност**

Судиите судиската функција ја вршат во судот во кој се избрани, при што по правило тие се избираат да судат во соодветни области. Судиите не можат да бидат преместени од еден во друг суд против нивна волја. Распоредувањето на судиите согласно на Законот за судовите се врши со годишниот распоред, при што се води сметка за специјализацијата на судиите, односно областите на кои работат. Соодветно на ова, судиите не можат да бидат преместени од еден во друг оддел против нивна волја. Преместување на судиите од еден во друг оддел е можно на нивно барање. Постојат два исклучоци во однос на неможноста од прераспоредување на судиите против нивна волја, а тоа се прераспоредување од еден во друг оддел најдолго во времетраење од една година и времено упатување на судиите да судат во суд од ист или понизок степен итн. најдолго во времетраење од една година согласно на законски предвидените услови. И за двата исклучоци со најновите измени на Законот за судови од 2019 година е предвидено ограничување, односно и двата вида на прераспоредување се возможни еднаш во текот на 5 години.

Освен во контекст на независност и непристрасност, прашањето на прераспоредување на судиите, особено на судиите жени се поврзани со бариерите за задржување на жените во оваа професија. Имено, времeното упатување на судиите кое изискува баланс, односно усогласувањето на семејниот и професионалниот живот на жените судии, односно семејните обврски кои паѓаат на нивен товар, може да влијае на нивната одлука дали да продолат да ја вршат оваа професија. За разлика од нив, нивните колеги мажи, особено во општества кои се патријархални и традиционално уредени, немаат обврски поврзани со семејството и домот. Од друга страна, прераспоредувањето на судиите од еден во друг оддел е поврзано со немањето на можности за специјализација, односно професионален развој и можност за унапредување како една од бариерите за непречен професионален развој. Од тие причини, во прашалникот за подготовка на функционалните анализи побаравме податоци за прераспоредувањето на судиите според пол.

**Разрешување на судии во апелациони судови**

Условите за престанок и разрешување на судиите, како основите за одговорност на судиите во оваа анализа се разгледуваат од аспект на независноста и непристрасноста на судиите. Како и сите други законски предвидени услови тие се неутрални и важат за сите судии без оглед на нивниот пол. Но, вредно е да се спомене дека навидум неутралните услови за разрешување и основи за изрекување на дисциплинска мерка можат да влијаат негативно врз жените и да ги оневозможуваат во вршење на нивната професија. Односно, да влијаат врз намалување на учеството на жените во оваа професија. Истото, се однесува на начинот на кој се спроведуваат постапките за разрешување и изрекување на дисциплинска повреда. За да можат овие законски мерки да не произведат ваков ефект треба да се засноваат на родова анализа, односно на претходно идентификување на прашањата кои можат да предизвикаат нееднаквост пред да биде подготвена. По нејзиното усвојување, треба да се спроведе анализа на веројатното влијание на законот врз нејзините целни групи и да се утврди дали претходно идентификуваните потреби и приоритети на мажите и жените како дел од почетната анализа

се опфатени со законот. Врз основа на претходните анализи во законот со цел негово родово сензитивизирање потребно е да се интегрираат интервенции, перспективи или прашања и подоцна преку процес на утврдување на родово-сензитивни индикатори тие редовно да се следат и оценуваат.

За подготовка на оваа анализа побаравме податоци за основите на престанок на судиска функција по пол. Податоците за изминатите три години по однос на тоа како им престанала судиската функција на судиите од апелационен и на Врховен суд, говорат дека пензионирањето е основна причина поради која престанува судиската функција, додека на двајца судии функцијата им престанала поради смрт (види табелата).

**Табела 47: Престанок на судиска функција на судии од ВС и апелационите судови за 2016, 2017 и 2018 година (податоци добиени од Судски совет на РСМ)**

| | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Пензионирање** | 1 | 3 | 4 | 3 | 3 | 6 | 3 | 4 | 7 |
| **Нестручност и несовесност** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **По свое барање** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **По свое барање и нестручност и несовесност** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Поради избор на функција** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Смрт** | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | / | / | / |
| **Осуден по правосилна судска пресуда** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

Податоци беа побарани и за постапките за нестручност и несовесност за периодот од изминатите три години за сите апелациони судови и Врховен суд.  Од вкупно 16 постапки, 10 се иницирани против судии мажи, а шест (6) против жени судии (види табела). Постапките резултирале со разрешување на еден судија маж и една судија жена. И двете одлуки се неправосилни.

**Табела 48: Престанок на судиска функција на судии од ВС и апелационите судови за 2016, 2017 и 2018 година (податоци добиени од Судски совет на РСМ)**

| | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Број на иницирани постапки** | / | / | / | 10 | 3 | 13 | / | 3 | 3 |
| **Број на донесени одлуки** | / | / | / | 3 | 4 | 7 | / | 3 | 3 |
| **Број на разрешени судии** | / | / | / | 2 | 1 | 1 | / | / | / |

**Унапредување и оценување на судии**

Следењето и оценувањето на работата на судиите и на претседателите на судот, односно редовното и вонредното оценување, вклучувајќи ги и критериумите за оцена предвидени со Законот за судски совет на РСМ од мај оваа година е поврзан со двете клучни прашања за ефективното учество на жените во правосудството, а тоа е задржувањето на жените и растот на нивниот број во оваа професијата и напредокот на жените, во број, на повисоките ешалони на оваа професија. Како и во однос на останатите законски предвидени норми, потребно е пред да се предвидат законските одредби кои го уредуваат следењето и оценувањето да се подготви родова анализа, по која ќе следи анализа на веројатното влијание и врз основа на тоа доколку е потребно да се интегрира одредена родова интервенција, перспектива или прашања. За постигнување на посакуваниот ефект овие интервенции, перспективи или прашања треба да се оценуваат и следат преку родово-сензитивни индикатори.

**АС ШТИП**

Застапеноста на обата пола во составот на овој суд не претставува отстапување во однос на половата структура на судиите за 2016 година презентирани во извештајот на ЦЕПЕЈ издание за 2018 година[62]. Според добиените податоци, овој апелационен суд брои вкупно 12 судии од кои седум (7) жени или 58% и пет (5) мажи или 42%. Сите се од македонска националност.

Доколку застапеноста на судиите по полова припадност, односно на жените судии во АС Штип се спореди со просечната застапеност на жените во апелационите судови на национално ниво (45% мажи и 55% жени според извештајот на ЦЕПЕЈ) може да се заклучи дека во овој суд жените судии се застапени повеќе во однос на просечната застапеност на жените во апелационите судови, односно повеќе за 3 процентни поени.

**Табела 49: Споредба на процентуална застапеност на мажите и жените судии во апелационите судови на национално ниво и на АС Штип**

| | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| **АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ** | 45% | 55% |
| **АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП** | 42% | 58% |

Во контекст на тоа дали и колку жените се кандидираат на огласите за избор на судии на апелационен суд ги анализиравме податоците за огласување и избор во последните три години, односно во 2016, 2017 и 2018 година. Во овој суд имало само еден оглас за избор на судии. На огласот објавен во 2016 година се пријавиле вкупно шест (6) кандидати (4 мажи и 2 жени) при што бил избран еден судија маж.

Разгледувајќи ги податоците достапни во кратките биографии на судиите од оние за кои може да се извлече податок направивме анализа колку во просек мажите и жените судии суделе во основен суд пред да станат судии на апелационен. Жените судии од овој суд во просек суделе 12 години во основен пред да бидат избрани за судии во апелационен суд, додека за мажите овој период е пократок или во просек тие судат 10 години во основен пред да бидат избрани за судии во апелационен суд.

Во однос на тоа на која материја судат судиите, според податоците од Годишниот извештај на овој суд за 2018 година во овој суд работеле 13 судии заедно со претседателот на судот. Од нив претпоставуваме дека 12 судии, без претседателот работат во совети. Судиите од овој суд работат во четири совети, два кривични/прекршоци и два граѓански совети, при што во кривичните совети работат двајца (2) мажи и четири (4) жени, а во граѓанските тројца (3) мажи и три (3) жени. Односно, жените работат на различни материи во овој суд.

[62] CEPEJ studies no.26, 2018 Edition (2016 data), стр. 180

Нема јавно достапни податоци во однос на тоа кој е историјатот на претседателите на овој суд, освен за последниот претседател. Претседател на судот е судија маж кој е избран по 13 години судење во истата апелација.

Според одговорите во прашалникот нема барања за преместување на судии од еден во друг оддел и нема распоредување на судии во друг судски оддел. Во овој апелационен суд четири судии биле времено упатени во друг суд, од кои двајца мажи и две жени. Немало поднесени приговори на одлуката за времено упатување. Нема податоци за тоа каде биле времено упатени судиите, за кој временски период и која е причината за нивното временото упатување.

Пензионирањето и смртта се најчестите основи за престанок на судиската функција во АС Штип. Во овој суд, двајца судии мажи биле разрешени во периодот од 2005 до 2015 година. Нема податок дали разрешувањето е резултат на потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Според добиените податоци во овој суд покрената е и една дисциплинска постапка иницирана од претседателот на судот против судија маж и подоцна е изречена дисциплинска мерка.

## АС ГОСТИВАР

Застапеноста на обата пола во составот на овој суд претставува значително отстапување во однос на половата структура на судиите за 2016 година презентирани во извештајот на ЦЕПЕЈ издание за 2018 година[63], воопшто во судството, како и во однос на застапеноста на обата пола на ниво на апелационен суд во нашата земја. Според добиените податоци, во 2018 година овој апелационен суд брои вкупно 13 судии од кои 11 мажи или 85 % и две (2) жени или 15%. Според етничкиот состав, двете жени се од македонска етничка припадност, додека од 11 судии мажи мнозинството се од албанска етничка припадност, односно седум се Албанци и тројца се Македонци, за еден судија маж нема податоци, поради што не можевме да утврдиме од која етничка припадност е.

Доколку застапеноста на судиите по полова припадност, односно на жените судии во АС Гостивар се спореди со просечната застапеност на жените во апелационите судови на национално ниво (45% мажи и 55% жени според извештајот на ЦЕПЕЈ) може да се заклучи дека во овој суд жените судии се застапени три пати помалку во однос на просечната застапеност на жените во апелационите судови.

**Табела 50: Споредба на процентуална застапеност на мажите и жените судии во апелационите судови на национално ниво и на ниво на АС Гостивар**

| | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| **АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ** | 45% | 55% |
| **АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР** | 85% | 15% |

Во контекст на тоа дали и колку жените се кандидираат на огласите за избор на судии на апелационен суд ги анализиравме податоците за огласување и избор во последните три години, односно во 2016, 2017 и 2018 година. Во овој временски период во овој суд имало само еден оглас за избор на судии. На огласот објавен во 2016 година се пријавиле вкупно 15 кандидати (5 мажи и 10 жени) при што биле избрани двајца судии, еден маж и една жена. Овој податок јасно говори дека има интерес кај жените за избор за судии на овој суд. Прашање е дали ваков интерес постоел и во минатото или пак само на овој оглас се пријавиле двојно повеќе жени кандидатки. Нема расположливи податоци во однос на етничката припадност на кандидатите со цел да утврдиме дали постои одредена разлика помеѓу застапеноста на жените кандидатки со различна етничка припадност.

Од достапните податоци во кратките биографии на судиите на овој суд не може да се утврди дали има разлика помеѓу мажите и жените судии во однос на тоа колку во просек суделе во основен суд пред да бидат избрани за судии во апелационен суд и колку изнесува просечниот стаж на работа во судството, односно правосудството на мажите и жените судии.

[63] CEPEJ studies no.26, 2018 Edition (2016 data), стр. 180

Во однос на тоа на кои области работат жените, односно на кривична или граѓанска материја, според податоците доставени од АС Гостивар во 2019 година во овој суд работат вкупно осум (8) совети од кои пет (5) се во граѓанскиот оддел и три (3) совети се во кривичниот оддел. Советите во граѓанскиот оддел се сочинети од две (2) жени и седум (7) судии мажи, додека во кривичните совети работат четири (4) судии мажи. Односно двете жени судии во овој суд работат на граѓанска материја.

Претседател на овој суд е маж од албанска етничка припадност. Нема јавно достапни податоци во однос на тоа кој е историјатот на претседателите на овој суд, вклучувајќи ги и кандидатите за оваа позиција, односно нивната полова и друга припадност која може да влијае на изборот.

Нема барања за преместување на судии од еден во друг оддел, нема распоредување на судии во друг судски оддел и нема судии кои времено се упатени во друг суд според податоците на АС Гостивар. Оттаму, не може да се утврди некоја разлика по однос на сите овие прашања помеѓу мажите и жените судии во овој суд.

Во овој суд пензионирањето во мнозинството на случаи е основ за престанок на судиската функција или на пет (4 мажи и 1 жена) од вкупно 9 судии на кои им престанала судиската функција. Еден судија маж починал, е еден бил избран за судија на Судски совет. Двајца судии мажи дале оставка. Нема случај на престанок на судиска функција по основ на потешка дисциплинска повреда и по основ на нестручно и несовесно вршење на судиската функција во овој суд. Исто така,  нема иницирано дисциплински постапки, ниту пак изречени дисциплински мерки како резултат на дисциплинска повреда.

## АС БИТОЛА

Застапеноста на обата пола во составот на овој суд не претставува значително отстапување во однос на половата структура на судиите за 2016 година презентирани во извештајот на ЦЕПЕЈ издание за 2018 година[64]. Според добиените податоци, во 2018 година овој апелационен суд брои вкупно 21 судии од кои 11 жени или 52% и 10 мажи или 48%. Инаку, овој суд согласно на нивниот Годишен извештај од 2018 година брои 22 судии, имено, на еден од судиите му мирува работно место додека е член на Судскиот совет. Според етничкиот состав, од 21 судија 18 се Македонци и двајца (2) се Албанци. Според кратките биографии двајцата судии кои се припадници на албанската етничка припадност се по пол маж и жена.

Доколку застапеноста на судиите по полова припадност, односно на жените судии во АС Битола се спореди со просечната застапеност на жените во апелационите судови на национално ниво (45% мажи и 55% жени според извештајот на ЦЕПЕЈ) може да се заклучиме дека во овој суд жените судии се застапени помалку во однос на просечната застапеност на жените во апелационите судови, односно за три процентни поени.

**Табела 51: Споредба на процентуална застапеност на мажите и жените судии во апелационите судови на национално ниво и на АС Битола**

| | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| **АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ** | 45% | 55% |
| **АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА** | 48%. | 52% |

Во последните три години, односно во 2016, 2017 и 2018 имало три огласи за избор на судии во овој суд. На двата огласи објавени во 2016 година се пријавиле вкупно 20 кандидати (8 мажи и 12 жени) при што не биле избрани судии. Во 2017 година објавен бил еден повик на кој се јавиле вкупно седум (7) судии од кои тројца (3) мажи и четири (4) жени. Нема јавно достапни податоци во однос на етничката припадност на кандидатите со цел да утврдиме дали интересот за кандидирање за судии во овој суд е еднаков кај жените и мажите судии од различна етничка припадност.

Разгледувајќи ги податоците достапни во кратките биографии на судиите од оние за кои може да се извлече податок направивме анализа колку во просек мажите и жените судии суделе во основен суд пред да станат судии на апелационен и колку изнесува просечниот стаж на работа во судството, односно правосудството на мажите и жените судии. Податоците говорат дека мажите судии суделе во просек 6,5 години во основен суд пред да станат судии во апелационен суд, а жените суделе во просек  9 години во основен суд пред да станат судии на апелационен суд. Доколку пак, го спoредиме просечниот стаж во судство, односно правосудство, а не само како судии, може да се забележи исто така одредена разлика помеѓу мажите и жените. Односно мажите во просек работеле 18.2 години во судството, правосудството пред да станат

[64] CEPEJ studies no.26, 2018 Edition (2016 data), стр. 180

судии во апелационен суд, додека жените во просек работеле 21 година. Практично на жените им треба три години повеќе за да станат судии на апелационен суд, односно три години повеќе работат во правосудство. Практично жените во просек судат три години повеќе пред да станат судии на апелационен за разлика од мажите, односно имаат три години работен стаж повеќе во судството, односно правосудството од мажите пред да станат судии на апелационен суд.

Во однос на тоа на кои области работат жените, односно на кривична или граѓанска материја според податоците од прашалникот во овој суд судиите работат во вкупно осум (8) совети од кои пет (5) се во граѓанскиот оддели, два (2) совети се во кривичниот оддел и еден совет работи на малолетници. Според информациите обезбедени во прашалникот советите се со мешан состав. Па така, во четирите совети кои решаваат граѓански и стопански спорови работат седум (7) мажи и пет (5) жени. Во советот кој решава работни спотови работат по еден маж и една жена судија, додека во двата совети кои решаваат кривични предмети работат пет (5) жени и еден маж судија. Односно жените судии работат на сите материи.

Нема јавно достапни податоци во однос на тоа кој е историјатот на претседателите на овој суд, освен за последните два претседатели на оваа апелација. Со судот претседава жена судија од македонска етничка припадност со 34 годишна работа во судството и 11 годишно судиско искуство. Пред неа исто така со овој суд претседавала жена судија.

Според одговорите во прашалникот нема барања за преместување на судии од еден во друг оддел и нема распоредување на судии во друг судски оддел во овој суд. Тројца судии биле времено упатени во друг суд, но, немало приговори на ваквата одлука. Праксата на времено упатување на судии во овој суд постоела во 2016 и 2017 година. Во 2016 година, тројца судии од кои две жени и еден маж биле упатени во АС Скопје. Во 2017 година тројца судии мажи биле упатени во АС Скопје. Овој последен податок може да го потврдиме со податоците презентирани во Годишниот извештај на судот за 2017 година, според кој од овој суд тројца судии мажи биле упатени на времено вршење на судиската функција во АС Скопје на три месеци. Во 2018 и 2019 година нема случаи на времено упатување на судии. Во ниту еден од случаите на времено упатување нема приговори. Мажите судии се двојно повеќе застапени при времените упатувања.

Во АС Битола во последните 10 години вкупно се пензионирани 15 судии и тоа осум (8) мажи и седум (7) жени а биле иницирани и три дисциплински постапки кои имаат завршница. Доколку зборуваме само за периодот од последните три години, односно во 2016, 2017 и 2018 година, вкупно на три судии им престанала судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија и тоа во 2016 на еден маж и една жена судија и во 2017 година на еден судија маж. Нема случај на престанок на судиска функција по основ на нестручност и несовесност. Исто така, нема иницирано дисциплински постапки, ниту пак изречени дисциплински мерки како резултат на дисциплинска повреда во овој суд.

**АС СКОПЈЕ**

Застапеноста на обата пола во составот на овој суд не претставува отстапување во однос на половата структура на судиите за 2016 година презентирани во извештајот на CEPEJ издание за 2018 година[65]. Според добиените податоци, во 2018 година овој апелационен суд брои вкупно 38 судии од кои 24 жени или 63% и 14 мажи или 34%. Според наводите во Годишниот извештај на судот за 2018 година, етничкиот состав на судиите е мешовит. Односно, од вкупно 41 судии со којшто судот ја започнал календарската 2018 година, 24 се Македонци, 11 се Албанци, двајца се Турци, тројца се Власи и еден судија е од друга националност. Нема податоци за етничката национална припадност на мажите и жените судии, но, според кратките биографии достапни на порталот може да се заклучи дека има жени судии од различна етничка припадност, при што мнозинството отпаѓа на судиите од македонска етничка припадност.

Доколку застапеноста на судиите по полова припадност, односно на жените судии во АС Скопје се спореди со просечната застапеност на жените во апелационите судови на национално ниво (45% мажи и 55% жени според извештајот на ЦЕПЕЈ) може да се заклучи дека во овој суд жените судии се застапени повеќе во однос на просечната застапеност на жените во апелационите судови или за 8 процентни поени во однос на националниот просек за застапеност на жените во апелационите судови.

**Табела 52: Споредба на процентуална застапеност на мажите и жените судии во апелационите судови на национално ниво и на АС Скопје**

| | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| **АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ** | 45% | 55% |
| **АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ** | 34% | 63% |

Во последните три години, односно во 2016, 2017 и 2018 имало три огласи за избор на судии во овој суд. На огласот објавен во 2016 година се пријавиле вкупно 39 кандидати (6 мажи и 33 жени) при што не биле избрани судии. Во 2017 година објавени се два повика на кои се пријавиле вкупно 88 судии од кои 29 мажи и 59 жени. На овие огласи биле избрани 4 судии, односно еден судија маж и три судии жени. Не располагаме со податоци во однос на етничката припадност на кандидатите со цел да утврдиме дали интересот за кандидирање за судии во овој суд е еднаков кај жените и мажите судии од различна етничка припадност.

Разгледувајќи ги податоците достапни во кратките биографии на судиите од оние за кои може да се извлече податок направивме анализа колку во просек мажите и жените судии суделе во основен суд пред да станат судии на апелационен и колку изнесува просечниот стаж на работа во судството, односно правосудството на мажите и жените судии. Од достапните податоци од кратките биографии на судиите, евидентно е дека повеќето од жените кои се избрани за судии во овој апелационен суд имаат долгогодишно судиско искуство. Од биографиите на мажите

[65] CEPEJ studies no.26, 2018 Edition (2016 data), стр. 180

судии не може да се извлече ваков заклучок. Односно во просек мажите судии суделе 4,6 години во основен суд пред да станат судии во апелационен суд, а жените суделе 10 години во основен пред да станат судии на овој апелационен суд.

Според податоците од прашалникот во овој суд работата вкупно девет (9) совети. Нема јавно достапни податоци во однос на тоа кој е историјатот на претседателите на овој суд, освен за последните два претседатели на оваа апелација.  Со судот претседава жена судија од македонска етничка припадност со 30 годишно судиско искуство. Пред неа исто така со овој суд претседавала жена судија.

Во овој суд  според добиените податоци нема барања за преместување на судии од еден во друг оддел и нема времено упатување на судии. Двајца судии се распоредени од еден во друг оддел, односно еден судија е прераспределен од граѓански во кривичен оддел со негова согласност од почетокот на 2018 година и еден судија е прераспределен од кривичен во граѓански оддел, исто така со негова согласност на почетокот на 2019 година. Нема податок за полот на судиите кои се прераспоредени.

Во АС Скопје  во последните 10 години вкупно се пензионирани и разрешени 58 судии и тоа 23 мажи и 35 жени. Не е специфицирано колку од овој вкупен број се пензионирани, а колку разрешени. Во последните три години, односно 2016, 2017 и 2018 година, според податоците од Годишните извештаи на овој суд на вкупно пет судии им престанала судиската функција како резултат на исполнување на    условите за старосна пензија. Односно, во 2016 година функцијата му престанала на еден судија, а во 2017 и 2018 година на двајца судии за секоја од годините. Нема податоци за нивната полова припадност. Во АС Скопје нема случај на престанок на судиска функција по основ на нестручност и несовесност. Во 2018 година Судскиот совет повел дисциплински постапки за двајца судии и подоцна постапките биле запрени. Не се обезбедени податоци за полот на судиите (дисциплински постапки против судии на овој суд биле иницирани и во 2010 и 2011 година, но не се обезбедени податоци за полот на судиите).

### *1.2. Родови аспекти во делот ефикасност*

Ефикасноста на апелационите судови, односно стапката на решавање, стапката на нерешени предмети и времето на решавање на поединечен предмет за потребите на утврдување на евентуални разлики во однос на ефикасноста на судиите според пол се анализираше на ниво на ефикасност на кривични и граѓански оддели за секој од апелационите судови поделени по пол. Имајќи предвид дека во рамките на одделите се работат различни видови на предмети, препорачуваме во иднина анализата по однос на индикаторите на ефикасност според видот на предмети по пол да се користи при утврдување на ориентационата месечна норма за апелациони судови по вид на предмет. На овој начин ќе се овозможи реално да се согледаат состојбите, односно да се утврдат разликите во индикаторите за ефикасност по пол и соодветно на тоа да се планираат евентуалните родови интервенции со цел зголемување на ефикасноста.

**<u>АС ШТИП</u>**

Индикаторите за ефикасност во кривичниот оддел за последните три години бележат варијации, при што кај одредени индикатори има зголемување на ефикасноста, како што е намалување на стапката на нерешени предмети и намалување на времето потребно за решавање на поединечен предмет. Кога овие податоци пак, ќе се разгледаат според пол на судијата, се забележуваат разлики во ефикасноста помеѓу судиите мажи и судиите жени.

**Табела 53: Индикатори за ефикасност поделени по години и пол (податоци добиени од АС Штип)**

| АС Штип - Кривичен оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 41 | 235 | 276 | 59 | 37 | 96 | 36 | 30 | 66 |
| **Примени нови предмети** | 331 | 942 | 1273 | 617 | 368 | 985 | 554 | 419 | 973 |
| **Предмети повторно во работа** | 3 | 1 | 4 | 9 | 5 | 14 | 4 | 8 | 12 |
| **Вкупно предмети во работа** | 375 | 1178 | 1553 | 658 | 410 | 1095 | 594 | 457 | 1051 |
| **Решени предмети** | 316 | 1141 | 1457 | 649 | 380 | 1029 | 575 | 431 | 1006 |
| **Нерешени предмети** | 59 | 37 | 96 | 36 | 30 | 66 | 19 | 26 | 45 |
| **Стапка на решавање** | 0.84 | 0.96 | 0.94 | 0.98 | 0.92 | 0.94 | 0.96 | 0.94 | 0.96 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.15 | 0.03 | 0.04 | 0.05 | 0.07 | 0.02 | 0.03 | 0.05 | 0.01 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 68.1 | 11.8 | 24 | 20.2 | 28.8 | 23.4 | 12 | 22 | 16.3 |

Па така, стапката на решавање на судиите мажи од 0.84 во 2016 година се зголемува на 0.98 во 2017 и 0.96 во 2018 година. Стапката на нерешени предмети од друга страна се намалува, односно од 0.15 во 2016 година на 0.05 во 2017 година и 0.03 во 2018 година. Тренд на намалување се забележува и во однос на времетраењето на решавањето по поединечен предмет. Имено, од 68 дена во 2016 година на 20.2 дена во 2017година и 12 дена во 2018 година.

За разлика од мажите, кај жените судии има незначително намалување на стапката на решавање и на стапката на нерешени предмети, но, затоа има повеќекратно зголемување на бројот на денови за решавање на поединечен предмет или од 11.8 денови во 2016 година на 20 дена во 2017година, односно 22 дена во 2018 година.

**Графикон 15: Стапка на решавање во кривичниот оддел по години и по пол на судии**




**Графикон 16: Стапка на нерешени предмети во кривичниот оддел по години и пол на судии**




**Графикон 17 : Време за решавање по поединечен предмет во кривичниот оддел по години и пол на судиите**




Во граѓанскиот оддел генерално по однос на индикаторите се забележува одредена промена во 2017 година кога стапката на нерешени предмети и времето потребно за решавање по

**Табела 54: Индикатори за ефикасност на граѓанскиот оддел по години и пол на судиите (податоци добиени од АС Штип**

| АС Штип - Граѓански оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 83 | 156 | 239 | 42 | 162 | 204 | 93 | 300 | 393 |
| **Примени нови предмети** | 804 | 1053 | 1857 | 1109 | 1481 | 2590 | 1001 | 1236 | 2237 |
| **Предмети повторно во** | 10 | 11 | 21 | 15 | 14 | 29 | 16 | 13 | 29 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **работа** | | | | | | | | | |
| **Вкупно предмети во работа** | 897 | 1220 | 2117 | 1166 | 1657 | 2823 | 1110 | 1549 | 2659 |
| **Решени предмети** | 855 | 1058 | 1913 | 1073 | 1357 | 2430 | 1033 | 1362 | 2395 |
| **Нерешени предмети** | 42 | 162 | 204 | 93 | 300 | 393 | 77 | 187 | 264 |
| **Стапка на решавање** | 0.95 | 0.86 | 0.9 | 0.92 | 0.8 | 0.86 | 0.93 | 0.87 | 0.9 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0.04 | 0.13 | 0.08 | 0.07 | 0.18 | 0.16 | 0.06 | 0.12 | 0.11 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 17.9 | 55.8 | 38.9 | 31.6 | 80.6 | 59 | 27.20 | 50.1 | 40.2 |

Стапката на решавање на судиите мажи незначително се намалува, а стапката на нерешени незначително се зголемува, додека времето за решавање значително се зголемува. На пример, од 17.9 дена потребни за решавање на еден предмет во 2016 година, во 2017 година за решавање на еден предмет им биле потребни 31.6 дена, а во 2018 година 27 дена.

Кај жените судии пак, стапката на решавање е незначително променлива низ годините, стапката на нерешени варира само во 2017 година. Истото, може да се заклучи и за времетраењето на решавање. Тоа е значително различно во 2017 година.

**Графикон 18: Стапка на решавање во граѓанскиот оддел по години и по пол на судии**



**Графикон 19: Стапка на нерешени предмети во граѓанскиот оддел по години и по пол на судии**




**Графикон 20: Време за решавање по поединечен предмет во граѓанскиот оддел по години и по пол на судии**




Разгледувајќи го просечното време на решавање по предмети за 2018 година може да се забележат големи разлики во просечното време на решавање по одредени видови предмети помеѓу мажите и жените судии. Особено тоа е видливо за гж (второстепени граѓански предмети), тсж (второстепени трговски спорови), рож (второстепени предмети од работни односи), кр (разни кривични предмети) и пркж (прекршочни) предметите. Овие видови на предмети жените судии ги решаваат подолго, односно  два до три пати повеќе од судиите мажи.

**Графикон 21: Време за решавање по поединечен предмет по вид на предмет, години и по пол на судии**



## АС ГОСТИВАР

Разгледувајќи ги индикаторите за ефикасност генерално, во кривичниот оддел во последните три години може да се забележи зголемување на ефикасноста, бидејќи стапката на решавање се зголемува, додека стапката на нерешени предмети[66] и времето потребно за решавање на поединечен предмет се намалува. Во овој оддел не работат жени судии и оттаму не може да се направи анализа по однос на евентуални разлики во ефикасноста помеѓу судиите мажи и судиите жени.

**Табела: 55 Индикатори за ефикасност на кривичниот оддел поделени по години и пол (податоци добиени од АС Гостивар)**

| АС Гостивар- Кривичен оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 293 | 0 | 293 | 99 | 0 | 99 | 81 | 0 | 81 |
| **Примени нови предмети** | 2290 | 0 | 2290 | 2106 | 0 | 2106 | 1718 | 0 | 1718 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 2583 | 0 | 2583 | 2205 | 0 | 2205 | 1799 | 0 | 1799 |
| **Решени предмети** | 2484 | 0 | 2484 | 2124 | 0 | 2124 | 1751 | 0 | 1751 |
| **Нерешени предмети** | 99 | 0 | 99 | 81 | 0 | 81 | 48 | 0 | 48 |
| **Стапка на решавање** | 96,1 | 0 | 96,1 | 96,3 | 0 | 96,3 | 97,3 | 0 | 97,3 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0,02 | 0 | 0,02 | 0,02 | 0 | 0,02 | 0,01 | 0 | 0,01 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 14,5 | 0 | 14,5 | 13,9 | 0 | 13,9 | 10 | 0 | 10 |

Во граѓанскиот оддел генерално, се забележува одредена промена во 2017 година кога стапката на решавање е значително намалена за повторно да се зголеми во 2018 година, но, не на нивото од 2016 година. Стапката на нерешени предмети, исто така, се зголемува во 2017 година, по што незначително се намалува во 2018 година. Тренд на зголемување на потребното време за решавање по предмет се забележува во 2017 година кога бројот на денови значително се зголемува и тоа за 4 пати повеќе во однос на 2016 година. Во 2018 се намалува потребниот број на денови, но, сепак е три пати поголем од потребното време во 2016 година.

[66] За да се пресметка стапката на нерешени предмети потребен е податок за тоа колку жители има на подрачјето на АС Гостивар (бројот на нерешени предмети се дели со бројот на жители на подрачјето, а добиената цифра се множи со 100). Според податоците од Државниот завод за статистика на подрачјето на АС Гостивар живеат вкупно 398.606 жители. Односно, оваа пресметка е направена согласно на бројот на жители утврден според пописот од 2002 година во општините кои според месната надлежност потпаѓаат под основните судови Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар. Публикацијата е достапна на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/SG2019/03-Naselenie-Population.pdf

Имајќи предвид дека бројот на судии во судот не е изменет во овие години, факторите кои влијаат на ваков вид на промени треба да се утврди дополнително.

**Табела 56: Индикатори за ефикасност на граѓанскиот оддел по години и пол на судиите (податоци добиени од АС Гостивар)**

| **АС Гостивар- Граѓански оддел** | **2016** | | | **2017** | | | **2018** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **в** | **м** | **ж** | **в** | **м** | **ж** | **в** |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 362 | 154 | 516 | 89 | 33 | 122 | 398 | 110 | 508 |
| **Примени нови предмети** | 1425 | 286 | 1711 | 2016 | 516 | 2532 | 2115 | 609 | 2724 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно предмети во работа** | 1816 | 411 | 2227 | 2107 | 547 | 2654 | 2513 | 719 | 3232 |
| **Решени предмети** | 1723 | 382 | 2105 | 1709 | 437 | 2146 | 2176 | 590 | 2766 |
| **Нерешени предмети** | 93 | 29 | 122 | 398 | 110 | 508 | 337 | 129 | 466 |
| **Стапка на решавање** | 94,8 | 92,9 | 94,5 | 81,1 | 79,8 | 80,8 | 86,5 | 82 | 85,5 |
| **Стапка на нерешени предмети** | 0,02 | 0,007 | 0,03 | 0,09 | 0,02 | 0,12 | 0,08 | 0,03 | 0,11 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 19,7 | 27,7 | 21,1 | 85 | 91,8 | 86,4 | 56,5 | 79,8 | 61,4 |

Кај жените судии, стапката на решавање и стапката на нерешени предмети е пониска за сите три години во однос на онаа на мажите судии. Но, затоа деновите потребни за решавање на поединечен предмет е повисока и тоа во 2016 година е за 8 денови повисока од потребниот ден за судиите мажи, во 2017 година е за 6 дена повисока и во 2018 година е дури за 23 дена повисока. Од податоците може да се заклучи дека на жените судии им е потребно повеќе време за решавање на еден поединечен предмет.

**Графикон 22: Стапка на решавање во граѓанскиот оддел по години и по пол на судии**




**Графикон 23: Стапка на нерешени предмети во граѓанскиот оддел по години и по пол на судии**




**Графикон 24: Време за решавање по поединечен предмет во граѓанскиот оддел по години и по пол на судии**



## АС БИТОЛА

Разгледувајќи ги индикаторите за ефикасност, генерално, во кривичниот оддел во последните три години може да се забележи дека во 2016 година овој оддел работел најефикасно. Во 2017 година по сите три параметри има зголемување, односно намалување на ефикасноста за во 2018 година овој суд да се врати скоро до нивото на ефикасност од 2016 година.

**Табела 57: Индикатори за ефикасност на кривичниот оддел поделени по години и пол (податоци добиени од АС Битола)**

| АС Битола-Кривичен оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 37 | 179 | 216 | 20 | 162 | 182 | 62 | 195 | 257 |
| **Примени нови предмети** | 405 | 1262 | 1667 | 94 | 1339 | 1433 | 371 | 1106 | 1477 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 0 | 0 | 3 | 445 | 448 | 1 | 9 | 10 |
| **Вкупно предмети во работа** | 442 | 1441 | 1883 | 117 | 1940 | 2057 | 434 | 1310 | 1744 |
| **Решени предмети** | 422 | 1279 | 1701 | 55 | 1745 | 1800 | 370 | 1191 | 1561 |
| **Нерешени предмети** | 20 | 162 | 182 | 62 | 195 | 257 | 64 | 119 | 183 |
| **Стапка на решавање** | 95,4 | 88,7 | 90,3 | 47 | 89,9 | 87,5 | 85,2 | 90,9 | 89,5 |
| **Стапка на нерешени предмети[67]** | 0,005 | 0,04 | 0,04 | 0,01 | 0,05 | 0,07 | 0,01 | 0,03 | 0,05 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 17,2 | 46,2 | 39,05 | 411,4 | 40,7 | 52,1 | 63,1 | 36,4 | 42,7 |

Кај судиите мажи стапката на решавање е повисока во однос на жените само во 2016 година. Таа драстично опаѓа во 2017 година. Стапката на нерешени предмети, исто така е највисока во 2017 година, како и деновите за решавање по поединечен предмет. Од податоците евидентно е дека во 2017 година во работата на кривичниот оддел се случувале одредени промени кои

[67] За да се пресмета стапката на нерешени предмети потребен е податок за тоа колку жители има на подрачјето на АС Битола (бројот на нерешени предмети се дели со бројот на жители на подрачјето, а добиената цифра се множи со 100). Според податоците од Државниот завод за статистика на подрачјето на АС Битола живеат вкупно 365.201 жители.[67] Односно, оваа пресметка е направена согласно на бројот на жители утврден според пописот од 2002 година во општините кои според месната надлежност потпаѓаат под основните судови Битола, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга. Публикацијата достапна на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/SG2019/03-Naselenie-Population.pdf.

значително влијаеле врз ефикасноста на судиите мажи, а со тоа и воопшто на ефикасноста на овој оддел. За разлика од нив, кај жените судии има зголемување на стапката на решени предмети низ годините и намалување на бројот на денови потребен за решавање на поединечен предмет. Стапката на нерешени предмети незначително варира по последните три години кај жените.

**Графикон 25: Стапка на решавање во кривичниот оддел по години и по пол на судии**




**Графикон 26: Стапка на нерешени предмети во кривичниот оддел по години и по пол на судии**



**Графикон 27: Време за решавање по поединечен предмет во кривичниот оддел по години и по пол на судии**




Во граѓанскиот оддел генерално не се забележуваат некои поголеми промени по однос на сите три параметри за ефикасност и не постои некоја поголема разлика помеѓу ефикасноста на мажите и жените судии. Единствена поголема промена генерално е видлива во бројот на денови потребни за решавање на поединечен предмет. Имено, во 2017 година бројот на денови се зголемува приближно двојно во однос на 2016 година. Во 2018 година се намалува за една третина во однос на 2017 година, но сепак бројот на денови е повисок од оној во 2016 година.

**Табела 58: Индикатори за ефикасност на граѓанскиот оддел по години и пол на судиите (податоци добиени од АС Битола)**

| АС Битола - Граѓански оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Нерешени предмети на почеток од годината** | 268 | 175 | 443 | 123 | 127 | 250 | 261 | 266 | 527 |
| **Примени нови предмети** | 1992 | 1603 | 3595 | 1738 | 1608 | 3346 | 2298 | 1853 | 4151 |
| **Предмети повторно во работа** | 0 | 0 | 0 | 700 | 597 | 1297 | 15 | 14 | 29 |
| **Вкупно предмети во работа** | 2253 | 1776 | 4029 | 2559 | 2327 | 4886 | 2574 | 2133 | 4707 |
| **Решени предмети** | 2130 | 1649 | 3779 | 2298 | 2061 | 4359 | 2382 | 1978 | 4360 |
| **Нерешени предмети** | 123 | 127 | 250 | 261 | 266 | 527 | 192 | 155 | 347 |
| **Стапка на решавање** | 94,5 | 92,8 | 93,7 | 89,8 | 88,5 | 89,2 | 92,5 | 92,7 | 92,6 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на нерешени предмети** | 0,03 | 0,03 | 0,06 | 0,07 | 0,07 | 0,14 | 0,05 | 0,04 | 0,09 |
| **Време за решавање по поединечен предмет** | 21 | 28,1 | 24,1 | 41,4 | 47,1 | 44,1 | 29,4 | 28,6 | 29 |

**Графикон 28: Стапка на решавање во граѓанскиот оддел по години и по пол на судии**




**Графикон 29: Стапка на нерешени предмети во граѓанскиот оддел по години и по пол на судии**



**Графикон 30: Време за решавање по поединечен предмет во граѓанскиот оддел по години и по пол на судии**




<u>**АС СКОПЈЕ**</u>

АС Скопје во одговорите на прашалникот за оваа анализа не обезбеди податоци за индикаторите на ефикасност поделени по пол. Поради тоа не може да се утврди дали постојат разлики помеѓу мажите и жените, односно разлики во индикаторите за ефикасност.

### *1.3. Родови аспекти во делот транспарентност и отчетност*

Вклучувањето на жените во правосудството е неопходно и има значаен придонес. Глобалните студии покажуваат дека активности за вклучување на жените во овој сектор не треба да се фокусираат само на подобрување на бројот на жените без да бидат опфатени бариерите со кои тие се соочуваат во вршењето на својата професија во овој сектор, како и при можностите за професионален развој и напредување во кариерата. Постојат докази, иако претежно засновани на опсервација и запазување, дека патеките или „гасоводот" за судиско унапредување не е родово неутрален. Ова е причината зошто е толку важно да се соберат и објавуваат податоци во редовни интервали, да се споредат трендовите со тек на време на национално, регионално и меѓународно ниво, наместо само да се презентираат или прикажуваат разделени по пол за одредени збирни вредности. Собирањето и објавувањето на податоци ќе овозможи подобро разбирање за состојбите и кон што тие водат во овој сектор, и кои мерки треба да се преземат со цел постигнување на посакуваните промени. Дали и каков вид на статистика водат судовите, односно дали ја водат разделена по пол, имавме можност да утврдиме преку одговорите на прашалникот за оваа функционална анализа. Дополнително ги разгледавме извештаите, односно податоците кои судовите ги објавуваат, односно се поставен на судскиот портал со цел да се утврдиме дали објавуваат полово разделена статистика (извештаите за работа на судовите и кратките биографии на судиите).

Во контекст на прашањето за учеството на жените, го анализиравме и прашањето за учеството на мажите и жените во составот на службата која се грижи за комуникација и односи со јавност. Учеството на жените во правосудниот сектор е особено важна затоа што жените историски трпеле дискриминација и исклучување од јавниот живот. Присуството на жените во улога на некој кој донесува одлуки се спротивставува на постоечката родова нееднаквост, на родовите стереотипи и предрасуди и на перцепциите на јавноста дека правосудните институции не го одразува составот на целокупното население. Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите[68], **еднаква застапеност** е секоја процентуална застапеност на одреден пол која не е помала од процентот на застапеноста на тој пол во вкупната популација. Со своето присуство жените демонстрираат на јавноста дека правдата, а особено судството, не е затворена за разновидност и е составена од различните групи што сочинуваат општеството. Практично демонстрацијата на уставно прокламираната еднаквост на сите граѓани без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националност и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба, може да биде едно од многуте решенија за зголемување на јавниот имиџ и дефицитот на доверба што толку често ги мачи судиите.

---

[68] http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf

**АС ШТИП**

Во АС Штип службата за односи за јавност е составена од судскиот администратор и еден самостоен судски референт. И двата пола се застапени во оваа служба. Месечните и годишните извештаи на АС Штип не содржат полова разделена статистика.

**АС ГОСТИВАР**

Во АС Гостивар постои посебна служба за односи со јавност со која раководи администраторот на судот кој е по пол маж. Месечните, кварталните и годишните извештаи на АС Гостивар не содржат полова разделена статистика. Вредно е да се спомене дека од 12 судии за кои има графа за кратка биографија на судскиот портал, за шест или за половина од судиите нема достапни информации.

**АС БИТОЛА**

Во АС Битола постои канцеларија за односи со јавност и лице задолжено со односи за јавноста, кое оваа функција за извршува со помош на уште едно лице  но не беа обезбедени податоци од кој полова припадност се тие лица. Месечните, и годишните извештаи на АС Битола не содржат полова разделена статистика. На судскиот портал има кратки биографии за сите судии, но нивната содржина не е воедначена.

**АС СКОПЈЕ**

Според добиените податоци во АС Скопје нема канцеларија за односи со јавност, но има едно лице кое задолжено за односи со странките и двајца судии кои работат на кривична и граѓанска материја се задолжени за односи со медиумите. Не беа обезбедени информации што се по полова припадност судиите. Месечните и годишните извештаи на АС Скопје не содржат полова разделена статистика. На судскиот портал не се поставени кратките биографии на сите судии, освен податокот кога биле избрани за судии во тој суд. Исто така се забележува не унифицираност на содржината на биографиите.

### *1.4. Родови аспекти во делот квалитет на судска правда*

Квалитетот на работата на апелационите судови, согласно на параметрите според кои таа се мери во оваа функционална анализа беше основа и за собирање на податоци за квалитетот поделени по пол. Па така, беа обезбедени податоци поделени по пол на судиите во однос на стапката на потврдени, укинати и преиначени одлуки, односно предмети, и во однос на тоа дали постојат разлики во користењето на пропишаните обрасци за обработка на предметите согласно на Судскиот деловник и АКМИС и користењето на стандардизираните алатки за пишување на пресуди. Како што е нагласено веќе во неколку наврати во оваа анализа, полово разделната статистика за параметрите кои го мерат квалитетот на правдата или поточно нивно редовно собирање и анализа може да укаже на одредени разлики и недостатоци со кои се соочуваат мажите и жените судии во постапувањето по судиските предмети. Идентификувањето и адресирањето, односно преземањето на соодветни мерки може да води само кон подобрување на квалитетот.

**<u>АС ШТИП</u>**

Генерално во кривичниот оддел, во последните три години бројот на потврдени предмети и стапката на укинати предмети се зголемува, додека стапката на преиначени се менува незначително. Кога зборуваме за жените судии, кај потврдените предмети има големи разлики сите три години, од кои во 2016 година жените судии имаат помалку потврдени предмети од колегите мажи, а во останатите две имаат 2 до 3 пати повеќе потврдени предмети. Кај укинатите предмети разликата е голема во 2017 година кога бројот на укинати предмети е 7 пати поголем од оној на мажите судии. Во однос на преиначени предмети, има сличен тренд како кај укинатите.

**Табела 59: Индикатори за квалитет на кривичниот оддел поделени по години и пол на судии (податоци добиени од АС Штип)**

| АС Штип - Кривичен оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Решени предмети** | 314 | 1136 | 1450 | 644 | 372 | 1016 | 569 | 422 | 991 |
| **Потврдени предмети** | 10 | 5 | 15 | 10 | 19 | 29 | 14 | 19 | 33 |
| **Укинати предмети** | 2 | 1 | 3 | 2 | 8 | 10 | 4 | 4 | 8 |
| **Преиначени** | 2 | 1 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 1 | 2 |
| **Отфрлени** | 3 | 3 | 6 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 5 |

**Табела 60: Индикатори за квалитет на кривичниот оддел поделени по години и пол на судии изразено во проценти (податоци добиени од АС Штип)**

| АС Штип - Кривичен оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | Ж | в |
| Решени предмети | 314 | 1136 | 1450 | 644 | 372 | 1016 | 569 | 422 | 991 |
| Потврдени предмети | 3.18% | 0.44% | 1.03% | 1.55% | 5.1% | 2.85% | 2.46% | 4.5% | 3.32% |
| Укинати предмети | 0.63% | 0.08% | 0.2% | 0.31% | 2.15% | 0.98% | 0.7% | 0.94% | 0.8% |
| Преиначени | 0.6% | 0.08% | 0.2% | 0.15% | 0.53% | 0.29% | 0.17% | 0.23% | 0.2% |

Во граѓанскиот оддел во последните три години, стапката на потврдени и на укинати предмети е нешто пониска во 2017 година, додека стапката на преиначени е скоро непроменета. Кај жените има пониска стапка на потврдени  и укинати предмети во 2017 година. Стапката на преиначени пак, се зголемува кај жените низ годините. Кај мажите, стапката на потврдени се зголемува при што е најголема во 2018 година, додека стапката на укинати и преиначени се намалува низ годините.

**Табела 61: Индикатори за квалитет на граѓанскиот оддел поделени по години и пол на судии (податоци добиени од АС Штип)**

| АС Штип - Граѓански оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| Решени предмети | 831 | 1026 | 1857 | 1052 | 1323 | 2375 | 1015 | 1336 | 2351 |
| Потврдени предмети | 21 | 23 | 44 | 26 | 20 | 46 | 30 | 34 | 64 |
| Укинати предмети | 8 | 6 | 14 | 8 | 5 | 13 | 8 | 11 | 19 |
| Преиначени | 4 | 1 | 5 | 4 | 2 | 6 | 2 | 4 | 6 |
| Отфрлени | 4 | 11 | 15 | 8 | 5 | 13 | 2 | 14 | 16 |

**Табела 62: Индикатори за квалитет на граѓанскиот оддел поделени по години и пол на судии изразено во проценти (податоци добиени од АС Штип)**

| АС Штип - Граѓански оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| Решени предмети | 831 | 1026 | 1857 | 1052 | 1323 | 2375 | 1015 | 1336 | 2351 |
| Потврдени предмети | 2.52% | 2.24% | 2.36% | 2.47% | 1.51% | 1.93% | 2.95% | 2.54% | 2.72% |
| Укинати предмети | 0.96% | 0.58% | 0.75% | 0.76% | 0.37% | 0.54% | 0.78% | 0.8% | 0.8% |
| Преиначени | 0.48% | 0.09% | 0.26% | 0.38% | 0.15% | 0.25% | 0.19% | 0.29% | 0.25% |

Согласно на одговорот на АС Штип судиите ги користат пропишаните обрасци за обработка на предметите согласно на Судскиот деловник и АКМИС. Истото се однесува и на користењето на стандардизираните алатки за пишување на пресуди, односно согласно на одговорот на судот пресудите се пишуваат исклучиво во АКМИС системот.

## АС ГОСТИВАР

Земено генерално, во кривичниот оддел во последните три години бројот на потврдени предмети и стапката на укинати предмети се зголемува, додека стапката на преиначени се зголемува незначително. Во овој оддел нема жени судии и оттаму генералните заклучоци за квалитетот се однесуваат на судиите мажи. Вредно е да се спомене дека овој суд според годишните извештаи, квалитетот на работата го пресметува поинаку од останатите апелациони судови. Имено, овој суд квалитетот го мери со споредба на индикаторите за мерење на квалитет (потврдени, укинати, преиначени и отфрлени предмети) во однос на примените одлуки од Врховен суд кој тие ги водат како примени предмети. Останатите апелациони судови, поточно Штип, Битола и Скопје квалитетот го мерат со споредување на индикаторите во однос на вкупниот број на решени предмети.

**Табела 63: Индикатори за квалитет на кривичниот оддел поделени по години и пол на судии (податоци добиени од АС Гостивар)**

| АС Гостивар - Кривичен оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Решени предмети** | 2484 | 0 | 2484 | / | / | 2124 | / | / | 1751 |
| **Потврдени предмети** | 11 | 0 | 11 | 25 | 0 | 25 | 30 | 0 | 30 |
| **Укинати предмети** | 8 | 0 | 8 | 11 | 0 | 11 | 11 | 0 | 11 |
| **Преиначени** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| **Отфрлени** | 12 | 0 | 12 | 4 | 0 | 4 | 4 | 0 | 4 |

**Табела 64: Индикатори за квалитет на кривичниот оддел поделени по години и пол на судии изразено во проценти (податоци добиени од АС Гостивар)**

| АС Гостивар- Кривичен оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Решени предмети** | 2484 | 0 | 2484 | / | / | 2124 | / | / | 1751 |
| **Потврдени предмети** | 0,44% | 0 | 0,44% | / | / | 1,17% | / | / | 1,71% |
| **Укинати предмети** | 0,32% | 0 | 0,32% | / | / | 0,51% | / | / | 0,62% |
| **Преиначени** | 0 | 0 | 0 | / | / | 0,04% | / | / | 0,05% |
| **Отфрлени** | 0,48% | 0 | 0,48% | | | 0,18% | | | 0,22% |

Во граѓанскиот оддел, стапката на потврдени предмети се зголемува низ годините, а стапката на укинати се намалува. Процентот на преиначени се зголемува, додека бројот на отфрлени се

намалува. Поради немање на податоци за анализираните параметри поделени по пол, не може да се утврди дали постои разлика во квалитетот во однос на работењето на судиите мажи и судиите жени.

**Табела 65: Индикатори за квалитет на граѓанскиот оддел поделени по години и пол на судии (податоци добиени од АС Гостивар)**

| АС Гостивар - Граѓански оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Решени предмети** | / | / | 2105 | / | / | 2146 | / | / | 2766 |
| **Потврдени предмети** | 42 | 5 | 47 | 66 | 9 | 75 | 77 | 18 | 95 |
| **Укинати предмети** | 25 | 3 | 28 | 27 | 2 | 29 | 12 | 2 | 14 |
| **Преиначени** | 4 | 1 | 5 | 6 | 0 | 6 | 10 | 2 | 12 |
| **Отфрлени** | 54 | 12 | 66 | 24 | 7 | 31 | 28 | 3 | 31 |

**Табела 66: Индикатори за квалитет на граѓанскиот оддел поделени по години и пол на судии изразено во проценти (податоци добиени од АС Гостивар)**

| АС Гостивар - Граѓански оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Решени предмети** | / | / | 2105 | / | / | 2146 | / | / | 2766 |
| **Потврдени предмети** | / | / | 2,23% | / | / | 3,49% | / | / | 3,43% |
| **Укинати предмети** | / | / | 1,33% | / | / | 1,35% | / | / | 0,50% |
| **Преиначени** | / | / | 0,23% | / | / | 0,27% | / | / | 0,43% |
| **Отфрлени** | / | / | 3,13% | / | / | 1,44% | / | / | 1,12% |

Согласно на одговорот на АС Гостивар, не се користат стандардизираните формулари , обрасци и контролни листови, додека при изготвување на одлуките се користи стандардизиран фонт на букви Arial 12. Нема полово поделени податоци за тоа како мажите и жените судии постапуваат, по однос на овие два одделни аспекти во овој суд.

## АС БИТОЛА

Во кривичниот оддел во последните три години стапката на потврдени предмети незначително се намалува во 2017 година во однос на 2016 година, за во 2018 година да се зголеми за приближно 3 процентни поени. Стапката на укинати предмети за која има податоци за две години, односно 2017 и 2018 година исто така се зголемува, што укажува на намалување на квалитетот. Ако ги споредуваме мажи те и жените судии, во 2017 година, мажите имаат 10 пати поголема стапка на потврдени предмети, но и приближно седум пати поголема стапка на укинати предмети. Во 2018 година, разликите помеѓу мажите и жените не се значителни.

**Табела 67: Индикатори за квалитет на кривичниот оддел поделени по години и пол на судии (податоци добиени од АС Битола)**

| АС Битола- Кривичен оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Решени предмети** | 235 | 692 | 927 | 30 | 943 | 973 | 216 | 710 | 926 |
| **Потврдени предмети** | 4 | 13 | 17 | 3 | 10 | 13 | 5 | 29 | 34 |
| **Укинати предмети** | / | / | / | 2 | 0 | 2 | 2 | 4 | 6 |
| **Преиначени** | / | / | / | / | / | / | 0 | 1 | 1 |
| **Отфрлени** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**Табела 68: Индикатори за квалитет на кривичниот оддел поделени по години и пол на судии изразено во проценти (податоци добиени од АС Битола)**

| АС Битола - Кривичен оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Решени предмети** | 235 | 692 | 927 | 30 | 943 | 973 | 216 | 710 | 926 |
| **Потврдени предмети** | 1,7 | 1,8 | 1,8 | 10 | 1,06 | 1,3 | 2,3 | 4,08 | 3,67 |
| **Укинати предмети** | / | / | / | 6,6 | 0 | 0,2 | 0,9 | 0,5 | 0,6 |
| **Преиначени** | / | / | / | / | / | / | 0 | 0,14 | 0,10 |
| **Отфрлени** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

Во граѓанскиот оддел, стапката на потврдени предмети се намалува низ годините, стапката на укинати се зголемува, додека стапката на преиначени незначително варира. Помеѓу мажите и жените во 2016 година се забележуваат подобри индикатори за квалитет кај жените. Во 2017 година бројот на укинати предмети кај жените е повисок од мажите судии, но, затоа пак стапката на преиначени е повисока. Во 2018 година бројот на укинати предмети не е многу

различен помеѓу мажите и жените, но, повторно стапката на преиначени е пониска кај жените од мажите.

**Табела 69: Индикатори за квалитет на граѓанскиот оддел поделени по години и пол на судии (податоци добиени од АС Битола)**

| АС Битола - Граѓански оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Решени предмети** | 2069 | 1620 | 3689 | 2259 | 2046 | 4305 | 2353 | 1959 | 4312 |
| **Потврдени предмети** | 64 | 67 | 131 | 71 | 51 | 122 | 63 | 46 | 109 |
| **Укинати предмети** | 10 | 6 | 16 | 14 | 7 | 21 | 15 | 13 | 28 |
| **Преиначени** | 10 | 3 | 13 | 5 | 11 | 16 | 8 | 5 | 13 |
| **Отфрлени** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**Табела 70: Индикатори за квалитет на граѓанскиот оддел поделени по години и пол на судии изразено во проценти (податоци добиени од АС Битола)**

| АС Битола - Граѓански оддел | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | в | м | ж | в | м | ж | в |
| **Решени предмети** | 2069 | 1620 | 3689 | 2259 | 2046 | 4305 | 2353 | 1959 | 4312 |
| **Потврдени предмети** | 3,09 | 4,13 | 3,55 | 3,14 | 2,49 | 2,83 | 2,67 | 2,3 | 2,52 |
| **Укинати предмети** | 0,48 | 0,37 | 0,43 | 0,6 | 0,3 | 0,48 | 0,63 | 0,66 | 0,64 |
| **Преиначени** | 0,48 | 0,18 | 0,35 | 0,22 | 0,53 | 0,37 | 0,33 | 0,25 | 0,30 |
| **Отфрлени** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

Согласно на одговорот на АС Битола, формуларите и обрасците кои се пропишани со Судскиот деловник и се имплементирани во АКМИС-от, останати обрасци кои се стандардизирани во овој суд и алатките за пишување пресуди се користат подеднакво од мажите и жените.

**АС СКОПЈЕ**

Податоците кои ги обезбеди АС Скопје со цел утврдување на квалитетот на судска правда, односно по однос на податоците за тоа колку од решените предмети се потврдени, укинати и преиначени нема обезбедено податоци за половата припадност на судиите кои постапувале по тие предмети. Оттаму не е возможна одредена анализа на квалитетот по пол на судиите кои постапуваат по предметите во овој суд.

Согласно на одговорот во АС Скопје се користат сите обрасци пропишани во Судскиот деловник и процесните закони, додека пресудите се пишуваат во АКМИС-от. Нема обезбедено информации дали обрасците и АКМИС-от се користат подеднакво од мажите и жените.

### *1.5. Родови аспекти во делот на човечки ресурси*

И покрај постоечкиот недостаток на податоци, а со тоа и ограничувања во однос на анализа на состојбите по однос на статусот на жените во правосудниот сектор, сепак, мора да се забележи дека во текот на последната деценија доказите и податоците по однос на ова прашање се зголеми, обезбедувајќи богати емпириски и теоретски податоци за тоа како жените влегле во правната професија, како и бариерите со кои се соочуваат во почетокот и во текот на нивната кариера. Ваквите истражувања се резултат на зголеменото внимание не само на оние кои се занимаваат и работат на владеење на правото, туку и на донаторските агенции, што резултира со глобални и регионални состаноци и размена на информации помеѓу жени судии и други стручни лица од областа на правдата. Три клучни теми или прашања произлегуваат од литературата и дискусиите за жените во правосудниот сектор и структурните бариери со кои тие се соочуваат, а тоа се: бариерите за влез на жените во професијата; бариерите за нивно задржување во професијата; и бариерите за напредокот на жените, во број, до повисоките ешалони на оваа професија.

Структурните бариери со кои се соочуваат жените при влез во оваа професија се родовите стереотипи и предрасуди, недостатокот на информации и транспарентност во врска со процесите на вработување/селекција и законските и општествените ограничувања во однос на слободите и правата на жените. Оттаму, овие бариери во анализата ги разгледувавме од аспект на застапеноста на жените во составот на вработените и посебно на застапеноста на жените помеѓу судските соработници, вклучувајќи ја и застапеноста на жените од различни етничката припадност; сигурноста во вработувањето, односно вработување на неопределено и определено време; застапеноста на жените при ангажирање на лица по различни основи во судот; и застапеноста на жените на раководни позиции.

Бариерите за задржување на жените во оваа професија се зголемено спротивставување како резултат на зголемување на бројот на жени во оваа професија, не можноста за усогласување на семејните и професионалните обврски и сексуалното вознемирување и други форми на дискриминација. Овие бариери ги разгледувавме само од аспект на постоење на постапки за сексуално вознемирување во судовите.

И во однос на бариерите за напредокот на жените до повисоките ешалони на оваа професија, односно постапката на селекција и назначување за повисоки позиции, предизвици со

воспоставување на баланс помеѓу семејниот и професионалниот живот како резултат на унапредувањето и работата и ограничувањето на можностите што придонесуваат за развој и унапредување ги разгледувавме од аспект на обуката на судиите. Имајќи предвид дека континуираната едукација е задолжителна, прашањето за тоа дали сите судии посетуваат едукација не го разгледувавме. Но затоа, онаму каде што беше возможно врз основа на податоците правевме споредба помеѓу колку обука треба да посетат мажите и жените судии и колку реално тие посетуваат обука. Вредно е да се спомене дека, одредени студии и анализи укажуваат на податокот дека мажите и жените судии пресудуваат поинаку кога се во прашање предмети на дискриминација и сексуално вознемирување, како и во други случаи кога постои одредена родова карактеристика на она што е предмет на пресудување. Оттаму, за прашањето на едукација треба да внимателно да се разгледаат правните потреби на граѓаните, потребите на судиите и дефинирањето на листата на прашања за обука да се подготви во заедничка соработка на Академијата, стручната и пошироката јавност, судиите, вклучувајќи ги и граѓанските организации кои работата на правна помош и поддршка на граѓаните. И секако дел од едукацијата да е посветен на запознавање на судиите со прашањето на родова еднаквост, односно зголемување на познавањата на судиите на ова прашање.

**АС ШТИП**

Застапеноста на жените во составот на судот е повисока во однос на застапеноста на мажите, освен во судската полиција. Не беа обезбедени податоци кои би покажале која е половата застапеност на вработените според вид на работно место, што би укажало колку жените се застапени на раководни и нераководни позиции.

**Табела 71: Вработени за 2018 година во вид на служба и пол**

| **Вид на вработени** | **2018** | | |
|---|---|---|---|
| | м | ж | в |
| **Судии** | 5 | 8 | 13 |
| **Стручни судски службеници** | 4 | 9 | 13 |
| **Административно-технички судски службеници** | 3 | 16 | 19 |
| **Судска полиција** | 6 | 0 | 6 |
| **Вкупно** | 18 | 36 | 54 |

Според одговорите во прашалникот во овој суд нема лица вработени на определено време и на договор за дело. Има еден волонтер маж. Волонтирањето како начин за стекнување на одредени знаења и вештини и политиката која АС Штип ја има по однос на ова прашање исто како и политиката за вработување треба да е јавна, транспарентна и секако да промовира волонтирање на обата пола. Во однос на сигурноста на работниот ангажман во овој суд 41 лице е вработено на неопределено работно време.

Статусот на судски соработници, и одделно на жените и мажите стручни соработници е прашање кое заслужува одделна анализа особено ако се земе предвид предметот и сложеноста на нивната работа. Гледано од родова перспектива, сите прашања и аспекти кои се легитимни за родова анализа на статусот на судиите со одредени исклучоци важат и за стручните службеници. Во однос на паритетот, ако се земат податоците презентирани во органограмот на овој суд, од вкупно 13 лица судски соработници четири (4) се мажи и 9 се жени. Што се однесува до нивното распоредување, мнозинството, односно 9 се во граѓанскиот оддел, наспрема четири (4) во кривичниот и двајца (2) од нив кои работат во одделот за судска пракса. Соодносот судија - судски соработник е различен во различните оддели. Според наодите на фокус групата за подготовка на оваа функционална анализа, соработката помеѓу судиите и стручните соработници е солидна, воглавном неформална и пред се зависи од судиите. Исто така, се истакнува дека на седниците на советите најчесто не присуствуваат стручните соработници, што според судиите се должи на нивната немотивираност. Понатаму се појаснува дека соработниците во граѓанскиот оддел квалитетно ги реферираат предметите, додека во кривичниот постои немотивираност. Во АС Штип немало случаи на прераспределба на стручните соработници од еден во друг оддел. Имајќи предвид ваквите состојби, неопходна е да се направи стратегија за вработување и задржување на овој кадар во судот. Секако при тоа

да се води сметка за половата и етничката припадност, како и на условите и организацијата на работа кои евентуално негативно можат да влијаат на вработувањето на жените во оваа институција.

АС Штип нема одделна процедура/постапка за постапување по случаи на вознемирување на работно место и досега немале пријава за ваков случај во нивниот суд.

За да утврдиме дали постојат одредени ограничувања во однос на користење на можноста за развој, односно континуираната едукација помеѓу мажите и жените судии, врз основа на податоците од кратките биографии на судиите го утврдивме судискиот стаж кој го исполнуваат во 2016, 2017 и 2018 година (години за кои имавме податоци за посетена обука за секој судија). Врз основа на тоа утврдивме колку денови на обука требало да посетат согласно на законски предвидените услови за едукација и потоа овој податок потоа го споредивме со деновите на посетена обука за истиот временски период.

**Табела 72: Денови на обука според стаж и според посета по години и по пол на судиите**

| | | **2016 (12 судии)** | | **2017 (12 судии)** | | **2018 (13 судии)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Денови на обука според стаж** | | 8 | 24 | 8 | 24 | 8 | 22 |
| **Денови на обука според посета** | | 16 | 29 | 38 | 39 | 44 | 35 |

И покрај тоа што анализата е ориентациона и не се заснова на детални и прецизни информации, сепак може да се забележи дека мажите судии повеќе од предвиденото ја посетуваат континуирана едукација, особено во 2017 и 2018 година. Тоа важи и за жените судии, но, тие за разлика од мажите судии во помал обем го надминуваат законски предвидениот обем на обука.

Од друга страна од наодот од фокус групата на овој суд учесниците истакнале дека иако календарот за обука Академијата го подготвува во соработка со судиите, сепак, тие поради обемот на работа не можат да присуствуваат на нив. Вредно е да се нагласи и мислењето на учесниците на фокус групата на АС Штип дека има потреба од воведување на задолжителна обука на судските соработници која би била фокусирана на нивните реални потреби. Академијата за судии и јавни обвинители која се одвива во различни форми како што е обуката за новоизбрани судии, обука на обучувачи, обука за ментори, обука за претседатели на судови итн. треба да се разгледаат и во контекст на тоа дали начинот на нивно спроведување и секако содржина одговара на потребите на мажите и жените судии. На пример, според извештаите на Академијата може да се заклучи дека обуките може да се спроведуваат и низ земјата, па во таа смисла неможноста за посетување како резултат на местото на одржување на обуката може да се елиминира. Во однос на темите на кои судиите од овој суд посетувале континуирана обука не добивме листа на теми и поради тоа не може да се утврди дали едукацијата опфаќа прашања и појави кои се резултат на родовата нееднаквост и дискриминација, како што се родово базираното насилство и многу други правни прашања кои посебно ги погодуваат

сиромашните и ранливите групи на граѓани во општеството со цел соодветно постапување и пресудување.

АС Штип има посебен фонд за посетување на конференции во земјата и во странство. Во последните три години на конференции во земјата присуствувале 12 судии, од кои седум жени и пет мажи, а на конференции во странство присуствувале вкупно тројца судии, од кои двајца мажи и една жена. И покрај постоење на посебни фондови, судот одговорил дека посетите на конференции се најчесто финансирани од други институции и граѓански организации. На советувања во последните три години присуствувале вкупно 33, од кои 11 мажи и 21 жена ( 15 судии од кои 6 мажи и 9 жени активно учествувале на семинари во последните 3 години и 18 вработени од судска служба и администрација, од кои 5 мажи и 13 жени). И покрај тоа што немавме увид по однос на темите или прашањата на советувањата и конференциите на кои присуствувале судиите од АС Штип во земјата и во странство, не треба посебно да се нагласува дека советувањата и конференциите како и континуираната едукација треба да се во согласност со однапред утврдени потреби за едукација, а не да се одвиваат спорадично или на иницијатива/покана од надвор. Одделно прашање е дали и како стекнатите знаења на судиите кои посетувале советувања и конференции се пренесени на колективот.

## АС ГОСТИВАР

Застапеноста на мажите и жените во вработените на овој суд не може да се анализира за 2016 и 2017 година, бидејќи вакви податоци ни беа доставени само за 2018 година. Според нив, жените и мажите се подеднакво застапени во составот на судот, односно во вкупниот број на вработени. Но, застапеноста на жените во различни служби на овој суд се разликува од служба до служба, што е видливо и од табелата на вработени за 2018 година. Она што најмногу остава впечаток е повеќекратната поголема застапеност на мажите судии во однос на жените судии. Застапеноста на жените стручни судски службеници е дури двојно повисока во однос на мажите стручни соработници. Службата на судска полиција е исклучиво составена од мажи.

**Табела 73: Вработени за 2018 година по вид на служба и пол**

| **Вид на вработени** | **2018** | | |
|---|---|---|---|
| | м | ж | в |
| **Судии** | 11 | 2 | 13 |
| **Стручни судски службеници** | 11 | 21 | 32 |
| **Административно-технички судски службеници** | 1 | 1 | 2 |
| **Судска полиција** | 1 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | 24 | 24 | 48 |

Според податоците за застапеноста на жените од различна етничка припадност помеѓу судиите жени нема припаднички на албанска етничка припадност. Наспрема нив, помеѓу судиите мажи од вкупно 11 судии мажи, тројца се од македонска, седум (7) се од албанска етничка припадност и за еден судија маж нема податоци, поради што не можевме да утврдиме од која етничка припадност е. Оттаму, прашањето за далеку пониската застапеност на жените судии и особено на жените од албанска етничка припадност треба да е предмет на одделна анализа. Учесниците на фокус групата на судиите од овој апелационен суд истакнаа дека има жени судии кои ги исполнуваат условите за кандидирање и избор во овој апелационен суд, но, дека заради потребата од патување од местото на живеење до седиштето на Апелациониот суд во Гостивар не сакаат да се кандидираат. И двете жени судии кои работат во овој суд живеат во Гостивар. Во однос на жените судии Албанки беше споменато дека наскоро ќе има судии кои ќе ги исполнат условите за избор на судии во апелационен суд и дека со тоа ќе се зголемат и можностите за нивен избор во овој суд. Оваа состојба можеби ќе беше и појасна доколку има податоци за тоа што се по етничка застапеност жените кои се кандидирале на огласот за судии во овој суд објавен во 2016 година и дали бројот на жени кои конкурирале е во ваков број само за овој оглас или тоа се случувало и на претходните огласи. На огласот во 2016, 10 жени наспрема пет (5) мажи конкурирале за две судиски места. Ова јасно кажува дека постои интерес, односно дека има жени кои ги исполнуваат условите за избор во овој суд.

Иако има податоци за половиот и етничкиот состав за вкупно вработените лица во стручната судиска служба, сепак не добивме податок за тоа колку од жените и мажите одделно се од

македонска, албанска или некоја друга етничка припадност. Инаку, според етничката припадност во оваа служба застапени се 21 припадник на албанска, 10 на македонска и еден на турска етничка припадност. Кога зборуваме само за судските соработници, според податоците кои се достапни во органограмот[69] на овој суд на судскиот портал за кој нема податок од кога датира, судските соработници се скоро подеднакво распоредени помеѓу граѓанскиот и кривичниот оддел и во скоро ист пропорционален однос како и судиите кои работат во овие оддели. Тоа значи дека на секој судија во овој суд има по еден судски или помлад судски соработник. Нема податок во органограмот за половата структура и етничката припадност на овие лица. На фокус групата на овој суд од страна на присутните судски соработници беше истакната сложеноста и одговорноста на работата на овие соработници и нивното незадоволство од надоместот кој не соодветствува на нивните работни задачи и одговорноста.

Во однос на сигурноста на вработувањето, вредно е да се наспомене дека сите работно ангажирани лица во овој суд се вработени на неопределено работно време. Во овој суд нема ангажирани лица со договор за вработување на определено време, ниту пак, лица ангажирани со договор за дело или договор за волонтерство.

**Во однос на внатрешни правила и постапки, АС Гостивар нема одделна процедура/постапка за постапување по случаи на вознемирување на работно место и досега немале пријава за ваков случај во нивниот суд.**

Од податоците на Академијата за судии и јавни обвинители за 2016, 2017 и 2018 година, вкупно 15, односно 14 судии од овој апелационен суд посетувале континуирана обука, вклучувајќи го и претседателот на судот. Податокот од Академијата за бројот на судии кои посетувале обука од овој суд во 2018 година не се совпаѓа со бројот на судии обезбеден во прашалникот на АС Гостивар за оваа анализа. Имено, судот достави податок дека во 2018 година 13 судии работат во овој суд.

**Табела 74: Денови на обука според посета по години и по пол на судиите**

| | **2016 (15 судии)** | | **2017 (14 судии)** | | **2018 (14 судии)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Денови на обука според посета** | 77 | 8 | 68 | 8 | 73 | 7 |

За да утврдиме дали постои одредена разлика помеѓу мажите и жените судии по однос на посетувањето на континуирана едукација, потребен ни беше податок за стажот на судиите. За

[69] http://www.vsrm.mk/wps/portal/asgostivar/sud/za-sudot/vnatresna-org/!ut/p/z1/pVTBctowEP2WHjgKLZYlS705NKF2DDSNXbAujB0khwzYGWNg-veVoZ02M4mUTHXQjOz3dt8-7QpLvMSyLo6bqug2TV1szTmXbCXgCxtdjSGZ3wYcwml2nWSTKE7uPLw4A9jE94HfQsLvv19BeA0BT0UIkxvA0sKPGP6BJZYPh7ZVdYfzrj2o3yEtHFtI6tslcUJcki58eGOF1pLojDj0G4EWfvoV7PweYNOfUkd-A5D_2jOHm_53zKYp-ISnI4d_AXtffkuC__GvB8j3tKQFIO3Xu-hb0tEBLz18pcVsgPNYWCP0JlsBM4pjLKttU16GNKxLwissW6VVq9rhoTWfH7vuef95AAM4nU7DqmmqrRo-NLsBvEZ5bPYdXr5EYtNtsauU3PgdvAWYhwTf98UsxtPVtwjno_5Q71dWyuqMLio1LD211mRN0FoRjQy-RALKAGm2pox5ARGa90EXx4064axu2p1xJHbNuFWzfzf6qGZD-atZ6ID5QitEFSfILxggIQRFheAeMC2U5xOcex_SbJ6N2PVwxK7Jet5lO5T9WUvYRE90e0z0eDajx6eflz2qPv0CN3wNGA!!/dz/d5/L2dBISEvZ0FBIS9nQSEh/?current=true

жал вакви податоци не можевме да утврдиме од нивните кратки биографии достапни на судскиот портал. Вредно е да се спомене дека од 12 судии за кои има графа за кратка биографија на судскиот портал, за шест или за половина од судиите нема достапни информации. Оттаму, препорачливо е во иднина овој и сите останати апелациони судови да водат сопствена евиденција за едукација, вклучувајќи го стажот, деновите на обука кои треба да ги посети секој судија, деновите на посетена обука и темите на кои секој судија посетувал обука. Односно, постои потреба од подготовка на индивидуални планови за обука, согласно на годините на судиски стаж и нивната област на работење. Ваков вид на евиденција може во иднина да овозможи утврдување на одредени разлики во посетувањето на едукацијата од страна на мажите и жените судии, а со тоа и идентификување на потребата од по длабинска анализа за факторите кои евентуално може да ги оневозможуваат жените судии во посета на едукацијата и генерално како посетената едукација влијае врз зголемување на ефикасноста и квалитетот на судењето.

Овој суд не располага со средства за учество на конференции во земјата и странство, па така, за учество на конференции во земјата во последните три години не беше доставен податок од судот, а на конференции во странство присуствувало едно лице, маж. На советувања во изминатите три години учество земале 13 мажи и 3 жени. Конференциите во земјата и странство, вклучувајќи ги и советувањата, исто како и континуираната едукација треба да се разгледуваат во целина и да се во согласност со однапред утврдените индивидуални потреби за стручно унапредување и усовршување на судиите.

**АС БИТОЛА**

Застапеноста на мажите и жените во составот на вработените за овој суд може да се анализира само за 2018 година. За 2016 и 2017 година не беа обезбедени податоци за ова прашање од нивна страна. Според податоците за 2018 година, жените се бројно позастапени во составот на судот, односно во вкупниот број на вработени. Но, застапеноста на жените во различни служби на овој суд се разликува од служба до служба, што е видливо и во табелата за вработени за 2018 година. Жените се најбројни во стручната судска служба и административно- техничките судски службеници.

**Табела 75: Вработени за 2018 година по вид на служба и пол**

| **Вид на вработени** | **2018** | | |
|---|---|---|---|
| | м | ж | в |
| **Судии** | 10 | 11 | 21 |
| **Стручни судски службеници** | 10 | 31 | 20 |
| **Административно-технички судски службеници** | | | 21 |
| **Судска полиција** | 8 | 0 | 8 |
| **Работник** | 1 | 3 | 4 |
| **Вкупно** | 29 | 45 | 74 |

За овој суд не беа обезбедени податоци застапеноста на жените на раководни и нераководни позиции.

Во однос на застапеноста на жените од различна етничка припадност помеѓу судиите има еден судија маж и жена кои се од албанска етничка припадност. Во овој суд има припадници и на останати националности, односно Власи, Срби и Турци. Оттаму, прашањето за застапеност на жените судии и особено на жените од различна етничка припадност треба да е предмет на одделна анализа. Дали и каков е интересот за кандидирање на мажите и жените од различна етничка припадност ќе можеме да утврдиме само доколку вакви податоци имаме на располагање во иднина. Некои состојби ќе беа појасни доколку податоците за огласите во изминатите три години, односно во 2016 и 2017 беа поделени по пол и по етничка припадност. Но, од податоците е јасно дека кај жените има интерес за кандидирање, односно тој и во двете години изнесува 60% од вкупниот број на кандидати.

За стручните служби нема податок за припадност по пол и етничка припадност и оттаму не може да се извлечат заклучоци. Прашање за статусот на судски соработници, и одделно на жените и мажите соработници е прашање кое заслужува одделна анализа од сите аспекти кои се релевантни за статусот на жените судии, освен прашањето за избор.

Во однос на сигурноста на вработувањето, 73 од 74 вработени според добиените податоци се вработени на неопределено работно време. Две лица се ангажирани по договор за дело, односно две жени.

АС Битола нема одделна процедура/постапка за постапување по случаи на вознемирување на работно место и досега немале пријава за ваков случај во нивниот суд.

Од податоците на Академијата за судии и јавни обвинители за 2016, 2017 и 2018 година, 20, 21 односно 22 судии од овој апелационен суд посетувале континуирана обука, вклучувајќи го и претседателот на судот. За да утврдиме дали постојат одредени ограничувања во однос на користење на можноста за развој, односно континуираната едукација помеѓу мажите и жените судии, врз основа на податоците од кратките биографии на судиите го утврдивме судискиот стаж кој го исполнуваат во 2016, 2017 и 2018 година (години за кои имавме податоци за посетена обука за секој судија). Врз основа на тоа утврдивме колку денови на обука требало да посетат согласно на законски предвидените услови за едукација и потоа овој податок потоа го споредивме со деновите на посетена обука за истиот временски период. За жал вакви податоци не можевме да утврдиме за сите судии од нивните кратки биографии достапни на судскиот портал. И покрај тоа што анализата е ориентациона и не се заснова на детални и прецизни информации, сепак може да се забележи дека мажите судии посетуваат обука повеќе од онаа која треба согласно на нивниот стаж во сите три години. Кај жените тоа е случај за 2017 и 2018 година.

**Табела 76: Денови на обука според посета по години и по пол на судиите**

| | **2016 (20 судии)** | | **2017 (21 судии)** | | **2018 (22 судии)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Денови на обука според посета** | 37 | 47 | 56 | 71 | 50 | 77 |
| **Денови на обука според стаж** | 28 | 46 | 22 | 40 | 22 | 40 |

Овој суд нема посебен план за обука, односно го следат планот за обука од академијата. За посетената обука се подготвува годишен извештај врз евиденцијата за обука на судиите. Постои потреба од подготовка на индивидуални планови за обука, согласно на годините на судиски стаж и нивната област на работење. Ваков вид на евиденција може во иднина да овозможи утврдување на одредени разлики во посетувањето на едукацијата од страна на мажите и жените судии, а со тоа и идентификување на потребата од по длабинска анализа за факторите кои евентуално може да ги оневозможуваат жените судии во посета на едукацијата и генерално како посетената едукација влијае врз зголемување на ефикасноста и квалитетот на судењето. Еден од факторите е централизираното одржување на обуките во Скопје, наведен од страна на учесниците на фокус групата на овој суд.

Овој суд не располага со посебни средства за учество на конференции во земјата и странство и нема одговор по однос на тоа дали и на што присуствувале судиите од овој суд покрај на континуираната едукација. Конференциите во земјата и странство, вклучувајќи ги и советувањата, исто како и континуираната едукација треба да се разгледуваат во целина и да

се во согласност со однапред утврдените индивидуални потреби за стручно унапредување и усовршување на судиите.

**АС СКОПЈЕ**

Застапеноста на мажите и жените за последните три години не може да се анализира, бидејќи не беа доставени податоци за составот на вработените по пол. Од друга страна евидентно е дека одговорите на АС Скопје во прашалникот, се разликуваат од податоците во Годишните извештаи на судот, односно од судскиот буџетски совет. Во оваа смисла потребно е усогласување на податоците, особено оние кои судот ги обезбедува. Во недостаток на информации не може да се извлече заклучок за застапеноста на обата пола во различните служби во овој суд, освен за судиите и за вработените во судската полиција. Не ни беа достапни ниту податоци за застапеноста на жените на раководни и нераководни позиции.

Во однос на етничката застапеност на жените судии и останатите вработени во судот исто така не ни беа обезбедени податоци.  Оттаму, прашањето за застапеност на жените судии и особено на жените од различна етничка припадност треба да е предмет на одделна анализа. Дали и каков е интересот за кандидирање на мажите и жените ор различни етничка припадност ќе можеме да утврдиме само доколку вакви податоци имаме на располагање во иднина. Некои состојби ќе беа појасни доколку податоците за огласите во изминатите три години, односно во 2016 и 2017 беа поделени по пол и по етничка припадност.

Во овој суд нема лица кои работата на определено време, ниту пак лица ангажирани по договор на дело и волонтерство.

АС  Скопје не обезбеди информации дали има постапка за постапување по случаи на вознемирување на работно место, но затоа обезбеди информација дека нема пријави за ваков случај во нивниот суд. Вознемирувањето на работно место во голема мера влијае дали и како жените судии ќе продолжат да ја вршат својата професија. Вознемирувањето и останатите форми на дискриминација треба да се истражат и навремено да се адресираат, бидејќи според студиите ти можат да резултираат во прераспоредување, неможност за унапредување, упатување и други форми на одрекување на одредени права за жените судии.

Академијата за судии и јавни обвинители достави податоци за посета на континуираната едукација од страна на судиите на овој суд само за две од последните три години, односно за 2016 и 2017 година. Според нивните податоци по 40 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот посетувале континуирана едукација.

**Табела 77: Денови на обука според посета по години и по пол на судиите**

| | **2016 (40 судии)** | | **2017 (40 судии)** | | **2018** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Денови на обука според посета** | 104 | 124 | 100 | 124 | / | / |

За да утврдиме дали постојат одредени ограничувања во однос на користење на можноста за развој, односно континуираната едукација помеѓу мажите и жените судии, врз основа на податоците од кратките биографии на судиите најпрвин треба да се утврди судискиот стаж кој го исполнуваат во 2016, 2017 и 2018 година (години за кои имавме податоци за посетена обука за секој судија) судиите. Потоа треба да се пресмета колку обука според стажот треба да посетат и на крај тоа да се спореди со посетената обука. За жал целосни податоци за судискиот стаж за судиите на овој суд од нивните кратки биографии достапни на судскиот портал не може да се утврди. Особено нецелосни беа кратките биографии на судиите мажи во овој суд. Оттаму, не може да се направи споредба на двата клучни параметри, а тоа е колку обука треба да посетуваат судиите и колку реално денови на обука посетиле.

Препорачливо е во иднина овој апелационен суд да води сопствена евиденција за едукација, вклучувајќи го стажот, деновите на обука кои треба да ги посети секој судија, деновите на посетена обука и темите на кои секој судија посетувал обука. Ваков вид на евиденција може во иднина да овозможи утврдување на одредени разлики во посетувањето на едукацијата од страна на мажите и жените судии, а со тоа и идентификување на потребата од по длабинска анализа за факторите кои евентуално може да ги оневозможуваат жените судии во посета на едукацијата и генерално како посетената едукација влијае врз зголемување на ефикасноста и квалитетот на судењето. Односно, постои потреба од подготовка на индивидуални планови за едукација на судиите која ќе соодветствува на годините на судиски стаж и нивната област на работење или специјализација.

Овој суд не располага со посебни средства за учество на конференции во земјата и странство и нема одговор по однос на тоа дали и на што присуствувале судиите од овој суд покрај на континуираната едукација. Конференциите во земјата и странство, вклучувајќи ги и советувањата, исто како и континуираната едукација треба да се разгледуваат во целина и да се во согласност со однапред утврдените индивидуални потреби за стручно унапредување и усовршување на судиите.

### *1.6. Родови аспекти во однос на услови за работа во апелационите судови, технички ресурси и информатички технологии*

Податоците за условите за работа на апелационите услови кои беа доставени за подготовка на функционалните анализи за апелационите судови без притоа да се има по длабински информации од мажите и жените кои работат во овој суд, не можат да дадат одговор на прашањето дали и во која мера постоечките услови се во согласност со различните потреби на мажите и жените, односно го овозможуваат нормално извршување на работните задачи и го зачувуваат здравјето на вработените. На глобално ниво, жените и мажите доживуваат различни реалности на работа, дома и во нивните заедници, при што жените честопати се во понеповолна положба во однос на мажите. Според Светската здравствена организација, дури и кога жените и мажите вршат исти задачи, тие сѐ уште можат да бидат изложени на различни ризици. За мажите и жените работници, нивните семејства и заедниците, мерките и активностите кои се преземаат за здравјето на работа, а што ги земаат предвид разликите меѓу половите може да доведат до подобро здравје и благосостојба. Имено, како што на глобално ниво се обрнува посебно внимание за епидемијата на хронични заболувања, така прашањето на здравјето на работа е предмет на внимание во смисла на: (1) односот помеѓу здравјето на вработените и астрономските трошоци поврзани со него и (2) двојната улога на работните места како главен извор на здравствени проблеми и наедно како централно место за поефикасно спроведување на здравствени интервенции. Работата/работните места се познати како главен извор на многу здравствени проблеми во современото општество, вклучително и седечки стил на работа, непостоењето на баланс помеѓу семејниот и професионалниот живот и зголемените барања од вработените. Луѓето поминуваат поголем дел од времето на работа, односно 2/3 од будењето. Поради современите работни услови, односно доминантната застапеност на умствено интензивните дејности, седечките работни услови стануваат главно опкружување на работното место каде што луѓето имаат тенденција да имаат седечко држење на телото подолг период. Ваквите работни услови се поврзани со прекумерната телесна тежина и дебелина. Покрај физичкото здравје, работното место е исто така главен извор на проблеми со менталното здравје. Стресот, депресијата и вознемиреноста се број еден причинител на сите отсуства на работа и нив отпаѓа скоро половина од сите пријавени болести поврзани со работата. Оттаму, Светската здравствена организација и други организации кои работат на правото на здравје ги зголемуваат напорите за справување со овој проблем како што се дизајнирање на просторните услови со цел да овозможат на вработените физичко движење, употреба на скали, соодветно ниво на квалитет на воздухот во затворен простор, соодветна температура, осветлување и акустика, соодветно користење на токсични материјали и материи при градење итн. Кај нас ова прашање е уредено со Законот за безбедност и здравје при работа.

Во однос на безбедноста, одредени студии покажуваат дека жените судии се по изложени на безбедносни ризици и критики за разлики од нивните колеги мажи. Оттаму, има потреба од проценување на тоа дали и како безбедноста на мажите и жените судии во апелационите судови може да се загрози и соодветно на тоа да се преземат мерки за нивна заштита во или надвор од судот. Во АС Штип има шест лица ангажирани во судската полиција. Во АС Гостивар има ангажирано само едно лице, судски полицаец кој е задолжен за обезбедување на зградата и вработените, кое исто така е задолжено и за видео надзорот на судот. Во АС Битола ангажирани се осум лица во судската полиција и во АС Скопје ангажирани се шест лица.

Степенот и начинот на користењето на ИКТ опремата и технологии од страна на мажите и жените треба исто така да е предмет на анализа. Постојат низа на студии кои го испитувале влијанието на полот врз користењето на ИКТ технологиите и утврдиле дека мажите и жените имаат различни степени на прифаќање и со тоа користење на ИКТ технологиите.

### *1.7. Заклучоци и препораки за родовата еднаквост во апелационите судови*

*НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ*

Учеството на жените во апелационите судови во вкупниот состав на судиите е над просекот од 2016 година, освен во апелациониот суд Гостивар каде учеството на жените е на далеку пониско ниво од просечното учество на жените судии во апелационите судови. Забележливо е исто така пониско учество на жените судии од албанска и останати етнички заедници. Повисок е интересот помеѓу жените за судии на апелационен суд, но, отсуствуваат податоци од која етничка припадност се истите. Жените судии генерално имаат подолг судиски стаж како судии во основните судови, пред да се кандидираат за судии на апелационен суд за разлика од нивните колеги мажи. Вообичаено жените судии работат на различни видови на материја, односно области во апелационите судови, со исклучок во одредени судови каде воопшто нема жени кои судат на одредена материја. Нема случаи на прераспоредување на судии жени спротивно на нивно барање и согласност, но, има случаи на времено упатување на жени судии да судат во други апелациони судови. Посебните услови за избор на судии за апелационен суд и позитивната оцена за избор, како и критериумите за редовно и вонредно следење се навидум неутрални и не ги ставаат жените судии во нееднаква положба. Истото, се однесува и за избор на претседателите на овие судови. Препорачуваме: **(1) законските услови за избор, оценување и разрешување на судиите и претседателите да се анализираат од родова перспектива и доколку се утврдат одредени фактори, тие да се унапредат; (2) да се испитаат факторите кои можат да ги ограничуваат или го пролонгираат кандидирањето на жените за судии на апелационен суд, особено земајќи предвид нивната етничка припадност и по утврдување на состојбите да се преземат соодветни мерки; (3) да се подготви анализа дали времените упатувања на судиите влијае врз балансот помеѓу семејните и професионалните обврски на жените судии; и (4) да се направи анализа на областите на кои работат жените судии и дали постои континуитет во специјализацијата и професионалниот развој.**

*ЕФИКАСНОСТ*

Постојат одредени разлики во индикаторите за ефикасност помеѓу мажите и жените судии, но, имајќи предвид дека ефикасноста на апелационите судови, односно стапката на решавање, стапката на нерешени предмети и времето на решавање на поединечен предмет според пол се анализираше на ниво на ефикасност на кривични и граѓански оддели за секој од апелационите судови, а не според вид на предмет препорачуваме**: (1) редовно водење на статистика за индикаторите на ефикасност според вид на предмети поделени по пол и (2) наодите од таа анализа да се користи при утврдување на ориентационата месечна норма за апелациони судови по вид на предмет.** На овој начин ќе се овозможи реално да се согледаат состојбите, односно да се утврдат разликите во индикаторите за ефикасност по пол и

соодветно на тоа да се планираат евентуалните родови интервенции со цел зголемување на ефикасноста.

***ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ***

Сите апелациони судови имаат служби за односи со јавност. Само во еден од судовите оваа служба е составена од претставници на двата пола. За два апелациони суда отсуствуваат податоци за полот на лицето/лицата кое раководи и работи со оваа служба. Генерално, извештаите кои ги објавуваат судовите не содржат полова разделена статистика. Исто така, на судските портали на одредени судови нема информации или има нецелосни информации за судиите кои судат во тој суд. Препорачуваме: **(1) да се воведе редовно собирање на сите податоци поделени по пол, вклучувајќи и нивно објавување со цел подоцна тие да послужат како основа за подготовка на родова анализа и преземање на евентуални потребни родови интервенции и мерки;** (**2) да се почитува принципот на еднаква застапеност на обата пола во службата за односи со јавност, бидејќи тоа заедно со останати мерки може да доведе до подобрување на имиџот на судот и зголемување на довербата во судството.**

***КВАЛИТЕТ НА СУДСКА ПРАВДА***

Постојат разлики во параметрите според кои се мери судската правда помеѓу мажите и жените судии. Одредени разлики постојат и во односна квалитетот на мажите и жените судии одделно низ годините. Препорачуваме: **(1) да се утврдат факторите кои влијаат врз квалитетот на судската правда кај мажите и жените суди и особено на оние кои се поврзани со различните приоритети и потреби на мажите и жените и соодветно на тоа да се преземат мерки за елиминирање на нивното негативно влијание врз квалитетот на правда.**

***ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ***

На глобално и национално ниво еден од клучните проблеми со кои се кои се соочуваме е отсуството на полова разделна статистика по однос на различните видови на параметри кои се потребни за целосно согледување на состојбите по однос на учеството на жените. Во сите апелациони судови нема постапки за сексуално вознемирување. Апелационите судови располагаат со евиденција на посетеноста на континуираната едукација од страна на судиите, но не и со темите за кои судиите ја посетуваат оваа едукација. Препорачуваме: **(1) редовно водење, анализа и соодветно на тоа преземање на мерки во однос на застапеноста на жените во составот на вработените и посебно на застапеноста на жените помеѓу судските соработници, вклучувајќи ја и застапеноста на жените од различни етничката припадност; сигурноста во вработувањето, односно вработување на неопределено и определено време; застапеноста на жените при ангажирање на лица по различни основи во судот; и застапеноста на жените на раководни позиции; (2) воведување на постапка за сексуално вознемирување на работно место; (3) анализа на потребите, времето и начинот на спроведување на едукација на мажите и жените со цел елиминирање на одредени негативни влијанија врз нивната продуктивност и ефикасност.**

### ***УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ, ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ***

Условите за работа, безбедносните ризици и користењето на ИТ технологиите воопшто не се разгледувани од аспект на посебните потреби и преференции кои ги имаат мажите и жените. Голем број студии и меѓународни организации укажуваат на податокот дека работата, односно работното место е главен извор на низа здравствени проблеми. Овие здравствени проблеми соодветно на биолошките карактеристики, различно се одразуваат на мажите и жените. Податоците говорат дека жените се поподложни на безбедносни ризици и имаат различни преференции во користењето на ИТ технологиите. Оттаму, **во иднина предлагаме на сите три прашања да им се обрне посебно внимание, односно да ги земе предвид потребите и приоритетите на мажите и жените, и соодветно на нив да се преземат мерки** и ќе се превенираат факторите кои можат да водат врз намалување на продуктивноста и ефикасноста на работењето.

# АНЕКС 2 – ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ФОКУС ГРУПА СО АС ШТИП

# ЗАПИСНИК

## од одржана Фокус Група за Подготовка на Функционална Анализа за Апелационен суд Штип

**Датум: 01-03.10.2019**

**Цел на фокус групата:** Во рамки на проектот GGF МК 12 "Зголемена ефикасност и ефективност во испорака на правдата во Република Северна Македонија преку подобрување на перформансите на институциите во правосудството" финансиран од Обединетото Кралство на Велика Британија а имплементиран од PwC/ЦПИА се одржаа работни состаноци на Фокус Група за Подготовка на Функционална Анализа за Апелационен суд Штип. Цел на работните состаноци на фокус групата е да се овозможи сеопфатност во пристапот на подготовка на Функционалната Анализа за АС Штип преку размена на мислења и добивање на дополнителни информации по одредени теми кои се составен дел на ФА. На тој начин ќе се овозможи целосно претставување на фактичката состојба во Апелациониот суд Штип и прецизно дефинирање на препораки за нејзино подобрување.

**Воведни обраќања**

Состанокот го отвори Програмскиот Менаџер на ЦПИА и клучен експерт на **проектот Жарко Хаџи-Зафиров**, претставувајќи ја тековната програма GGF МК 12 "Зголемена ефикасност и ефективност во испорака на правдата во Република Северна Македонија преку подобрување на перформансите на институциите во правосудството", со посебен осврт на Компонента 1 од проектот во чии рамки се овозможува поддршка на Врховниот суд и четирите Апелациони судови. Хаџи-Зафиров објасни дека ФА за АС Штип има цел да ја претстави моменталната состојба во судот и да даде препораки за нејзиното подобрување. Беше објаснето дека методологијата на подготвување на анализите е утврдена со веќе завршените анализи за управните судови и Академијата за судии и јавни обвинители. Понатаму, тој образложи дека сегашниот проект е чекор понапред бидејќи се проценува состојбата и капацитетите на повисоките судови преку подготовка на функционални анализи и планови за подобрување за апелационите судови, Врховниот суд, Јавно обвинителство и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија. Со тоа се продлабочува процесот на проценка на фактичката состојба на институциите во правосудството, со цел до 2021 година да се проценат капацитетите на сите судови и да започне со ефективноста на системските решенија. Хаџи – Зафиров ја потенцираше важноста на инклузивноста во процесот, односно вклучувањето на судиите во процесите на проценка преку фокус групите како најзасегнати и директно вклучени страни.

**Ана Павловска – Данева (правен експерт за компонента 1)** се осврна на важноста од подготовка на ФА. Таа објасни дека до сега немало функционални анализи за апелационите судови и дека ова е одлична можност да се идентификуваат предизвиците од организациски и функционален аспект кои можат да го попречат спроведувањето на надлежностите на АС Штип и да се предложат конкретни мерки за надминување на состојбите и спроведување на надлежностите на судот. Павловска – Данева објасни дека преку приказ на позитивни примери од фактичките состојби во судските институции ќе се докаже дека лошата перцепција за состојбата во правосудството не треба да се генерализира.

Павловска -Данева го претстави пристапот на подготовка на ФА  преку Методологијата за спроведување на фукнционална анализа во институциите од јавниот сектор усвоена од Министерство за информатичко општество и администрација. Таа објасни дека функционирањето на судовите ќе се оцени преку 5 индикатори – ефикасност, транспарентност, квалитет, независност и едукација при што приказот на наодите ќе биде претставен преку таканаречениот “семафор – систем” (црвено - се обележуваат поткритериумите според кои институцијата е оценета како недоволно подготвена, жолто - се обележуваат поткритериумите според кои институцијата е оценета како делумно подготвена,зелено - се обележуваат поткритериумите според кои институцијата е оценета како солидно подготвена ).

Павловска – Данева потенцираше дека судовите  се носители на процесот, бидејќи ФА е подготвена согласно информациите и мислењата добиени од судовите и дека подобрувањето на состојбите зависат не само од политиките на владата, туку и од заложбите на самите судови да ги подобрат состојбите кои се во нивна надлежност.

**Елена Готовска (Проектен менаџер – PwC Македонија)** -  информираше  за досегашните заложби за реформи во правосудството преку британската развојна соработка и PwСЦПИА. Готовска се осврна и на претходната помош овозможена од Обединетото Кралство чија цел е зајакнување на владеењето на правото во земјата преку поддршка на реформските процеси, а имплементирана преку програмите GGF MK03 “„Подобрување на ефикасноста и ефективноста на административната правда во Македонија” и GGF MK05 “„Креирање на Матрица за мониторинг на перформансите на Јавното Обвинителство“.

**Судија Наке Георгиев (Претседател на АС Штип)** изрази благодарност до ЦПИА за досегашната соработка и заложбите за подготовка на ФА. Тој информираше дека АС Штип ги овозможи сите информации и документи кои беа потребни во процесот. Судија Георгиев објасни дека АС Штип согласно последниот извештај на Судскиот совет за 2018 година е ефикасен и ажурен суд, како и дека судиите не само што ја почитуваат туку и ја надминуваат месечната норма на предмети. Тој дополни дека советите и одделите во рамки на судот ефикасно ја вршат својата функција, но и дека континуирано се врши усогласување со судската пракса и дека очекува позитивни наоди од ФА.

## <u>Дискусии по теми (резиме на ставови на судии и вработени во АС Штип по различни теми)</u>

### Човечки ресурси: актуелна состојба и потреба

- Актот за систематизација на работните места во АС Штип е достапен до сите вработени во судот. Во рамки на судот има три оддели (Граѓански оддел, Кривичен оддел и Оддел за судска пракса). Согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ, во АС Штип се предвидени 16 судии заедно со Претседателот на судот, но во моментот судот работи со 12 судии (7 во граѓански оддел и 5 во кривичен оддел) кои со големи напори ја

исполнуваат предвидената норма на предмети. Проценка на судиите е дека доколку се пополни предвидениот број од 16 судии, истиот би бил доволен за да се задоволат потребите на предметното работење имајќи предвид дека во тековната година има намален број на предмети.

- Потребата од судии во моментот е поголема во рамки на граѓанскиот оддел поради зголементиот обем на предмети. Бројот на стручни соработници е доволен, но во административната служба има потреба од дополнително ангажирање на 1-2 лица.Судот има потреба од вработување на лице задолжено за односи со јавност и лице задолжено за спроведување на јавните набавки.
- Праксата покажала дека поради поголемата ажурност и ангажираност на Претседателот на судот се постигнува одобрување на кадровски дополнувања од страна на Судски буџетски совет и Министерството за финансии доколку дојде до времено/предвремено заминување на вработени во старосна пензија.
- Претседателот на судот го подготвува годишниот распоред за работа на судот во консултација со вработените на АС Штип кои имаат право на приговор. Во 2019 година немало приговор кон распоредот, но во 2018 имало еден приговор кој бил одбиен.
- Соработката помеѓу судиите и стручните соработници, судиите воглавно ја оценуваат како солидна, во голем дел неформална, но и дека истата зависи и од самиот судија. Седници се одржуваат на ниво на оддел, но на нив најчесто не присуствуваат стручните соработници. Проценка на судиите е дека неучеството се должи на немотивираност на стручните соработници. Нема прераспределба на стручните соработници од еден во друг оддел.
- АС Штип има едно вработено лице како доставувач.

**Ефикасност на апелациониот суд (должина на судски постапки, стапка на решавање)**

- Во последните години  се забележува тренд на намалување на предметите во кривичниот и зголемување во граѓанскиот оддел. При теренските посети на пониските судови, АС Штип  ја проценува состојбата за прилив на предмети за следниот период и според тоа се врши соодветна внатрешна организација. Обемот на работа не зависи само од бројот на предмети туку и од одредбите наложени ЗКП и Врховниот суд за одржување на јавни  расправи кои временски ги обременуваат постапките. Ставот на судиите во однос на намалената ефективност во решавањето на кривичните предмети е поради ставот на Врховниот суд за задолжително одржување на јавна расправа во согласност со праксата на ЕСЧП и член 6 од Конвенцијата. Во таа насока, беше истакнато дека согласно одредбите во ЗКП, второстепените судови не утврдуваат нова фактичка ситуација, туку оценуваат правилна примена на материјалното право (освен во случаите кога се исполнети условите за поништување на одлуката), па затоа и не е целисходно да се одржува јавна расправа.  Оттука, судиите додадоа дека согласно мислењето на Врховниот суд и праксата на ЕСЧП тие одржуваат јавна расправа, но нивното одлучување најчесто е само потврда на првостепените судови. Беше истакнато дека ова значително влијае врз ефективноста на решавање на предметите во кривичниот оддел, а беше дадена препорака или да се измени ЗКП и да се усогласи со праксата на второстепените судови, но и дека Врховниот суд треба да го преиспита правното мислење.
- За 2017 год. од страна на Судскиот совет на РСМ, АС Штип бил оценет како неажурен суд

- Судиите истакнаа дека мора да се воспостави Методологија за водење на предметите на софтверски начин при што ќе помогне во усогласување и водење на статистички податоци.

**Квалитет во одлучувањето на апелациониот суд (стандардизирани алатки во пишување пресуди, судски сентенци, аргументација на судски пресуди, воедначување на судска пракса)**

- Пристапот за реферирање на предмети не се применува воедначено, тој е различен на ниво на оддели, но и зависи од пристапотна судиите. Во граѓанскиот оддел самите судии проценуваат кој од стручните соработници би можеле да го реферира предметот кој потоа се надополнува од страна на судиите. Проценка на дел од судиите во граѓанскиот оддел е дека стручните соработници квалитетно ги реферираат предметите. Во кривичниот оддел проценета е немотивираност на стручните соработници за реферирање на предметите, како и дека истите најчесто се реферирани од страна на судиите.
- Во постапките по одделни предмети судските оддели воспоставуваат соработка со истите оддели од првостепените судови од истото подрачје, во одредени области со цел да се заземат усогласени ставови (пример експропријација, даночни постапки и тн.). Соработка се воспоставува со цел воедначена примена на законите, надминување на проблемите кои што се јавуваат во судењето, како и за следењето и воедначувањето на судската пракса. Согласно Судскиот Деловник, а со цел вршење на увид во работата на пониските судови, АС Штип два пати годишно врши контрола врз работата на овие судови и во рамките на оваа надлежност се решаваат и спорните прашања. Во текот на 2019 година спроведена е една контрола врз работата на пониските судови, а до крајот на годината предвидено е да се изврши уште една. Службената комуникација со другите судови се одвива и по писмен пат со што АС Штип упатува конкретни прашања и барања во однос на постапката по одделни предмети. Овој начин на работа бил пракса и во минатото, но сега се забележува зачестување во комуникацијата.
- Во рамки на судот има оддел за судска пракса кој е задолжен за воедначување на судската пракса. Нема посебна методологија или систем според која судиите ја консултираат судската пракса. Некои од судиите споменаа дека ги знаат претходните одлуки по сродните предмети и дека не вршат повторна проверка дали е променет ставот по одредено правно прашање. Праксата од самиот суд се користи за аргументација на ставови како помошен инструмент, но истата не е цитирана во судските одлуки. Со цел да се усогласат ставовите по одредени правни прашања и мислења, апелационите судови одржуваат редовни средби со Врховниот суд на кои се донесуваат заклучоци. Беше истакнато дека записникот и заклучоците од редовните средби со Врховниот суд, АС Штип ги доставува до основните судови. Ставот на судиите е дека основните судови воглавно ги почитуваат заклучоците. Судската пракса од ЕСЧП ја користат и за пополнување на правните празнини, иако истата не е извор на правото.
- Одлуките и ставовите на Врховниот суд се прифаќаат, но не се цитираат. Судот ја следи судската пракса согласно ставовите на Врховниот суд, но истите изрично не се цитираат. Судот покрај редовното испраќање на правни прашања за редовните состаноци на четирите апелации со Врховниот суд, во текот на 2018 и 2019 година се обрати до Врховниот суд со цел усогласување на судската пракса во однос на примената на Законот за амнестија и Законот за прекршочна постапка. Во однос на

Законот за амнестија добиле навремен одговор, но не и во однос на примената на Законот за прекршоци.

- Ставот на судиите е дека судските одлуки на ЕСЧП директно се применуваат.
- Во случаите кога одлучува Совет, судиите може да имаат издвоено мислење кое е различно од донесената одлука. Беше истакнато дека издвоените мислења не се дел од одлуката и истите не се објавуваат, но се дел од записник. Во рамки на граѓанскиот оддел, доколку има издвоени мислења се подготвува записник. Ставот на судиите е дека издвоените мислења би требало да бидат дел од заклучокот како би можело да се оцени квалитетот на работата на судиите.
- Судски сентенци се објавуваат еднаш годишно во судскиот билтен. Не се објавуваат сите сентенци туку само оние кои се релевантни за одредени правни прашања за апелационото подрачје. Претседателите на советите се состануваат и одлучуваат кои сентенци се клучни за да бидат објавени во судскиот билтен. Се настојува истите да бидат дисеминирани до пониските судови за да се овозможи воедначување на судската пракса и единствена примена на законите.
- Судиите истакнаа дека при оценувањето од страна на Судскиот совет, во делот на укинати и поништени одлуки се оценува само претседателот на Советот, не и поединечното одлучување на судиите кои се дел од Советот.

**Транспарентнтост и отчетност на апелациониот суд (објавување на одлуки, достапност на веб страна, содржина на годишни извештаи)**

- Судскиот администратор е одговорно лице за односи со јавност и за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во зависност од бараните податоци, решението за пристап до информации од јавен карактер го потпишуваат Претседателот на судот и судскиот администратор. При тоа се проценува дали бараните информации се од јавен карактер и доколку се утврди дека одредени информации кои се бараат се од класифициран карактер или дека нивното прибавување би имало штетни последици за текот на постапките барањата се одбиваат. Тестот на штетност со кој би се проверил јавниот интерес што би се постигнал со објавувањето на информацијата не се спроведува пред да се одбие барањето за пристап до информации од јавен карактер.
- Претседателот на судот и судскиот администратор одлучуваат за информациите и документите кои се објавуваат на веб порталот на судот. Нема посебен акт кој утврдува кој вид на информации и документи треба да се објавуваат на веб порталот. АС Штип воглавно ги објавува месечните и кварталните извештаи за работа, годишните распореди, планот за работа, систематизација и судските одлуки.
- Судиите избегнуваат непосреден контакт со новинари. Доколку има потреба од одржување на прес конференција за јавноста, Претседателот на судот одлучува кој од судиите би одговарал пред новинарите, но најчесто тоа е судијата кој е задолжен за актуелниот предмет или претседателот на одделот.
- Во рамките на судот има стручен соработник кој е и задолжен за заштита на личните податоци.
- Мислење на мнозинството вработени во АС Штип е дека судот има потреба од квалификувано и надлежно лице за односи со јавност со цел отворено и објективно информирање на јавноста за работата на судот со што би се подобрил нивниот интегритет, ефикасност и ќе се врати доверба на граѓаните во судскиот систем.
- Архивското работење во судот се работи комбинирано. Претседателот на судот е одговорен за контрола врз работењето со АКМИС. Службена електронска адреса имаат

само судиите и вработените во судската управа. Останатите вработени немаа службена електронска адреса. Во службената комуникација не се користи електронски потпис.

- Согласно барањата на Судскиот совет на РСМ, Претседателот на судот врши дополнителни надлежности како на пример подготовка на извештај за безбедност на судска зграда.
- Судската полиција е надлежна да ги следи снимките од камерите кои после месец дена се бришат автоматски.
- Во рамки на судот има двајца информатичари.

**Независност и непристрасност на апелациониот суд**

- Во однос на независноста на судската дејност, ставот на дел од судиите е дека истата треба да биде анализирана од неколку аспекти и дека нејзиното подобрување треба да се води на повеќе нивоа. Едниот аспект е моделот на финансирање на судството односно Законот за извршување на буџетот на РСМ, Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет како суштинска препрека за ефикасно функционирање на судовите имајќи предвид дека износот но и извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии (нови вработувања, јавни набавки, додатоци на плата и тн.). Беше истакнато дека преку недоследната примена на законите се доведува до прашања независноста на судскиот буџет од извршната власт. Друг аспект се политичките влијанија кои според ставовите на дел од судиите можеле да бидат спречени доколку судијата има изграден интегритет. Трет аспект се разрешувањата и дисциплинските постапки на судиите поради несовесност и непрофесионалност кои според дел од судиите беа проценети како форма на политички притисок.
- Во однос на новите законски измени  во делот на оценување  на судиите им беше препорачано дека мора да се осмисли начин за електронски и статистички увид во информациите и критериумите.

**Услови за работа на апелациониот суд, технички ресурси и информатички технологии (соодветност на просторни услови, достапност на информатички технологии)**

- Судската зграда има добро обезбедување. До сега немало инциденти или потреба од повикување на дополнително обезбедување. Судот има посебен паркинг но истиот го користат повеќе институции и поради тоа е недоволен за вработените во судот. Во судот е поставен лифт за лица со посебни потреби но со ограничена примена кој се движи само до пола метар за да се изедначи со првото ниво на судот. Во судот има патека за лица со инвалидитет. Реален и долгогодишен проблем постои што средствата за греење се обезбедуваат од буџетот на овој суд, а на системот се вклучени и други органи како Основен суд Штип, Основно јавно обвинителство Штип, Вишо јавно обвинителство Штип и Државно правобранителство- Штип. Постои проблем и со одржувањето на хигиената во судот бидејќи немало одобрување за вработување на хигиеничар. Судската зграда има нови прозорци, но слаба изолација. Фасадата на судот не е енергетски ефикасна. .
- Судот е под постојан видео надзор кој е под контрола на судската полиција и на Претседателот на судот. Актите од последните 5 години се чуваат во метални плакари. Потоа истите се складираат во подземните простории каде нема влага. Архивата има просторни можности за проширување.

- Предметите до судот се водат електронски преку АКМИС системот. До АС Штип, предметите пристигнуваат преку основните судови кои ги скенираат документите и доказите и ги прикачуваат на АКМИС како екстерни списи. Доколку предметот физички стигне во АС Штип, истиот рачно се заведува преку писарница, но и се скенира и се додава во АКМИС како дел од предметот и од АКМИС базата на податоци. Беше препорачано дека судовите треба да се поврзат вертикално (ИНТРАНЕТ) за полесна комуникација и пристап до списите на предметот. Одлуките кои стигаат од Врховниот суд (пр. одлука по ревизија) е преку АС до основните судови. Овие одлуки исто така се скенираат и се додаваат на предметот во АКМИС.
- Беше истакнато дека прераспределувањето на предметите преку АКМИС е на ниво на судија, не на ниво на совет. Ова за судиите претставува проблем бидејќи останатите судии во советот немаат увид во предметот и не можат да се запознаат со неговата содржина пред одлучувањето. Беше предложено да се предвиди рок за реферирање на содржината од најмалку 7 дена, како и дека преку Годишниот план за работа да се предвидат привилегии преку АКМИС системот за судиите во Советите кои одлучуваат.
- Стручните соработници кои се задолжени за одредени предмети имаат пристап до истите преку АКМИС.
- Со оглед на тоа дека голем дел од судиите физички ги носат предметите дома, беше препорачано да се овозможи пристап до судиите и стручните соработници до АКМИС од други места надвор од судот (пример од дома), но притоа да се земат предвид безбедносните аспекти. Ставот на дел од судиите е дека ваков пристап треба да се овозможи во интерес на ефикасноста на работењето, имајќи предвид дека повеќето судии се од други градови и патуваат на подолги релации.
- Судиите немаат официјални денови за прием на странки, но беше препорачано дека би било полезно за нивната работа.
- Компјутерската опрема во судот е на задоволително ниво. Направена е набавка од 40 нови персонални компјутери. Судот има свој хардверски сервер. Ставот на информатичарот на судот е дека е подобро податоците да се чуваат на локален сервер, заштитени со “proxy” и “checkpoint control” отколку да се закупи “I cloud” виртуелен простор, пред се поради често губење на интернет поврзаност. “Back up” се прави на секои 24 часа на повеќе нивоа. Документите кои се чуваат во АКМИС немаат временско ограничување.
- Секој судија нема пристап до Службен весник на РСМ. Пристапот е од еден компјутер кој по потреба го користат вработените.
- Дел од судиите и вработените во судот сметаат дека странките со цел да ги следат предметите треба да имаат електронски пристап до своето досие, но доколку овој процес е регулиран со закон за заштита на лични податоци и доколку станува збор за посебна апликација издвоена од АКМИС.

**Континуирана едукација**

- Се утврди потреба од континуираната обука од страна на АСЈО за стручните соработници која би била задолжителна. Истата би требало да биде фокусирана на актуелните тематски потреби и надлежности, но и за подобрување на вештините на работа.
- Календарот на обуки на АСЈО се објавува и се доставува до судовите. АСЈО календарот на обуки го подготвува во консултација и соработка со судовите. Судиите имаат

можност да присуствуваат на обуките, но често имаат ограничувања поради обемот на работа.

**Дисциплински постапки**

- Во последните години немало покренато дисциплински постапки против вработени во судот. Во 2008 година имало случаи на дисциплински постапки кон судски полицаец и административен работник кои биле разрешени со опомена, а во 2015 година имало повторно случај на покрената дисциплинска постапка кон судски полицаец.

**Финансиско раководење и буџетирање на апелацискиот суд**

- Ставот на судиите е дека платите не се соодветни на статусот, надлежностите, ризиците и обемот на работа. Разликата меѓу платите на судиите во основните и повисоките судови е многу мала.
- Согласно Законот за плати на судиите, коефициентите за пресметка на платите на судиите варираат од 2.8 до 3.7 во зависност од судот во кој се вработени и проблематиката на која работи судијата. Вредноста на коефициентот е просечна исплатена плата за последната пресметковна година, а тој вкупен износ се зголемува со додадок за стаж кој за секоја година е 0,5 отсто но не повеќе од 20 отсто. Сегашниот коефициент за пресметка на плата на судиите е 3,2 %, а предлогот на судиите во рамки и на работната група формирана со цел разгледување на правната регулатива која се однесува на исплата на платите на судиите и други додатоци предвидени со закон е да има спогодба за износот на коефициентот да се зголеми на 3,6%.
- Ставот на дел од судиите е дека судството треба да има свој буџет и трезорски систем со префрлање на квартална транша од Буџетот на РСМ. при што набавките и вработувањата нема да бидат предмет на одобрување од Министерство за финансии.
- Статусот на судиите се изедначува со статусот на избрани и именувани лица, но само во однос на платите, не и во однос на другите додатоци.
- Беше истакнато дека мора да се следи законски предвидениот износ од 0,8% од БДП во однос на износот на судскиот буџет.
- Судиите предложија дека додатоците на плата треба да останат фиксни како категорија, но дека платата треба да биде диференцирана во зависност од обемот на работа по оддели и области како и дека треба да се предвидат одредени додатоци за стимулирање на работата на судиите.
- Клучни заклучоци од дискусијата помеѓу Ирина Аврамска (PwC) и дел од вработените на АС Штип, а во врска со финансиско работење на судот:
- Како се врши буџетирање – временски, одговорности: секој основен суд (8 во склоп на Апелација Штип) прави поединечен буџет врз основа на реалните потреби од страна на судовите. Буџетите се спремаат од март до јуни за следната година. Судскиот буџетски совет е одговорен за консолидација на буџетите и анализа на истите со цел да се утврди колку може да се издвои на секој суд поединечно.
- Се подготвува и тригодишен план на ниво на основен суд.
- АС Штип прави план на вработување консолидиран за сите судови на годишно ниво бидејќи историски е утврдено дека останатите судови прават нереални проценки во однос на вработените. Се применува закон за судска служба за бодовна номенклатура и врз основа на која се одобрува буџет за вработување.

- Претседателот на АС  Штип е член на Судскиот буџетски совет и според него, ги олеснува условите за добивање на поголеми буџети во споредба со претходните периоди и Судот во Штип е навистина активен во имплементација на плановите како од оперативен така и од страна на капитални инвестиции, вработувања. Претседателот кажа дека тоа не е случај за сите судови, како пример ги наброи судот во Радовиш и Свети Николе.
- Според Претседателот, буџетот за 2020 се очекува да се зголеми до 0.5% од БДП додека претходните биле не повисоки од 0.33-0.38% од БДП. За споредба, како што беше потврдено од сметководителот е дека реална потреба на судот во Штип е 11 милиони денари додека моментално се одобрува 4.5 милиони денари.
- Според ИТ, судот не работи независно бидејќи сите набавки се прават на централно ниво и се бара одобрување од страна на Врховен суд. Според добиените информации, ИТ инфраструктурата е застарена, застарен софтвер, потребно е надградба со меморија и поголема брзина на пренос на податоци со цел да се зголеми ефективноста на работењето.
- Прашање беше поставено дали е правена анализа на цената на чинење по предмет. Судовите биле предмет на анализа од интернационална консултантска куќа за пресметка на трошок по предмет меѓутоа тоа било еднократно и не било применето од страна на судот. Според групата, ова не е практично решение за буџетирање и/или оптимизација на финансиското работење на судовите и како што беше посочено, на пример во однос на користење и буџетирање за трошок за хартија, не се зема потрошена хартија по предмет, но се гледа историски вкупно потрошена хартија. Судовите водат дупло досие – електронски и во хартија. Нема вертикално системско поврзување помеѓу судовите – од основен се праќа хартиено досие.
- Обуки не се предвидени како дополнителен трошок бидејќи се организираат со постоечки капацитети односно се одржуваат интерно. Според претседателот и останатите, технички обуки се неопходни но не се планирани бидејќи се надворешни и обично се потребни повеќе средства да се покријат истите. ИТ наведе дека повеќе од 10 години немаат обуки што е неприфатливо за таков сектор кој често подлежи на промени и е потребна континуирана обука.
- Од аспект на дополнителни документи е договорено од сметководство од Штип да се добијат следните документи: 3 годишен план, реален во споредба со одобрен буџет за 2016,2017, 2018 и реализација за истите години. Исто така од судски буџетски совет треба да се обезбедат за сите судови поединечен буџет (реален, одобрен, реализиран).

# АНЕКС 3 – ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ФОКУС ГРУПА СО АС ГОСТИВАР

# ЗАПИСНИК

## од одржана Фокус група за подготовка на Функционална анализа за Апелационен суд Гостивар

**Датум: 28-30.10.2019**

**Цел на фокус групата:** Во рамки на проектот GGF МК 12 "Зголемена ефикасност и ефективност во испорака на правдата во Република Северна Македонија преку подобрување на перформансите на институциите во правосудството" финансиран од Обединетото Кралство на Велика Британија а имплементиран од PwC/ЦПИА се одржаа работни состаноци на Фокус Група за Подготовка на Функционална Анализа за Апелационен суд Гостивар. Цел на работните состаноци на фокус групата е да се овозможи сеопфатност во пристапот на подготовка на Функционалната Анализа за АС Битола преку размена на мислења и добивање на дополнителни информации по одредени теми кои се составен дел на ФА. На тој начин ќе се овозможи целосно претставување на фактичката состојба во Апелациониот суд Гостивар и прецизно дефинирање на препораки за нејзино подобрување.

**Воведни обраќања**

Состанокот го отвори Програмскиот Менаџер на ЦПИА и клучен експерт на **проектот Жарко Хаџи-Зафиров**, претставувајќи ја тековната програма GGF МК 12 "Зголемена ефикасност и ефективност во испорака на правдата во Република Северна Македонија преку подобрување на перформансите на институциите во правосудството", со посебен осврт на Компонента 1 од проектот во чии рамки се овозможува поддршка на Врховниот суд и четирите Апелациони судови. Хаџи-Зафиров информираше за досегашните заложби за реформи во правосудството преку британската развојна соработка и PwC/ЦПИА. Тој се осврна и на претходната помош овозможена од Обединетото Кралство чија цел е зајакнување на владеењето на правото во земјата преку поддршка на реформските процеси, а имплементирана преку програмите GGF МК03 "Подобрување на ефикасноста и ефективноста на административната правда во Македонија" и GGF МК05 "„Креирање на Матрица за мониторинг на перформансите на Јавното Обвинителство".

Хаџи-Зафиров објасни дека ФА за АС Битола има цел да ја претстави моменталната состојба во судот и да даде препораки за нејзиното подобрување. Беше објаснето дека методологијата на подготвување на анализите е утврдена со веќе завршените анализи за управните судови и Академијата за судии и јавни обвинители. Понатаму, тој образложи дека сегашниот проект е чекор понапред бидејќи се проценува состојбата и капацитетите на повисоките судови преку подготовка на функционални анализи и планови за подобрување за апелационите судови, Врховниот суд, Јавно обвинителство и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија. Со тоа се продлабочува процесот на проценка на фактичката состојба на институциите во правосудството, со цел до 2021 година да се проценат капацитетите на сите судови и да започне со ефективноста на системските решенија. Хаџи – Зафиров ја потенцираше

важноста на инклузивноста во процесот, односно вклучувањето на судиите во процесите на проценка преку фокус групите како најзасегнати и директно вклучени страни.

Хаџи-Зафиров ги објасни и следните чекори во процесот - финализирање на Функционалната анали и подготовка на план за подобрување кој ќе биде дефиниран во соработка со судовите.

**Ана Павловска – Данева (правен експерт за компонента 1)** се осврна на важноста од подготовка на ФА. Таа објасни дека до сега немало функционални анализи за апелационите судови и дека ова е одлична можност да се идентификуваат предизвиците од организациски и функционален аспект кои можат да го попречат спроведувањето на надлежностите на АС Гостивар и да се предложат конкретни мерки за надминување на состојбите и спроведување на надлежностите на судот.

Павловска -Данева го претстави пристапот на подготовка на ФА  преку Методологијата за спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор усвоена од Министерство за информатичко општество и администрација. Таа објасни дека функционирањето на судовите ќе се оцени преку 5 индикатори – ефикасност, транспарентност, квалитет, независност и едукација при што приказот на наодите ќе биде претставен преку таканаречениот “семафор – систем” (црвено - се обележуваат под-критериумите според кои институцијата е оценета како недоволно подготвена, жолто - се обележуваат под-критериумите според кои институцијата е оценета како делумно подготвена, зелено - се обележуваат под-критериумите според кои институцијата е оценета како солидно подготвена ).

Павловска – Данева се осврна на претходните искуства од подготовка  на функционални анализи чии наоди утврдиле суштински недоследности во правосудниот систем кои доколку се земат во предвид може да се влијае на подобрено управување во овој сектор. Таа објасни дека од функционалната анализа спроведена за Управниот суд на РСМ и Виш управен суд на РСМ се дошло до заклучок дека е исцрпена потребата од постоење на Виш управен суд на РСМ.

Павловска – Данева објасни дека преку приказ на позитивни примери од фактичките состојби во судските институции ќе се докаже дека лошата перцепција за состојбата во правосудството не треба да се генерализира. Павловска – Данева потенцираше дека судовите  се носители на процесот, бидејќи ФА е подготвена согласно информациите и мислењата добиени од судовите и дека подобрувањето на состојбите зависат не само од политиките на владата, туку и од заложбите на самите судови да ги подобрат состојбите кои се во нивна надлежност.

**<u>Дискусии по теми (резиме на ставови на судии и вработени во АС Гостивар по различни теми)</u>**

**Човечки ресурси: актуелна состојба и потреба**

- Судот своето работење го организира врз основа на Годишниот распоред и Актот на систематизација на работните места. Во последниве две години не е поднесен приговор против Годишниот распоред. Во распоредот се интервенира кога има промена на избраните судии како и зголемен обем на работа. Целта е да има колку што е можно помалку интервенции, но судиите се во континуирана комуникација и доколку има потреба лесно закажуваат седница за промена на годишниот распоред. Судот има подготвено Правилник за систематизација на работни места, Правилник за организација на работата и органограм согласно моменталната организациона поставеност и вработени во судот. Изработен е и органограм на внатрешната организација, но истиот не е изменет последните две години и не ја покажува реалната моментална состојба во судот. Судиите истакнаа дека недостасува специјализираност кај судскиот персонал.
- Во судот работат 13 судии, од кои 12 се со активна функција, а на еден функцијата му е во мирување. Согласно Одлуката на Судскиот совет на РМ во АС Гостивар утврдено е судиската функција да ја вршат 16 судии вклучувајќи го и претседателот на судот. Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во овој суд утврдено е судската служба да брои 111 судски службеници и 8 полицајци.
- Судиите се распоредени во три оддели, граѓански, кривичен и оддел за судска практика. Во кривичниот оддел се распоредени 4 судии, а во граѓанскиот оддел 9 судии. Судиите истакнаа дека со оглед на обемот на работа на кривичниот оддел, недостатокот од судии мораат да го надополнуваат со судии од граѓанскиот оддел. Тие додадоа дека голем проблем се јавува кога во судот ќе пристигне барање за повторување на постапката. По одделите, распоредени се 9 стручни соработници и помлади стручни соработници. Тие истакнаа дека имаат недостаток од дактилографи (моментално во судот има 4, а потребни се 10). Во судот има вработено еден судски полицаец, кој од наредниот период ќе започне со работа како судски референт. Недостатокот од судски полицајци тие го надополнуваат со користење на судските полицајци од ОС Гостивар.
- Откако е формиран судот, не постоеле можности за унапредување на стручните соработници, пред се поради законските ограничувања. Дополнителен проблем е и праксата на Судскиот буџетски совет и Министерството за финансии да не одобрува нови вработувања. Тие додадоа дека постои ризик стручните соработници да почнат да ја напуштаат судската работа поради недостатокот на мотивирачки фактори започнувајќи од финансискиот надоместок до професионалниот развој. Последното вработување на стручните соработници било во 2011 година, а вработувањето се вршело етапно од формирањето на судот.
- Во судот е вработен само еден ИТ техничар, но судиите истакнаа дека неопходно е да се вработи барем уште едно лице за работата да биде поефективна, особено доколку се воведе електронско скенирање и водење на предметите. Архивата во судот се врши комбинирано. Тие истакнаа дека предметите не се чуваат во метални орманчиња, а некои од предметите се сместени во обични ормани. Судиите истакнаа и дека не се предвидени специјални стандарди за безбедност и доверливост на предметите.
- Редовно се организираат седници на оддели, најчесто еднаш на три месеци, но и по потреба. Нема голема пракса на испраќање прашања од основните судови, но ако има се свикува во рок од три дена (по потреба). Во просек, граѓанскиот оддел одржува по 10-15 средби на годишно ниво, додека кривичниот по 3 пати месечно.

- Во последните 3 години немало времено упатување на судии, но со одлука на судскиот совет во последниве три години биле делегирани судии да работат предмети од друг суд. Најчесто предмети од АС Скопје, со цел да се совлада нивниот обем на работа. Истиот принцип на делегирање на судии бил применет во сите апелациони судови.

**Финансиско раководење и сметководство**

- Финансиското работење (пресметка на плати, надоместоци, бодови и коефициент) се врши врз основа на Законот за исплата на плати, Законот за судска служба и Законот за работни односи. Задолжен за пресметките и исплатите ги врши задолжено лице-сметководител во судот.
- Комуникацијата со СБС беше оценета како солидна и пофлексибилна во последниот период, но дека се уште не ги одобрува потребните средства. Тие истакнаа дека немаат доволно услови и човечки, физички и технички за достоинствено вршење на професијата.
- Финансиското работење на судот се води преку специјализирана програма АБМС за планирање и трошење на судскиот буџет.
- Во судот има задолжено лице кое ги врши пресметките за плата преку АМБС системот.
- Претставниците на судската служба потенцираа дека дополнителен проблем е недостатокот на финансиски стимул преку нерегулирање на додатоците на плата. Според нив, тие треба да бидат изедначени во позицијата со судиите бидејќи и тие учествуваат во вршењето на судиската функција.
- Во однос на планирањето на буџетот, во АС Гостивар се формира посебна комисија која одржува состаноци со претседателот на судот во однос на  буџетските прашања. Планирањето е врз основа на историски трошоци и не се прави проценка на потребите. Сепак, судиите истакнаа дека со СБС имаат солидна соработка во однос на буџетските трошоци и досега немале проблем во одобрувањето на техничките ресурси, но останува проблемот со недостатокот на човечки ресурси. Во судот е забележана зачестена пракса на пренаменување на трошоците, а немаат лице задолжено за јавни набавки, туку друг вработен ги врши тие должности.
- Тие истакнаа дека СБС го одобрува судскиот буџет во 90% од износот што ќе го предложи АС Гостивар.

**Транспарентнтост и отчетност на апелациониот суд (објавување на одлуки, достапност на веб страна, содржина на годишни извештаи)**

- Во судот нема специјализирано лице кое е задолжено за односи за јавноста, ниту е формирана посебна канцеларија за односи со јавност. Најчесто претседателот назначува едно лице (судија) кој е задолжен за комуникација со медиумите. Тие потенцираа дека праксата на комуникација на медиумите со судовите не е доволна и дека е потребна поголема активност од Судско-медиумскиот совет особено кога во судот се одлучува за некој предмет од јавен интерес.
- На локално ниво судиите истакнаа дека има повеќе интерес од медиумите, како и дека тие организираат посебни настани за денот на правдата. Во судот не се организира отворен ден за граѓаните, но тие истакнаа дека се достапни за сите граѓани во работното време на судот.
- Тие воедно дополнија дека барања за пристап до информации од јавен карактер се испраќаат само од студенти и истражувачи, но и таа пракса е во намален обем (3-4 барања годишно).

- Судиите предложија да се измени начинот на пребарување на одлуките кои се објавуваат на веб страната на судот. Со оглед на тоа дека пребарливоста е само преку референтниот број на одлуката, судиите истакнаа дека системот мора да се измени за да има пребарливост и по правен основ или референтно име на предметот.

**Услови за работа на апелациониот суд, технички ресурси и информатички технологии (соодветност на просторни услови, достапност на информатички технологии)**

- Судот располага со доволен број на компјутери и хардверска опрема иако беше истакнато дека истите се застарени и треба да бидат набавени нови.
- Во судот не постојат услови за пристап за лица со посебни потреби, нема лифт, но нема ниту услови за да се направи. Влезот на зградата се користи за сите кои доаѓаат во судот (судии, странки, вработени во судот, вработени во останатите институции во зградата). Воедно судот не ги задоволува соодветните услови за да биде судска зграда, со оглед на тоа дека е изграден на монтажна и метална конструкција.
- Судот не располага со соодветен паркинг, па затоа вработените имаат потреба да се паркираат и надвор од судската зграда, па имало случаи кога судиите биле казнувани заради непрописно паркирање.
- Зградата не е соодветна за вршење на судски функции. Зградата е надградена со цел АС Гостивар да биде сместен, а стара е од 2006 година. По реконструкцијата Судиите се распоредени сами во канцеларии, а стручните седат по 2 во канцеларија. Судиите се согласија дека е потребна нова зграда, со соодветни судници, архиви и канцеларии. Во судот се сместени 5 институции (ОС Гостивар, ОЈО Гостивар, ВЈО Гостивар и ДП Гостивар) и тие истакнуваат дека е неопходно истите да бидат издвоени од просториите на судот. Во 2017 година била извршена реконструкција и биле намалени канцелариите со цел да бидат сместени помал број на судски службеници. Службениците се сместени по 3 во канцеларии, а секој од судиите има посебна канцеларија.
- Во судот има два санитарни чворови кои ги користат само вработените во АС Гостивар. Во однос на режиските трошоци, АС Гостивар ги покрива за сите институции кои се сместени во зградата (парно, вода, струја).
- Судската зграда на располагање има само една судница која ја користат судиите од двата оддели. Нејзината расположливост се договара помеѓу судиите на седница на оддел и преку неформална комуникација.
- Задолжен за видео надзорот е претседателот на судот и судскиот полицаец чие место во моментот е упразнето. Во септември 2019 година камерите биле обновени, а снимките се чуваат најмногу до 60 дена.
- Зградата воедно нема сертификат за енергетска ефикасност.

**Континуирана едукација**

- За судиите најефикасни средби за нивната работа е усогласувањето на правни прашања и ставови на четирите апелации со Врховниот суд. Судиите беа согласни дека моментално, ВС не е доволно во комуникација со нив (не е извршена ниту една посета од ВС од неговото формирање) како и дека не се доволно активни во однос на консултациите за воедначена примена на законите. Судиите истакнаа дека имало случаи кога ВС самиот отстапувал од својата пракса.
- АС Гостивар има пракса да испраќа правни прашања до ВС, но беше истакнато дека ВС не се доволно ажурни во испраќањето на одговорите и дека ги доведува до опасност предметите за кои судот постапува да бидат застарени.

- АС Гостивар редовно врши посети до основните судови, и тоа со приватни возила. За контролите и посетите, предвидена е посебна методологија кога содржи критериуми за проверка и координација на работата на основните судови по редовни и ненајавени посети, по што судот дава предлози за преземање на мерки. Во таа насока, судиите истакнаа дека се подготвуваат акциони планови со соодветни контролни механизми и насоки за основните судови.
- Судиите упатија критика кон квалитетот кој го нуди АСЈО во однос на обуките. Тие беа доста критични кон изборот на обучувачи во АСЈО, кој беше оценет како несоодветен и неквалитетен, а препорачаа да се ангажираат повеќе предавачи од регионот. Во однос на АСЈО, судиите истакнаа дека треба особено да се внимава при изборот на судиите, да не се следат само формалните критериуми, туку да се воведат и квалитативни кои ќе го оценуваат знаењето и искуството на кандидатите. Во оваа насока, се мислеше на позицијата на стручните соработници кои се ограничени со можностите за избор на судии, а во пракса ја вршат судиската функција.

**Квалитет во одлучувањето на апелациониот суд (стандардизирани алатки во пишување пресуди, судски сентенци, аргументација на судски пресуди, воедначување на судска пракса)**

- Водичот за цитирање на судската пракса на ЕСЧП не се користи доволно бидејќи судиите не се обучени за цитирање на праксата на судот. Во таа насока, тие истакнаа дека е потребно судиите почесто да ја цитираат праксата на домашните судови (ВС).
- Судиите истакнаа дека често испраќаат правни прашања до Врховен суд, ама не добиваат навреме одговор. Поради нивната неажурност тие истакнаа дека повеќе и не испраќаат, туку прашањата ги издвојуваат за средбата со четирите апелации. Тоа доведува и до застареност за некои прашања. Беше посочена претходната пракса, дека сега се случува често неаргументирано да се менува судската пракса од страна на ВС.
- Во кривичниот оддел, судиите заземаат став по однос на специфична материја и истите ги издвојуваат како сентенци. Постои редовно цитирање на праксата на самиот суд.

**Информатички технологии**

- Судиите имаат назначено посебно лице за раководење со АКМИС системот. Истото лице врши повеќе функции, а е под контрола на судскиот администратор. Воедно, судиите истакнаа дека АКМИС има потреба од надградување и воведување на преглед на пресудите. Судиите беа согласни дека е потребно да се обезбеди пристап до АКМИС системот и од дома, но со ограничени привилегии. Тие воедно кажаа дека алатките на АКМИС системот не се сложени, но користењето не е усогласено помеѓу судиите.
- Судиите истакнаа дека во однос на електронската достава и скенирање, проблематично може да биде за судиите во кривичниот оддел бидејќи треба да се оценува и вистинитоста на доказите. Тие воедно пријавија дека од време на време се појавуваат технички проблеми во АКМИС системот, како и дека не се ажурираат електронските сандачиња на судиите. Доставата се врши по електронски пат за тие што се имаат регистрирано, но и по пошта. Судиите од кривичниот оддел изјавија дека голем број на предмети застаруваат, но и дека околу 5-6% од предметите се за недоставување.
- Судиите како проблем ја истакнаа и недоволната организација меѓу стручните и судиите за реферирање и пишување на одлуките.

- Во АС Гостивар има еден доставувач, кој писмената ги доставува со службеното возило. Судиите беа согласни дека има недостаток на доставувач, бидејќи сега доставата ја вршат самите вработени лица во судот.
- Во АС Гостивар скенирањето не се врши на редовно ниво и во доволен обем. Судиите истакнаа дека во зависност од обемот на работа на судската служба дел од одлуките се скенираат. Задолжително се скенираат одлуките од Врховниот суд на РСМ. Само дел од основните судови во подрачјето на АС Гостивар ги скенираат предметите и ги прикачуваат на АКМИС, но судиите истакнаа дека недостасува ИНТРАНЕТ вертикално поврзување на системот за поефикасна комуникација. Како проблем ја истакнаа неажурноста на ОЈО Гостивар кои не ги доставуваат предметите и списите навремено.
- Во поглед на заштитата на личните податоци и доверливост при работата на податоците, судиите истакнаа дека во судот постои лице кое задолжено за заштита на личните податоци и дека се следат процедурите предвидени во Судскиот деловник.
- Судиите истакнаа дека не сите поседуваат безбедносни сертификати и дека истото е диференцирано во зависност од областа на работа. Така судиите во кривичниот оддел имаат сертификати со степен строго доверливост, а некои со степен за државна тајна. Тие воедно истакнаа дека процедурата за добивање на сертификати не е доволно јасна и соодветна и предложија измена во однос на поседувањето на сертификати за судиите, односно препорачаа дека треба да се обезбеди пристап заради вршење на судиската функција.

**Ефикасност на апелациониот суд (должина на судски постапки, стапка на решавање)**

- Беше дискутирана новината со Законот за управни спорови за донесување на модел одлуки за предмети со иста или слична позадина, и судиите истакнаа дека таков принцип на работа би го олеснила обемот на работа.
- Во однос на ориентационата норма беше потенцирано дека неминовно е потребна нејзина измена бидејќи не влијае позитивно на нивната работа во ниту еден аспект. Како предлог за измена на нормата беше потенцирано дека оптимално би било таа да изнесува од 18 до 20 предмети месечно. Притоа да се земат предвид дополнителните ангажмани на судиите (претседатели на оддели, предавачи во АСЈО, посета на обуки и итн.). Судиите сметаат дека ориентационата норма мора да се адаптира на потребите на судот, бидејќи иако секој месец судиите ја надминуваат нормата, таа влијае на квалитетот и продуктивноста на судиите.
- Тие истакнаа дека со оглед на измените на Законот за прекршоците, постапувањето по прекршоците се враќа во редовното судство, па очекуваат дека обемот на нивната работа значително ќе се зголеми.

**Независност и непристрасност на апелациониот суд**

- Судиите истакнаа дека има практики на влијание, но дека се зависи од интегритетот и однесувањето на судиите, со оглед на тоа дека тие постапуваат по закон и нема можности за постапување надвор од рамките на правото. Тие истакнаа дека влијанието е повеќе перцепција, но и дека најзастапено е во политичките предмети, особено за клевета и навреда.

**Спроведување на судски деловник**

- Судиите истакнаа дека нема потреба од издвојување на Судскиот деловник и негова специјализација за основните и апелационите судови. Тие истакнаа дека е потребно да се изменат одредени закони, како што е законот за движење на предметите.

- Иако постои редовна комуникација со претседатели на основните судови, судиите од АС Гостивар истакнаа дека потребно е да има вертикално поврзување на судиите и дека треба детално уредување на електронската комуникација.
- Судиите укажаа дека не се доволно вклучени во изработката на законите и дека не им пристигнуваат навреме информации за измена на законите. Тие воедно препорачаа дека е потребно Врховниот суд да биде иницијатор за промена на законите и обезбедување на учество на специјализирани судии во работните групи за изработка на судии.

# АНЕКС 4 – ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ФОКУС ГРУПА СО АС БИТОЛА

# ЗАПИСНИК

## од одржана Фокус Група за Подготовка на Функционална Анализа за Апелационен суд Битола

__Датум:__ **28-30.10.2019**

__**Цел на фокус групата:**__ Во рамки на проектот GGF МК 12 "Зголемена ефикасност и ефективност во испорака на правдата во Република Северна Македонија преку подобрување на перформансите на институциите во правосудството" финансиран од Обединетото Кралство на Велика Британија а имплементиран од PwC/ЦПИА се одржаа работни состаноци на Фокус Група за Подготовка на Функционална Анализа за Апелационен суд Битола. Цел на работните состаноци на фокус групата е да се овозможи сеопфатност во пристапот на подготовка на Функционалната Анализа за АС Битола преку размена на мислења и добивање на дополнителни информации по одредени теми кои се составен дел на ФА. На тој начин ќе се овозможи целосно претставување на фактичката состојба во Апелациониот суд Битола и прецизно дефинирање на препораки за нејзино подобрување.

__**Воведни обраќања**__

Состанокот го отвори Програмскиот Менаџер на ЦПИА и клучен експерт на **проектот Жарко Хаџи-Зафиров**, претставувајќи ја тековната програма GGF МК 12 "Зголемена ефикасност и ефективност во испорака на правдата во Република Северна Македонија преку подобрување на перформансите на институциите во правосудството", со посебен осврт на Компонента 1 од проектот во чии рамки се овозможува поддршка на Врховниот суд и четирите Апелациони судови. Хаџи-Зафиров информираше за досегашните заложби за реформи во правосудството преку британската развојна соработка и PwC/ЦПИА. Тој се осврна и на претходната помош овозможена од Обединетото Кралство чија цел е зајакнување на владеењето на правото во земјата преку поддршка на реформските процеси, а имплементирана преку програмите GGF МК03 "„Подобрување на ефикасноста и ефективноста на административната правда во Македонија" и GGF МК05 "„Креирање на Матрица за мониторинг на перформансите на Јавното Обвинителство".

Хаџи-Зафиров објасни дека ФА за АС Битола има цел да ја претстави моменталната состојба во судот и да даде препораки за нејзиното подобрување. Беше објаснето дека методологијата на подготвување на анализите е утврдена со веќе завршените анализи за управните судови и Академијата за судии и јавни обвинители. Понатаму, тој образложи дека сегашниот проект е чекор понапред бидејќи се проценува состојбата и капацитетите на повисоките судови преку подготовка на функционални анализи и планови за подобрување за апелационите судови, Врховниот суд, Јавно обвинителство и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија. Со тоа се продлабочува процесот на проценка на фактичката состојба на институциите во правосудството, со цел до 2021 година да се проценат капацитетите на сите судови и да започне со ефективноста на системските решенија. Хаџи – Зафиров ја потенцираше

важноста на инклузивноста во процесот, односно вклучувањето на судиите во процесите на проценка преку фокус групите како најзасегнати и директно вклучени страни.

Хаџи-Зафиров ги објасни и следните чекори во процесот - финализирање на Функционалната анали и подготовка на план за подобрување кој ќе биде дефиниран во соработка со судовите.

**Ана Павловска – Данева (правен експерт за компонента 1)** се осврна на важноста од подготовка на ФА. Таа објасни дека до сега немало функционални анализи за апелационите судови и дека ова е одлична можност да се идентификуваат предизвиците од организациски и функционален аспект кои можат да го попречат спроведувањето на надлежностите на АС Битола и да се предложат конкретни мерки за надминување на состојбите и спроведување на надлежностите на судот.

Павловска -Данева го претстави пристапот на подготовка на ФА  преку Методологијата за спроведување на фукнционална анализа во институциите од јавниот сектор усвоена од Министерство за информатичко општество и администрација. Таа објасни дека функционирањето на судовите ќе се оцени преку 5 индикатори – ефикасност, транспарентност, квалитет, независност и едукација при што приказот на наодите ќе биде претставен преку таканаречениот “семафор – систем” (црвено - се обележуваат поткритериумите според кои институцијата е оценета како недоволно подготвена, жолто - се обележуваат поткритериумите според кои институцијата е оценета како делумно подготвена,зелено - се обележуваат поткритериумите според кои институцијата е оценета како солидно подготвена ).

Павловска – Данева се осврна на претходните искуства од подготовка  на функционални анализи чии наоди утврдиле суштински недоследности во правосудниот систем кои доколку се земат во предвид може да се влијае на подобрено управување во овој сектор. Таа објасни дека од функционалната анализа спроведена за Управниот суд на РСМ и Виш управен суд на РСМ се дошло до заклучок дека е исцрпена потребата од постоење на Виш управен суд на РСМ.

Павловска – Данева објасни дека преку приказ на позитивни примери од фактичките состојби во судските институции ќе се докаже дека лошата перцепција за состојбата во правосудството не треба да се генерализира. Павловска – Данева потенцираше дека судовите  се носители на процесот, бидејќи ФА е подготвена согласно информациите и мислењата добиени од судовите и дека подобрувањето на состојбите зависат не само од политиките на владата, туку и од заложбите на самите судови да ги подобрат состојбите кои се во нивна надлежност.

## Дискусии по теми (резиме на ставови на судии и вработени во АС Штип по различни теми)

### Човечки ресурси: актуелна состојба и потреба

- Судот има подготвено Правилник за систематизација на работни места, Правилник за организација на работата и органограм согласно моменталната организациона поставеност и вработени во судот. Имајќи предвид дека организациските единици во рамки на судот се различни во судовите (некаде се служби,  а некаде оддели) ставот на вработените во судот е дека организациската структура, а соодветно на тоа и органиграмот треба да бидат унифицирани за сите судови.
- Како проблем беше наведен статусот на помошно-техничките лица чиј статус е во широки рамки регулиран со Законот за работни односи и чии месечни примања се согласно колективниот договор кој нема дефинирано најниска плата.  Според тоа, нема

регулатива која ги регулира месечните надоместоци на помошно-техничките лица при што нивните примања се пониски од најниската плата во државата и по тој основ помошно-техничките лица вработени во АС Битола поднеле тужба. Заклучно, статусот на помошно-техничките лица треба да биде регулиран со закон или овие работни места да бидат вреднувани во актот за систематизација. Предлог мерка е претседателите на судовите да заземат заеднички став по ова прашање под покровителство на Врховен суд на РСМ.

- Дел од вработените во АС Битола, Законот за судска служба го оценија како дискриминаторски истакнувајќи дека само одредбите за дисциплинска постапка се применливи. Во последните 5 години тие се обидуваат да извршат прилагодување во практичната примена на законот. Исто така, дел од вработените истакнаа дека законот предвидува дорегулирање на одредени одредби со приближно дваесетина правилници, но ниту еден не бил усовен. Законот досега бил менуван 2 пати, при што промените биле само во делот на додатоци на плата.
- Во АС Битола има вкупно 20 судии вклучително и претседателот на судот. Од нив, 16 се распоредени во граѓанскиот оддел, а 4 во кривичниот. На еден од судиите, работнииот однос му е ставен во мирување. Во судот работат вкупно 18 стручни соработници од кои 12 се распоредени во граѓанскиот оддел, 5 во кривичниот одддел, а 1 во одделот за судска пракса. Вкупниот број на административни службеници во судот е 49, а бројот на технички персонал е 4. Во судот нема судски приправници. Во судот нема вработено лица со договор на определено време, но има вработено двајца со договор за дело за вршење на интелектурални и физички работи.
- Годишниот распоред во АС Битола се менува исклучиво од објективни причини, а најчесто при зголемен прилив на предмети. Во распоредот се интервенира кога има избор на нови судии, одлив на кадар, прием на стручни соработници и кога има потреба од организирање на работата во советите. Целта е да има колку што е можно помалку интервенции. Во текот на минатата година имало седум пати интервенции во годишниот распоред, во случаи кога двајца судии биле подолг период на боледување. Измените на Годишниот распоред ги врши Претседателот на АС Битола. Оваа пракса на измени на Годишниот распоред за работа, исклучиво од објективни причини укажува на независност во работењето на судот.
- Досега немало приговори на годишниот распоред. Истиот е јавно објавен на веб страната на АС Битола.
- Досега немало преместување на судии од еден во друг оддел. Имало времено упатување на судии во друг суд. Во 2015 година цел совет бил ангажиран да работи на предмети на АС Скопје. Истата година АС Битола бил оценет како неефикасен и неажурен суд , а работењето на предмети за АС Скопје не придонело кон зголемување на ажурноста на АС Скопје.
- Методологијата за утврдување на потребен број на судии за АС Битола ја определува и применува Судскиот совет на РСМ. Утврден број на судии за АС Битола е 25, но во моментот има ангажирано 20 судии од кои 2 се отсутни, што значи дека судот работи со капацитет од 18 судии. Досега, Судскиот совет на РСМ многу ретко го консултирал АС Битола по ова прашање. Од страна на АС Битола во повеќе наврати било побарано да се дополни бројот за двајца судии, но од Советот не добиле одговор или образложение зошто не вршат избор на судии. Имајќи превид дека во моментот двајца судии се отсутни и судот работи со 18 судии, недостатокот се забележува и влијае во квалитетот на работата. Во тој контекст, судиите истакнаа дека е неопходно да добијат

став, образложение или одговор од Судски совет на РСМ во однос на плановите за избор на нови судии за да можат соодветно да го организираат обемот на работа.

**Ефикасност на апелациониот суд (должина на судски постапки, стапка на решавање)**

- АС Битола во последните три години не се случило да не ја исполни месечната норма. Истата била дури и надмината. Судскиот совет на РСМ при одредување на месечните норми врши консултација со судот, но мислењата досега не биле земени во предвид. Од АС Битола имало барање до Судскиот совет на РСМ за намалување на месечната норма за кривичните предмети, но предлогот не бил земен во предвид од страна на советот.
- Недостатокот на судии и стручни соработници беа констатирани како главни проблеми. Судиите проценија дека секој совет во рамки на судот треба да работи со најмалку 3 стручни соработници и дека на секој судија треба да му следи по еден стручен соработник.
- АС Битола одржува средби на ниво на оддели со другите судови од апелационото подрачје и врши редовна контрола врз работата на пониските судови. Оваа соработка континуирано се надградува, а резултатите се прикажуваат во извештаи. Соработката се врши на ниво на сите оддели вклучително и стручна служба и ИТ и вродила со огромни резултати во повеќе аспекти од работата на судовите. На тој начин се надминуваат недоследностите во однос на заостанати предмети, АКМИС, заземање на ист став по одредени прашања и тн.
- Во рамки на судот и согласно Годишниот распоред за работа на АС Битола, во рамки на судот работат три совети. Бројот на судии во рамки на советите се менува согласно приливот на предмети и бројот на судии кој во последниот период е намален.
- Во однос на системот за оценување на судиите, поголем дел од судиите се сложија дека роковите треба да бидат еден од условите за оцена на судиите. Но, судиите потенцираа дека роковите не би требало да бидат исти за судии од основни судови и судии од апелациони судови и дека треба да се прави разграничување помеѓу верификација и потпишување, имајки предвид дека во судовите од прв степен судијата ја верификува и потпишува одлуката додека во апелационите судови одлуката треба да биде верификувана од членовите на советот за што треба повеќе време.
- Судиите исто така истакнаа дека и други критериуми треба да бидат земени во предвид при оценување на судиите како на пример ангажман на претседател на судски оддел, средби со судии од ист оддел и тн.
- Досега имало покренато постапки за изземање на судии од страна на самите судии и од страна на странките и истото било спроведено во согласност со законот

**Квалитет во одлучувањето на апелациониот суд (стандардизирани алатки во пишување пресуди, судски сентенци, аргументација на судски пресуди, воедначување на судска пракса)**

- Водичот за цитирање на праксата на ЕСЧП се користи во многу мал дел. Дел од судиите објаснија дека не се сите вработени во судот доволно запознаени и обучени за користење на водичот. Цитирање на судска пракса се врши, но не на начин како што е утврдено во водичот. Судиите објаснија дека ова може да се надмине доколку се зголеми бројот на стручни соработници во судот.

- АС Битола при донесување на одлуките внимава на усогласеноста со праксата на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Ова е надлежност на одделот за судска пракса. Беше констатирано дека комуникацијата со Врховниот суд на РСМ е сведена на минимум и покрај бројните иницијативи на АС Битола за зајакната соработката во овој дел. Досега немало пракса на советување со Врховниот суд на РСМ на ниво на оддели, како што се спроведува помеѓу апелациските и основните судови. Во однос на одредени правни прашања за кои АС Битола имале потреба од правни мислења од Врховниот суд, дел од судиите објаснија дека најчесто не добивале никакви одговори од Врховниот суд, а се случило и да добијат правно мислење по затворање на предметот. Во тој контекст, беше констатирано дека и покрај уставната надлежност на Врховниот суд на РСМ за воедначување на судската пракса, Судот не ја исполнува оваа законска обврска. Праксата на соработка на АС Битола со основните судови треба да биде применета и вертикално со судовите од повисока инстанца.Овој тип на соработка мора да се унапреди под покровителство и иницијатива на Врховниот суд на РСМ.
- Одделот за судска пракса носи план за работа и издвојува сентенци за Билтенот за судска пракса. Праксата на судот се систематизира по правни области и по вид на предмети.

**Транспарентнтост и отчетност на апелациониот суд (објавување на одлуки, достапност на веб страна, содржина на годишни извештаи)**

- Од страна на вработените на АС Битола беше истакнато дека медиумите начелно немаат голем интерес за работата на судот. Претседателот на АС Битола е истовремено и член на судскиот медиумски совет во чии рамки покренувал иницијативи за поголем интерес на медиумите за работата на судот. Претседателот на судот објасни дека во минатото имало случаи кога организирале прес конференции по одредени прашања, но не присуствувал ниту еден медиум. Но и покрај тоа, имајќи ја предвид негативната перцепција за работата на правосудните органи која е веќе вкоренета во македонското општество, неопходна е стратегија и ангажман за соодветен пристап за односи со јавност.
- Писарницата на АС Битола е истовремено и канцеларија за односи со јавност. Одговорно лице за односи со јавност е администраторот кој оваа функција ја извршува со помош на уште едно назначено лице. Систематизацијата предвидува вработување на стручно лице за односи со јавност, но тоа работно место не е пополнето. Во планот за вработување за 2019 година, АС Битола побарале да се вработи лице одговорно за односи со јавност, но не добиле одобрување и покрај тоа што барањето било економски оправдано, имајќи предвид дека едно работно место во рамки на судот било испразнето.
- Дел од вработените во АС Битола потенцираа дека судот има огромна потреба од вработување на лице одговорно за односи со јавност со цел навремено и квалитетно информирање на јавноста за начинот на работа на судот и постигнатите резултати. Вработените истакнаа дека и покрај тоа што нема голем интерес од страна на новинарите за работата на АС Битола, од исклучителна важност е судот информациите за работењето да ги пласира на соодветен начин и истите да бидат лесно пристапни до јавноста со што би се придонело кон зголемување на довербата на граѓаните во правосудниот систем.
- Судот нема посебна процедура или правилник за односи со јавност.

- За содржината и изгледот на веб страницата на АС Битола одлучуваат претседателот и администраторот. Судиите можат да даваат предлози, а претседателите на оддели имаат право да објавуваат информации на веб страницата без одобрување од Претседателот на судот.
- Судскиот администратор е одговорен за одговори по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, за што посетувал и соодветна обука. Администраторот истакна дека судот нема голем обем на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер (во моментот 8 писмени барања). Кога станува збор за поспецифични барања, администраторот се консултира со надлежните судии.
- Во судот еден од стручните соработници е задолжен и за заштита на лични податоци. Во АС Битола има и посебни процедури во однос на заштита на доверливост при работа со податоци. Во однос на имплементација на станардот ISO 9001:2015, се формира тим кој ги координира активностите во процесот на воведување и одржување на системот за управување со квалитет.
- Судот подготвува билтени кои се објавуваат на веб страницата и се доставуваат до сите судови. До крајот на 2019 година, ќе биде подготвен и објавен и третиот билтен за тековната година. Дел од вработените во судот објаснија дека кога има квалитетен стручен матерјал објавуваат и брошури, но тоа не се практикува често.

**Независност и непристрасност на апелациониот суд**

- Во однос на независноста на судската дејност, Претседателот на АС Битола истакна дека нејзиниот мандат како претседател на судот бил тековен за време на двете последни влади и дека досега немала политички притисоци за да влијае на судии. Таа потенцираше дека никогаш не вршела влијание врз судиите за тоа како да одлучуваат по одредени предмети. Ставот на поголем дел од судиите беше дека независноста е условена од доследното придржување кон принципите на интегритет на секој судија.
- Во контекст на независноста, беше дискутирана и работата на Судскиот совет на РСМ при што беше истакнато дека досега не биле изложени на директни влијанија од оваа институција. Но, судиите споменаа дека кога имаи случаи на двајца кандидати за судии да бидат оценети со исти бодови, немало образложение по кој основ е извршен изборот. Во контекст на надлежностите на Судскиот совет на РСМ за избор на судии, судиите споменаа дека треба да се земе во предфид депрофесионализацијата на членовите на оваа институција. Имено, дискутабилно е колку членовите на Судски совет на РСМ кои претходно работеле во основен суд се кредибилни да ја оценат работата на судии од Врховен суд. Понатаму, беше спомената дека членовите на судскиот совет после подолг мандат се оттуѓуваат од судските функции со што се доведува во прашање нивната подготвеност за оценување.
- Во однос на независноста на судската дејност беше споменат и моделот на финансирање на судството односно Законот за извршување на буџетот на РСМ, Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет како суштинска пречка за ефикасно функционирање на судовите имајќи предвид дека извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии (нови вработувања, јавни набавки, додатоци на плата и тн.).

**Информатички технологии**

- АС Битола нема план или програма за електронска комуникација. Нема воспоставен систем на електронска комуникација со основните судови.
- Судскиот администратор и информатичарот се одговорни за следење на АКМИС. Во рамки на писарницата има лице кое е задолжено за прием на предмети кои се делат

според уписници, се заверуваат и се распоредуваат на судиите. Претходно се проверува дали предметот е укинат, а доколку предметот се однесува на времена мерка притвор, веднаш се распоредува на надлежниот судија.

- Во рамки на судот има еден доставувач. Дел од предметите се скенираат, но не секогаш бидејки скенерот не е секогаш во функција. Вообичаено, се скенираат дополнителните писма, но не и основниот предмет.
- Сите вработени во судот имаат службени е-маил адреси на домеинот на судот, но ги користат и приватните е-маил адреси за службени потреби. Судот е ограничен на 50 е-маил сандачиња.
- Сите вработени во судот имаат пристап до интернет. Во АС Битола има вработено еден информатичар, а во тек е постапка за ангажирање на уште еден. Информатичарот ги спроведува и сите технички активности во однос на ИТ опремата (поправање на компјутери, одржување на мрежа, ИТ инфраструктура на судот, одржување на внатрешна веб страна, креирање на извештаи, менување на тонери, и тн.).
- Пристапот до “Службен весник на РСМ” е овозможен преку една лиценца. Судиите го користат пристапот само преку еден компјутер кој се наоѓа во библиотеката на судот. Поради ваквото ограничување, судиите информираа дека често ја користат базата на закони на Министерство за правда која не се ажурира редовно. Имајки предвид дека пристапот до Службен весник на РСМ кој овозможува точна и навремена достапност на законите е клучен за обавување на судските надлежности, судиите заклучија дека ограничувањето на една лиценца е сериозен проблем. Тие предложија Владата да наложи секој судија и стручен соработник да има свој пристап кој би бил решен преку повластени цени или бесплатно.
- Мрежното поврзување на компјутерите во судот е овозможено преку лан мрежа.
- Освен АКМИС и АБМС програмот кој се користи за финансиско работење и сметководство, судот има реализирано софтверски програм за судска пракса кој е поврзан со основните судови. Основните судови немаат можност да внесуваат податоци во програмата туку само да пребаруваат, но и покрај тоа се задоволни од програмата.
- Во рамки на судот нема интранет, а размената на податоци се врши преку е-маил адресите. АС Битола не врши електронска достава на предмети со Врховниот суд на РСМ. АС Битола е системски поврзан со некои адвокати, но електронската досттава на документи се врши еднострано, само од судот кон адвокатите.
- АС Битола располага со комплетно нова компјутерска опрема, но серверски капацитети се ограничени и тешко го опслужуваат АКМИС. Поради тоа не се врши скенирање на целите предмети туку само на поднесоците.
- Постојат технички можности за интероперабилност со јавните обвинителства, но истата не се користи и покрај тоа што е функционална.
- Вработените на АС Битола заклучија дека интероперабилност и електронска достава на предмети е неопходна и дека истата ќе придонесе кон поефикасно работење судот.
- АС Битола нема посебни безбедносни протоколи за пристап кон информатичка мрежа, а за таа намена се користат правилниците од Агенција за заштита на лични податоци. Судот не врши повремени тестови и проверки на функционалноста на безбедносните копии.
- Судот бара од основните судови документите кои ги доставуваат електронски да бидат во “word” за да можат да ги користат податоците во документите.

**Континуирана едукација**

- Судиите на АС Битола сметаат дека темите на АСЈО за континуирана обука се соодветни на потребите. АС Битола нема посебен план за обуки туку се водат според планот на

АСЈО. Пристапот на пријавување за обуки и е транспарентен. Програмата за обуки АСЈО ја испраќа до судот електронски преку е-маил и истата се објавува на интерната страна, а потоа судиите се пријавуваат кај задолжено лице.

- Судот подготвува годишен извештај за посетеност на обуки кој се подготовува врз основа на евиденцијата на судиите. Судот не води посебна матрица во која би се бележале достигнувањата на судиите во поглед на стручно усовршување.
- Во однос на обуките од АСЈО, судиите како проблем го истакнаа централизираниот пристап на испорака на истите, наместо можноста за дисперзирани центри каде би се одржувале обуки за повеќе региони во земјата. Вработените на АС Битола потенцираа дека треба да патуваат 2,5 часа во еден правец за да ги посетуваат обуките на АСЈО кои се испорачуваат исклучиво во Скопје.
- Друг проблем во однос на обуките кој го истакнаа дел од вработените на АС Битола е немањето на специјализирани обуки за информатичарите и за судската служба. Последната обука за информатичари била одржана пред 5 години.
- Обуките се спроведуваат исклучиво под покровителство и во рамки на АСЈО, досега немало можност за студиски патувања и конференции од меѓународен карактер.
- И покрај обуките на АСЈО, во рамките на судот се организираат интерни обуки за секоја нова процедура или прирачник.

**Дисциплински постапки**

- Во последните десет години имало три дисциплински постапки со завршница.
- Во судот немало случаи на нестручно и несовесно работење.

**Услови за работа на апелациониот суд, технички ресурси и информатички технологии (соодветност на просторни услови, достапност на информатички технологии)**

- Физичкиот пристап до АС Битола вработените го оценија како задоволителен. Судот има еден службен и еден официјален влез и е сместен во иста зграда со основното и вишото јавно обвинителство и основниот суд. Паркингот го делат со јавниот простор и за негово користење вработени плаќаат од сопствени приходи. Судот нема посебен пристап за лица со посебни потреби. За потребите на овие лица има еден прилагоден влез и пристапна рампа, но истата е небезбедна и несоодветна. Режимските трошоци за користење на зградата ги покрива АС Битола за што реагирале до Судски буџетски совет, но проблемот не е сеуште решен.
- Зградата во која се наоѓа АС Битола е од 1930 година и е во добра состојба, но сепак мора да се реновира, особено за да одговори на потребите за енергетска ефикасност. Судската зграда нема сертификат за енергетска ефикасност. Прозорците и изолацијата на судот се менувани етапно и со разлиен квалитет, но не е целата зграда обновена. Внатрешните врати во зградата не биле никогаш сменети. Системот за греење на зградата работи на нафта, а трошоците ги покрива АС Битола.
- Вработените во АС Битола се сместени во канцеларии кои бројат 2-3 лица. Во писарницата се сместени 8 лица. Просторијата на писарницата се несоодветни бидејки нема шалтерски дел за комуникација со странки. Физичкиот простор е ограничен поради користење на зградата од страна на двете обвинителства, но се очекува решавање на овој проблем бидеји од 1ви јануар 2020 година, основното јавно обвинителство ќе биде преселено во други простории.
- АС Битола располага со 2 судници кои се во солидна состојба и ги задоволуваат основните потреби. Едната судница која се користи за граѓанските спорови е целосно опремена со аудио опрема. Судницата која се користи за кривични предмети сеуште нема аудио и виде опрема и покрај инсистирањето на судиите за истата да се обезбеди.

- Судот поседува скица и рекапитулар за зградата за што располага со наративен писмен извештај.
- Судот има приземје и 2 ката, но нема лифтови. Судот нема посебни рампи и лифтови за пристап до судот и судниците на лицата со посебни потреби. За таа цел се користат простории во долниот кат или вработените помагаат во физичкиот пренос на лицата со посебни потреби.
- Судот има доволен број на санитарни чворови, но нема ниту еден приспособен за лица со посебни потреби.
- АС Битола нема посебна просторија за чување на докази.
- Судот располага со две возила кои според проценката на вработените се доволни.

**Обезбедување на судска зграда**

- Во АС Битола има 8 лица вработени во судската полиција, еден од нив е и шофер, а еден е невооружан. Судската полиција и информатичарите се надлежни за видео надзорот во Судот. Евиденцијата на видео надзорот се врши врз основа на процедура која е во согласност со ИСО стандарди утврдени во 2015 година. Пристап до видео матерјалите имаат судскиот администратор, претседателот на судот и информатичарите. Бришењето на видео записите се врши автоматски на 30-45 дена. Виде надзорот се врши преку 13 камери, системот е нов од 2017 година.
- Ставот на судиите на АС Битола е дека е неопходно да има обезбедување пред судниците за време на судења. Оваа безбедност би можела да се регулира преку писмена процедура уредена од страна на Претседателот на судот.

**Спроведување на судски деловник**

- Поголем дел од судиите на АС Битола истакнаа дека досега немале проблем во примена на одредбите од Судскиот деловник. Но и покрај, тие истакнаа дека треба да се изврши ревизија на деловникот за да регулира дополнителни аспекти од работата на правосудните институции како на пример електронската комуникација, ISO стандарди, процедури за изземање на предмети и тн.
- Дел од вработените на АС Битола се сложија дека Судскиот деловник треба да ја регулира интероперабилноста помеѓу судските институции и електронската комуникација помеѓу судовите и други страни.
- Поголем дел на судиите на АС Битола не сметаат дека треба да има повеќе од еден деловник, прилагоден за потребите на различни судови.
- Судиите поседуваат безбедносни сертификати, но не и стручните соработници.
- Судиите имаа забелешки во однос на начинот на нивното вклучување при донесување на закони во областа на правосудството. Имено, судиите објаснија дека е важно да бидат вклучени при подготовката на законите во согласност со правната област на која работат. Тие како пример го наведоа нивното учество при подготовка на Законот за парнична постапка кога и покрај нивното учество во работните групи, финалната верзија на законот произлегла од Министерство за правда без тие да бидат претходно консултирани. Судиите се сложија дека процесот треба да биде обратен, односно финалните верзии да произлезат од стручните работни групи и дека овие процедури треба да бидат регулирани.

# АНЕКС 5 – ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ФОКУС ГРУПА СО АС СКОПЈЕ

## ЗАПИСНИК

### од одржана Фокус Група за Подготовка на Функционална Анализа за Апелационен суд Скопје

**Датум: 04 - 06.11.2019**

**Цел на фокус групата:** Во рамки на проектот GGF MK 12 "Зголемена ефикасност и ефективност во испорака на правдата во Република Северна Македонија преку подобрување на перформансите на институциите во правосудството" финансиран од Обединетото Кралство на Велика Британија а имплементиран од PwC/ЦПИА се одржаа работни состаноци на Фокус Група за Подготовка на Функционална Анализа за Апелационен суд Скопје. Цел на работните состаноци на фокус групата е да се овозможи сеопфатност во пристапот на подготовка на Функционалната Анализа за АС Скопје преку размена на мислења и добивање на дополнителни информации по одредени теми кои се составен дел на ФА. На тој начин ќе се овозможи целосно претставување на фактичката состојба во Апелациониот суд Скопје и прецизно дефинирање на препораки за нејзино подобрување.

**Воведни обраќања**

Состанокот го отвори Програмскиот Менаџер на ЦПИА и клучен експерт на **проектот Жарко Хаџи-Зафиров**, претставувајќи ја тековната програма GGF MK 12 "Зголемена ефикасност и ефективност во испорака на правдата во Република Северна Македонија преку подобрување на перформансите на институциите во правосудството", со посебен осврт на Компонента 1 од проектот во чии рамки се овозможува поддршка на Врховниот суд и четирите Апелациони судови. Хаџи-Зафиров информираше за досегашните заложби за реформи во правосудството преку британската развојна соработка и PwC/ЦПИА. Тој се осврна и на претходната помош овозможена од Обединетото Кралство чија цел е зајакнување на владеењето на правото во земјата преку поддршка на реформските процеси, а имплементирана преку програмите GGF MK03 "„Подобрување на ефикасноста и ефективноста на административната правда во Македонија" и GGF MK05 "„Креирање на Матрица за мониторинг на перформансите на Јавното Обвинителство".

Хаџи-Зафиров објасни дека ФА за АС Скопје има цел да ја претстави моменталната состојба во судот и да даде препораки за нејзиното подобрување. Беше објаснето дека методологијата на подготвување на анализите е утврдена со веќе завршените анализи за управните судови и Академијата за судии и јавни обвинители. Понатаму, тој образложи дека сегашниот проект е чекор понапред бидејќи се проценува состојбата и капацитетите на повисоките судови преку подготовка на функционални анализи и планови за подобрување за апелационите судови, Врховниот суд, Јавно обвинителство и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија. Со тоа се продлабочува процесот на проценка на фактичката состојба на институциите во правосудството, со цел до 2021 година да се проценат капацитетите на сите судови и да започне со ефективноста на системските решенија. Хаџи – Зафиров ја потенцираше

важноста на инклузивноста во процесот, односно вклучувањето на судиите во процесите на проценка преку фокус групите како најзасегнати и директно вклучени страни.

Хаџи-Зафиров ги објасни и следните чекори во процесот - финализирање на Функционалната анали и подготовка на план за подобрување кој ќе биде дефиниран во соработка со судовите.

**Ана Павловска – Данева (правен експерт за компонента 1)** се осврна на важноста од подготовка на ФА. Таа објасни дека до сега немало функционални анализи за апелационите судови и дека ова е одлична можност да се идентификуваат предизвиците од организациски и функционален аспект кои можат да го попречат спроведувањето на надлежностите на АС Скопје и да се предложат конкретни мерки за надминување на состојбите и спроведување на надлежностите на судот.

Павловска -Данева го претстави пристапот на подготовка на ФА преку Методологијата за спроведување на фукнционална анализа во институциите од јавниот сектор усвоена од Министерство за информатичко општество и администрација. Таа објасни дека функционирањето на судовите ќе се оцени преку 5 индикатори – ефикасност, транспарентност, квалитет, независност и едукација при што приказот на наодите ќе биде претставен преку таканаречениот “семафор – систем” (црвено - се обележуваат поткритериумите според кои институцијата е оценета како недоволно подготвена, жолто - се обележуваат поткритериумите според кои институцијата е оценета како делумно подготвена,зелено - се обележуваат поткритериумите според кои институцијата е оценета како солидно подготвена ).

Павловска – Данева се осврна на претходните искуства од подготовка на функционални анализи чии наоди утврдиле суштински недоследности во правосудниот систем кои доколку се земат во предвид може да се влијае на подобрено управување во овој сектор. Таа објасни дека од функционалната анализа спроведена за Управниот суд на РСМ и Виш управен суд на РСМ се дошло до заклучок дека е исцрпена потребата од постоење на Виш управен суд на РСМ.

Павловска – Данева објасни дека преку приказ на позитивни примери од фактичките состојби во судските институции ќе се докаже дека лошата перцепција за состојбата во правосудството не треба да се генерализира.

Павловска – Данева потенцираше дека судовите се носители на процесот, бидејќи ФА е подготвена согласно информациите и мислењата добиени од судовите и дека подобрувањето на состојбите зависат не само од политиките на владата, туку и од заложбите на самите судови да ги подобрат состојбите кои се во нивна надлежност.

## Дискусии по теми (резиме на ставови на судии и вработени во АС Скопје по различни теми)

### Човечки ресурси: актуелна состојба и потреба

- АС Скопје има Правилник за систематизација на работни места, Правилник за организација на работата и органограм.
- АС Скопје има Годишен распоред за работата на судските совети кој го подготовува претседателот на судот и истиот се усвојува на колегиум. Вработените имаат право на приговори кон распоредот, но досега немало формални приговори. При подготовка на распоредот, судиите писмено се изјаснуваат на која материја би сакале да бидат распоредени и врз основа на нивните ставови и моменталната состојба се утврдува распоредот. Годишниот распоред е објавен само на интерната веб страна на Судот.

Годишниот распоред за работа најчесто не се менува, само при избор на нови судии при што се врши дополнување на извештајот, но не и преместување од еден во друг оддел.

- Во АС Скопје работат пет оддели и тоа: кривичен оддел, граѓански оддел, трговски оддел, оддел за трговски спорови и оддел за судска практика. Во кривичниот оддел функционираат еден "КСЖ" совет од три члена, три КЖ совети од три члена, два КЖ совети од петмина, еден КЖМ совет за кривични предмети за малолетници и еден ПРКЖ совет. Во граѓанскиот оддел функционираат шест ГЖ совети од кои два имаат по два члена, а останатите четири по три члена. Во граѓанскиот оддел се работат и предмети за навреда и клевета. Во одделот за работни спорови функционираат два совета со по два члена. Во одделот за трговски спорови функционираат два совета, едниот со три а другиот со четири члена.
- Во одделите на судот вкупно работат 37 судии, а недостасуваат 15 судии, односно една третина од предвидениот број. Судиите истакнаа дека МП и ССРСМ не се доволно ажурни и не преземаат доволно активности за да се пополни потребниот број на судии.
- Во АС Скопје има вкупно 83 административни службеници, 13 вработени по Закон за работни односи и 6 судски полицајци.
- Во судот нема судски приправници, има двајца волонтери. Со договор на дело има вработено вкупно две лица од кои едниот е стручен соработник, а другиот е ангажиран во одделот за финансиско-материјално работење.
- Нема подзаконски акти кои го уредуваат унапредувањето на стручната служба. Последното унапредување во рамки на судската служба било во 2000-та година. Во рамки на АС Скопје немало интерни огласи со кои би се спровело унапредувањето и покрај нивните барања упатени до Министерство за финансии. Стручните соработници вработени во судот не биле никогаш унапредени, некои од нив се по 20 години на истата позиција. Можноста за унапредување е доколку конкурираат на објавен оглас за вработување, но во овој контекст една од вработените во судот истакна пример кога лица конкурирале на надворешен оглас на судот, но не биле примени.
- Согласно Правилникот за систематизација и организација на работните места во Апелационен суд Скопје, во судот се предвидени 52 судии но ова потреба е утврдена во период кога сеуште немало специјално јавно обвинителство и организиран криминал. Во моментот судот работи со 37 судии што е недоволен број имајќи ги предвид надлежностите и обемот на работа на судот. Во неколку наврати АС Скопје интервенирале до Судскиот совет на РСМ за пополнување на предвидениот број, но немало одобрување. Судот работи со само седум судии кривичари што е недоволен број особено ако се земе во предвид дека судот е надлежен да постапува и по кривични предмети од организиран криминал.
- Во одделението за материјално-финансиското работење има само еден вработен кој е задолжен за финансиско работење кој е благајник и е со завршено средно училиште. Сметководител во рамките на одделот нема бидејќи лицето кое било на ова работно место починало. Со цел вработување на друго лице на ова работно место потребна е согласност од Министерство за финансии, но истата не може да се прибави бидејќи Судски буџетски совет прави план за вработување на годишно ниво и при тоа ваквите состојби не се регулирани. За таа цел, заклучено беше дека при подготовка на годишен план за вработување потребно е да се предвидат ризици и механизми за нивно надминување.
- Во изминатите десет години немало времено упатување на судии во друг оддел.
- Во рамки на судот досега немало постапки за вознемирување на работното место.

- Во рамки на Судот нема вработени надлежни за аналитика, но еден од вработените е задолжен за подготовка на статистички извештаи. Вработениот по струка е социјален работник.
- Во однос на надминување на недостатокот од стручни соработници, беше предложено дека стручните соработници од Специјалното јавно обвинителство може да бидат распределени во АС Скопје.

**Ефикасност на апелациониот суд (должина на судски постапки, стапка на решавање)**

- Поради големиот број на предмети, а недоволен број на судии АС Скопје е оценет како неажурен суд, а секој судија поединечно постигнува дупла норма. Поголем дел од судиите констатираа дека е потребно да се воведе методологија на оценка на ажурност на ниво на судија, а не само на ниво на суд. Досега не се случило судија да нема исполнето норма. Еден од проблемите идентификувани од страна на судиите е немањето на посебен Оддел за организиран криминал поради специфичноста на овие предмети. Оваа потреба била во неколку наврати укажана до Министерство за правда и Судски совет на РСМ и Совет за реформи во правосудството, но не добиле одговор.
- Клучен проблем за совладувањето на обемот на работа е недостатокот на судии. Како дополнително оптоварување судиите ги споменаа одредбите од новиот Закон за кривична постапка кој наложува одржување на расправи во случај на укината или преиначена одлука (односно кога првостепениот суд погрешно ја утврдил фактичката состојба), па во такви ситуации второстепените судови имаат функција на првостепени. Тие предложија дека е подобро да има уште една инстанца на испитување на одлуката пред таа да биде разгледувана пред апелационите судови.
- Во однос на ориентационата норма, судиите истакнаа дека за да истата биде утврдена неопходно е да има методологија за утврдување на сложеност на предмети која ќе ги земе предвид и стварните и месните надлежности на судот, правната област, тековниот обем на работа и бројот на судии.
- Во однос на оценувањето, судиите истакнаа дека при оценувањето од страна на Судскиот совет, во делот на укинати и поништени одлуки се оценува само претседателот на Советот, не и поединечното одлучување на судиите кои се дел од советот. Во овој контекст дискусиите беа поделени во однос на тоа дали одговорноста треба да биде на сите судии или само на известителот и дека ова прашање треба темелно да се утврди при подготовка на методологија за оцена на судии.
- Во однос на заведување на предмети беше потенцирано дека мора да се надгради системот за предметите и да се воведе унифицирано референцирање на предметите пред судот, како и да се делат по основ и да има усогласување помеѓу прв и втор степен.
- Во однос на прераспределбата на предметите во АКМИС, прераспределбата се врши според критериуми утврдени од работно тело во рамки на Врховен суд на РСМ.
- Претседателите на оддели на АС Скопје не одржуваат средби со оддели од пониските судови во рамки на апелационото подрачје. Тие истакнаа дека во минатото имале вакви средби и искуството било негативно бидејќи наишле на критики од страна на пониските судови во однос на укинувањето на предметите. Но, вршат редовни контроли во чии рамки има можност за дискусија по одредени прашања.

**Квалитет во одлучувањето на апелациониот суд (стандардизирани алатки во пишување пресуди, судски сентенци, аргументација на судски пресуди, воедначување на судска пракса)**

- Систематизирањето на праксата на Судот се врши по вид на предмети, а судиите се трудат секое прашање да го истакнат. Во однос на соработката со Врховен суд на РСМ како надлежен за воедначување на судската пракса, судиите нагласија дека во повеќе наврати не добиле одговори од судот по покренати прашања.
- Судиите не го користат водичот за цитирање на праксата на ЕСЧП бидејки сеуште не се обучени, но тие истакнаа дека приближно 10% од одлуките на Врховен суд на РСМ ги цитираат.
- Одделот за судска пракса носи план за работа и издвојува сентенци за Билтенот за судска пракса. Праксата на судот се систематизира по правни области и по вид на предмети.

**Транспарентнтост и отчетност на апелациониот суд (објавување на одлуки, достапност на веб страна, содржина на годишни извештаи)**

- Во рамки на судот нема посебна канцеларија задолжена за односи со јавност, а има едно лице кое е задолжено за односи со странки. За односи со медиуми се задолжени двајца судии кои работат граѓанска и кривична материја. Интересот на медиумите за актуелни предмети во судот е голем, но и покрај тоа судиите не одржуваат прес конференции туку редовно ги известуваат медиумите. Тие предложија дека согласно систематизацијата потребно е да се воведе посебна позиција за односи со јавноста и таа позиција да биде професионална (односно новинар со познавања за случувањата во правосудството). Судиите информираа дека тешко ги извршуваат овие обврски со оглед на тековниот обем на предмети. Тие објаснија дека со оглед на актуелноста на предметите кои се во надлежност на судот, но и негативните перцепции во јавноста за работата на судовите, неопходно е формирање на посебна служба за односи со јавност во чии рамки ќе бидат ангажирани лица стручни за односи со јавност и кои во соработка со судиите ќе ја брифираат јавноста за работата на судот и ќе се грижат за корпоративниот имиџ на целиот суд (веб страна, прес конференции и тн.). Со тоа би се зголемила транспарентноста во работењето на судот и би се подобрила перцепцијата на јавноста за работата на правосудните институции. Тие нотираа дека е потребно да се подобри соработката со Судско-медиумскиот совет, и да се одржуваат почести средби со акредитирани новинари кои имаат познавања за случувањата во правосудството.
- Во АС Скопје има едно лице задолжено да одговара на барања за слободен пристап на информации од јавен карактер. Претседателот ги потпишува одговорите по барањата за слободен пристап на информации од јавен карактер. Во тој контекст беше покренато мислење оваа надлежност да се делегира на лицето задолжено за пристап на информации од јавен карактер.
- Судот не издава брошури или стручни трудови. Беше објаснето дека ова се должи на недостаток на време поради големиот обем на предмети и недостатокот на судии и стручен персонал.

**Независност и непристрасност на апелациониот суд**

- Независноста и непристрасноста во вршење на судската функција се дискутираше од аспект на интегритетот на судиите, анализа на законските норми и дисциплинските постапки. Во однос на интегритетот, судиите се сложија дека индивидуалниот интегритет е основа за независност и непристрасност во вршење на судската функција. Но и покрај тоа, општествениот и политичкиот амбиент во земјата со години е индикативен по ова прашање и врши директно или индиректно влијание врз независноста на судството. Сепак, дел од судиите заклучија дека во последните години

општествено-политичкиот амбиент во овој контекст е подобрен. Претседателот на судот истакна уверување за независно и непристрасно вршење на судската функција од страна на сите судии во АС Скопје.

- Во рамки на оваа тема беше споменат и Судскиот совет на РМ како највисок орган во судството кој ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт. Имено беше дискутирана одредбата од новиот Закон за судски совет според кој Претседателот на Советот и неговиот заменик се избираат од редот на членовите на Советот со право на глас, кои се избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Оваа одредба укажува на влијанието на законодавната власт врз изборот на претседателот на Судскиот совет
- Понатаму, беше дискутирана потребата од депрофесионализација на судскиот совет бидејки со мандатот од шест години со можност за реизбор, судиите можат да бидат оддалечени од судиската функција дури и до 12 години. Ваквиот мандат, освен практични потешкотии при повторното приспособување на судиската функција, оневозможува и нивно оценување, што е услов за понатамошно унапредување во судската кариера.
- Во однос на дисциплинските постапки, во текот на 2010 година, Судскиот совет на Република Македонија, повел дисциплинска постапка против 5 судии на Апелациониот суд Скопје, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција. По завршување на постапката против овие 5 судии, за тројца судии постапката беше запрена, а 2-ца судии беа разрешени од судиската функција.
- Во текот на 2011 година, Судскиот совет на Република Македонија, повел дисциплинска постапка против 2-ца судии на Апелациониот суд Скопје, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Во текот на постапката еден од судиите, поднел оставка од судиската функција, па за него постапката од страна на Судскиот совет на РМ била запрена, а вториот судија по завршување на постапката е разрешен од функцијата судија.
- Во текот на 2018 година, Судскиот совет на Република Македонија повел дисциплински постапки за 2-ца судии на Апелациониот суд Скопје, а постапките се запрени.
- Во однос на независноста на судската дејност беше споменат и моделот на финансирање на судството односно Законот за извршување на буџетот на РСМ, Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет како суштинска пречка за ефикасно функционирање на судовите имајќи предвид дека извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии (нови вработувања, јавни набавки, додатоци на плата и тн.).

**Информатички технологии**

- АКМИС е целосно функционален, но и покрај тоа некои аспекти мора да се оптимизираат. Предметите не се скенираат поради недостаток на хардверски услови, но и поради ограничен капацитет на серверот. Се скенираат само поднесоците. Неопходна е уредба која би ги регулирала процедурите за скенирање на предмети или поднесоци.
- Електронската комуникцација со Врховен суд на РСМ и основните судови е ограничена, за разлика од комуникацијата со Судски совет на РСМ која воглавно се одвива електронски. Поврзаноста со Врховен суд е преку оптичка мрежа.
- Секој оддел има свој дел на интерната веб страна и таму се објавуваат сентенци. Ваков вид на поврзување немаат со основните судови, но овие информации се дистриубираат електронски. Во рамки на Судот, само претседателот на судот и претседателот за јавни набавки имаат дигитални сертификати.

- Судската писарница и дактилобирото во рамки на АС Скопје немаат пристап до интернет.
- Во рамки на судот работат двајца информатичари, но недостасува раководител на одделот. Мрежното поврзување на компјутерите во судот е функционално, а главната заштита е на централно ниво преку врховен суд.
- Во Судот нема софтвер или апликација подготвена исклучиво за потребите на судот. Во делот на електронско следење на судска пракса, АС Скопје е дел од системот на Врховен суд на РСМ.
- Аналитичките извештаи воглавно се генерираат од АКМИС.
- Сите судии од АС Скопје имаат службена е-маил адреса, но исто така комуницираат и преку приватните адреси што претставува безбедносен ризик.

**Континуирана едукација**

- Темите на АСЈО за континуирана обука се соодветни за потребите на судиите бидејќи најчесто тие се и предлагачи на темите. Судиите често не посетуваат обуки поради обем на тековни предмети.
- Пријавувањето за присуство на обуки се врши кај претседателите на одделите, а информациите се дистрибуираат преку интранет. Евиденција за посетеност на обуки не се води на ниво на суд туку секој судија води индивидуална евиденција. Според ова беше заклучено дека не се следи стручното усовршување на судиите бидејќи судот не води таква евиденција.
- Судот има една лиценца за пристап до Службен весник на РСМ. Затоа, законите се симнуваат од интернет и се објавуваат на интерната страна на судот, а за тоа е задолжено лице вработено во библиотеката

**Услови за работа на апелациониот суд, технички ресурси и информатички технологии (соодветност на просторни услови, достапност на информатички технологии)**

- Апелациониот суд Скопје функционира во зграда од приземје и три ката. На приземјето се сместени судската полиција, приемното одделение, телефонската централа, судската доставна служба, како и голема сала. На првиот кат се сместени судница I, судница II и судница III, граѓанска писарница, кривична писарница, судска архива и сала за состаноци.На вториот кат се сместени кабинетот на претседателот на Судот и судскиот администратор, канцелариите на судиите, како и канцеларии на дел од стручните соработници. На третиот кат се сместени канцеларии на стручни соработници, дактилобироа, одделение за сметководство, одделение за судска евиденција и библиотека.
- Од вкупно трите судници се користат две, едната е опремена со аудио опрема и воглавно се користи за рочишта за граѓанските предмети.
- Зградата на АС Скопје има три влеза од кои два се наменети за странки, а третиот влез е службен. Зградата располага со свој паркинг простор кој е наменет за вработените, но не и за странките на судот.
- Зградата на судот нема пристапни рампи за лица со посебни потреби, а нема ни лифтови. Доколку има судски рочишта на кои странка е лице со посебни потреби, рочиштата се одржуваат на долниот кат.
- Просторните услови за работа вработените на АС Скопје ги оценија како задоволителни. Секој судија има своја канцеларија, а судските службеници се распоредени 2-4 лица во канцеларија.

- Во зградата се сместени и други институции (Јавно обвинителство за организиран криминал, одделението на Основен суд 1 за трговските предмети и Вишо јавно обвинителство Скопје). Зградата има скица и рекапитулар.
- Во зградата има вкупно 15 санитарни чворови, но само еден е функционален поради тековни градежни зафати.
- Судот нема посебна просторија за чување на доказите. Доказите се чуваат во метални шкафови со клуч и сеф кои се наоѓаат во просториите на одделите.
- Судската зграда нема сертификат за енергетска ефикасност. Само една третина од прозорците на зградата се сменети. Во следниот период ќе се врши реконструкција на машинската инсталација за што биле одобрени 40 милиони денари.
- Судот располага со три возила, судиите оценија дека овој број е доволен.
- Доставата на предмети во Скопје се врши со количка, а до други градови со возила при што нема никаква гаранција за безбедност. Судот има тројца доставувачи, 2 за надворшена и еден за внатрешна достава.
- Судиите кои работат кривична материја имаат сертификат за доверливост и државна тајна, но не и останатите судии. Во рамки на Судот има офицер задолжен за заштита на лични податоци, но досега немало обуки на оваа тема. Истите би требало да бидат покренати до АСЈО.
- Судот располага со стандардот ISO 9001:2015 и за таа цел имаат интерни проверувачи на стандардите за сертификација.

**Обезбедување на судска зграда**

- Видео надзорот е овозможен преку 16 камери и истиот го врши судската полиција, а можност за увид има и техничкиот секретар.
- Во судската полиција има вработено шест лица.